The book is published
under the care of the
Holy Synod of Bishops
of the Orthodox Ohrid
Archbishopric

English translation:
Mirjana Stamatova
Viktor Ilievski
archim. Irinej (Stefanovski)

Language correction:
Julijana Taleska
presbytera Angela Markova

*Correction of the
English text:*
Ilina Kachinske
Adam Kachinske

Preparation for print:
archim. Irinej (Stefanovski)

Книгата се печати
под грижата на Светиот
Архијерејски Синод на
Православната Охридска
Архиепископија

Превод на англиски:
Мирјана Стаматова
Виктор Илиевски
архим. Иринеј (Стефановски)

Јазична коректура:
Јулијана Талеска
презвитера Ангела Маркова

*Коректура на
англискиот текст:*
Илина Качински
Адам Качински

Подготовка за печат:
архим. Иринеј (Стефановски)

© Свет Архијерејски Синод на Православната Охридска Архиепископија
e-mail: kontakt@poa-info.org
poa-info.org

ЗАРАДИ ИДНОТО ЦАРСТВО

ТОМ II

FOR THE KINGDOM TO COME

VOLUME II

Published by:
Holy Synod of Bishops of the
Orthodox Ohrid Archbishopric
Skopje 2018

ЗАРАДИ ИДНОТО ЦАРСТВО

ТОМ II

Издава:
Свет Архијерејски Синод
на Православната Охридска Архиепископија
Скопје 2018

CONTENTS:

Foreword..... 18

Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje Jovan:
The Futility of Schism, as Seen from Behind Prison Bars..... 24

Letter of Congratulations to the Prime Minister of the
Government of the Republic of Macedonia
Mr. Vlado Buckovski..... 46

Decision of the Holy Synod of Bishops of the Orthodox Ohrid
Archbishopric to Cease Liturgical Communion with the People
who Dwell in Schism..... 56

Request from the Holy Synod of Bishops of the Orthodox
Ohrid Archbishopric to the Holy Assembly of Bishops of the
Serbian Orthodox Church for Issuing a Tomos for Ecclesiastical
Autonomy..... 58

Announcement from the Holy Assembly of Bishops of the
Patriarchate of Pec for Ceasing of the Liturgical Communion
with the People who Dwell in Schism..... 68

Confirmation by the Serbian Patriarch Pavle (Paul) of
Metropolitan Jovan (John) as Archbishop of Ohrid and
Metropolitan of Skopje..... 72

The Court of Appeals in Bitola Confirmed the Verdict of Eighteen
Months Imprisonment of His Beatitude Archbishop of Ohrid and
Metropolitan of Skopje kyr kyr Jovan..... 74

Letter from Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje kyr
kyr Jovan (John) to the Ambassador of the Russian Federation in
the Republic of Macedonia, Mr. Agaron Asatur..... 80

СОДРЖИНА:

Предговор..... 19

Архиепископ охридски и Митрополит скопски Јован: Бесмислата на расколот, посматрана низ решетките на затворот..... 25

Честитка до Претседателот на Владата на Република Македонија г. Владо Бучковски 47

Одлука од Светиот Архијерејски Синод на Православната Охридска Архиепископија за прекин на општењето со народот кој пребива во раскол.....57

Барање од Светиот Архијерејски Синод на Православната Охридска Архиепископија до Светиот Архијерејски Собор на Српската Православна Црква за издавање на Томос за црковна автономија..... 59

Соопштение од Светиот Архијерејски Собор на Пеќката Патријаршија за прекин на општењето со народот кој пребива во раскол..... 69

Потврда од Српскиот Патријарх Павле на Митрополитот Јован за Архиепископ охридски и Митрополит скопски 73

Апелациониот суд во Битола ја потврди казната осумнаесетмесечна робија на Неговото Блаженство, Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован ..75

Писмо од Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован до Амбасадорот на Руската Федерација во Р. Македонија, г. Агарон Асатур 81

Letter from Archbishop Jovan to the Editors-in-Chief of the Mass Media in R. Macedonia 86

Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje Jovan: A Rascal Fighting against the Church 92

Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje Jovan: Judgement on Communism 110

Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje Jovan: Suggestion for the Law for Religious Communities 120

Holy Synod of Bishops of the Orthodox Ohrid Archbishopric: Announcement regarding the Statement of the Russian Patriarch 130

Report by Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje kyr kyr Jovan to the Holy Synod of Bishops of the Serbian Orthodox Church 134

Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje Jovan: Letter to the Prelates of the Local Orthodox Churches 138

Archbishop Jovan Received the Verdict of the Court of Appeals in Skopje Sentencing Him to One Year of Imprisonment 144

Letter from the Holy Assembly of Bishops of the Serbian Orthodox Church to the President of R. Macedonia, Mr. Branko Crvenkovski 152

Encyclical Epistle from the Holy Synod of Bishops of the Orthodox Ohrid Archbishopric for the Explanation of the Verdict against Archbishop Jovan 156

Letter from Bishop of Bregalnica kyr Marko to the Ambassador of the United States of America in R. Macedonia, Mrs. Gillian Milovanovic 168

Писмо од Архиепископот Јован до главните уредници на средствата за информирање во Р. Македонија 87

Архиепископ охридски и Митрополит скопски Јован: Подлец кој се бори против Црквата..... 93

Архиепископ охридски и Митрополит скопски Јован: Пресуда за комунизмот..... 111

Архиепископ охридски и Митрополит скопски Јован: Предлог за законот за верски заедници..... 121

Свет Архијерејски Синод на Православната Охридска Архиепископија: Соопштение во врска со изјавата на Рускиот Патријарх..... 131

Извештај од Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован до Светиот Архијерејски Синод на Српската Православна Црква 135

Архиепископ охридски и Митрополит скопски Јован: Писмо до Претстоителите на помесните Цркви..... 139

Архиепископот Јован ја прими пресудата од Апелациониот суд во Скопје со која е осуден на една година затворска казна.....145

Писмо од Светиот Архијерејски Собор на Српската Православна Црква до Претседателот на Р. Македонија, г. Бранко Црвенковски 153

Окружно послание од Светиот Архијерејски Синод на Православната Охридска Архиепископија за објаснување на пресудата против Архиепископот Јован.....157

Писмо од Епископот брегалнички г. Марко до Амбасадорот на САД во Р. Македонија, г-ѓа Џилиен Миловановиќ.....169

The Supreme Court Did Not Respect the Constitution and Rejected the Lawsuit of the Orthodox Ohrid Archbishopric against the Government of the Republic of Macedonia 174

Letter of Congratulations to the Prime Minister of the Goverment of R. Macedonia Mr. Nikola Gruevski by the Bishop of Bregalnica kyr Marko..... 180

Letter from Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje kyr kyr Jovan to the Prime Minister of R. Macedonia, Mr. Nikola Gruevski, A Suggestion for Linear Amnesty of One Third of the Sentences of the Prisoners 184

Letter from Bishop of Bregalnica kyr Marko to the Serbian Patriarch kyr kyr Pavle 190

Letter by Bishop of Bregalnica kyr Marko to the Prelates of the Orthodox Churches Regarding the Latest Imprisonment of Archbishop Jovan 196

Open Letter from Bishop of Bregalnica kyr Marko to the President of R. Macedonia Mr. Branko Crvenkovski 202

Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje Jovan: Response to the Interview for the Vreme Magazine of the Schismatic Bishop of America and Canada kyr Methodios..... 212

Letter from Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje kyr kyr Jovan to the President of the Goverment of R. Macedonia, Mr. Nikola Gruevski, from the Idrizovo Prison..... 228

Letter from Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje kyr kyr Jovan to the Synod of Bishops of the Macedonian Orthodox Church..... 238

Letter to the Sector of Internal Control of the Sector of Internal Affairs in Bitola and the Head of the Sector of Internal Affairs in Bitola 246

Врховниот суд не го испочитува Уставот и ја одби тужбата на Православната Охридска Архиепископија против Владата на Р. Македонија 175

Честитка од Епископот брегалнички г. Марко до Претседателот на Владата на Р. Македонија г. Никола Груевски 181

Писмо од Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован до Претседателот на Владата на Р. Македонија, г. Никола Груевски, Предлог за линеарна амнестија на една третина од казните на затворениците 185

Писмо од Епископот брегалнички г. Марко до Патријархот српски г.г. Павле 191

Писмо од Епископот брегалнички г. Марко до Претстоителите на Православните Цркви, за повторното затворање на Архиепископот Јован 197

Отворено писмо од Епископот брегалнички г. Марко до Претседателот на Р. Македонија г. Бранко Црвенковски 203

Архиепископ Охридски и Митрополит Скопски Јован: Одговор на интервјуто дадено за „Време“ од расколничкиот Епископ американско-канадски г. Методиј..... 213

Писмо од Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован до Претседателот на Владата на Р. Македонија, г. Никола Груевски, од затворот „Идризово“..... 229

Писмо од Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован до Архијерејскиот Синод на Македонската Православна Црква 239

Писмо до секторот за внатрешна контрола при СВР Битола и до началникот на СВР Битола 247

Letter of Gratitude of Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje kyr kyr Jovan to the Prelates of the Orthodox Churches, Upon Being Released from Prison 252

Letter from Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje kyr kyr Jovan to the President of the Parliament of R. Macedonia Mr. Ljubisha Georgievski 260

Reaction Regarding the Comment of the Schismatic Macedonian Orthodox Church About the Tomos of Autonomy of the Orthodox Ohrid Archbishopric..... 270

Complaint for the Attitude of the Veles Public Prosecutor's Office by the Attorney of Archbishop Jovan, Vasil Gjorjiev..... 278

Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje Jovan: Ohrid Archbishopric – A Church Persecuted by the Authorities of R. Macedonia in the 21st Century..... 286

Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje Jovan: Addressing on the Occassion of the Ten-Year-Jubilee Since his Ordination as Bishop 302

Bishop of Bregalnica and Administrator of Bitola Marko: Address at the Occassion of the Ten-Year Anniversary of the Ordination into Bishop of Archbishop Jovan.....316

Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje Jovan: Open Letter to the Assembly of Clergy and Laity of the MOC..... 328

Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje Jovan: Letter to the Synod of the Macedonian Orthodox Church..... 336

Letter from the Abbess of the Stavropegic Monastery of St John the Chrysostom Olympiada to the United States Secretary of State Ms. Hillary Rodham Clinton 348

Благодарно писмо од Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован до Претстоителите на Православните Цркви, по излегувањето од затвор 253

Писмо од Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован до Претседателот на Собранието на Р. Македонија г. Љубиша Георгиевски 261

Реакција по повод коментарот на расколничката МПЦ во врска со Томосот за автономија на Православната Охридска Архиепископија 271

Претставка за односот на Јавното обвинителство во Велес од Адвокатот на Архиепископот Јован, Васил Ѓорѓијев 279

Архиепископ охридски и Митрополит скопски Јован: Охридската Архиепископија – прогонуваната Црква во 21 век од властите во Р. Македонија 287

Архиепископ охридски и Митрополит скопски Јован: Обраќање на десетгодишнината од хиротонијата во архијерејски чин 303

Епископ брегалнички и Местобљустител битолски Марко: Обраќање на десетгодишнината од хиротонијата во архијерејски чин на Архиепископот Јован 317

Архиепископ охридски и Митрополит скопски Јован: Отворено писмо до Црковно-народниот собор на МПЦ..... 329

Архиепископ охридски и Митрополит скопски Јован: Писмо до Синодот на Македонската Православна Црква ...337

Писмо од настојателката на Ставропигијалниот манастир Свети Јован Златоуст, монахиња Олимпијада до Државниот секретар на САД г-ѓа Хилари Клинтон..... 349

Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje Jovan:
Response to the Articles of the Schismatic Metropolitan Naum
Published in Dnevnik on April 11 and 18, 2009 356

Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje Jovan:
Letter to the Prime Minister of the Goverment of R. Macedonia
Mr. Nikola Gruevski, on Pascha 2009 372

Encyclical Epistle Regarding the Registration of the Orthodox
Ohrid Archbishopric..... 386

Letter from the Holy Synod of Bishops of the
Serbian Orthodox Church to the President of R. Macedonia,
Mr. Gjorgje Ivanov 396

Letter from the Synod of the Macedonian Orthodox Church
to the Serbian Patriarch 402

Response by the Holy Synod of Bishops of the Serbian
Orthodox Church to the Archbishop of the Macedonian
Orthodox Church..... 408

Statement of Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje
kyr kyr Jovan in the Court in Veles 418

Second Circular Epistle from Prison of the Archbishop of Ohrid
and Metropolitan of Skopje kyr kyr Jovan..... 448

Letter from Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje
kyr kyr Jovan to the Holy Synod of Bishops of the Serbian
Orthodox Church..... 470

Final Statement on the Trial in Skopje Given by Archbishop of
Ohrid and Metropolitan of Skopje kyr kyr Jovan 480

Letter by Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje
kyr kyr Jovan to the Holy Assembly of Bishops of the Serbian
Orthodox Church..... 500

Архиепископ охридски и Митрополит скопски Јован:
Одговор на статиите на расколничкиот митрополит Наум
објавени во Дневник на 11 и 18 Април 2009г. 357

Архиепископ охридски и Митрополит скопски Јован:
Писмо до Првоминистерот на Владата на Р. Македонија
г. Никола Груевски, на Пасха 2009 година.....373

Окружно послание во врска со регистрирањето на
Православната Охридска Архиепископија.....387

Писмо од Светиот Архијерејски Синод на Српската
Православна Црква до Претседателот на Р. Македонија,
г. Ѓорѓе Иванов 397

Писмо од Синодот на Македонската Православна Црква
до Српскиот Патријарх 403

Одговор од Светиот Архијерејски Синод на Српската
Православна Црква до Архиепископот на Македонската
Православна Црква 409

Исказ од Архиепископот охридски и Митрополит скопски
г.г. Јован пред судот во Велес 419

Второ, од затвор, окружно послание од Архиепископот
охридски и Митрополит скопски г.г. Јован 449

Писмо од Архиепископот охридски и Митрополит
скопски г.г. Јован до Светиот Архијерејски Собор на
Српската Православна Црква.....471

Завршен збор на судењето во Скопје, даден од Архиепископот
охридски и Митрополит скопски г.г. Јован 481

Писмо од Архиепископот охридски и Митрополит скопски
г.г. Јован до Светиот Архијерејски Собор на Српската
Православна Црква 501

Letter to the Serbian Patriarch kyr kyr Irinej from Archbishop kyr kyr Jovan of Ohrid and Metropolitan of Skopje 508

Mitropolitan of Sisaniu and Siatista Pavlos: An Open Response to a Fraudulent Letter.....514

Letter from the Serbian Patriarch kyr kyr Irinej to the Archbishop in Schism kyr Stefan of Ohrid 520

Memorandum Signed by Patriarchs of Russia Kirill and of Serbia Irinej Regarding the Release from Prison of Archbishop Jovan of Ohrid..... 530

Letter of Gratitude from the Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje kyr kyr Jovan to the Russian Patriarch kyr kyr Kirill.....532

Letter of Gratitude to the Serbian Patriarch kyr kyr Irinej from the Archbishop of Ohrid kyr kyr Jovan 536

Letter of Gratitude of Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje kyr kyr Jovan to the Metropolitan of Volokolamsk kyr Hilarion 542

Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje Jovan: Love Behind Bars..... 548

Closing Statement Given by the Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje kyr kyr Jovan in the Skopje 1 Court.... 570

Verdict by the European Court of Human Rights in Strasbourg in the Case of the Orthodox Ohrid Archdiocese Against the Former Yugoslav Republic of Macedonia 588

Photographs..... 678

Писмо од Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован до Патријархот српски г.г. Иринеј 509

Митрополит Сисаниски и Сијатиски Павлос: Отворен одговор на едно измамничко писмо 515

Писмо од Патријархот српски г.г. Иринеј до Архиепископот охридски во раскол г. Стефан 521

Меморандум потпишан од Патријархот руски Кирил и Патријархот српски Иринеј за ослободување на Архиепископот охридски Јован..... 531

Благодарно писмо од Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован до Патријархот руски г.г. Кирил 533

Благодарно писмо до Патријархот српски г.г. Иринеј од Архиепископот охридски г.г. Јован 537

Благодарно писмо од Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован до Митрополитот волоколамски г. Иларион 543

Архиепископ охридски и Митрополит скопски Јован: Љубов зад решетки..... 549

Завршен збор даден од Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован, во судот Скопје 1.....571

Пресудата од Европскиот суд за човекови права во Стразбур во случајот на Православната Охридска Архиепископија против Република Македонија..... 589

Фотографии..... 679

FOREWORD

The second volume of the book "For the Kingdom to Come", as well as the first one that came out in 2005, presents a compilation of documents and texts that historical sources of the Orthodox Ohrid Archbishopric. Historical sources are not only the documents from several centuries ago, or even one hundred years ago. They are not valued solely by their age, but rather by the value of the contents described in them.

Our humble opinion is that this book, whose foreword you are reading, will deserve the place of a historical source, exactly due to the fact that the contents in this book have authentic value for the life in the Church in the territory that is under the jurisdiction of the Orthodox Ohrid Archbishopric.

The prologue for the first volume was written by the Serbian Patriarch Paul of blessed repose. In it, he writes: "This book is a written testimony of the confession of the faith. The decrees, letters, epistles, supports, communiques and everything else mentioned in it, are a reflection of the faith and love of the members of the Orthodox Ohrid Archbishopric towards the Lord. It is a historical document about the overcoming of the schism which has tormented the Church for full thirty-five years. Many of the names mentioned in this book will enter the history, but only a few of them will be remembered as good ones."

The same applies to the second volume. Here too, decrees, letters, epistles, announcements, as well as theological contemplations are to be found, all regarding the state persecution of the Orthodox Ohrid Archbishopric, in the time-period from 2005, the year in which the time frame included in the first volume ends, until this year, 2018.

ПРЕДГОВОР

Вториот том од книгата „Заради идното царство”, впрочем исто како и првиот кој излезе во 2005 година, претставува збирка од документи и текстови кои се извори за историјата на Православната Охридска Архиепископија. Извори за историјата не се само документите од пред неколку века или барем од пред стотина години. Тие не се вреднуваат само преку временската старост, туку најмногу со вредноста на содржината што во нив се опишува.

Наше скромно мислење е дека книгава чиј пролог го читате ќе го заслужи местото на историски извор, токму заради тоа што содржините поместени во неа имаат автентична вредност за животот во Црквата на просторот кој е под јурисдикција на Православната Охридска Архиепископија.

Прологот за првиот том го напиша блаженопочинатиот Патријарх српски Павле. Во него пишува: „Ова књига је управо писано сведочанство исповедништва вере. Акти, писма, посланице, подршке, саопштења и све остало што је поменуто у њој одраз су вере и љубави чланова Православне Охридске Архиепископије према Господу. Она је историјски документ о превазилажењу раскола који је мучио Цркву пуних тридесет и пет година. Многа имена поменута у овој књизи ући ће у историју, али само неки од њих биће упамћени по добру.”

Ова истово важи и за овој втор том. И овде се поместени акти, писма, посланија, соопштенија, но и богословски размислувања, а сè во врска со државниот прогон на Православната Охридска Архиепископија, за временскиот интервал од 2005, година во која завршува периодот опфатен во првиот том, па сè до оваа 2018 година.

The book begins with one text of ours, that we have written during our last imprisonment: "The Futility of Schism, as Seen from Behind Prison Bars", and ends with the text of the verdict of the European Court for Human Rights in Strasbourg, regarding the request for acknowledgement of the legal status of the Orthodox Ohrid Archbishopric by the state.

Intending this volume to come out in time for the celebration of the thousand-year jubilee since the establishment of the Orthodox Ohrid Archbishopric, it was not possible to include in it a decision for granting legal status of the Orthodox Ohrid Archbishopric, because such a decision was not reached by the court until the act of preparation of this book. However, the verdict from the European Court for Human Rights, with which this volume ends, is obligatory and surely it must be fulfilled. Therefore, we consider that these two published volumes include all the necessary historical sources for the ecclesiastical testimony for the overcoming of the schism in our homeland.

The schism has been overcome, and the unity is bearing its fruits. Only through unity can it be shown that the Church is the body of Christ and that only in that manner it can exist. The texts included in the two volumes, published with the same title: "For the Kingdom to Come", will testify that even though it is very easy to create a schism in the Church, it is very difficult to cure it. It takes many years to remedy what others have destroyed due to neglect, or due to other, even personal interests.

And that is the main characteristic of the texts in this book. They all testify how hard it is to remedy what the schism destroyed in one moment. At the same time, they also show that there is a value for the sacrifice for the Church and that that sacrifice reflects its seriousness in the eternity. The sacrifice is even identified with the epiphany of the Church in this world. It is so since the time of the first-martyr Lord Christ, through the sacrifice of the first and the later martyrs, and until this day. Not every sacrifice is a sacrifice in blood, however, there is not always a need for such kind of sacrifice. What is important is the testimony of the faith, which can take various forms.

This book has documents that present a testimony of the people in the Church and a testimony about how hard it is to estab-

Книгата започнува со еден наш текст што сме го пишувале при последното наше затварање: „Бесмислата на расколот посматрана низ решетките на затворот", а завршува со текстот на пресудата од Европскиот суд за човекови права во Стразбур во однос на барањето за признавање на правен статус на Православната Охридска Архиепископија од страна на државата.

Имајќи за цел овој том да излезе до прославата на илјада годишнината од основањето на Охридската Архиепископија, не можеше во него да се вметне решението за добивање на правен статус на Православната Охридска Архиепископија зашто него судот и не го донесе сè до чинот на подготовка на книгава. Но, пресудата од Европскиот суд за човекови права со која завршува овој том е обврзувачка и таа неопходно треба да се исполни. Затоа сметаме дека во двата објавени тома на оваа книга, всушност објавени се сите најзначајни историски извори во црковното сведочење за надминување на расколот во нашата татковина.

Расколот е надминат, а единството ги дава своите плодови. Само преку единството се покажува дека Црквата е тело Христово и дека единствено така може да постои. Без единство, Црквата е обична религиозна заедница како многу такви во светот. Текстовите поместени во двата тома објавени со ист наслов: „Заради идното царство" ќе сведочат дека е многу лесно да се направи раскол во Црквата, но дека многу тешко истиот се залечува. Потребни се многу години да се поправи она што некои од негрижа и заради други, па дури и лични интереси го растуриле.

Ете тоа е главната карактеристика на текстовите од оваа книга. Сите тие сведочат како макотрпно се поправа тоа што за еден миг го растура расколот. Но, покажуваат исто така дека жртвата за Црквата има вредност и таа жртва ја покажува нејзината сериозност во вечноста. Жртвата дури се поистоветува со објавата на Црквата во овој свет. Тоа е така уште од времето на првомаченикот Господ Христос, преку жртвата на првите и подоцнежните маченици, па сè така до наше време. Не секоја жртва е жртва во крв, но и нема секогаш потреба за таков вид на жртва. Важно е сведочењето на верата, а тоа може да биде низ различни облици.

lish unity after a certain schism. Hence, if a common message could be drawn from all the different texts included in the book, it would be through the words of St John Chrysostom: "The sin of the schism cannot be washed out even with the blood of martyrdom" (Comments on the Ephesians 65).

We hope that exactly the texts of these two volumes of the book "For the Kingdom to Come" would prove didactic for both the ones who have a goal to create a schism in the Church and for the ones who still remain in schism. However, it should be a special lesson for those who have power in this world, that the Church is invincible, even in the history, solely because it is invincible in the eternity.

ARCHBISHOP AND METROPOLITAN
+ Of Ohrid and of Skopje Jovan (John)

Во оваа книга има документи за едно сведочење на луѓето во Црквата и тоа сведочење за тоа колку е тешко да се воспостави единство по некој раскол. Затоа ако може да се извлече заедничка порака од сите разнородни текстови поместени во книгава, тоа би било со зборовите на Св. Јован Златоуст: „Гревот на расколот не го измива дури ни маченичката крв" (Толкување до Ефесјаните 65).

Се надеваме дека токму текстовите од овие два тома на книгата „Заради идното царство" ќе бидат поучни како за оние кои имаат за цел да направат раскол во Црквата, така и за оние кои сè уште пребиваат во раскол. Но, особена лекција треба да им биде на оние кои имаат власт во овој свет, дека Црквата е непобедлива дури и во историјата, и тоа само затоа што е непобедлива во вечноста.

АРХИЕПИСКОП И МИТРОПОЛИТ
+Охридски и Скопски Јован

Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje Jovan

THE FUTILITY OF SCHISM

As seen from behind prison bars

I have previously written and published several texts on the futility of Church schism, and have dedicated an entire subchapter to the opposition of schism to Church unity in my PhD thesis, which I have recently defended at the Faculty of Theology in Thessaloniki. Thus in the following paragraphs I will not present any detailed analysis of Church schisms, but will endeavor to present a single schism, that is, the one of the so-called Macedonian Orthodox Church (MOC), not primarily from the point of view of theology, nor canonic law, but as seen from behind the bars of the prison that I somehow got as a "reward" for establishing Church unity.

It is more than certain that this point of view will have a dose of subjectivity, which I am quite aware of before even starting to write about it. Viewing the schism from behind prison bars is subjective in itself, or even more precisely, it is personal, and therefore I can only endeavor to make it as little impassioned as I can. How successful I was in separating subjectivity and fervency, I leave it up to the reader to decide.

With no illusions, therefore, that my views will be completely bereft of passion, I would like, at the very start, to reveal to the reader the reason for any possible weaknesses that might be there henceforward. If even the smallest trace of anger, impatience or vengefulness is detected towards those who have so far put me in prison no less than seven times, it is not because that is the way my faith in God whom I serve has taught me, nor because such is the way of my gnomic will, which I always do my best to harmonize with God's will, but simply because I am a weak, fragile and imperfect human being, regardless of how exalted my rank or service may be.

The troubles that have found me in the last eleven years are so great, that it is my desire, if possible, for this chalice of new

Архиепископ охридски и Митрополит скопски Јован

БЕСМИСЛАТА НА РАСКОЛОТ

Посматрана низ решетките на затворот

За бесмислата на расколот во Црквата сум пишувал и сум објавувал неколку текстови, а на противставеноста на расколот на црковното единство му посветив едно цело подзаглавие и во докторската дисертација што пред извесно време ја одбранив на Теолошкиот факултет во Солун. Затоа во редовите што следуваат нема да се занимавам со детална анализа на црковните расколи, туку ќе се обидам да прикажам само еден раскол, оној на т.н. Македонска Православна Црква (МПЦ), и тоа посматрано, не првенствено теолошки, ниту преку канонското право, туку низ решетките на затворот кој некако ми дојде како „награда“ за воспоставеното единство на Црквата.

Повеќе од сигурно е дека во ваквото посматрање ќе има доза на субјективизам и за тоа сум свесен уште пред да почнам со пишувањето. Посматрањето на расколот низ решетките на затворот на некој начин само по себе е субјективно, или уште поточно речено личносно, па затоа единствено што би можел да се потрудам е тоа да биде барем што помалку острастено. Колку сум успеал да ја одвојам субјективноста од острастеноста, ќе процени читателот.

Значи без илузии дека моето посматрање ќе биде целосно обестрастено, веднаш на почетокот пред читателот сакам да ја откријам причината за евентуални слабости што можеби ќе се сретнат во продолжениево. Ако во текстот се открие дури и најмала доза на гнев, нетрпение или одмаздољубивост, кон оние што дури седум пати ме сместија во затвор, тоа не е затоа што така ме научила верата во Бога на кому му служам, ниту затоа што е таква мојата гномичка волја која се трудам секогаш да биде согласна со природната Божја волја, туку едноставно затоа што сум слабо, нежно и несовршено човечко битие, без оглед на возвишеноста на чинот и службата што ја вршам.

Неволјите што ме навјасаа последниве единаесет години

incarcerations not only to pass me over (seventh time in the last eleven years), but never to be repeated again. But the Logos of God, that is superimposed upon each and every one of us since birth, compels me not to stop here, but go forth as our Christ has done, and as He said, so should I: May my will not be done, but Your will be done, o Lord.

What I have been through in the last eleven years, I would not wish upon anyone else, neither as a lesson, nor for anyone's revenge. For what was done as revenge against me turned into a punishment, not just for me, but for many others who followed me in establishing Church unity. Some of the members of the Church of God I was closely tied to did not leave my side during these persecutions and all the abuse I have suffered, and are still suffering the consequences of stress continuously inflicted upon them in the last eleven years.

I cannot say I was not scarred by the sudden departure of my earthly father from this world, most probably caused by the great sadness arising from my imprisonment, but what is that compared to the pain experienced by many who, besides that, belong to the kind of those weaker by nature: masked policemen armed to the teeth who violently entered the monastery where I lived, and after not finding me there, shaved the heads of all the nuns present. It is quite commonplace for that which is shared to lessen in volume, thereby becoming more easily tolerable, but this does not seem to apply to pain and love. The more people are affected by pain, the greater the suffering of each separate person. This seems to be the secret of being a person – to be able to take pain from another, but when everyone involved shares in the pain of those they love, and when the afflicted ones are many, then the pain of each individual is also multiplied.

And if I had to enumerate all the reasons for the pain inflicted upon myself by the schismatics in Macedonia in collusion with the government of that country, then this text would have to turn into a tedious list. But it would be unjust not to mention that the same masked ruffians (police officers) who shaved the nuns' heads and then chased them out on the snow (it was -20˚C outside) so they could set the monastery on fire, actually wanted to assassinate me; that would be unjust to history, as well as to the

се толку големи што моја желба е, доколку е можно, не само да ме одмине оваа чаша на новото затварање (веќе седмо по ред во последниве единаесет години), туку и никогаш повеќе да не се повтори. Но, логосот Божји кој му претпостои на секого од нас и кој нѐ ологосува од раѓањето, ме поттикнува да не застанам овде, туку да продолжам како што го направи тоа нашиот Христос, и како што Тој рече и јас да речам: Сепак, нека не биде мојата волја, туку Твојата Господи.

Она што го поминав последниве единаесет години, не би сакал никому да му се случи, ниту за поука, ниту заради нечија одмазда. Зашто тоа што беше направено за одмазда врз мене, всушност стана казна, не само за мене, туку и за многумина кои ме следеа во воспоставувањето на црковното единство. Некои од членовите на Црквата Божја со кои бев тесно поврзан и не ме оставија во гонењата како и во злоставувањата што ги претрпев сѐ уште ги трпат последиците од стресот што континуирано им се случува последниве единаесет години.

Не можам да речам дека не ми остави лузна ненадејното и најверојатно причинето од преголема тага заради моето затворање – упокојување на мојот татко по тело, но што е тоа наспроти болката што ја доживеаја многумина и тоа на родот на оние кои и според природа се послаби, кога маскирани полицајци до заби вооружени влегоа насилнички во манастирот во кој живеев и откако не ме најдоа таму им ги истрижаа косите на таму затекнатите монахињи. Вообичаено е она што се дели да станува помало, следствено и поподносливо, но само со болката и со љубовта изгледа не е така. Колку повеќе луѓе се зафатени од болка, толку поголемо е страдањето на секоја личност одделно. По сѐ изгледа во тоа е тајната на личноста, да има способност да го преземе другиот, да му ја презема болката, ама кога секој ја презема болката на оние што ги љуби, и кога тие што страдаат не се малку, тогаш и болката на секој поединец е поголема.

И кога би ги броел сите причини за болка што ми ги нанесоа расколниците во Р. Македонија во спрега со властите во таа земја, тогаш овој текст би требало да се претвори во досадно набројување. Но, ако не споменам пак дека истите тие маскирани разбојници (полицајци) што им ги стрижеа косите

nuns who still carry the consequences of the stress they survived in February 2004. By a contract between the schismatic MOC and the government of then Prime Minister Branko Crvenkovski, our newly built monastery church in the village of Nizhopole, Bitola, was demolished, and not to mention this would be a sin before future generations. Namely, in order for the schismatic MOC not to oppose the Law on Territorial Division of the Republic of Macedonia of 2004, after great insistence from the schismatic Metropolitan of the MOC, Petar, Branko Crvenkovski tore down the new church in Nizhopole.

If I did not mention that I was put to trial and served time for the crime of "fostering national and religious hatred," and that to this day only two people have been sentenced for such a crime, that is, the former mayor of Gostivar, Rufi Osmani and myself, I think that would make me seem not calmer, but uninterested in my congregation; and the same impression would be there if I failed to mention that all the other times I was incarcerated on account of imaginary fiduciary "indiscretions", were simple outbursts of malice, not only by the schismatics, but by the Macedonian government as well.

It is widely known that no government can build a good future for itself on the basis of injustice and violence it does to its citizens. Government institutions should be in the service of individuals and never (at least in countries that claim to be governed by the rule of law) must anyone be sacrificed for any ideal, even though that ideal may be called "the state." This is especially so because history has amply shown, and we, the citizens of the Republic of Macedonia have recently personally experienced, that every ideal, including that of a communist state structure, is transient and imperfect, and therefore no one should be sacrificed to the ideal called "the state" or "country."

Twenty years after the fall of communism, I, who live in Macedonia and claim that it is not that the individual exists for the sake of the state, but that the state institutions should exist to serve the individual, have bigger problems now than the dissidents had during the communist times. Today, in the year of 2013, the Republic of Macedonia is at the stage of development equivalent to that of the age of Romanticism. On this little piece

на монахињите и потоа ги избркаа надвор боси на снегот (на температура од -20˚C) за да го запалат манастирот, всушност сакаа да извршат атентат врз мене, би било неправедно како кон историјата, така и кон монахињите што до денес ги носат последиците од стресот што го преживеаја во Февруари 2004 година. Да не споменам дека во договор меѓу расколничката МПЦ и власта на тогашниот првоминистер Бранко Црвенковски, срушена ни е до покрив изградена манастирска црква во с. Нижополе – Битола, би било грев пред наредните генерации. Имено, за да не се спротивставува расколничката МПЦ на законот за територијална поделба на Р. Македонија од 2004 год., Бранко Црвенковски по огромно инсистирање на расколничкиот митрополит на МПЦ г. Петар ја сруши новоизградената црква во с. Нижополе.

Ако не споменам дека бев осуден и издржував затворска казна за кривично дело „распалување на национална и верска омраза“, и дека од осамостојувањето на Р. Македонија во 1991 год., до денес за тоа кривично дело се осудени само двајца, досегашниот градоначалник на Гостивар, Руфи Османи и јас, сметам дека нема да ме претстави посмирено, туку би ме покажало како да сум без грижа за паството, како што би ме покажало без грижа за паството и да не кажам дека сите други затварања за измислени „затајувања“ всушност беа само излив на злоба, не само од расколниците, туку и од властите во Р. Македонија.

Познато е дека ниту една држава не може да гради добра иднина за нејзиното постоење врз неправдата и насилството што им ги прави на нејзините граѓани. Институциите на државата треба да работат во служба на поединците и никогаш (барем во оние што се нарекуваат правни држави) не смее никој да биде жртвуван за некаков идеал, па дури и тој идеал да се нарекува „држава“. Особено затоа што многу пати низ историјата се покажало, а ние жителите на Р. Македонија не така одамна и лично го доживеавме, дека секој идеал, па и оној за комунистичко државно уредување, е променлив и несовршен, и заради тоа никој не треба да биде жртвуван за идеалот наречен „држава“.

Дваесетина години по пропаста на комунизмот, јас кој

of land in the Balkans, time has stood still for almost two hundred years. And instead of learning from the mistakes others have been doing for the last two hundred years, some of our fellow citizens, who have taken control and power into their own hands, are not only repeating those same mistakes condemned by history, but are committing sins that are almost unforgivable.

In a most vile and insensitive way, and without a shred of a sense of responsibility before future generations, they try to distort history and write over those well know pages some new, frivolous, entirely unfounded and totalitarian history. Even if we keep in mind that history is written, to an extent, by the victors, or better said, by those who rule the present, it is inconceivable how those in power in Macedonia and the "scientists" working for them think that they can convince those who live outside of Macedonian territory to accept such academically and bureaucratically fabricated and fallacious history, which is written, by the look of things, for internal use only.

It is not my purpose here to present individual analyses of historical fabrications, which have been serially produced in the last ten years (although the falsifying of the history of the present territory of the R. of Macedonia has started already in SFRY). All this I have mentioned simply to make clear that falsifying the history of the schismatic MOC is but a part of the same plan, which is to take what belongs to others, to appropriate someone else's glorious past, and show the desire to lord over what belongs to other nations.

I have treated the history of the Church on the territory of the present R. of Macedonia in a separate monograph, and thus will not be dwelling on any details here. For the Church, it is inconsequential that in this land this Church, known under the name of Ohrid Archbishopric, was founded by the Byzantine Emperor Basileus II, The Bulgar Slayer–the very same person that defeated the army of King Samuil on Belasitsa. It does not bear any importance that the Ohrid Archbishopric was the Church of the Bulgars defeated by the Bulgar Slayer, nor does the fact that nearly every Archbishop of this Archbishopric was Greek.

The Church, anyway, always belongs to God, and the fact that in certain periods of history some ruler establishes certain

живеам во Р. Македонија и кој сметам и тврдам дека не постои поединецот за државата, туку државните институции треба да постојат за да бидат во служба на поединецот, сега имам поголеми проблеми отколку дисидентите во времето на комунизмот. Денес во 2013 год., Р. Македонија е на развоен степен од времето на романтизмот. На ова мало парче од Балканот, времето застанало скоро двесте години. И наместо да се учиме на грешките што другите ги правеле во изминативе двесте години, некои наши сограѓани што ја зеле управата и власта во свои раце, не само што ги прават истите грешки кои историјата ги осудила, туку прават гревови од оние што се речиси непростливи. Грубо, безочно, бесчувствено, но што е најжално, без ни малку одговорност пред наредните генерации се обидуваат да ја искриват историјата и врз старите добро познати страници на истата да пишуваат нова, самоволна, потполно неиздржана и тоталитаристичка историја. Дури и да се земе предвид дека историјата донекаде ја пишуваат победниците, или подобро речено тие што владеат со сегашноста, несфатливо е како властодршците во Р. Македонија и „научниците“ што се во нивна служба, мислат дека ќе ги убедат и оние што живеат надвор од територијата на Р. Македонија да ја прифатат таквата кабинетски фабрикувана и фалсификувана историја, која се пишува по сѐ изгледа само за внатрешна употреба.

Овде не ми е целта поединечно и аналитично да ги третирам фалсификатите на историјата, што особено во последниве десетина години (иако фалсификувањето на историјата за територијата на денешна Р. Македонија почна уште во СФРЈ) сериски се фабрикуваат. Сето ова го споменав само за да стане јасно дека и фалсификувањето на историјата на расколничката МПЦ всушност е дел од еден ист план, да се приграби туѓото, да се присвои славното минато на некој друг, да се покажат желбите за господарење врз она што им припаѓа на други народи.

Историјата на Црквата на територијата на денешна Р. Македонија ја третирав во посебна монографија и овде нема да се задржам на детали. За Црквата нема суштинско значење тоа што таа на овие простори позната под име Охридска Архиепископија е основана од византискиот цар Василиј II Б`лгаро-

kind of church administration, has no meaning at all. And since the Church is supranational, there are "no Jews nor Greeks" in it, nor does the nationality of the Bishops or the Archbishop matter, just as it is equally inconsequential to the ultimate structure of the Kingdom of God to consider the nationalities of the members of some village church.

But all of this, which ecclesiastically, theologically, and that means ontologically, holds no meaning whatsoever to the ultimate Christian goal and purpose, becomes a problem at the very moment when someone desires to counterfeit it due to selfish, utilitarian reasons.

In such circumstances, these insignificant, inconsequential things, completely bereft of theological importance to the clergy, immediately turn into a gigantic problem, not because of being a factual problem in reality for the Church, but because it is a lie, which means declaring war on truth. To the Church, however, Truth is not an object, a thing, but is a personality, and not just any personality, but the personality of the Logos.

These are the reasons for which in 2002 I made the decision to act as history has already recorded. My actions were not approved by all those who had been engaged in historic forgeries, which I need not recount here, nor were they liked by those who believed or had some interest in the counterfeiting of both Church and political and national history of the people in today's R. of Macedonia.

If I look back now and make an evaluation of what I have gained and what I have lost after eleven years since the unification of the Ohrid Archbishopric with the Ecumenical Orthodox Church and our resolution of the schism, without a doubt I would say, I have lost a lot, and gained but one thing. I lost my health, I lost my good reputation through vicious slander and public humiliation, I spent several years in prison, and what I got is but communion with God and His Church. But that one single "thing" is worth so much more than all the other things combined, because it is like a piece of farmland mentioned in the Gospel, in which a man finds pearls and sells all his belongings to purchase it.

After eleven years spent under constant persecution, incarceration, abuse and slander, I am still not entirely certain what

убиец – оној истиот што ја победи војската на цар Самуил на Беласица. Нема значење ни тоа што Охридската Архиепископија била Црква на Б`лгарите што биле победени од Б`лгароубиецот, нема значење ни тоа што скоро сите архиепископи на Архиепископијата биле Грци. Впрочем Црквата секогаш е Божја и нема никакво значење што во некој историски период, некој владетел ќе востанови еден или друг облик на црковно управување. А бидејќи Црквата е наднационална, во неа „нема ни Евреин ни Елин“, никакво значење нема ни тоа што се по народност јерарсите или Првојерархот, како што нема ама баш никакво значење за конечното уредување на Царството Божјо на која националност припаѓаат членовите на некоја Помесна Црква.

Но, сето ова кое црковно, теолошки, а тоа значи онтолошки, нема никакво значење за крајната смисла на христијанската цел, станува проблем во оној момент кога некој свесно и од утилитаристички (користољубиви) причини ќе сака да го фалсификува.

При такви околности, ова што е толку неважно, споредно и без речиси никакво значење со теолошка смисла за црковните луѓе, веднаш станува огромен проблем, не заради тоа што реално и вистински е некаков проблем за Црквата, туку затоа што претставува лага, а тоа значи дека е борба против вистината. За Црквата пак, Вистината не е објект, не е „нешто“, туку е „некој“ таа е личност и тоа не која било личност, туку личноста на Логосот.

Еве тоа се причините зошто се одлучив во 2002 год., да постапам така како што историјата веќе забележа дека постапив. Тоа пак не им се допадна на сите оние што ги правеле фалсификатите кои непотребно е да ги набројувам, но ниту на оние кои поверувале или пак имале некаква полза од фалсификувањето како на црковната, така и на политичката и национална историја на народот во денешна Р. Македонија.

Ако сега, по единаесет години од воспоставувањето на единството на Охридската Архиепископија со Православната Црква во екумената, и после сите непријатности, гонења и страдања низ кои поминав направам ретроспектива што добив, а што изгубив со стапувањето во единство и решавањето на

was greater – the pain from my wounds or the comfort of the benefits. To make it clearer I should put it like this: certainly the pain has been greater, more intense, and more lasting than the comfort, but the comfort was enough for me to understand that the Lord is with me, that He does not leave me, that He is crucified over and over with each of my ordeals, and that while He is with me, there is no one that can defeat me. However, if I need to point to my greatest source of pain, without hesitating, I will say it is the fact that all those troubles were purposely instigated by "spiritual" persons, the "aristocracy" of the schismatic MOC. Even people who have nothing to do with the Church whatsoever, know that the Church, according to her nature, should not and must not presume to punish those who have broken civil laws. She neither imprisons nor judges those transgressors under any circumstances, but remains open even for the one for whom all other doors are closed. And it is exactly the schismatic MOC that puts me on trials in civil courts. But when did it start and why? They did it because I entered unity with the Church and despised the state of schism, and then, on account of that unity having been established, I left their schismatic synod and was no longer their member.

I cannot but admit that the love of glory and the self-love, that still disturbs me, do not generate thoughts in me of equally reciprocating the slander of the schismatics. But on the other hand, I am aware that if I did enter such a battle, my victory would actually be my defeat. The one who is defeated through slander is the real victor, and so I did my best to avoid such a dirty way of fighting, such as slander and libel in these last ten years, and not once answered in the same manner or language the brazen offenses by the "aristocrats" of the schismatic MOC. Blessed are those who for the sake of God suffer accusations, slander and persecution, said Christ, but to be honest, I do not know if I have entirely fulfilled that kind of bliss, because, again, I have failed to fully accomplish the words of Apostle Paul: "When they mock us, we bless them, when they persecute us, we tolerate. When they blaspheme us, we pray, and we have become the scum of the earth, the garbage of the world – right up to this moment" (1 Cor., 4.12-13).

I am certain I do not hate them, but am not completely cer-

расколот, без двоумење би рекол дека изгубив многу, а добив само едно. Го изгубив здравјето, преку непристојните клеветења и јавни омаловажувања – угледот, неколку години поминав во затвор, а добив само заедница со Бога и Црквата Негова. Но, за тоа „само“, за тоа „едно“, вреди да дадеш и многу повеќе од набројаното, зашто тоа „едно“ е како онаа нива која се споменува во Евангелието во која тој што нашол бисери продава сè за да ја добие.

По единаесет години поминати во непрестани гонења, затварања, малтретирања и клеветања сè уште не сум сигурен и дали беше поголема болката од раните или утехата од благодатта. За да бидам појасен би рекол вака: болката сигурно беше поголема, поинтензивна, и подолготрајна од утехата, но утехата беше доволна за да разберам дека Господ е со мене, дека не ме напушта, дека со секое мое страдање повторно се распнува и Тој, и дека кога е Тој со мене, кој е тој што може да ме совлада.

Ако пак треба да посочам што е тоа што ми нанесе најголема болка, без двоумење ќе речам дека тоа е што сите неприлики ми ги спакуваа „духовните“ лица, „великодостојници“ од расколничката МПЦ. Дури и луѓето кои немаат ама баш никаква врска со Црквата, знаат дека таа (Црквата) според нејзината природа не треба и не смее да се застапува да бидат казнувани оние што ги прекршиле граѓанските закони. Таа не ги затвора и во никаков случај не ги суди прекршителите на граѓанските закони, туку останува отворена и тогаш кога за некого сите врати се затворени. Мене, пак токму расколничката МПЦ ме тужи пред граѓанските судови. Но кога го почна тоа и зошто? Го направи тоа зашто стапив во единство со Црквата и ја презрев состојбата на расколот, а во време кога заради воспоставувањето на тоа единство со Црквата го напуштив нивниот расколнички синод и не бев веќе нивни член.

Не можам да не признам дека славољубието и самољубието кои очигледно сè уште ме вознемируваат, не предизвикуваат кај мене помисли дека треба реципрочно да се одговори на клеветите на расколниците. Но од друга страна свесен сум дека ако се впуштам во таков вид борба, победата всушност ќе ми биде пораз. Поразениот преку клевети е победник, затоа

tain if I have managed to love them as well, as Christ teaches us to love our adversaries (Mt. 5.44)

Actually, can the "aristocrats" from the schismatic MOC be called enemies? If we view this through the lens of Church ethics, without any sentimental notions on what they have done to me and to members of the Ohrid Archbishopric in the last eleven years, I think they can be called enemies. If we judge by Church canons, however, according to which the schismatics are the same as heretics, then certainly they are enemies of the entire Church. But enmity towards the Church is much harder to overcome than personal enmity.

If we remember that since the time of announcing the break of communion between the Eastern and the Western Church in 1054, until the Crusades and the conquest of Constantinople by the Crusaders in 1204, there were practically no conflicts between East and West and that the adversarial behaviour which lasts to this day began only after the Crusaders started being violent to Christians in the East, then it becomes much clearer how hatred begins and is intensified. It begins in the mind, then manifests in personal behaviour, but only truly flares up and becomes an insurmountable chasm after acts of violence motivated by hatred.

In my humble opinion, the schism of the MOC that began in 1967 has already reached that final stage. The schismatics have perpetrated several acts of violence to the Church and that has become a giant obstacle to their returning to the fold of the Church. How could they now communicate with those whom they despised and hated to such an extent as to endeavor to either exterminate them or put them in prison. My assassination attempt in 2004 cannot but be connected to certain "aristocrats" at the schismatic MOC, who had given their "blessings" for it. One cannot help but connect the demolition of the monastery church in Nizhepole with the Metropolitan of the schismatic MOC, Petar. It is impossible not to connect my trials and prison sentences in the last eleven years with the synod of the schismatic MOC, and especially with their Prelate, Stefan.

The greatest evidence of that is this last term of incarceration. The court was waiting for approval from the MOC to set me free. Shame!!! But, if it is a shame for the court and government, it is

се трудев сите овие десет години да го одбегнувам тој валкан начин на борба, каква што е клеветата и ниту еднаш на ист начин и со ист речник да не одговорам на безобразните навреди од „великодостојниците“ на расколничката МПЦ. Блажени се оние кои ќе претрпат заради Бога обвинението, клевети и гонења, вели Христос, но да бидам искрен не знам дали го исполнив во потполност ова блаженство, затоа што не успеав пак да го исполнам во потполност и она што вели апостол Павле: „кога ни се потсмеваат ги благословуваме, кога нè гонат, трпиме. Кога хулат на нас, се молиме, станавме како ѓубриште на овој свет, на сите ѓубре до денес“ (1Кор, 4. 12,13).

Сигурен сум дека не ги мразам, но не сум во потполност сигурен дали успеав и да ги љубам, како што Христос нè учи да ги љубиме непријателите (Мт. 5,44).

Всушност, може ли „великодостојниците“ од расколничката МПЦ да се наречат непријатели? Ако се суди според етиката на Црквата, па дури и без сентименталности за она што ми го направија мене и на членовите на Охридската Архиепископија во последниве единаесет години, мислам дека може да се наречат непријатели. Ако пак се суди според каноните на Црквата, според кои расколниците се поистоветуваат со еретиците, тогаш со сигурност тие се непријатели на целата Црква. Но, непријателството кон Црквата многу потешко се надминува отколку личните непријателства. Ако се сетиме дека од времето на објавата за прекинување на општењето меѓу Источната и Западната Црква во 1054 год., па сè до Крстоносните војни и заземањето на Константинопол од крстоносците во 1204 год., немало речиси никакви непријателства меѓу Истокот и Западот и дека непријателствата кои траат до денес всушност почнале дури откако крстоносците започнале насилно да се однесуваат врз Христијаните на Истокот, тогаш многу појасно станува како всушност и започнува да се распламтува омразата. Омразата прво започнува во помислите, се покажува во однесувањата и дејствувањата на личностите, но се распламтува и станува непремостлив јаз тогаш кога ќе се појават дејства на насилство мотивирани од омразата.

По мое скромно мислење, расколот на МПЦ кој започна во 1967 год., веќе стигна до тој краен стадиум. Расколниците

a shame for the schismatics that not one of their "aristocrats": Stefan, Petar, Timotej, Naum, Agatangel, Metodij, Pimen, Ilarion, Kliment, Josif, Josif and Gorazd, in these last ten years of persecution of the Ohrid Archbishopric has ever said a word in public (I do not know if any one of them said anything in private) concerning the sin they performed by persecuting not only me, but the entire Church. Not one of them has asked that I at least be released to celebrate the Great Day of the Lord, Easter.

As far as I am concerned, it is as if I was forced to give this testimony. Not a single good deed in the Church is sealed without bearing witness. It has been so since the time of Christ, since the time of Archdeacon Stefan, and of Apostles Peter and Paul. But honestly, when in 2002 I entered the struggle for unity, I could not even dream of anyone needing such a sacrifice to satisfy their malice. I thought that enough time had passed since the Milan Edict by Constantine the Great, and that the Church will never be persecuted again. But after everything that had happened, I realized it was true, what has been confirmed over centuries of Church history, which is that all it takes to create a schism is the vanity of a few irresponsible persons, and that to create unity is impossible without sacrifice.

Finally, I feel I would do injustice to truth and history if I fail to mention the influence of the existing government structure in the persecution of the Church. Until this last prison term of mine, the government lead by Nikola Gruevski, having ruled for the last seven years, had not (at least not publicly) expressed any inimical attitude towards the Orthodox Ohrid Archbisopric. But the most recent legal persecution of bishops, priests, monks, and even some laymen from the OOA, indicate that Nikola Gruevski's government is of the opinion that it is the schismatic MOC that needs government protection, even though the MOC itself is falling apart.

Trying to protect the Church from the Church is already a colossal political failure, but the question is: Why did Gruevski's government decide to save the Church from the Church? Right now, the prevailing answer is that this government could never again, under any circumstances, find a Synod structure like that of the present MOC that could be more malleable to manipulation

изврши неколку насилства врз Црквата и тоа е огромна пречка за нивно враќање во Црквата. Како сега да општат со оние што ги беа презреле до таа нискост и што ги беа замразиле до таа мера, та по секоја цена да настојуваа нив или да ги нема, или да бидат во затвор. Не може да не се поврзе обидот за мојот атентат во 2004 год., со одредени „великодостојници“ во расколничката МПЦ, што дале „благослов“ за тоа. Не може да не се поврзе рушењето на манастирската црква во Нижеполе со митрополитот од расколничката МПЦ г. Петар. Не може, а да не се поврзат моите судења и затварања во последниве единаесет години со синодот на расколничката МПЦ, а особено со нивниот првојерарх – Стефан.

Најголем доказ за тоа е токму последното притворање. Судот чекаше одобрение од МПЦ за да ме ослободи. Брука!!! Но, ако е тоа брука за судот и за државата, брука за расколниците е што ниту еден од нивните „великодостојници“: Стефан, Петар, Тимотеј, Наум, Агатангел, Методиј, Пимен, Иларион, Климент, Јосиф, Јосиф и Горазд, во изминативе десет години на гонења на Охридската Архиепископија не кажа јавно (не ми е познато дека кажал тајно) за гревот што го правеа гонејќи ме мене, но и целата Црква. Ниту еден од нив нѐ побара барем за Големиот Ден на Пасхата Господова да бидам ослободен од притворот.

Што се однесува пак до мене, јас како да бев принуден да го дадам ова сведоштво. Ниту една добра работа во Црквата не се запечатува без сведочење. Тоа е така од времето Христово, од времето на архиѓаконот Стефан, од времето на апостолите Петар и Павле. Но, искрено речено, кога во 2002 год., влегував во подвигот на единството, ниту на крај памет не можеше да ми дојде дека во 21 век некому ќе му биде потребна толкава жртва за сатисфакција на злобата. Мислев дека доволно време поминало од донесувањето на „Миланскиот едикт“ од страна на Константин Великиот, па никогаш веќе нема да се повтори времето на гонењата на Црквата. Но, по сѐ што се случи, мене ми стана јасно она што векови наназад се проверувало и потврдувало во црковната историја, имено за да се направи раскол доволна е суетата на неколку неодговорни личности, но за да воспостави единство, неможно е без жртва.

for the interests of the ruling party, VMRO-DPMNE. These are not just my own conclusions, but the opinion of many intellectuals-columnists at daily papers. The fact that Gruevski has joined Crvenkovski in the persecution of the Church and in violating human and religious rights of Macedonian citizens now seems to serve some "elevated" party goal only he knows of, or perhaps, in his mind, even a goal pertaining to "state" or "country."

It would make no sense for me to discuss all those unjust verdicts that sentenced me to prison, because then I will not even be able to defend myself from any accusations of being subjective. Some day someone will speak and write about it, but in this observation of mine on the futility of schism, and one made from behind bars, too, we should not leave out the most recent bout of persecution undertaken by Nikola Gruevski's Government. Apart from myself, 18 other persons: bishops, priests, monks and laymen from the OOA were accused of "laundering" money I had appropriated from the schismatics eleven years ago – what utter nonsense, how incredibly shameful!!! But if someone wants to persecute you in such a totalitarian regime as it is the power in the R. of Macedonia now, there is no need for things to be logical or make sense.

I was accused of misappropriating four entire yearly budgets in total value of 240,000 euros from the MOC, during the four years working for them as a Bishop, and that I "laundered" that money buying properties in Macedonia ten years after. Of course, forensics have established that none of the Bishoprics where I was a Bishop ever missed a cent, and thus I was not sentenced to two years of prison for the crime of misappropriating entire yearly budgets, but because I had, allegedly, "treated those funds and had them at my disposal as if they were my own."

Whatever was bought with those funds, I never took for myself, nor did I give to anyone else, but was kept as an MOC inventory. The new accusation ignores that verdict and the forensic evidence and accuses me of completely taking for myself four yearly budgets' worth of money and then "laundering" it via the others that were accused together with me. So it would seem that for the entire length of my management there, no salaries were distributed, no utility or vehicle maintenance bills were paid,

Пред крај ми се чини дека би бил несправедлив кон вистината и историјата ако не ги споменам влијанијата и на постоечката владина структура во гонењата на Црквата. Сè до ова последно мое притворање, власта предводена од Никола Груевски која владее последниве седум години немаше изразено (барем јавно) некаков непријателски став кон Православната Охридска Архиепископија. Но, последните судски прогони врз епископите, свештениците, монасите, како и некои лаици од ПОА, покажуваат дека власта на Никола Груевски проценила дека треба да ја заштитат расколничката МПЦ која ѝ сама од себе се распаѓа. Тоа што Црквата сакаат да ја штитат од Црквата, веќе е огромно политичко промашување, но прашањето е следно: Зошто владата на Груевски се одлучи Црквата да ја спасува од Црквата? Одговорот што барем засега се наметнува е дека власта на Груевски никогаш и во никаков друг случај нема да најде попогоден состав на Синод од оној што го има расколничката МПЦ за да манипулира со него за партиски интереси на владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ. Ова не се само мои констатации, туку тоа се ставовите на многу интелектуалци што објавуваат колумни во дневните весници. Тоа што Груевски му се придружи на Црвенковски во гонењето на Црквата и кршењето на човековите и верските права на граѓаните во Р. Македонија сега изгледа е ставено во служба на некоја нему позната „возвишена“ партиска, а можеби според неговото мислење дури и „државна“ цел.

Нема никаква смисла овде да говорам за неправедните пресуди со кои бев осудуван на затворски казни, зашто дури тогаш не ќе можам да се одбранам од нападите за субјективизам. Некој некогаш ќе говори и ќе пишува и за тоа, но во ова мое видување за бесмислата на расколот и тоа од зад решетки, не би требало да се премолчи за последното гонење кое го презема владата на Никола Груевски. Покрај мене беа обвинети уште 18 други лица: епископи, свештеници, монаси и лаици од ПОА со кои сме ги „перѐле“ парите што пред единаесет години сум ги присвоил од расколниците – бесмисла над бесмислите, брука над сите бруки!!! Но ако некој сака да те гони во еден ваков тоталитаристички систем каков што владее во Р. Македонија, нема потреба нештата да имаат логика и смисла.

and no inventory nor stationery expenses were made, but I completely took all that money for myself, and not for one, not two, but four entire years' worth, and now, after ten years, I "launder" that money by purchasing properties. What does one even say to such nonsense? I am ashamed to even write this, because this is a shame for the entire Macedonian nation, who allowed itself to be ruled by such a Government. But let it remain written simply for the sake of truth and history, as well as for the sake of presenting a non-biased view of the national authorities, regardless of political party affiliation.

If all of this is taken into account, I think I was right in rejecting the suggestion by the investigating judge for us to return to the schismatic MOC in exchange for terminating the procedure for my latest so-called transgression, namely, "money laundering." During the entire court procedure, which lasted nearly a year, the entire duration of which I spent in prison, I was repeatedly offered two options. And those are, returning to the MOC with high honours and position, or leaving Macedonia, in exchange for release from the prison sentence. I turned that down as well. I do wonder, though, what kind of future can there be for a country which wants to have democracy, if it puts law and human rights out for sale? Our fatherland is loved because we are born in it, because our loved ones and those we are indebted to live there, but if in that fatherland justice is up for sale, and injustice is accepted as the foundation of society, then either you begin hating that fatherland because of those who sell sawdust to lumber mills – which is totally irrational, or you sacrifice yourself for the sake of change – which is totally Christian.

Truly, the sacrifice of Christ is what reconciled man and God. And yet, after all, it seems that every reconciliation between people takes some kind of sacrifice. It takes transcending oneself.

So then, if I could really transcend myself to the extent that I am trying, and if I publicly said that I forgive the schismatic priests all the misdeeds they have done to me, even without them apologizing for them, and what they did because they know not what they do, will the Church be able to forgive them without them at least apologizing to her? They have one more thing to apologize to the Church: the schism by which they again crucify

Обвинет сум дека сум присвоил од МПЦ цели четири годишни буџети во вредност од 240 000 евра, за четирите години додека бев епископ кај нив и дека тие пари сум ги „перел“ купувајќи имот во Р. Македонија по десет години. Нормално, вештачењето покажа дека од тие епископии каде сум епископствувал не недостасува ниту еден денар и јас не бев осуден за кривичното дело „затајување“ на две и пол години затворска казна затоа што сум ги присвоил целокупните годишни буџети, туку затоа што „сум располагал со средствата како со свои“.

Купеното од средствата не сум го зел со себе, ниту сум го дал на друго лице, туку е останато како инвентар во МПЦ. Новото обвинение што го подигнаа ја занемарува таа пресуда и доказите од вештачењето и ме обвинува дека парите од четирите годишни буџети целосно сум ги присвоил и потоа сум ги „перел“ преку другите лица што се обвинети со мене. Доаѓа како во тие епархии додека јас сум управувал таму, да не се делеле ниту плати, ниту да се исплаќале трошоци за: струја, вода, одржување на возила, како да не се купувало инвентар и канцелариски материјал, туку јас сите средства во целост сум ги присвојувал за себе и тоа не една, не две, туку цели четири години, па сега по десет години ги „перам“ тие пари преку купување имот. Што да каже човек на ваквата глупост? Срам ми е дури што го пишувам ова зашто ова е брука за целиот народ во Р. Македонија што дозволил да го управува ваква власт. Но, нека остане запишано само заради долгот кон вистината и историјата, како и заради непристрасност кон властите без разлика на која партија припаѓаат.

Ако се има предвид сето ова, мислам дека е оправдано што на предлогот на истражниот судија да се вратиме во расколничката МПЦ во замена да прекине со истражната постапка за новото кривично дело што неодамна ми се отвори: „перење пари“- одговорив одбивно. Во текот на целата судска постапка која траеше речиси една година, а за кое време останав во притвор, постојано ми се нудеа две можности. Или да се вратам во МПЦ со големи почести и на високо место, или да заминам од Р. Македонија, а во замена за тоа – ослободување од затвор. Но, и тоа го одбив. Ама се прашувам каква иднина може да очекува една држава што сака да биде демократска,

Christ, and for all these last 46 years of driving new nails into the body of Christ.

That would be the hardest part for them, even though it would be enough for the Church. It would be the hardest because history has already shown that the vanity and ethnophyletism of the "nobility" of the schismatic MOC has blinded them completely and that their connection to the spirituality and the Body of the Church is long gone. Falling into isolation created by schism, they conflate the darkness of chauvinism for the light and treat it thinking they are walking in light.

But the light is Christ, He is the Logos, He is the Body of the Church, and no one who is not in that body can partake of the light, at least not in the uncreated one, which He promised He would give those who have faith in Him.

02/20 July / August 2013,
St. Elijah Day (Ilinden)
Correctional Facility Idrizovo, Skopje

ако правото и човековите слободи ги става на пазар? Татковината се љуби зашто во неа се раѓаме, зашто таму ни живеат ближните, оние кои со нешто нѐ задолжиле, но ако во таа татковина со правдата се тргува, а неправдата се прифаќа за темел на општественото уредување, тогаш или ќе ја замразиш татковината заради оние што продаваат „трици“ за „слама“ – што е потполно неразумно, или пак ќе се жртвуваш за промена на состојбите – што е потполно христијански.

Навистина, жртвата на Богочовекот е тоа што го измири човекот со Бога. Но, после сè, изгледа и за секое меѓучовечко помирување потребна е некоја жртва. Потребно е себенадминување.

Па еве, кога навистина би се надминал до таа мера, како што се обидувам, и кога јавно би рекол дека на расколничките јерарси им проштевам за сите злодела што ги извршиле кон мене, дури и без да ми се извинат за тоа што ми го направиле, а ми го направиле бидејќи не знаат што прават, ќе може ли да им прости и Црквата без барем нејзе да ѝ се извинат? Тие на Црквата треба да ѝ се извинат и за нешто друго: Треба да ѝ се извинат за расколот со кој повторно го распнуваат Христа, да се извинат за сите овие 46 години во кои стават нови клинци во телото Христово. Тоа ќе им биде најтешкото, иако на Црквата само тоа ќе ѝ биде доволно. Ќе им биде најтешко зашто историјата веќе покажа дека суетата и националфилетизмот на „великодостојниците“ на расколничката МПЦ потполно ги има заслепено и нивната врска со духовноста и Телото на Црквата одамна е прекината. Потонати во изолацијата на расколот тие го сметаат мракот на шовинизмот за светлина и одат низ него мислејќи дека одат во светлина.

Но, светлината е Христос, Тој е Логосот, Тој е телото на Црквата и никој што не е во телото не може да биде учесник ни во светлината, барем не во онаа нестворената, која им вети дека ќе им ја даде на оние што веруваат во Него.

02/ 20 Август/Јули 2013 год.
Св. Пророк Илија (Илинден)
КПУ Идризово Скопје – Скопје

THE ORTHODOX OHRID ARCHBISHOPRIC

Protocol No. 195 from December 20, 2004

To
the Prime Minister of the Government
of the Republic of Macedonia
Mr. Vlado Buckovski

Dear Mr. Buckovski,

I try to conquer myself in the perplexities I have, therefore I congratulate you truly and sincerely for the very important duty you have accepted. But, to be honest, the rich tradition of the Church to which I have grafted myself, as well as the small life experience I have gained so far, do not give me a complete hope that I am not wrong to do so. Nevertheless, I have decided to congratulate you and to wish you to do whatever is best for our people and our country during the mandate committed to you.

The precaution, which I believe you have noticed, is not a result of my arrogance or of my mistrust that this country deserves a better life. The doubt was created in me by your predecessors, messers Crvenkovski and Kostov, who have not only proved themselves to be barren, futile and lacking God's blessing, but above all, as the persecutors of the Church. Someone would say: 'Every authority is granted by God.' yes, but some authority is allowed by God due to the weakness of men, and some authority is blessed. Some authority is fruitful and gives fruits for the citizens, and some authority spends, squanders and even steals instead to create and proliferate.

These congratulations I send does not aim to mention all the weaknesses and errors of your predecessors. They will be well remembered by the history of the Church by their hatred towards the Church and the mission thereof. Fourteen years has passed since the Republic of Macedonia is sinking in an economic dead end, inter-ethnic intolerance, spiritual unenlighteness and ide-

ПРАВОСЛАВНА ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА

Протокол бр. 195 од 20 декември 2004

До
Претседателот на Владата на
Република Македонија
г-динот Владо Бучковски

Почитуван г-дине Бучковски,

Настојувам да се победам себе си во недоумиците кои ги имам, и навистина срдечно да ви честитам за многу важната должност која ја примивте. Но, да бидам искрен, богатото предание на Црквата на кое сум се накалемил, како и она мало животно искуство кое сум го стекнал до сега, не ми даваат потполна надеж дека не ќе погрешам. Сепак, се одлучив да ви честитам и да посакам во мандатот кој ви е доверен да направите она што е најдобро за нашиот народ и држава.

Претпазливоста која верувам ја воочувате не доаѓа ниту од мојата надменост, ниту од недовербата дека оваа земја заслужува подобар живот. Сомнежот ми го создадоа вашите претходници, г-дата Црвенковски и Костов кои не само што се покажаа суви, неплодни и без благослов Божји, туку згора на сè и гонители на Црквата. Некој ќе рече: Секоја власт е дадена од Бога. Да, но некоја власт е допуштена од Бога заради слабоста на човекот, а некоја власт е благословена. Некоја власт е многуродна и донесува плодови за граѓаните, некоја наместо да создава и плодотвори, троши, растура па дури и краде.

Честиткава која ја испраќам не е место да се споменуваат сите слабости и грешки на вашите претходници. Нив историјата на Црквата веќе добро ги запамети по нивната омраза кон Црквата и нејзината мисија. Република Македонија полни четиринаесет години тоне во економски безизлез, меѓуетничка нетрпеливост, духовна непросветленост и идеолошка безнадежност. Се бројат на прстите од едната рака добрите работи

ological hopelessness. The good things that had been done can be counted with the fingers of one hand. The thing that should be mentioned herein, despite the history has already registered it, is the extremely uncivilised, uncultured, disgusting, and even worse, unconstitutional and illegal attitude of the previous Government towards the only Church in the Republic of Macedonia being recognised by the other Orthodox Churches, the Orthodox Archbishopric of Ohrid, headed by my humbleness.

Let me remind you that the Police of Mr. Kostov, who was the Minister of Internal Affairs then, put me under custody for the first time in July, 2003. Afterwards, the Police made searches of the premises of the Archbishopric and of the homes of many members thereof. The Police of Mr. Kostov put me and the priors of several monasteries in the Republic of Macedonia under custody in January, 2004 with an explanation that we had been inflaming ethnic and religious hatred. The monks were released in some time, and I was kept under custody for almost a month. Then they had set our monastery to fire and cut the hairs of the nuns. Forgive me, but all the suspicions lead to the conclusion that state authorities and some of the schismatic bishops were involved in the aforesaid in collusion. Soon I have been sentenced to eighteen months of imprisonment by virtue of a political decision, and the terrorism sponsored by the state authorities culminated with the disgusting, blasphemic and extremely unbecoming demolition of the church in the monastery in Nizhepole.

Mr. Butchkovski, your predecessors had crudely interfered in the internal affairs of the Church and led it to the catacombs. According to their attitude towards the Church, messers Crvenkovski and Kostov are not different with regard to their style of ruling from Nero, Diocletian or other famous persecutors of the Church almost at all. As if more than seventeen centuries have not passed since then, as if the Gospel had not been brought on the territory now belonging to the Republic of Macedonia 20 centuries ago.

Mr. Prime Minister, we do not ask you for mercy or grants, although you should be merciful and generous according to the service assigned to you. We only ask you for the things guaranteed to us by the Constitution of the country you are ruling, as

кои се направени.

Но, она за што во оваа честитка неизоставно треба да се спомене, и покрај тоа што историјата и тоа веќе го забележала, е крајно нецивилизираниот, некултурен, дегутантен, а што е уште полошо и противуставен и противзаконски однос на претходните власти кон единствената призната од другите Православни Цркви, Црква во Република Македонија, Православната Охридска Архиепископија на која мојата смиреност е Претстоител.

Само да ве потсетам дека во јули 2003г. полицијата на г-дин Костов кој тогаш беше министер за Внатрешни работи за прв пат ме притвори. После тоа, таа вршеше претреси во просториите на Архиепископијата и кај многу нејзини членови. Во јануари 2004 после пристапувањето на монасите и монахињите во Православната Охридска Архиепископија, полицијата на Костов ме притвори мене и игумените и игумениите на повеќе манастири во Република Македонија, со образложение дека сме распалувале национална и верска омраза. Монасите после некое време ги отпуштија, а мене ме задржаа скоро цел месец во притвор. После тоа ни го запалија манастирот и ги стрижеа монахињите. Простете, но сите сомнежи водат дека во тоа е повторно замешана државата заедно со некои расколнички епископи. Брзо потоа, со политичка одлука ме осудија на осумнаесет месеци затвор, за државниот тероризам да кулминира со гнасното, богохулно и крајно недолично рушење на манастирската црква со Нижеполе.

Вашите претходници г-дине Бучковски грубо се мешаа во внатрешните работи на Црквата и истата ја одведоа во катакомби. Според односот кој го имаа кон Црквата, господата Црквенковски и Костов во своето владеење скоро по ништо не се разликуваат од она на Нерон, Диоклецијан или другите познати гонители на Црквата. Како да не поминале повеќе од седумнаесет века од тогаш, како да нема во Република Македонија допрено Евангелието пред 20 века?

Не бараме од вас г-дине првоминистре ни милост ни дар, иако според службата на која сте поставен треба да бидете и милостив и дарежлив. Бараме само она што ни е гарантирано со Уставот на земјата со која владеете, како и она кое е обезбе-

well as for things provided for by the International Conventions with regard to human rights. We ask only for freedom of religion. Is that much to ask Mr. Prime Minister? Is it much to ask for freedom to serve God without fearing whether the Police will enter by force during the religious services and start arresting us? Is it much to ask the state authorities to accept us as one of the religious communities in the Republic of Macedonia? It is not demanding too much. Those are the most elementary conditions that should be guaranteed by any state. Those are condition borders on the right to existence, to the right to life. If one does not have freedom to express his faith, than his fundamental rights to existence are violated. Existence without freedom is unworthy for humans.

Finally, let me remind you of some inevitable facts that I believe are known to you at the end of these congratulations. The trial initiated by the Public Prosecutor against me charging me for 'inflaming of ethnic and religious hatred' gained huge publicity. All the aforesaid until now is not that important. But, which will be the reputation of our country whose Prime Minister are you, if one Bishop would be really put in prison because he had chosen to serve God and the Gospel. I believe that your memory serves you, and you will agree that such things did not happen even during the communist oppression. To put a Bishop in prison because his public appearances, presentations and sermons serving the Church is more than a totalitarian act.

Mr. Butchkovski, the intelligence services spy on us and on our associates for months now. If they have discovered something so far, wouldn't you know about that? I deem that the fact that the whole Government and even the President of the Republic have been taken to the slanders and provincial slinging mud to us by the schismatic bishops of the Macedonian Orthodox Church reflects the immaturity for the position of the aforesaid institutions. It is extremely unreasonable and irresponsible to believe the statements of the seven, and after the degrading of Cyril, the six 'magnificent' sitting in the Synod of the Macedonian Orthodox Church, who do not see farther than their stomach and do not do anything except for their interests. They are not to be accused but to be mourned, and the Government making possible for them to realise their personal interests is guilty for that. Mr. Butchkovski,

дено со меѓународните конвенции за човекови права. Бараме само слобода на вероисповедта. Многу ли е тоа г-дине првоминистре? Многу ли е ако бараме слободно да му служиме на Бога, без страв дали насилно ќе влезе полицијата и за време на богослужбата ќе почне да не апси? Многу ли е ако бараме државата да нè прифати како една од верските заедници во Р. Македонија? Не е тоа преку леб погача. Тоа се најелементарните услови кои треба да ги гарантира една држава. Тоа се услови кои се граничат со правото на постоење, со правото на живот. Ако човекот нема слобода во изразувањето на неговата вера, тогаш прекршени му се основните негови права да постои. Постоењето без слобода е недолично за човекот.

Нека ми биде дозволено при крајот на оваа честитка да ве потсетам на некои неодминливи факти кои верувам дека ви се познати. Судскиот процес кој јавниот обвинител го подгина против мене за „распалување на национална и верска омраза" доби многу набљудувачи. Сè до овде и не е толку важно. Но, каков ќе биде угледот на една држава на која сте вие првоминистер, ако навистина еден Епископ биде ставен во затвор заради тоа што одбрал да му служи на Бога и на Евангелието? Верувам дека ве служи помнењето дека такво нешто скоро и да немаше ниту во комунистичкото ропство. Да затвориш еден Епископ заради неговите јавни настапи, обраќања и проповеди во служба на Црквата е повеќе од тоталитаристички.

Месеци наназад г-дине Бучковски контраразузнавачките служби нè шпиунираат нас и нашите соработници. Ако до сега откријеа било што, немаше ли да ви биде познато? Но, да наседне цела Влада па дури и претседателот на државата на клеветењата и малограѓанските оговарања кои ги прават расколничките епископи на МПЦ, сметам дека е крајно незрело за позицијата на споменатите институции. Да се поверува на изјавите на седумтемина, а после расчинувањето на Кирила шестмина „величествени" во синодот на МПЦ кои не гледаат подалеку од својот стомак и освен за својот интерес ништо друго не прават, крајно е безрасудно и неодговорно. Тие не се за обвинување, тие се за жалење, но виновна е власта која им овозможува тие да ги остваруваат личните интереси. Сте се прашале ли г-дине Бучковски, што тие направиле во нивната

have you ever asked yourself what have they accomplished so far during their many years long 'service'? I hope that you will not be taken by the story of theirs that the state is supported by their shoulders? That they were the 'lobes of the lung' of the Republic of Macedonia and that our state has no future without the Macedonian Orthodox Church? It is true that every state needs a Church so to avoid to be misled by the ideology and initiatives of the political party being in power, but to be transfigured and to be saved, to conquer the death and to bring eternal life. Unfortunately, everybody knows well who had created the Macedonian Orthodox Church, as well as why it is necessary for it to continue its existence.

I shall not advise you on how your relations with the ones who are not recognised by anybody in the world should be. Not because somebody hates them, but because they had betrayed their service. They would have been good policemen or customs officers, but not bishops. There is no Orthodox Church in the world that has not uncovered their masks. Even the Russian Orthodox Church that had been most friendly to them. I believe that you have been informed about what had been said to Peter and Timothy on the last meeting in Moscow with Cyril, the Metropolitan of Smolensk and Calingrad, the Chairman of the Department for Foreign Church Co-operation.

The Orthodox Ohrid Archbishopric is recognised by all the Orthodox Churches in the world. At a church level, the Orthodox Ohrid Archbishopric has accomplished the same as the Republic of Macedonia did when it was admitted to the Organisation of the United Nations, although under the name of the Former Yugoslav Republic of Macedonia. Besides the incomprehensibly big obstacles that have been made and still are made by the schismatic Macedonian Orthodox Church in collaboration with the state authorities, the Orthodox Ohrid Archbishopric has succeeded to win the place thereof among the other Orthodox Churches. Imagine what progress there would have been without the obstacles of the Government. It would not be pretentious if I say that today the situation of the Church would have been the position to help the state to become a member of the EU more easily due to the connections with the Churches of other states being already mem-

долгогодишна „служба”? Нема да наседнете веројатно на онаа бајка дека на нивните плеќи се потпира државата? Дека тие биле „белодробните крила” на Р. Македонија и дека без МПЦ немало иднина за државата. Вистина, на секоја држава потребна и е Црква, не за таа да биде подведена под идеолошките и партиски иницијативи на оние кои владеат, туку за да преобразува и да спасува, да ја победува смртта и да носи живот вечен. За жал, на сите веќе добро им е познато кој ја создаде МПЦ, со каква цел, како и тоа зошто е потребно уште да постои.

Јас нема да ви советувам каков однос да имате со оние кои не ги признава никој во светот. Не затоа што некој ги мрази, туку затоа што си ја промашиле службата. Тие би биле добри полицајци или митничари, но не и епископи. Нема веќе Православна Црква во светот која не ги има прочитано. Дури и Руската која им беше најблагонаклона. Верувам дека сте информирани што им беше речено на Петар и Тимотеј на последната средба која ја имаа во Москва со Митрополитот смоленско–калинградски г. Кирил, претседател на одделот за надворешна црковна соработка.

Наспроти тоа, Православната Охридска Архиепископија е призната од сите православни Цркви во светот. Она што Република Македонија го постигна тогаш кога беше прифатена во Обединетите нации, па макар и под име Бивша ЈРМ, тоа го постигна Православната Охридска Архиепископија на црковен план. И покрај несфатливо големите пречки кои ѝ се правеа и сè уште ѝ се прават од страна на расколничката МПЦ во содејство со власта на државава, Православната Охридска Архиепископија успеа да го избори своето место меѓу другите православни Цркви. Замислете каков напредок ќе имаше да ги немаше тие пречки кои ги правеше власта. Нема да биде претенциозно ако речам дека денес Црквата ќе беше во ситуација, заради врските со Црквите на други држави кои се веќе членки на ЕУ да може да ѝ помага и на државата Република Македонија полесно да стане членка на ЕУ.

Почитуван г-дине провоминистре, сметам дека сè уште не е доцна власта да го промени својот груб, некултурен, но што е уште пострашно незаконски однос кон Православната

bers of the EU. Dear Mr. Prime Minister, I think it is still not late for the Government to change the crude, uncultured, and what is more terrible, the illicit attitude thereof towards the Orthodox Ohrid Archbishopric. The application for registering of the Orthodox Ohrid Archbishopric has been rejected by the Commission for Relations with Religious Communities and Groups. We have lodged a complaint to the Commission of second instance of the Government and we expect the ruling thereof within 30 days that have left over. The registration of our Church is the least that the state is due to grant the Orthodox Ohrid Archbishopric. I deem that today, you, as the Prime Minister of the Government, are due to grant it to us for the sake of your reputation before the international factors, for the sake of the reputation of the country whose Prime Minister of Government are you, and at the end, although the following is more important than the first two things, for the sake of the citizens of the Republic of Macedonia who are members of the Orthodox Archbishopric of Ohrid, for the sake of the needs, of the fundamental human rights as well of the constitutional right to a freedom of religion thereof.

Congratulating your new office and expecting much from it, we remain respectfully,

METROPOLITAN
+ Jovan of Veles and of Vardar Valley
and Exarch of Ohrid

Охридска Архиепископија. Барањето за регистрација на Православната Охридска Архиепископија е одбиено од страна на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи. Ние упативме жалба до второстепената комисија при владата и очекуваме во рок од 30 дена колку уште им имаат останато, да ни одговорат. Регистрацијата на Црквата е најмалото нешто што државата е должна да ѝ го даде на Православната Охридска Архиепископија. Денес, како претседател на Владата, сметам дека сте должен тоа да ни го дадете, заради вашиот углед пред меѓународните фактори, заради угледот на државата на која сте претседател на Владата, а на крај, иако ова е многу поважно од првите две, заради потребите на граѓаните на Република Македонија кои се членови на Православната Охридска Архиепископија, заради нивните основни човекови, но и уставни права на слобода на вероисповед.

Честитајќи ви ја новата служба, но и многу очекувајќи од неа остануваме со почит.

МИТРОПОЛИТ
+Јован велески и повардарски
и Егзарх охридски

The Holy Synod of Bishops of the Orthodox Ohrid Archbishopric at its regular meeting held on 06/ 23 May/April 2005 reached the following:

DECISION

The Decision AS No.50/rec.7 dated 15 September 1967 reached by the Holy Synod of Bishops of the Serbian Orthodox Church, regarding the cessation of any liturgical and canonical communication with the hierarchy of the schismatic religious organization in the Republic of Macedonia, is extended by the Orthodox Ohrid Archbishopric over the people who have remained in religious relationship with the aforementioned schismatic organization. Anyone who has fallen into heresy or is separated into a parasynagogue resulting in a church schism remains into a graceless area away from the Church and cannot have a compete communication with the catholic and apostolic Church.

This Decision is reached due to pastoral need of the faithful people of the Orthodox Ohrid Archbishopric to make an easy distinction between a graceful area of the Orthodox Church and a graceless one of the parasynagogue erected in the Republic of Macedonia which by its own will remains in schism with the cathedral church throughout the world.

His Eminence, kyr kyr Jovan, Metropolitan of Veles and Vardar Valley and Exarch of Ohrid, is kindly asked to introduce this decision to the Holy Assembly of Bishops of the Serbian Orthodox Church and to give recommendations for its acceptance.

The Decision is to be delivered to:

- His Eminence, the Metropolitan of Veles and Vardar Valley and Exarch of Ohrid, kyr kyr Jovan,
- All diocesan Bishops of the Orthodox Ohrid Archbishopric
- the Archives of the Holy Synod of Archbishops of OOA in 2 copies

For the President of the Holy Synod of Bishops
BISHOP
+Joakim of Polog and Kumanovo

Светиот Архијерејски Синод на Православната Охридска Архиепископија на својата редовна седница одржана на 06/23 Мај/Април 2005г., ја донесе следнава:

О Д Л У К А

Одлуката АС бр.50/зап.7 од 15 септември 1967г. донесена од Светиот Архијерејски Собор на Српската Православна Црква, а во врска прекинувањето на секое богослужбено и канонско општење со јерархијата на расколничката верска организација во Р. Македонија, Православната Охридска Архиепископија ја проширува и над народот кој останал во религиозна врска со споменатата расколничка организација. Секој кој паднал во ерес или себе си се издвоил во парасинагога и со тоа направил црковна схизма останува во безблагодатното подрачје кое е надвор од Црквата и не може да има потполно општење со едната католичанска и апостолска Црква.

Оваа одлука се донесува заради пастирска потреба на верниот народ на Православната Охридска Архиепископија како би можел полесно да ја направи разликата помеѓу благодатното подрачје на Православната Црква и безблагодатното на парасинагогата подигната во Р. Македонија која своеволно останува во раскол со соборната Црква насекаде во светот.

Се замолува Неговото Високопреосвештенство, Митрополитот велески и повардарски и Егзарх охридски г.г. Јован, со оваа одлука да го запознае Светиот Архијерејски Собор на Српската Православна Црква и да му препорача истата да ја прифати.

Одлуката да се достави до:

- Неговото Високопреосвештенство, Митрополитот велески и повардарски и Егзарх охридски г.г. Јован
- Сите епархијски Архијереји на Православната Охридска Архиепископија
- Архивата на САС на ПОА x2

За Претседател на Светиот Архијерејски Синод
Е П И С К О П
+Јоаким полошко-кумановски

ORTHODOX OHRID ARCHBISHOPRIC
HOLY SYNOD OF BISHOPS

Protocol Nr. 19 from May 6, 2005

To
The Holy Assembly of Bishops
Of the Serbian Orthodox Church

Subject: A pleading request for issuing Tomos for ecclesiastical autonomy of the Orthodox Ohrid Archbishopric

Your Holiness, Your Eminences and Your Graces,

Obliged by the decision of the Holy Synod of Bishops of the Orthodox Ohrid Archbishopric Sin.br. 18 from May 6, 2005, once again we address you with the pleading request towards the Holy Assembly of Bishops of the Serbian Orthodox Church to issue a Tomos for the autonomy of the Orthodox Ohrid Archbishopric, and for His Holiness, the Serbian Patriarch to confirm the elected prelate of this Church. This request is addressed from the name of the Bishops, the priests, the monastics and the faithful people of the Orthodox Ohrid Archbishopric with plead that it be considered and resolved positively.

The Holy Synod of Bishops of the Orthodox Ohrid Archbishopric held its constitutive assembly on December 25, 2003 and on that same meeting it has elected our humbleness, Metropolitan Jovan of Veles and Vardar valley and Exarch of the Serbian Patriarch for the Archbishopric of Ohrid for Prelate of the Church (SAS nr.1 from December 25, 2003). Since we were in detention arrest for the whole month of Jaunary 2003, we were unable to promptly inform the Holy Synod of Bishops of the Serbian Orthodox Church about this, and we did this on March 2, 2004, through our Act nr. 41.

ПРАВОСЛАВНА ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА
СВЕТ АРХИЈЕРЕЈСКИ СИНОД

Протокол бр. 19 од 06 мај 2005

До
Светог Архијерејског Сабора
Српске Православне Цркве

Предмет: Молбени захтев за издавање Томос о црквеној аутономији Православне Охридске Архиепископије

Ваша Светости, Ваша Високопоресвештенства и Преосвештенства,

Задужени одлуком Светог Архијерејског Синода Православне Охридске Архиепископије Син.бр. 18 од 06 маја 2005, још једанпут се обраћамо са молбеним захтевом до Светог Архијерејског Сабора Српске Православне Цркве да изда Томос за аутономију Православне Охридске Архиепископије, а Његова Светост, Патријарх српски да потврди изабраног предстојатеља ове Цркве. Овај захтев упућујемо од имена Епископа, свештеника, монаха и побожног народа Православне Охридске Архиепископије са молбом да исти буде разгледан и позитивно решен.

Свети Архијерејски Синод Православне Охридске Архиепископије одржао је своје конститутивно сабрање 25 децембра 2003г. и на истој тој седници изабрао је нашу смерност, Митрополита Јована велеског и повардарског и Егзарха Патријарха српског за Охридску Архиепископију за претстоитеља те Цркве (САС бр.1 од 25 децембра 2003). Будући да смо билу у притвору скоро читавог месеца јануара 2003г. о горњем нисмо могли одма известити Свети Архијерејски Синод Српске Православне Цркве и то смо уредили тек 02 марта 2004г. са нашим актом бр. 41.

of three years not even a single studious article regarding schism of the Church in the Republic of Macedonia has been published, which makes us believe that no retraction shall be made to our daring remarks in the near future. At the end of the day, it does not make any difference whether someone will agree or disagree with this. The thing that matters is that you dear gentlemen – editors-in-chief of the mass media contributed the decision reached by the Court in Bitola over our humbleness to be a judgment about your non-professionalism, unethicality and undemocratic orientation.

Imprisonment for words spoken in public, for which in our case no evidence exists, is a punishment for you and your acts. Today, we are the ones imprisoned without any evidence that we have flared up national and religious hatred, and should the court have any evidence for these accusations, they could not be regarded as criminal acts; however, tomorrow some of you may also be imprisoned. Today, the Head of a local Church supported by many institutions throughout the world is imprisoned; tomorrow it will be one of you supported only by your nuclear family. Here you stand peacefully, not to be misunderstood, but some of you might be pleased with the fact that you somehow managed to manipulate your own consciousness, your personal morality, as well as your professional responsibility.

We would not like to bring forward whether any of you should have been imprisoned more than us, because we have never believed that the words spoken in public should be censored. Being quite aware that the public remembrance can sometimes be rather short-termed, we would like to remind you: In 2000 we addressed the Broadcasting Council of the Republic of Macedonia in written demanding not to censor the journalist reports regarding the war we had been involved into. Then and now, we strongly believe that the censored information is a lot worse than the tendentious and false information itself.

Some may think that our imprisonment serves us well, but one day we may walk out free whereas some of you shall always be enslaved into your own narrow-mindedness, misery and pathetic fear. Some people may not agree with us, regarding other issues, but we believe that everyone shall agree that since the be-

туку и двете замешани заедно. Со самото тоа што во споменативе последни три години не излезе ниту еден студиозен напис за проблемите врзани со расколот на Црквата во Р. Македонија, мислиме дека барем во блиска иднина не ќе има демант на нашите, како претходно ги нарековме смели забелешки. Но, на крај, воопшто не е важно дека е тоа така, и дали воопшто некој ќе се согласи дали е така. Важно е господо уредници на средствата за информирање што вие придонесовте судот изречен во Битола врз нашата смерност да биде суд за вашата непрофесионалност, неетичност и недемократска ориентираност.

Затворската казна за јавно изречен збор, за која во нашиот случај дури и не постојат никакви докази дека ние тоа сме го направиле, е казна за вас и за вашето дело. Денес нè затворат нас, без никакви докази дека сме распалувале национална и верска омраза, зашто дури и за сите обвинениј судот да имаше докази дека ние сме ги направиле, сето тоа не претставува кривично дело, но утре е на ред некој од вас. Денес го затвораат Поглаварот на една помесна Православна Црква кој има поддршка во многу институции во светот, утре е на ред некој од вас кој освен потесниот круг на семејството нема кој друг да го поддржи. А вие стоите спокојни, да не грешиме душа, можеби некои од вас и радосни што успеавте да ја изманипулирате сопствената совест, да го изиграте личниот морал, но и професионалната одговорност.

Не би споменувале за тоа дали некој од вас требаше до сега да биде барем со неколку години повеќе затвор казнуван од нас, сè само од причина што никогаш не сме сметале дека треба да се цензурира јавно изречената мисла. Бидејќи ни се случило да се убедиме дека јавното паметење понекогаш може да биде многу кратко, ве потсетуваме: Во 2000 година со писмено реагирање се обративме до советот за радио дифузија да не прави цензура на новинарските известувања врзани со војната која нè затекна. Сметавме и тогаш, а исто така и сега, дека само цензурираната е нешто што е полошо од лошата, па дури и тенденциозна информација.

Може некој дури и да смета дека добро ни направиле што нè затвориле, но за разлика од нас кои можеби некогаш ќе излеземе од затвор, таквиот никогаш нема да излезе од ропството

ginning of our episcopacy in 1998 until today we have remained consistent to the faith, hope and our addressing to the public. Thus, it is not to be expected that the imprisonment shall change our direction towards the Kingdom of God, but would our physical imprisonment change your movement, from slavery towards freedom?

For a person who is spiritually free, the imprisonment may be considered as an award. Nonetheless, the faith ascetics in the Orthodox Church imprisoned themselves in order to prove to themselves and to the others that the physical imprisonment can not limit the freedom of the spirit. One whole monastery in Kiev served as a battlefield for the spiritual struggle of voluntary prisoners who during their life proved to be incomparably more free than most of the others who just seemed to be free. The freedom, my dear friends, or I may as well call you brothers, results into boldness. There is no point in imprisoning a spiritually free person, a person who is freed from death. Is there a religious or a political leader that has changed while in prison? The prison has made them greater at least in the eyes of the beholders.

The religious leaders imprison themselves in order to free the others. Therefore, take this brotherly advice. This imprisonment pronounced upon our humbleness shall have the real effect, not if it changes us, since we do not feel guilty nor we believe that the prison itself shall have an impact onto our consciousness. The worst scenario is that it could only hinder us, God forbids, so that we start to despise the ones who are crucifying us. However, it shall have an effect if you respected journalists become free from the enslavement to which you are imposed due to fear and ignorance.

In hope that with God everything is possible

ARCHBISHOP
+ Jovan of Ohrid

под сопствената ограниченост, беда и патетичен страв. Ако за сè нешто друго може и да се најдат луѓе кои нема да се согласуваат со нас, не веруваме дека некој нема да се согласи оти од почетокот на нашето епископување во 1998, па сè до сега останавме доследни и на верата, и на надежта, и на јавно изречените обраќања. Така, не треба да се очекува дека затворот ќе го промени нашиот смер кон Царството Божјо, но дали нашиот физички затвор ќе го промени вашиот смер на движење, од ропство кон слобода?

За човек кој е духовно слободен, затворот може да му биде и награда. Не малку од подвижниците на верата во Православната Црква самите се затворале за да си покажат и себе си и на другите дека физичкиот затвор не може да ја ограничи слободата на духот. Еден цел манастир во Киев бил мегдан за духовна борба на доброволни затвореници кои уште за време на нивниот живот се покажале дека се неспоредливо послободни од многумина кои во светот биле привидно слободни. Слободата, пак, драги мои, а ќе ве наречам и браќа, раѓа бестрашност. Човек кој е духовно слободен, а духовно слободен е само оној кој е слободен од смртта, џабе го затвараш. Кој верски водач, па дури и политички се променил во затвор? Затворот го направил само поголем, барем пред очите на другите.

Верските водачи се затвараат за да се ослободат другите. Затоа, примете го братски ова што ќе го речеме. Овој затвор изречен врз нашата смерност ќе има вистински ефект, не ако нè поправи нас, зашто ние ниту се чувствуваме виновни, ниту сметаме дека затворот ќе ја промени нашата совест. Во најлош случај може само да нè уназади, ако не дај Боже почнеме да ги мразиме оние кои нè распнуваат. Но, ќе има ефект ако вас господо новинари ве ослободи од ропството под стравот и незнаењето.

Со надеж дека за Бога сè е можно,

АРХИЕПИСКОП
+ Охридски Јован

RASCAL FIGHTING AGAINST THE CHURCH

We have hesitated for a long time whether it was high time to reveal the cunningness and the unorthodoxy of kyr Naum, the Metropolitan of Strumica in the schismatic organization – the Macedonian Orthodox Church. God was a witness that we had asked him so many times – "what to do with him, Lord"?, however He had not replied. Until the day when in the tight prison cell He sanctified us in grace and joy arising for it, and gave as a firm conformation in what we could have seen long ago. Naum is an ordinary cheater and rascal. For a number of years now, he has gradually revealed his delusion and confusion; however we were kept undemonstrative to call him a cheater and rascal. His delusion has been verified by many. From the ones who have known him well for a longer, let us mention here the elder of the Holy Monastery Gregoriou of Mount Athos and the brotherhood of the monastery with whom he lived for almost eight years, through the monks and nuns that have left him, revealing his delusion, to all well-known spiritual authorities – our contemporaries, now Bishops in some of the Orthodox local Churches, whose love he abused, as once did Simon Magnus abuse the kindness of the Apostles.

We have known Naum for a long time, and let us not be remarked that I do not entitle him as a Bishop when we tell him to the Church (Matthew 18, 15-17), because for a man who is non-orthodox and apostate, the bishop's consciousness does now allow we recognize him as an orthodox teacher, let alone to entitle him with a title of a bishop. If his title of bishop is recognized whenever by the Ecumenical Council, we shall respect that, until then, due to his wrong belief, we – his plaintiffs shall refer to him as Naum, only.

For Naum, whom we have known since he was a simple monk in the Gregoriou Monastery, we confess publically, that we bear a huge responsibility for his return from the Mount Athos in the Republic of Macedonia and for his ordination to bishop. He did not know anyone form the Bishops in the schismatic MOC.

Архиепископ Охридски и Митрополит Скопски Јован

ПОДЛЕЦ КОЈ СЕ БОРИ ПРОТИВ ЦРКВАТА

Долго се колебавме дали е време да се разобличат лукавствата и кривоверието на г. Наум, струмички митрополит во расколничката организација – Македонска православна црква. Бог ни е сведок дека многупати го прашував – „а, што со овој Господи?", но, Он не ни даваше одговор. Сè до денот кога во тесната затворска келија ни облеа со благодат, и радост, којашто произлегува од неа, и ни даде цврста потврда во тоа што одамна го наѕиравме. Наум е обичен измамник и подлец, кој нема ништо заедничко со правата вера. Веќе неколку години наназад постепено се разоткрива неговата опрелестеност и заблуда, но сепак бевме воздржани да го наречеме измамник и подлец. Неговата опрелестеност ја потврдуваа многумина. Од оние што најдолго и најдобро го познаваа, да го спомнеме тука старецот на светата обител Григоријат на Света Гора и братството на тој манастир со коешто живееше скоро осум години, преку монасите и монахињите што го напуштија, откривајќи ја неговата опрелестеност, па сè до познатите духовни авторитети – наши современици, а сега Епископи во некои од православните помесни Цркви, на коишто им ја злоупотребил љубовта, како што некогаш Симон Маг ја злоупотреби добрината на Апостолите.

Го познаваме Наума многу одамна, и нека не ни биде забележано што не го титулирам како Епископ кога го кажуваме на Црквата (Мат. 18, 15–17), затоа што за човекот кој е кривоверник и отпадник, епископската совест не ни дозволува да го признаеме за правоверен учител, згора титулирајќи го и со епископска титула. Ако некогаш од Вселенски Собор му биде призната епископската титула, тоа ќе го почитуваме, но дотогаш, заради неговото погрешно верување, од нас – неговиот тужител, ќе биде нарекуван само Наум.

За тој Наум, што го познаваме уште кога беше прост монах во Григоријат, сега јавно исповедаме дека сносиме огромна

Some of them had only heard of him. We were the link to organize the introduction of the schismatic Metropolitan Petar, with at the time the Athonite monk Naum, in the methochion of the Gregoriou Monstery in Thessaloniki in the presence of the elder of the Monastery, the respected Archimandrite Georgios Kapsanis.

God is our witness that neither at that time nor at any other time we had thought that Naum should escape from the Mount of Athos without the blessing of the elder, as he later did it and uncanonically entered from a canonic into a schismatic church.

After the acquaintance with the schismatic Metropolitan Peter, he maintained secret connections for which the elder of the Monastery was not informed. Through their secret contacts it was arranged the escape of Naum and Clement from the Mount of Athos, ordination of Naum in a presbyter, whereas Clement was ordinated in a deacon – by the Archbishop of Curtea de Arges in Romania, kyr Kalinik, and after that the election of Naum and his ordination for a Bishop of the schismatic MOC.

Regarding the fact that the escaped from the Mount of Athos, without saying goodbye to the elder, we found out about that following his receipt of presbyter consecration in Romania. At first we thought that he received a blessing from the elder, but then we learnt about the conspiracy they made through the secret contacts with the schismatic Metropolitan Petar. Promising a jurisdiction over the Vlachs in Bitola, Petar received consent from Kalinik, the Bishop of Curtea de Arges in Romania, Naum to be ordinated to presbyter – a devilish plan, with good intentions, thus Naum could not be defrocked from the Patriarchate of Constantinople, because he went to a canonical Church – the Romanian. Provided that he had gone directly to the schismatic, he would have been immediately defrocked.

That same elder, the abbot of the Gregoriou Monastery, who said that Naum had stabbed him in the back, covered him in love, but now he has realized the big mistake he has made. Some bad thing should be dealt on time. Thus, Naum despite deceiving the elder, us and the Metropolitan Amfilohij –without his consent he would have not been able to step on the Mouth of Athos, today he deceives the monks, nuns and eventually all the people whom he falsely pastorates and instead of leading them to green and juicy

вина за неговото доаѓање од Света Гора во Р. Македонија и за неговото ракополагање за епископ. Тој не познаваше никој од епископите во расколничката МПЦ. Некои пак од нив само беа слушнале за него. Ние бевме врската која го организираше запознавањето на расколничкиот митрополит Петар, со тогаш светогорскиот монах Наум, во метохот на Манастирот Григоријат во Солун, и тоа во присуство на старецот на манастирот – почитуваниот архимандрит Георгиј Капсанис.

Бог ни е сведок дека ниту тогаш, ниту кога било, сметавме дека Наум треба да избега од Света Гора и тоа без благослов на старецот, како што тоа тој подоцна го направи и неканонски влезе од канонска во расколничка црква.

По нивното запознавање со расколничкиот митрополит Петар, тој одржуваше тајни врски за кои не беше известуван ниту старецот на манастирот. Преку нивните тајни контакти беше договорено бегството на Наум и Климент од Света Гора, ракополагање на Наум во презвитерски чин, а на Климент во ѓаконски – од страна на Епископот на Куртеа де Арѓеш во Романија, г. Калиник, а потоа и изборот на Наум и неговата хиротонија за епископ во расколничката МПЦ.

За фактот дека избегал од Света Гора, без да се поздрави со старецот, разбравме дури по неговата хиротонија за презвитер во Романија. Претходно сите мислевме дека добил благослов од старецот, но потоа ја научивме заверата што ја направиле во тајните контакти со расколничкиот митрополит Петар. Ветувајќи му јурисдикција над Власите во Битола, Петар добил согласност од Калиник, Епископ на Куртеа де Арѓеш во Романија, дека ќе го ракоположи Наума – ѓаволски план, со добри намери, за да не може Наум веднаш да биде расчинет од Константинополската Патријаршија, бидејќи, сепак заминал во канонска Црква – Романската. Ако директно беше ракоположен кај расколниците, веднаш ќе беше расчинет.

Оној ист старец, игумен на манастирот Григоријат, кој има речено дека Наум му забил нож во грбот, го покриваше во љубовта, но и тој сега гледа колкава грешка направил. Некои лоши работи треба да се сосечуваат навреме. Вака, Наум покрај тоа што го измами старецот, нас и Митрополитот Амфилохиј – без чиј благослов не ќе смееше да стапне на Света Гора,

meadows he takes them into dessert. Some have already discovered that, they have fled and now they are saving their souls in the canonic Church, others are about to make the decision to leave him, and the thirds ones are to be enlighten. In any case, as the Athonite abbot Georgios Kapsanis truly professed – eventually Naum shall be left alone. Then everybody should know that he is not only delusional, but he is also an evil heretic, a rascal and a cheater.

The Holy Spirit even at his ordination to presbyter in Romania forecast his fall, and many of us who attended his ordination were crestfallen form the event that happened. Namely, as soon as the Bishop Kalinik laid his hands on Naum at the liturgy, in order to ordinate him and through a prayer he kindly asked the Holy Spirit to descend upon his head, Naum fell down and he could not get up. After he was helped to get on his feet, it was necessary to sit on the synthronon, because in such state he could not participate in the liturgy. He turned pale and was covered in cold sweat. I remember the words of Bishop Kalinik, who after noticing that Naum got a bit better and could hear what he was talked to, he told him: "I was afraid that the Holy Spirit would not come down upon you".

When in 1998 almost all monk and nuns fled from the Diocese, we were quite restrained to believe in the reasons of the monks why they abandoned him. When the schismatic Metropolitan Petar having strong evidence tried to assure us that Naum was not morally clean, we replied to him: "Whatever I hear about him, I love him again". Perhaps due to that love and belief that it is a new hope for the Church, we allowed to be deceived for the second time. The fact that now we are sentenced to imprisonment on his initiative (and have been already serving our sentence in prison, he has been doing everything thus we cannot get out of here) is his way of expressing gratitude. These are human weaknesses; moreover, perhaps unconsciously by doing that he helps us in the spiritual life. However, for the fact that he demolished the Church, he could be forgotten, neither in this nor in that life.

Since then our closeness has faded. We almost have not served together, apart from some big ceremonies, when it was necessary. The explanations given by the monks and nuns (who

денес ги мами монасите, монахињите и конечно целиот народ кого лажно го пастирствува и наместо на зелена и сочна трева го води во пустина. Некои тоа го откријa, избегаа и сега ги спасуваат душите во канонска Црква, други се пред одлука да го напуштат, а трети допрва ќе се просветуваат за тоа. Во секој случај, како што точно прореченото светогорскиот игумен Георгиј Капсанис – на крајот Наум ќе остане сам. Тогаш сите ќе знаат дека не само што е опрелестен, туку е и поган еретик, подлец и измамник.

Духот Свети уште на неговата хиротонија во презвитерски чин во Романија ја навести таа негова прудолнина, и мнозина што присуствувавме на неговото ракополагање бевме потиштени од настанот што се случи. Имено, штом Епископот Калиник ги положи рацете врз Наума на Литургијата, за да го ракоположи и низ молитва Го замоли Светиот Дух да слезе врз неговата глава, Наум падна и не можеше да стане од подот. Откако го подигнаа, неопходно беше да го седнат на синтронот, бидејќи во таква состојба не можеше да учествува во Литургијата. Побледе и се потеше со ладна пот. Ги паметам зборовите на Епископот Калиник, кој откако виде дека на Наума му станало нешто подобро, и дека го слуша што зборува, му рече: „Се уплашив да не случајно Светиот Дух не сака да слезе врз тебе".

Кога во 1998 г. избегаа од неговата Епархија скоро сите монаси и монахињи, бевме прилично воздржани да поверуваме во причините на монасите поради кои го напуштиле. Кога расколничкиот митрополит Петар со цврсти докази нè уверуваше дека Наум сепак морално не е чист, му одговоривме: „Што и да слушнам за него, јас пак го љубам". Веројатно заради таа љубов и верба дека е нова надеж на Црквата, дозволивме по вторпат да бидеме измамени. Тоа што сега по негова иницијатива сме осудени на казна затвор (а откако веќе влеговме во затвор прави сè ако е можно никогаш да не излеземе од овде) е негов начин на благодарност. Сепак, за тоа му проштеваме. Тоа се човечки слабости, а згора на сето тоа, веројатно несвесно со тоа ни помага во духовниот живот. Но, за тоа што ја руши Црквата не може да му се прости, ни на овој, ни на оној век.

Оттогаш се намали блискоста меѓу нас. Скоро и да не

fled away from him and came to the schismatic Metropolitan Petar) were rather plastic, for the sin he committed. Thus, the relationship between Petar and Naum got worse. We were not even sure whether he would vote "for" our election to Bishops. Only few months earlier, he insisted that we discontinued out our doctoral studies in Thessaloniki, in order to become monks and get ordinated to presbyter, thus we could enter into the Bishop Candidate list of the MOC, which was being prepared at that time. The plan was our humbleness to enter into the composition of the Synod and together with him and Petar to influence the retirement of Cyril and Gorazd, and also to have an influence in the Synod thus the decennial schism could be overcome. In other words – it encouraged reforms, and with a heavy heart, we discontinued the studies in Thessaloniki, in belief that by entering into the Synod we should make greater contribution for the unity of the Church. It was even harder for us that at that time Petar, who was our spiritual father, was in Australia and he was not able to perform the monastic tonsure, which was certainly our will as it was his. He called us from Australia and since he could not perform the monastic tonsure, due to the urgent situation he agreed Naum to perform the monastic tonsure and to ordinate us, thus we could enter the Bishop candidate list, and the current schismatic Metropolitan Agatangel, whose wife had passed away and who became a monk only few days before us, was proposed by the Archbishop Mihail, to enter the list. It was Petar's desire Naum to give us the name Jovan.

We write all this as to say that until the fleeing of the monks and the nuns form his monasteries, Naum had an initiative with Petar and us to retire Cyril, who was a great obstacle for the unity of the Church, and later to retire Gorazd, and by having an influence in the Synod to establish a unity with the Church. After the fleeing of the monks he turned into a completely different person. His anger, and if I consider it a bit better, his jealousy of Peter was obvious. They almost did not speak, apart from official communication. Thus, Naum who was Petar's greatest supporter unreservedly stood against him in the election of a new schismatic Archbishop, following the death of Mihail.

He needed new groupings in the Synod thus he began to

сослужувавме, освен на некои големи свечености, кога беше неопходно. Многу пластични беа објаснувањата на монасите и монахињите (што избегаа од кај него и дојдоа кај расколничкиот митрополит Петар), за гревот што го направил. Заради тоа Наум крајно ги влоши односите со Петар. Дури и не бевме сигурни дали воопшто ќе гласа „за" нашиот избор за Епископ. Само неколку месеци пред тоа, тој настојуваше да ги прекинеме докторските студии во Солун, да се замонашиме и ракоположиме во презвитерски чин, за да можеме да влеземе на кандидатската листа за Епископи на МПЦ која се правеше во тоа време. Планот беше нашата смиреност да влезе во составот на Синодот и заедно со него, и со Петар да издејствуваме пензионирање на Кирил и Горазд, и да имаме влијание во Синодот заради надминување на деценискиот раскол. Со други зборови – поттикнуваше реформи, и затоа, иако со тешко срце, ги прекинавме студиите во Солун, сметајќи дека со влегувањето во Синодот ќе придонесеме повеќе за единството на Црквата. Уште потешко ни беше што во тој период, Петар кој беше наш духовен отец, беше во Австралија и немаше можност тој да нè замонаши, што секако беше наша, но и негова желба. Ни се јави од Австралија и ни рече дека заради итноста на ситуацијата се согласил Наум да нè замонаши и да нè ракоположи, за да влеземе во кандидатската листа за Епископи на која тогашниот архиепископ Михаил го беше предложил сегашниот расколнички митрополит Агатангел, кому штотуку му беше умрела попадијата и којшто неколку дена пред нашето монашење и самиот се замонаши. Желба на Петар беше Наум да ни го даде името Јован.

Сето ова го пишуваме за да кажеме дека сè до заминувањето на монасите и монахињите од неговите манастири, Наум имаше иницијатива со Петар и со нас да го пензионираме Кирила, кој беше голема пречка за единството на Црквата, а подоцна и Горазд, и имајќи влијание во Синодот да воспоставиме единство со Црквата. По заминувањето на монасите, тој како да постана целосно друг човек. Воочлив беше неговиот гнев, а ако подобро размислам и љубомората кон Петар. Тие и скоро да не зборуваа, освен службено. Така, Наум од најголем поддржувач на Петар, безрезервно застана против него при из-

create them. Through the Prime Minister of the Government, Ljubcho Georgievski – with whom he had good relations, he managed to thrust Stefan to Archbishop. Since then, his positions have improved. Meanwhile, he managed to get closer to the dissident from him, the monk Clement. Nowadays he even supported his election and ordination to Bishop in the schismatic. And Clement following the fleeing with the other monks and nuns from the monastery of Naum, knowing that we are not completely convinced in the procedure carried out, found it necessary on a special meeting, face to face to tell me all the details of the immoral sessions of Naum. However, I doubted Clement due to something else – his hypocrisy, not because it was not like that, or because he was not convincing enough. And my doubt has proven now, that after so many years of blackening Naum's name, he is again his left hand man. However, Clement became greedy to become Bishop, and as much as we could estimate him, regardless of the fact that he is a hypocrite, he is not prepared to do anything so mean, as Naum is. We declare that with certainty, that Naum is prepared to commit a murder for his delusional idea. In a conversation with acquaintances of the thieves that robbed and set the house in the monastery "St. John Chrysostom" and cut the hairs off the nuns, what we had already known was confirmed and that was – the Administration for Security and Counterintelligence at the Ministry of Internal Affairs undertook the action with a "blessing" form Naum. The stolen religious objects from the monastery were handed over to the schismatic Metropolitan Stefan and to Naum. On a VIP party in Skopje, where it was possible to meet him in male and female company, on the question how to sort out the situation in the Church, he replied: "Only if Jovan is liquidated." – The Republic of Macedonia is a small country. Almost everything is known for everybody. The total number of the residents is as the number of residents, let's say in Belgrade. However, Naum is not so naive not to be aware that someone from that company, into which he was, would not pass the message through. In fact, his objective was exactly that, the message for our liquidation should be passed to us. Hence, we were so sure when we declared the aforementioned – Naum shall not hesitate to kill. If this is the way of life for a human presenting himself as a spiritual

борот на нов расколнички архиепископ, по смртта на Михаил.

Нему му требаа нови групирања во Синодот и почна да ги прави. Преку Претседателот на Владата Љубчо Георгиевски – со кого имаше добри релации, успеа да го проврe Стефан за архиепископ. Оттогаш, позициите му се подобрија. Во меѓувреме успеа да се доближи до одметнатиот од него, монах Климент. Деновиве дури го поддржа да биде избран и ракоположен како епископ кај расколниците. А Климент, по напуштањето со другите монаси и монахињи на манастирот од Наума, знаејќи дека не бевме потполно убедени во исправноста на постапката која ја направија, најде за потребно во специјална средба, очи во очи, да ми ги пренесе сите детали од неморалните сеанси на Наум. Не затоа што тоа не беше така, или затоа што тој не беше убедлив, но во Климента се сомневав заради друго – заради неговото лицемерие. И тој мој сомнеж се покажа и сега, кога по многу години плукање по Наума, повторно му е лева рака. Како и да е, Климент полакоми да биде епископ, но колку што можевме да го процениме, без разлика на тоа што е лицемерен, не е подготвен на таква подлост, како Наум. Тврдиме со сигурност, дека Наум е подготвен да изврши убиство за неговата опрелестена идеја. Во разговор со познаници на разбојниците што ја опљачкаа и запалија куќата во манастирот „Свети Јован Златоуст“, и им ги истрижија косите на монахињите, го потврдивме она што претходно го знаевме – дека Службата за безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи на Р. Македонија ја изведе таа акција со „благослов” на Наум. Украдените богослужбени предмети од манастирот им биле предадени на расколничкиот митрополит Стефан и на Наум. На една VIP журка во Скопје, каде што често може да се сретне во машко и женско друштво, на прашањето како да се среди состојбата во Црквата, тој одговорил: „Само ако се ликвидира Јован”. – Република Македонија е мала земја. Отприлика за секого се знае сè. Сите жители вкупно се колку бројот на жителите, на пример во Белград. Наум пак не е толку наивен за да не знае дека некој од тоа друштво, во коешто се наоѓал, нема да ја пренесе пораката. Всушност, неговата цел била токму таа, да ни биде пренесено дека ќе бидеме ликвидирани. Ете зошто

father that has seen the third heaven, a hesychast to whom all the Bishops in the Orthodox Church should serve him, and a man of prayer how is "free" before God, whereas, as he has said, the elder Georgios Kapsanis was not free before God, since he did not let him go to a schismatic organization, then what should we expect from him? Do people pick grapes from thornbushes? (Matthew 7, 16) – says Christ.

Here I would not like to hold on to this school for hesychasm, which is known as a school for delusion. Who in the history of the Church, that was a real hesychast made ads of his prayer of the heart capabilities, as Naum does on an everyday basis. Even the most delusional ones have not written "School for hesychasm" as Naum has titled his latest book. The one that truly has had and have the prayer of the heart, in their calamity perfected their gift. Only the delusional talk about themselves in as self-praising manner that they are endowed by such gift. In the end, only the Church recognizes that gift and accepts the one who is the bearer of the blessing. Naum has not heard what the Athonites speak about his spiritual delusion, the fact he is not aware that he is regarded as an exhibitionist by all in the Orthodox Churches, is only a fruit of the spiritual isolation into which he finds himself. The fact that he claims himself to be a hesychast, is not recognized by the Church, however he is "free" and that does not interest him, regardless of the fact that no real freedom exists outside the Church. "Free" to the degree to pull his trousers down and before the cameras in his pants with his "spiritual sons" to play football, as we had an opportunity to recently see that on the TV screens. However, this is an already absolute topic throughout the Orthodoxy, apart from some spicy details that it does not suit us to retell them.

What was said long ago by the elder Georgios Kapsanis, that eventually Naum would be left alone, is completely true, however it is also true that he would get mental disorders. The reason for writing this is the rich experience from the history of the Church which in unbribable manner testifies that each theomachist gets him mind darkened in the end. His theomachism is his only ecclisiomachism, which is a contemporary type of theomachism. The Church is the Body of Christ and the fight against the Church is

толку сигурно го тврдевме претходното – дека Наум нема да се колеба да убива. Ако е ваков начинот на живот на човек што себе си се претставува како духовник што го видел третото небо, како исихаст на којшто сите Епископи во православната Црква треба вода да му носат, и молитвеник кој е „слободен ” пред Бога, а за разлика од него, како што тој има речено, старецот Георгиј Капсанис бил неслободен пред Бога, затоа што не му давал да оди во расколничка организација, тогаш што да се очекува од него? Може ли трњето грозје да роди? (Мат. 7, 16) – вели Христос.

Не би се задржувал во оваа прилика со коментар на неговата школа за исихазам, која е позната како школа на прелеста. Кој вистински исихаст во историјата на Црквата правел реклама на своите умносрдечни способности, како што тоа секојдневно го прави Наум? Дури ни најопрелестените не напишале „Школа за исихазам”, како што Наум ја нарече неговата најнова книга. Оние што вистински ја имале и ја имаат умносрдечната молитва, во смиреност го восовршувале тој дар. Само опрелестените самофално говорат за себе и се насладуваат кога другите им говорат дека се обдарени со тој дар. На крај, единствено Црквата го распознава тој дар и го прифаќа тој што е носител на таков благослов. Тоа што Наум не слушнал што говорат светогорците за неговата духовна опрелестеност, тоа што не знае дека во сите Православни Цркви го сметаат за егзибиционист, е само плод на духовната изолација во која се наоѓа. Она што тој се самопрогласува за исихаст, Црквата не му го признава, но тој е „слободен” и тоа не го интересира, без оглед на тоа што надвор од Црквата не постои вистинска слобода. „Слободен” е до таа мера да се слече по гаќи и пред камери, со неговите „духовни чеда” да игра фудбал, како што деновиве имавме прилика да го видиме на телевизиските екрани. Сепак ова е веќе апсолвирана тема на секаде во Православието, освен некои пикантни детали кои не ни личат да ги прераскажуваме.

Она што одамна го рече старецот Георгиј Капсанис, дека Наум на крајот ќе остане потполно сам, сосем е точно, но точно е и дека психички ќе се растрои. Повод да го напишам ова ми дава богатото искуство од историјата на Црквата кое

sort of Christological heresy. Ecclisiomachism, though, is sort of a new type of heresy, unfamiliar until our time. The Church has suffered various children's diseases that we call heresy. At the time when they appeared they were hardly recognizable and it was not easy to be diagnosed and condemned. It is even now like that. For at least two years we have been trying to speak up that heresy has appeared among the schismatic in the MOC. Some cannot recognize that yet, but we do not accuse them of – ecclisiomachism. Arch-heretic is Naum himself. Every time he appears in the media or in the public, each published text of his or a text presented on the internet presentation of the schismatic MOC, in the last two and a half years is ecclisiomachial. Basically everything that Naum has been doing in the last two and a half years is ecclisiomachial and so far it has not been noticed in the Church, hence we call it a new heresy. On one hand he thinks he is in the Church, but on the other he fights against the Church, he humiliates and insulates the Church. Paralogical, however undenied. For the Ecumenical Patriarch he writes that he is Greek, which makes him biased in solving the schism in the MOC. For the Russian Patriarch he says that he does not have a good will to solve the Ukrainian schism thus how he could mediate in the "Macedonian", which is on the same grounds? He recently came out with a proposal all uncanonical and schismatic churches to join into unity, referring to: the Ukrainian schismatic, the Bulgarian schismatic, the Montenegrin parachurch and some Old Calendar Greek Churches. – Something which by nature is unachievable. Well, those organizations should not be schismatic if they can be in unity with someone. The Serbian Partiarch, according to Naum, was old and manipulated, and the Bulgarian one was quite like the Serbian. The Athenian Archbishop was against the name of Macedonia, and the Albanian suggested giving up the name – Macedonian. The Archbishops in America were far away and were not familiar with the issues in the Balkans, whereas the Romanian Patriarch was under the influence of the Greeks. The Metropolitan Amfilohij was chetnik and favoured the idea of Great Serbia, and the Bishop of Bachka Irinej was a vain Greekophile.

He, on the other hand, calls us betraitors of the national interests of the Republic of Macedonia, other countries' spies, the

неподмитливо сведочи дека секој богоборец на крајот се помрачува во умот. Неговото богоборство е во самото негово црквоборство, кое претставува современ вид на богоборство. Црквата е Телото Христово и борбата против Црквата е еден вид христолошка ерес. Додуша, црквоборството е еден нов вид на ерес, скоро непознат до наше време. Црквата прележала различни видови на детски болести кои ги нарекуваме ереси. Во времето кога се појавувале тие биле тешко распознатливи и не било едноставно да се дијагностицираат и осудат. Така е и сега. Барем две години наназад зборуваме дека кај расколниците во МПЦ се појавува ерес. Некои сè уште тоа не можат да го препознаат, но ние ги обвинуваме за – црквоборство. Архиеретик е токму Наум. Секој негов настап на средствата за информирање или воопшто во јавноста, секој негов текст отпечатен или прикажан на интернет презентацијата на расколничката МПЦ, во последниве две ипол години е црквоборечки. Во суштина сè она што го прави Наум последниве две ипол години е црквоборство и до сега не е забележано во Црквата, та затоа велиме дека е нова ерес. Од една страна смета дека е во Црквата, но од друга се бори против неа, ја омаловажува и ја навредува. Паралогично, но непоречно. За Вселенскиот Патријарх пишува дека бил Грк, а со тоа пристрасен во решавањето на расколот на МПЦ. За Рускиот Патријарх вели дека немал добра желба да го реши украинскиот раскол па како ќе посредува за „македонскиот", кој е на исти основи? Скоро излезе со предлог сите неканонски и расколнички цркви да стапеле во единство, мислејќи на: украинската расколничка, бугарската расколничка, црногорската парацрква и некои грчки старокалендарски цркви. – Нешто по природа неостварливо. Па, тие организации нема да се расколнички, ако можат да бидат во единство со некого. Српскиот Патријарх, според Наума бил стар и изманипулиран, а скоро исто таков бил и Бугарскиот. Атинскиот Архиепископ бил против името Македонија, а и Албанскиот им порачал да се откажат од името македонска. Епископите во Америка биле далеку и не ги познавале проблемите на Балканот, а Романскиот Патријарх паѓал под влијание на Грците. Митроплитот Амфилохиј бил четник и се залагал за голема Србија, а Епископот бачки Иринеј суетен гркофил.

ones who flare up national and religious hatred and members to other Church. All of this however is tolerable compared to his accusations towards the Bishops of the other Orthodox Churches. We would not have written this if we considered that we were the only ones he insulted. Nonetheless, he insults almost all of the Bishops of the Orthodox Churches. He also humiliates many of the Bishops from the sister Churches. Even that would not be so bad and ecclisiomachic, if he through the crises he creates does not want to be in a unity with those ones he humiliates. They criticized the Church but did not want to separate from it. He blackens the names of the Bishops which are the icon of Christ and mouth of the Church, and "he intends" to be in unity with them.

The conclusion is as follows:

- By blackening the names of the Bishops he wants to create crisis, thus by his blackening someone's attention should be drawn and the schism is to be solved in such manner. However, in that case he should recall that the crisis has already happened, the judgment is done and now there is the Autonomous Ohrid Archbishopric.
- It is likely that the man wants to be a show-off and with his statements always wants to be in the center of attention, as he does it with the ads for hesychasm. This is not excluded, knowing him I do not believe that he has enough patience, tactics and time for that. He should go to restaurants with his friends and to VIP parties. Thus, the aforementioned is not his only occupation.
- However, it is highly likely that he has been deceived by the devil, or as we say – delusional, hence he thinks that with his fight against the Church he contributes in the upgrading of the Church. In fact this is his "innovation", which is completely incompatible with the Spirit of the Church and its dogmatic teaching. If it is deeply analysed, he wants to restrain the Church and enclose it within the borders of his comprehension of it. He does not allow the Church to embrace him in its endless spaces; he wants to put it (the Church) into his pocket. To condition the Church as to function in accordance with his will and thought. To force the Bishops to work in accordance with his interpretations of truth and canons approved by him. To provoke the Synods of the local Churches to clean the mess that he clumsily tries to

Нас пак, нѐ нарекува предавник на државните интереси на Р. Македонија, шпион на други држави, распалувач на национална омраза и припадник на туѓа Црква. Сето ова е, сепак подносливо спрема обвинението што ги прави кон Епископите на другите Православни Цркви. И немаше ова да го пишуваме ако сметавме дека само нас нѐ навредил. Но, тој ги навредува Претстојателите, скоро на сите Православни Цркви. Многу Епископи од сестринските Цркви ги омаловажува. Па и тоа дури нема да е толку страшно и црквоборно, доколку тој преку сета таа криза што ја создава, не сака да биде во единство токму со тие луѓе што ги омаловажува. Таква духовна перверзност не е забележана ниту кај познатите еретици. Тие ја критикувале Црквата, но сакале да се отцепат од неа. Овој плука по Епископите коишто се икона Христова и уста на Црквата, а „има намера“ да биде во единство со нив.

Заклучокот е следен:

- Со плукањето по Црковните великодостојници сака да направи криза, па некој да се заврти на неговото плукање и на тој начин да се решава расколот. Но, во тој случај треба да помни дека кризата веќе се случи, судот заврши и сега постои Автономна Охридска Архиепископија.
- Можно е човекот да сака да биде мангуп и со своите изјави секогаш да биде во центарот на вниманието, како што тоа го прави со рекламите за исихазам. Ова не е исклучено, но познавајќи го не верувам дека има доволно трпение, тактика и време за тоа. Треба да оди и во кафеана со пријателите, и на VIP журки. Не му е значи претходното единствена работа.
- Сепак, најверојатно е дека е прелажан од ѓаволот, или како што уште велиме – опрелестен, та мисли дека со својата борба против Црквата тој придонесува за надградба на Црквата. Во тоа е всушност неговата „иновација” која е потполно неспоива со Духот на Црквата и нејзиното догматско учење. Ако подобро се погледне, тој сака да ја ограничи Црквата и да ја затвори во границите на неговото сфаќање за неа. Не остава таа да го прегрне во нејзините бескрајни пространства, туку тој неа (Црквата) да ја стави во џеб. Да ја услови да функционира според неговата замисла и волја. Да ги приволи Епископите да работат според толкувањето на вистината и каноните

make.

It is more than certain that he will not succeed in doing that. The Church will not take the bait. After all, Naum is an open book to almost everyone in the Orthodox Churches. The Serbian Church is well familiar with him; the Greeks are familiar with him through the Athonites, who were the first one to call him a delusional man with a rich fantasy, the only alive hesychast in the World, and the Bulgarian through his personal presentation of his intellectuality as a "doctoral candidate" at the University of Sofia. His story ended at the very same moment it started, since the Church has recognized him as a new heretic – ecclisiomach, cheater and rascal. Those who are outside the Church, regardless whether they are unbaptized, have fallen into sin or find themselves in a state of schism, they will find it difficult to learn the established diagnosis.

However in order to enlighten the ones in schism as soon as possible, let's speak for them: Lord, have mercy!

In the dark because of Christ,
yet, enlighten by Him

Archbishop of Ohrid and
Metropolitan of Skopje
+ JOVAN

Prison "Idrizovo"
September 28, 2005

што ги одобрил тој. Да ги испровоцира Синодите на помесните Цркви да ја спуштат прашината што сосема неспретно сака да ја подигне.

Повеќе од сигурно е дека во тоа нема да успее. Црквата не се фаќа на таков мамец. Впрочем, Наум е прочитана книга скоро во сите Православни Цркви. Српската го знае одблизу, Грчката преку светогорците, кои беа први што рекоа дека е опрелестен човек со бујна фантазија, единствен жив исихаст во светот, а Бугарската преку неговото лично презентирање на сопствената интелектуалност како „кандидат доктор" на софискиот Универзитет. Него приказната му е завршена уште истиот миг кога почнала, песната му е испеана уште пред да ја започне, зашто Црквата го препознава како нов еретик – црквоборец, измамник и подлец. Оние пак, што се надвор од Црквата, било да се некрстени, паднати во грев или во состојба на раскол, потешко ќе ја откријат воспоставената дијагноза.

Сепак за поскоро да се просветлат особено оние во раскол, да речеме за нив: Господи помилуј!

Во темница заради Христа,
а сепак, просветлен од Него

Архиепископ охридски и
Митрополит скопски
+ ЈОВАН

Затвор „Идризово"
28 Септември 2005 год.

Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje Jovan

JUDGEMENT ON COMMUNISM

In 1990 communism had just been overthrown. At the time I was a student at the Faculty of Theology in Belgrade and I remember the deep and clairvoyant words of my dear teacher, and now my brother in episcopacy, the former Bishop of Zahumlje and Herzegovina Atanasij (Jevtic), who even then, 16 years before the communism was finally to be condemned, noticed that the communism had not been condemned by anyone, although officially this system was non-existent in Europe. He used to say: "The deceased was buried, and the doctors have not yet established his death."

I have mentioned many times that I was lucky enough to spend my childhood and adolescence in a typical anti-communist environment. However, my anti-communist orientation was completely and permanently shaped by what I found at the Faculty of Theology in Belgrade. In the analysis that I am doing after many years, which means it is less and less biased, I can conclude that the Faculty of Theology in Belgrade was the centre of anti-communism in Europe. Not only the professor whose name I have previously mentioned, who had the courage even in the 1980s to oppose Milosevic and to call him a tyrannical ruler of Serbia, but also most of the other professors were anti-communists. Not according to some political definition, but rather to deeply existentialist.

I believe that what has been said so far is a necessary introduction for what will follow, motivated by the recent adoption of the Resolution on the condemnation of communism by the European Parliament in Strasbourg.

Finally, Europe had done what was needed to be done long ago. If I think again, I can say that it is not strange that it was done with such delay. Europe was acquainted with communism only indirectly, or one might say second-hand. It took 16 years

Архиепископ охридски и Митрополит скопски Јован

ПРЕСУДА ЗА КОМУНИЗМОТ

Во 1990 год. комунизмот штотуку беше соборен. Тогаш бев студент на Богословскиот факултет во Белград и се сеќавам на длабоките и прозорливи зборови на еден мој драг учител, а сега брат во епископство, бившиот Захумско-херцеговски Владика Атанасиј (Јевтиќ), кој уште тогаш, полни 16 години пред комунизмот конечно да биде осуден, забележа дека никој не го беше осудил истиот, иако званично тој систем на уредување веќе не постоеше во Европа. Велеше: „Мртовецот е веќе погребан, а лекарите сè уште не констатирале смрт“.

Повеќепати сум говорел дека сум имал среќа, детството и младешките години да ги минам во една типично антикомунистичка средина. Но, она што потполно и трајно ја обликува мојата антикомунистичка ориентација го најдов токму на Богословскиот факултет во Белград. Во анализата која ја правам многу години отпосле, а тоа значи сè помалку пристрасно, заклучувам дека Богословскиот факултет во Белград беше центарот на антикомунизмот во Европа. Не само професорот чие име погоре го споменав, кој имаше храброст уште во осумдесетите години на минатиот век да му се спротивстави на Милошевиќ и да го нарече тирански владетел на Србија, туку и повеќето од другите професори беа антикомунисти. Не по некоја политичка определба, туку по длабоко егзистенцијалистичка.

Чинам дека ова до овде беше неопходен вовед за она кое ќе следува, а мотивирано од неодамнешното донесување на Резолуција за осуда на комунизмот од страна на Европското собрание во Стразбур.

Конечно, Европа го направи она што требаше одамна да се случи. Кога ќе подразмислам подобро, не е ниту чудно што тоа го направи со толкаво задоцнување. Европа комунизмот го знаеше само посредно, што би рекле од втора рака. Ѝ тре-

for Europe to understand how irreconcilable evil that public system had left behind. How many permanent spiritual invalids it had produced, how many irreparable human destinies had caused, how much injustice and hatred had left behind. Although I believe that the democratic Europe had presupposed this from the time of the cold war, I am sure that it was astonished by the size of the catastrophe and the destruction left by communism. It took 16 years for Europe to analyze the consequences of that vulgar system and finally condemn it these days. Not because the crimes against humanity committed by communism were not recognizable before, and particularly after the fall of this totalitarian system, but confusing before the European analysts was the question why communism was not condemned first by those who survived the degrading consequences of it?

Eventually, after so much time it seems that they understood that the inhabitants of those former communist countries were incapable of, or rather, permanently incapable of doing so. In order not to repeat ever again, I think that it is very good that the European Parliament condemned communism, but it would have been even better if it was done by those who had suffered the worst blow from this disaster.

Judged by philosophical criterion, it is not at all odd that the former communist countries lack the capacity for impartial analysis or for condemnation of this social order. Communism is in essence a system without autochthonous philosophy. It is actually syncretism, and using a non-philosophical vocabulary, this would mean theft from various philosophical and ethical systems, which, being artificially inter-related, are condemned to failure from the beginning. Thus, the ethics of communism was stolen from the New Testament, but instead of basing it on the faith in God on which it is natural to be based, the communists based their ethics on the wind. Certainly, it cannot stand on the wind.

In general, communism is a mediocre system. There is no development in it, since Salieri will always want Mozart to be like him, not he like Mozart, and he will do everything to halt Mozart in his progress. By itself devised and created by mediocrities of the type of Marx and Engels that have never been, nor can ever be called philosophers, and executed by deceivers like Lenin, Stalin,

баа 16 години да сфати колку непоправливо зло остави тој општествен систем зад себе. Колку трајни духовни инвалиди произведе, колку непоправливи човекови судбини предизвика, колку неправди и омраза остави зад себе. Иако верувам дека тоа го претпоставуваше демократска Европа уште од времето на студената војна, сигурен сум дека ја изненади големината на катастрофата и пустошот кој го остави комунизмот. Ѝ требаа полни 16 години да ги анализира последиците од тој простачки систем за конечно деновиве да го осуди. Не затоа што злосторствата против човештвото кои ги направи комунизмот не беа препознатливи уште пред, а особено и веднаш по падот на тој тоталитаристички систем, туку збунувачки пред европските аналитичари беше зошто не го осудат први комунизмот оние кои ги преживеја понижувачките последици од него?

Конечно, после толку време изгледа сфатија дека жителите на тие бивши комунистички земји се неспособни, или подобро речено трајно онеспособени да го направат тоа. За да не се повтори никогаш повеќе, сметам дека е многу добро што Европското собрание го осуди комунизмот, но уште подобро ќе беше ако тоа го направеа оние кои го претрпеа најсилниот удар од таа катастрофа.

Просудено со филозофски критериум, воопшто не е чудно зошто во бившите комунистички земји нема капацитет за непристрасна анализа или за осуда на тој општествен поредок. Комунизмот всушност е систем без автохтона филозофија. Тој е еден синкретизам, а со нефилозофски речник кажано тоа би значело кражба од различни филозофски и етички системи, кои бидејќи се вештачки поврзани, уште од почеток се осудени на неуспех. Така, етиката на комунизмот е украдена од Новиот Завет, но наместо да се потпира на верата во Бога на која единствено природно се накалемува, комунистите ја потпреа на ветар. Нормално, тоа на ветар не стои.

Генерално, комунизмот е еден медиокритетски систем. Во него нема развој, бидејќи Салиери постојано ќе сака Моцарт да биде како него, а не тој како Моцарт, и ќе прави сè да го закочи Моцарт во неговиот напредок. Самиот замислен и создаден од медиокритети од типот на Маркс и Енгелс кои никогаш ниту биле, ниту можат да се наречат филозофи, а спроведуван од

or Tito, communism attracted predominantly the illiterate and the mediocrity-oriented.

Anyway, to cut the long story short, I will now refer to communism in the Republic of Macedonia. Generally speaking, in the Republic of Macedonia it is not gone yet. If you analyze the statements of certain politicians, historians, pedagogues, cultural workers, not to mention the less educated people, even after the adoption of the mentioned Resolution, you will see that they are in a great confusion. They cannot openly say that communism is good, especially since it has already been buried, and recently also condemned by the European Parliament, but they find it difficult to say that it is bad and counterproductive social system.

This is so because all that the present Republic of Macedonia is based on are communist foundations. Starting from the state, through the church, to its history. It was not long time ago when we learned in the school that the world was created by the communists in 1945. Now the national history has made a small concession and accepted that the world was created in the Ilinden uprising in 1903. This is the whole gain of the fall of communism in the Republic of Macedonia.

I am first of all called to speak about the Church, and therefore, I would generally discuss the forgery that the communists had tried to make in the Church. Everybody is well aware that the communist ideology was wholly anti-church. The destruction of the Church was one of the essential aims of this totalitarian state order. Thus, in 1945, the communist authorities did not allow the canonical Bishops of the Orthodox Church to occupy their cathedras from which they were forcibly expelled in the war. With this fact, the Church in the People's Republic of Macedonia at the time was practically destroyed because the Orthodox Church by its structure is episcopal, so if there are no episcopes, it cannot exist.

In such a case, the People's Republic of Macedonia would have been the first communist state to succeed in destroying the Church.

But, the Church is indestructible, because it is not a human creation, but God's. In the fifties of the last century, the communists in the People's Republic of Macedonia felt dominant over the Church, and wanted to systematically take the control over it,

измамници од типот на Ленин, Сталин или Тито, комунизмот ги привлече воглавно неписмените и медиокритетски ориентираните.

За да не должам премногу, сега ќе се осврнам на комунизмот во денешна Република Македонија. Генерално, во Република Македонија тој уште не одминал. Ако добро се разгледаат изјавите на некои анкетирани политичари, историчари, педагози, културни работници, а да не говорам за помалку образованите во народот, и тоа после донесувањето на споментата Резолуција ќе се види дека кај нив постои едно големо замешателство. Не можат отворено да речат дека комунизмот е добар, особено затоа што веќе е погребан, а од неодамна и осуден од Европското собрание, но скоро да не можат да речат дека е лош и контрапродуктивен општествен систем.

Тоа е така затоа што сè на што се потпира денешна Р. Македонија е основано на комунистички темели. Почнувајќи од државата, преку црквата, до историјата. Не беше одамна кога во училиштата учевме дека светот го створиле комунистите во 1945 год. Сега националната историја малку отстапи и прифати дека светот бил створен во Илинденското востание 1903 год. Тоа е целата придобивка од падот на комунизмот во Р. Македонија.

Најповикан сум да говорам за Црквата и затоа генерално би се задржал на фалсификатот кој комунистите се обидоа да го направат во Црквата. Секому е познато дека комунистичката идеологија беше целосно антицрковна. Уништувањето на Црквата беше една од суштинските цели на тој тоталитаристички државен поредок. Така, во 1945 год. комунистичката власт не им дозволи на канонските Епископи на Православната Црква да си ги завземат катедрите од кои беа насилно истерани во војната. Со тој факт, практично, Црквата во тогашна Н. Р. Македонија беше уништена бидејќи Православната Црква по структура е епископална, па ако нема Епископи не може ниту да постои.

Во таков случај, Н. Р. Македонија ќе беше првата комунистичка држава на која ќе ѝ успееше да ја уништи Црквата.

Но, Црквата е неуништлива зашто не е човечка творба, туку Божја. Во педесеттите години на минатиот век, кому-

so that they could destroy it when necessary. Until then, it was supposed to serve them for some of their purposes.

Namely, they devised a plan to control the diaspora of our compatriots in the overseas countries and Europe through the Church. For this, they need an independent Church from the Patriarchate of Pech or any other Patriarchate, for the same to be dependent only on the communist government. In 1958 they managed to establish a Church independent from the Patriarchate, but only semi-independent from the communist government. This was not enough for them. They needed an organization that would resemble a Church, but be totally dependent on them. It was accomplished in 1967. By political coercion, threats and extortion, in a putsch-like manner, they proclaimed autocephaly of the church in that year, but that autocephaly was not recognized by any Church in the world. Yet, they did not show any interest in this fact at all, because they did not need a Church, let alone completely autocephalous and independent from all, even from the authorities. They needed only a folk ensemble that would somehow resemble a Church, but would be completely subordinate to the government. They succeeded. They made such an organization in which they designated the bishops, and through them and their clergy, they carried out the mission called: "the shepherd's espionage of the diaspora".

This organization that normally none of the churches in the world considered as something else than a schismatic organization, until the fall of communism was systematically controlled by a specific government body. After the fall of communism, the control over this organization continued, but now it was not performed systematically but spontaneously. Not because the authorities already had the need to control this organization, but because this organization could not shift to the democratic ambience. So, they have remained submissive until today.

Now, these are only part of the reasons why the Republic of Macedonia should have joined the condemnation of communism, if it could not have done it alone. Still, I am afraid that it would not happen a long time from now, because of a simple reason. In such a case, the entire valid theory that the world was created in 1945 should be changed. And, if this lie falls, it will pull with

нистите во Н. Р. Македонија се почувствуваа доминантни над Црквата, и посакаа планирано да ја контролираат, а да ја уништат кога ќе биде потребно. Дотогаш требаше да им послужи за некои нивни цели.

Имено, преку Црквата смислија да ја контролираат дијаспората од нашите сонародници во прекуокеанските земји и Европа. За сето тоа им требаше независна Црква од Пеќката Патријаршија или од било која друга Патријаршија, за истата да би била зависна само од комунистичката власт. Во 1958 год. успејаа да направат Црква независна од Патријаршијата, но само полузависна од комунистичката власт. Тоа не им беше доволно. Потребна им беше организација која би личела на Црква, но да биде потполно зависна од нив. Тоа го постигнаа во 1967 год. Со политичка присила, закани и уцени, на пучистички начин во таа година прогласија автокефалија на црквата, но таа автокефалија не ја призна ниту една Црква во светот. Нив тоа воопшто и не ги интересираше, од причина што не им требаше Црква, а камо ли тоа да биде потполно автокефална и независна од сите, па дури и од власта. Нив им требаше само фолклорно друштво кое по нешто ќе личи на Црква, но ќе биде потполно потчинето на власта. Тоа им успеа. Си направија таква организација во која тие ги назначуваа епископите, а преку нив и нивното свештенство ја вршеа мисијата наречена: „пастирска шпионажа на дијаспората“.

Таквата организација која нормално ниедна Црква во светот не ја сметаше за нешто друго освен за расколничка организација, сè до падот на комунизмот систематски беше контролирана од посебно тело на Владата. После падот на комунизмот, се продолжи контролата над таа организација, но сега не систематски туку стихијно. Не затоа што власта веќе имаше потреба да ја контролира таа организација, туку затоа што таа организација не можеше да се снајде во демократскиот амбиент. Така, си останаа подвластени до денес.

Ете, ова е само дел од она зошто Република Македонија требаше да се придружи кон осуда на комунизмот, ако веќе тоа не можеше сама да го направи. Но, се плашам дека уште долго тоа нема да се случи и тоа од едноставна причина. Во таков случај ќе треба да се промени целата важечка теорија

itself many other lags that have been invented and introduced by the communists in the last 60 years. And then what will be left? Certainly not a schismatic organization.

I will conclude with the following: I am sentenced and I am in prison from where I am writing this text because in the text published under my name in the church calendar for 2004 it is written that: "MPC (Macedonian Orthodox Church) is the last bastion of communism in the Republic of Macedonia". The other accusations that I had agreed to be a Serbian exarch, that I had organized the consecration of the Right Reverend Bishops Joakim and Marko, and that I had celebrated the liturgy on a private property, were all abolished by the Supreme Court. Yet, as time goes by and the days in prison put a great burden on me, I see that the first thing I was convicted for is not exactly true, and that it could have been said differently both to be true and save me from prison. Definitely: MPC is not the last bastion of communism, unfortunately there are also others. Therefore, the Resolution on the condemnation of communism passed by the European Parliament will go completely unnoticed in the Republic of Macedonia.

January 2006
Prison "Idrizovo" Skopje

Archbishop and Metropolitan
+ Of Ohrid and of Skopje Jovan

дека светот бил створен 1945. А, ако падне таа лага, со неа ќе повлече уште многу други лаги кои ги измислија и воведоа комунистите во последниве 60 години. И тогаш што ќе остане? Расколничка организација сигурно не.

Ќе завршам со следново: осуден сум и лежам во затвор од каде што го пишувам овој текст затоа што во текст објавен под мое име во црковен календар за 2004 год. напишано е дека: „МПЦ е последниот бастион на комунизмот во Р. Македонија". Другите обвинениј дека сум прифатил да бидам српски егзарх, дека сум ја организирал хиротонијата на Преосветените Епископи Јоаким и Марко, како и дека сум служел литургија на приватен имот, Врховниот суд ги укина. Но, како минува времето и како натежнуваат затворските денови гледам дека и она првото за кое сум осуден не е сосем точно и можело да се каже сосем поинаку, ем да биде точно, ем да не ме затворат. Дефинитивно: МПЦ не е последниот бастион на комунизмот, на голема жалост има и други. Затоа, Резолуцијата за осуда на комунизмот донесена од Европскиот парламент во Р. Македонија ќе помине потполно незабележана.

Јануари 2006
Затвор Идризово, Скопје

Архиепископ и Митрополит
+ Охридски и Скопски Јован

ARCHBISHOP OF OHRID
AND METROPOLITAN OF SKOPJE

Protocol No. 1 from 03.01.2006

Dear Sir/Madam,

In the proposal for a decision of the Council of Europe on the principles, priorities and conditions contained in the European Partnership with the Republic of Macedonia, submitted by the Commission on November 9, 2005, in the section on Human Rights and Protection of Minorities, stated as a short-term priority is the following: "Ensure full implementation of the constitutional principle for separating religious communities and groups from the state and revise the legislative framework for religious communities and groups".

From this remark, it can be very clearly concluded that the Commission has correctly established that in the Republic of Macedonia:

1. The state flagrantly interferes in the work of some religious communities, and that

2. The existing legislative framework for religious communities and groups is not satisfactory, so it should be revised.

This was also established by the State Department in this year's report on religious freedoms in the world.

For several years now, the Orthodox Ohrid Archbishopric, to which we are a canonical Archbishop - confirmed and recognized by all Orthodox Churches in the world, has been pointing to the above mentioned problems. This state interference in religious communities has become so harsh that a few months ago we were imprisoned on charges of "incitement of religious hatred".

Such interference by the state in the religious communities can only be explained by the low level of democracy in the Republic of Macedonia. Nevertheless, we consider this more as a lack of skilfulness of the state leaders in a situation when the Republic of Macedonia has emerged from an atheistic society, such as the former SFRY was, and hence the weak knowledge, not to

АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ И МИТРОПОЛИТ СКОПСКИ

Протокол бр. 1 од 03.01.2006

Почитувани,

Во предлогот за одлука на Советот на Европа за принципите, приоритетите и условите содржани во Европското партнерство со Р. Македонија, доставен од Комисијата на 9 ноември 2005 г., во делот за Човековите права и заштитата на малцинствата, како краткорочен приоритет е наведено следново: „Да се обезбеди целосно спроведување на уставниот принцип за одделување на религиозните заедници и групи од државата и да се ревидира законодавната рамка за религиозните заедници и групи".

Од оваа забелешка многу јасно произлегува дека Комисијата потполно точно утврдила дека во Р. Македонија:

1. Државата грубо се меша во работата на некои верски заедници, и дека

2. Постоечката законодавна рамка за религиозните заедници и групи не е добра, па истата треба да се ревидира.

Ова исто така го утврди Стејт Департментот во годинашниов извештај за религиозните слободи во светот.

Веќе неколку години наназад, Православната Охридска Архиепископија на која сме канонски Архиепископ – потврден и признат од сите Православни Цркви во светот, укажува на горенаведените проблеми. Се стигна дотаму, тоа мешање на државата во религиозните заедници да биде толку грубо што од пред неколку месеци нас нè ставија во затвор со обвинение за „распалување на верска омраза".

Ваквото мешање на државата во верските заедници, може да се објасни само со нискиот степен на демократија во Р. Македонија. Но, повеќе сметаме дека се работи за едно неснаоѓање на државните водачи во ситуација кога Р. Македонија произлезе од едно атеистичко општество какво што беше СФРЈ, па оттаму и слабото познавање, а да не говориме

mention the practice of the faith of those who are now leading the country. In many of them, the concepts of faith are intertwined with the concepts of nation and vice versa.

We would be joyful if we should be the last victim of their inability, ignorance and unskilfulness. In the end, we are aware that all big things require sacrifices. However, reading the latest version of the new draft law on: churches, religious communities and religious groups – we believe that the state does not intend to act upon the Council of Europe's already adopted decision, and not to interfere with the work of the religious communities, although it started revising the legislative framework for religious communities.

We conclude this from the following:

1. The proposer of the law names it as a law on churches, religious communities and religious groups, but nowhere in the text of the law gives an explanation of what a church is, and what a religious community is, or, more specifically: whatis the difference between a church and a religious community.

It is obvious that the proposer of the law was pressed from one side by the fact that according to the Constitution of the Republic of Macedonia, not only are all religious communities separated from the state, but they are also equal, and on the other hand, by the request of the Macedonian Orthodox Church, which desires certain privileges. Thus, we consider the title of the law as unconstitutional and discriminatory, because practically the proposer of the same does not define the terms of the title and does not indicate how and in which way a religious community can become a faith community, and how the faith community can become a church? Whether the number of the faithful is decisive or which other factor is decisive for the name under which a religious community will be registered – the legislator does not foresee. For example, Article 11 describes the manner of registering a church, religious community or religious group, but neither in that Article nor in any other article of the law is it stipulated which criteria will be required by the court for establishing a church, which for a religious community, and which for a religious group.

From the above reasons regarding the definition of key terms: church, religious community and religious group – we think that

за практикувањето на верата на оние што денес ја водат државата. Кај многумина од нив поимите за вера се помешани со поимите за нација и обратно.

Би биле радосни, ние да бидеме последната жртва на нивното неумеење, незнаење и неснаоѓање. На крај, свесни сме дека за сите големи работи потребни се жртви. Но, читајќи ја работната верзија на новиот предлог закон за: црквите, верските заедници и религиозните групи – чиниме дека државата нема намера да постапи по веќе донесената одлука на Советот на Европа, и да не се меша во работата на верските заедници, иако притоа постапува кон ревидирање на законодавната рамка за верските заедници.

Тоа го заклучуваме од следново:

1. Предлагачот на законот, истиот го насловува како закон за црквите, верските заедници и религиозните групи, но никаде во текстот на законот не дава објаснување што е црква, а што верска заедница, или уште поточно речено, која е разликата меѓу црква и верска заедница.

Очигледно е дека предлагачот на законот бил притиснат од една страна од фактот што пред Уставот на Р. Македонија не само што сите верски заедници се одвоени од државата, туку тие се и рамноправни, а од друга страна, од барањето на Македонската Православна Црква која сака да има одредени привилегии. Така сметаме дека е неуставен и дискриминаторски насловот на законот, зашто практично предлагачот на истиот не дава дефиниција на поимите од насловот и не упатува како, и на кој начин, една религиозна заедница може да постане верска заедница, а верската заедница како може да постане црква? Дали е пресуден бројот на верници или кој друг фактор е пресуден под какво име ќе се регистрира некоја верска заедница – законодавецот не предвидува. Да речеме во чл. 11 е опишан начинот на регистрирање на црква, верска заедница или религиозна група, но ниту во тој член ниту во кој било друг член од законот, не е предвидено кои критериуми судот ќе ги бара за основање на црква, кои за верска заедница, а кои за религиозна група.

Од горе наведените причини по однос на дефиницијата на клучните поими: црква, верска заедница и религиозна гру-

the law is vague, incomplete, confused and without aim of improving anything in the interference in this aspect.

2. Fully unconstitutional and against all international conventions on freedom of religion is Article 2 par. 3 of the draft law which states: "Only one religious community can be registered for each religion".

We think that exactly this Article leaves the largest space for repeated and flagrant interference of the state in the work of the religious communities. Here we will not point out a theoretical case, but a practical case already known in the Republic of Macedonia and this is the registration of the Orthodox Ohrid Archbishopric according to the regulations of the still existing law on religious communities and religious groups in which the same provision exists.

Namely, the Orthodox Ohrid Archbishopric was refused by the Government Commission for Relations with the Religious Communities, to be registered as a religious group, because in the Republic of Macedonia there was an already established Orthodox Church. Although we submitted confirmation that we differ from the Macedonian Orthodox Church dogmatically, which, by the way, is not recognized by any of the orthodox churches in the world, this did not help. We were refused exactly under the aforementioned provision of the existing law and now the case is before the Supreme Court.

We consider it to be extremely contrary to the international conventions on freedom of religious confession, and even contrary to the Constitution of the Republic of Macedonia, if the new law on religious communities shall again include a provision that: "Only one religious community can be registered for each religion". In the Republic of Macedonia it is not only the Orthodox Ohrid Archbishopric that would be affected by such a provision. There are now two religious communities, and in the future probably more – that have separated from the already registered religious community. These is one Muslim religious group and one Adventist. Yet, the authorities looked the other way and they are already registered, although the existing law, like the one under preparation, contains the said provision that "Only one religious community can be registered for each religion".

We are asking, and since freedom of religion is a fundamen-

па – сметаме дека законот е нејасен, нецелосен, збркан и без цел нешто да подобри во досегашното замешателство на тој план.

2. Целосно противуставен и против сите меѓународни конвенции за слобода на вероисповедта е членот 2 ст. 3 од предлог законот во кој се вели: „За една вероисповед може да биде регистрирана само една верска заедница".

Сметаме дека токму овој член остава најголем простор за повторно грубо мешање на државата во работата на верските заедници. Овде нема да посочиме теоретски случај туку еден практичен случај кој веќе е познат во Р. Македонија, а тоа е регистрирањето на Православната Охридска Архиепископија по прописите од сè уште постоечкиот закон за верски заедници и религиозни групи во кој постои истата одредба.

Имено Православната Охридска Архиепископија беше одбиена од Владината Комисија за односи со верските заедници, да биде регистрирана како религиозна група, затоа што во Р. Македонија постоела Православна Црква. И покрај тоа што доставивме потврда дека ние догматски во верата се разликуваме од Македонската Православна Црква, која патем речено не е призната од ниту една Православна Црква во светот, тоа не помогна. Бевме одбиени токму по гореспоменатата одредба од постоечкиот закон и сега случајот е пред Врховниот суд.

Сметаме дека е крајно противно на меѓународните конвенции за слобода на вероисповедта, но дури и на Уставот на Р. Македонија, ако во новиот закон за верски заедници повторно се најде одредба дека: „За една вероисповед може да биде регистрирана само една верска заедница". Во Р. Македонија Православната Охридска Архиепископија не е единствена која би била погодена со таквата одредба. Сега постојат две верски заедници, а во иднина веројатно и повеќе – кои се одделиле од веќе регистрирана верска заедница. Тоа е една муслиманска религиозна група и една адвентистичка. Но, ним им е прогледано низ прсти при регистрирањето и тие се веќе регистрирани, иако постоечкиот закон исто како и оној кој е во подготовка, ја има спомената одредба дека „За една вероисповест може да биде регистрирана само една верска заедница".

Замолуваме, а бидејќи се работи за основно човеково право на слобода на вероисповед, нема да ни биде непријатно да

tal human right, it will not be inconvenient for us to say that we are demanding you to impose your authority and under no circumstance allow such a provision to enter into the new law on churches, religious communities and religious groups. This would give an opportunity for legal discrimination on a religious basis.

3. In Article 7 par. 4 the proposer of the law foresees the activity of religious communities not to be used for political purposes. We think that the proposer of the law in this section is left unsaid. What do "political purposes" refer to? The organization of a debate against the adoption of a law on euthanasia could also be considered as a political goal. The opposing to the legalization of homosexual marriage could also be considered as a political goal. Yet, precisely on these issues, and also on many other ethical issues, the religious communities are the ones that are first called to act.

We therefore consider that this provision is inadequate and unsuitable, because the believers of each religious community are at the same time also political entities.

4. In Article 9 par. 4, the proposal of the law stipulates that "the seat of the church, the religious community, or religious group, must be in the Republic of Macedonia".

Nevertheless, what about the case of the Roman Catholic Church, for which everyone knows that its centre, that is, its seat, is in Rome? Or for the Evangelical Methodist Church, whose seat is in Switzerland. Does this mean that they should not be registered?

5. In Article 10 par. 2, it is envisaged that registration should be performed only by the Basic Court Skopje I - Skopje.

We believe that it is incompatible with the decentralization laws to centralize the registration of religious communities. In the future, religious communities will appear that will intend to act only locally, in one city or one village. For what reason are they obliged to go to Skopje to register? If each municipal court has the right to register companies, charities or other civil associations, why not have the right to register churches, religious communities and religious groups?

6. Article 11 envisages a procedure for submitting an application for registration, but it is imprecisely regulated and would leave room for irregularities. Namely, one of the conditions for

речеме и дека бараме, да го заложите вашиот авторитет во никаков случај да не влезе ваква одредба во новиот закон за црквите, верските заедници и религиозните групи. Со тоа би се дала можност за законска дискриминација по верска основа.

3. Во чл. 7 ст. 4 предлагачот на законот предвидува дејноста на верските заедници да не се ползува за политички цели. Сметаме дека законопредлагачот во овој дел е недоречен. Што подразбира под политички цели? Политичка цел би можело да се третира и организирање на дебата против усвојување на закон за евтанасија. Политичка цел исто така би можело да се смета спротивставување на легализирање на брак кај хомосексуалците. Но, токму по овие прашања, а исто така и по многу други етички проблеми, најповикани се да делуваат верските заедници.

Затоа сметаме дека оваа одредба е несоодветна и неприлагодена, од причини што верниците на секоја верска заедница се истовремено и политички битија.

4. Во чл. 9 ст. 4, предлагачот на законот предвидува: „седиштето на црквата, верската заедница, односно религиозна група, задолжително да биде во Р. Македонија".

Но, што да речеме со случајот на Римокатоличката Црква за која сите знаат дека центарот, односно седиштето ѝ се наоѓа во Рим. Или на Евангелско-методистичката црква седиштето ѝ се наоѓа во Швајцарија. Значи ли тоа дека тие не треба да бидат регистрирани?

5. Во чл. 10 ст. 2 се предвидува регистрирањето да се врши само во Основниот суд Скопје I во Скопје.

Сметаме дека е несогласно со законите за децентрализација да се централизира регистрацијата на верските заедници. Во иднина ќе се појават верски заедници што сакаат да дејствуваат само локално, во еден град или едно село. Од која причина се тие должни да одат дури до Скопје да се регистрираат? Ако секој општински суд има право да регистрира претпријатија, хуманитарни организации или други граѓански здруженија, зошто да нема право да регистрира цркви, верски заедници и религиозни групи?

6. Во чл. 11 предвидена е постапка на поднесување барање за регистрација, но истата е непрецизно уредена и би остави-

submitting an application for registration to the court is an opinion previously received from the authority competent for the issues of churches, religious communities and religious groups. The proposer of the law in the text of the law does not explain which authority that is. Namely, if in the same Article it is said that the application for registration should be submitted within 30 days from the adoption of the "decision on establishment", then when should the request for an opinion from the competent authority for the religious communities be submitted? If it is submitted after the adoption of the decision on establishment, then the proposer of the law failed to foresee in how many days the competent authority should give an opinion. What if the competent authority does not give an opinion within 30 days? In such a case, an application cannot be submitted within the deadline specified in the draft law.

Additionally, this condition is completely unnecessary and we think that it is tendentiously included. Based on this Article, it will be possible for the state to interfere as early as in the very registration of the religious communities. What if the competent authority gives a negative opinion? Regrettably, all the aforementioned options were not foreseen by the proposer of the law, which will place the court in a very difficult situation afterwards.

We are asking, and, as we have previously mentioned, we are free to say that we demand that these remarks be seriously considered so as to avoid the situation in which a law is being drafted under which only the Orthodox Ohrid Archbishopric will not be able to register. As Archbishop and religious leader of the Orthodox Ohrid Archbishopric, in the name of the Bishops, the clergy and the faithful people, it is our duty to remind you, even though from prison where we are at the time being, that our Church has already endured many sufferings and injuries caused by the Government of the Republic of Macedonia. In the name of God, but also in the name of the international conventions on freedom of religion – it is enough! However, if it is judged by the draft law on churches, religious communities and religious groups, it is obvious that the Government does not intend to stop.

With great pain and exhausted cry, we ask: Help!

ARCHBISHOP AND METROPOLITAN
+ Of Ohrid and of Skopje Jovan

ла простор за нерегуларности. Имено еден од условите за да може да се поднесе барање за регистрација до судот е претходно прибавено мислење од органот надлежен за прашања на црквите, верските заедници и религиозни групи. Законопредлагачот во текстот на законот не објаснува кој е тој орган. Имено, ако во истиот член е речено дека пријавата за регистрација треба да се поднесе во рок од 30 дена од донесувањето на „одлуката за основање", тогаш кога се поднесува барањето за мислење од органот надлежен за верските заедници? Ако се поднесува по донесувањето на одлука за основање, тогаш законопредлагачот не предвидел за колку дена треба надлежниот орган да даде мислење. Што ако надлежниот орган не даде мислење во рок од 30 дена? Во таков случај не ќе може да се поднесе пријава во рокот предвиден со предлог законот.

Друго е тоа што овој услов е сосем непотребен и сметаме дека е тенденциозно ставен. Со него ќе може да се врши мешање на државата уште при регистрирањето на верските заедници. Што ако надлежниот орган даде негативно мислење? Нажалост сите гореспоменати варијанти законопредлагачот не ги предвидел, а со тоа судот ќе биде ставен во многу тешка ситуација.

Замолуваме, а како што претходно навестивме, слободни сме да речеме дека бараме овие забелешки сериозно да се земат во предвид за да не дојде дека се прави закон со кој само Православната Охридска Архиепископија не ќе може да биде регистрирана. Како Архиепископ и верски водач на Православната Охридска Архиепископија, од името на Епископите, клирот и верниот народ, должност ни е да ве потсетиме, па макар и од затвор каде што се наоѓаме, дека нашата Црква веќе претрпе многу страдања и повреди кои ѝ ги причини Владата на Р. Македонија. Во името Божјо, но и во името на меѓународните конвенции за слобода на вероисповедта – Доста е! Сепак, ако се суди од предлогот на законот за црквите, верските заедници и религиозните групи, очигледно е дека Власта нема намера да престане.

Со голема болка и изнемоштен вик, ве замолуваме: Помогнете!

АРХИЕПИСКОП И МИТРОПОЛИТ
+Охридски и скопски Јован

ORTHODOX OHRID ARCHBISHOPRIC
HOLY SYNOD OF BISHOPS

Protocol No. 6 from February 24, 2006

ANNOUNCEMENT

from Holy Synod of Bishops of the Ortodox Ohrid Archbishopric

The Holy Synod of Bishops of the Orthodox Ohrid Archbishopric hereby announces that certain media, as many times before, presented an intentionally twisted situation from Moscow, which is that His Holiness, the Patriarch Alexy of Moscow and All Russia at the reception for the Ambassador of the Republic of Macedonia in Russia, Mr. Risto Nikovski, stated that he was against the establishment of a parallel church hierarchy in the Republic of Macedonia. Nevertheless, for the ones who follow church related events, this news is nothing new, but depending of the tone given to it, it may be used as false information, or it may only be used for propaganda purposes of the religious organization known as MOC, exclusively for internal use.

However, based on a deeper analysis, which unfortunately is lacking in MOC, and especially is lacking in the media, it could be seen that the produced half-truths are mostly to the detriment of the MOC. Thus, the long-time lie, created by the communists in 1967, is only continued, and the MOC has been continually presenting it the last four decades.

Namely, it is undisputable, that the Russian Patriarch, as any other canonic Bishop of the Church of God is against the existence of a parallel hierarchy, or as we call it – a schismatic hierarchy.

On the other hand, we do not believe that the memory of some has faded so quickly, since this is a recent event, of about two months, when the Russian Patriarch stated in the Christmas

ПРАВОСЛАВНА ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА
СВЕТ АРХИЈЕРЕЈСКИ СИНОД

Протокол бр. 6 од 24 февруари 2006

СООПШТЕНИЕ

од Светиот Архијерејски Синод на
Православната Охридска Архиепископија

Светиот Архијерејски Синод на Православната Охридска Архиепископија соопштува дека некои од средствата за информирање, како што впрочем многу пати до сега се правело, пренесоа една наменски извитоперена ситуација од Москва, а тоа е дека Неговата Светост, Патријархот на Москва и на цела Русија г.г. Алексеј на приемот за амбасадорот на Р. Македонија во Русија г-динот Ристо Никовски му соопштил дека е против воспоставување на паралелна црковна јерархија во Р. Македонија. Впрочем за сите кои ги следат црковните случувања оваа вест не е воопшто ново, но во зависност од тоа каков тон ќе ѝ се даде може да послужи и како дезинформација, односно да биде само за пропагандни цели на религиозната организација позната како МПЦ, и тоа исклучиво за внатрешна употреба.

Сепак, преку подобра анализа, која на жалост недостасува во МПЦ, а особено недостасува во средствата за информирање би се видело дека така произведените полувистини најмногу и штетат токму на МПЦ. Со тоа само се продолжува со долгата лага која комунистите ја создадоа во 1967г, а МПЦ ја тегне низ последниве четири децении.

Имено, неспорно е дека Рускиот Патријарх, како и секој канонски Епископ на Црквата Божја е против постоење на паралелна јерархија, односно како уште ја нарекуваме расколничка јерархија.

Од друга страна не веруваме дека толку брзо избледело од сеќавањато на некои, зашто тоа беше многу скоро, пред

interview for “Dnevnik” which hierarchy he considered as a canonic hierarchy and which one as schismatic in the Republic of Macedonia,. And that was not only then, many times before the Russian Patriarch has said that the hierarchy of the Orthodox Ohrid Archbishopric is canonic, and the hierarchy of MOC is schismatic.

On the other hand, his wish, the schismatic MOC to enter in the unity with the Orthodox Church is a wish shared by all Orthodox ecumena. However, it is a wish of all well-intentioned people which cannot become true as long as MOC teaches false religious teaching or as we call it heresy, and as long as there are immoral bishops from which some have defrocked by the Orthodox Church. Thus, the MOC cannot be in unity with the Orthodox Church until it is not truly an Orthodox Church.

On the other hand, there are no possibilities whatsoever any Church to mediate in possible negotiations with the MOC without the consent by the Orthodox Ohrid Archbishopric, which is the only canonic church on the territory of the Republic of Macedonia.

The Orthodox Ohrid Archbishopric shall never agree to participate in any negotiations with the schismatic organization MOC, until on its demand, our Primate, the Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje John, is held in prison by the Government.

After this, provided that there is sincerity and professionalism in the media, we hope they shall cease producing half-truths which as a matter of fact are worse than lies. With the false and unrealistic support given to the MOC, it could very soon even lose its primacy as a funeral services provider that it has been holding as monopoly today with the help of the Government until this day. And, before any future negotiations it seems that it shall take a longer rest, – as the tired Stefan says.

не цели два месеци, во Божикното интервју за Дневник, кога Рускиот Патријарх изјави кого во Р. Македонија го смета за канонска јерархија, а кого за расколничка. И тоа не беше само тогаш, туку многу пати претходно Рускиот Патријарх кажал дека јерархијата на Православната Охридска Архиепископија е канонска а, јерархијата на МПЦ е расколничка.

Неговата, пак желба, расколничката МПЦ да пристапи во единство со Православната Црква е желба која веруваме дека со него ја дели целата Православна екумена. Но, иако тоа може да е желба на сите добронамерни таа не може да се оствари додека МПЦ учи погрешно црковно учење или како што го нарекуваме ерес, и додека има неморални епископи од кои некои се веќе расчинети од Православната Црква. Значи МПЦ не може да биде во единство со Православната Црква додека вистински не е Православна Црква.

Од друга страна, не постојат никакви шанси некоја Црква да посредува во евентуални преговори со МПЦ без согласност на Православната Охридска Архиепископија која е единствена канонска Црква на територијата на Р. Македонија.

Православната Охридска Архиепископија пак никогаш нема да се согласи да учествува во било какви преговори со расколничката организација МПЦ, се додека по нејзино барање, нашиот Поглавар, Архиепископ охридски и Митрополит скопски г.г. Јован, власта во Р. Македонија го држи во затвор.

После ова, се надеваме дека ако има искреност и професионалност во средствата за информирање, ќе престанат да произведуваат полувистини кои во суштина се полоши од самата лага. Со лажната и нереална поддршка која ѝ се дава на МПЦ таа многу скоро ќе го изгуби дури и приматот на сервис за давање на погребни услуги кои до денес со помош на власта монополски го држи. А, за наредни преговори изгледа долго ќе одмара како вели замореният Стефан.

ARCHBISHOP OF OHRID
AND METROPOLITAN OF SKOPJE

Protocol Nr. 38 from March 24, 2006

To
The Holy Synod of Bishops
Of the Serbian Orthodox Church
In Belgrade

Your Holiness,

Despite our great desire to personally come and thank You and all the Bishops of the Holy Synod of Bishops of the Serbian Orthodox Church, for the prayers and everything else that was done regarding our releasing of prison, being hindered by the state authorities of the Republic of Macedonia, we are sending this letter through our dear brother in bishophood, kyr Marko of Dremvica and Administrator of Bitola.

Having received the decision of the Primary Court in Bitola that we had served the prison term as sentenced, and that our passport could be returned to us, we submitted a request to the Ministry of Interior Affairs of the Republic of Macedonia. Despite the fact that they have no right to hold our passport more than 48 hours, they are holding it for more than 10 days. We found out that in the meantime, pressure has been put upon the judge in Veles, where there is one more ongoing court process against us, but it seems that he has no will to issue an order for the confiscation of our passport. Hence, they are found in a very uncomfortable situation, because if they do not receive such an order, we could sue them for abuse of authority.

Forgive us that we began with this matter, since all this is neither unknown nor unforeseeable, but it is somewhat imposed that we herby justify our inability to come in person and give you a fraternal greeting.

АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ
И МИТРОПОЛИТ СКОПСКИ

Протокол бр. 38 од 24 марта 2006

До
Светог Архијерејског Синода
Српске Православне Цркве
у Београду

Ваша Светости,

И поред наше велике жеље да лично дођемо и заблагодаримо Вама и свим Архијерејима Светог Архијерејског Синода Српске Православне Цркве за молитве и све остало учињено око нашег ослобађања из затвора, бивајући спречени од државних власти Р. Македоније шаљемо ово писмо преко нама драгог брата у епископству, г-дина Марка дремвицког и местобљуститеља битољског.

Добивши решење од основног суда у Битољу да смо издржали предвиђену казну затвор и да може да нам буде враћена путна исправа, поднели смо захтев до МУП-а у Р. Македонији. И поред тога што немају право да нам задржавају пасош више од 48 часова, они га бесправно држе дуже од 10 дана. Сазнајемо да у међувремену врше притисак над судију у Велесу где се води још један поступак против нас, али он по свему судећи нема воље да изда решење да нам се одузме пасош. Тако, нашли су се у једну веома незгодну ситуацију јер у колико не добију решење могли бисмо да их тужимо због злоупотребе службеног положаја.

Опростите што смо почели овим, јер све ово није ни непознато, ни непредвидљиво, али се некако намеће да овим оправдамо то што нисмо могли да дођемо и благодарећи да Вас загрлимо братским целивом.

Недостају нам речи, Ваша Светости и браћо Архијереји

We lack words, Your Holiness and brothers bishops, to express the whole beauty of the moving feeling of the unity of the Church in the Lord, which we felt while imprisoned. The Church which is already celebrated in the future, in this world is shown also through sufferings, as well as through compassion with the ones who suffer. Since we are one body, it is impossible that the other members of that body do not suffer when organ is suffering. That is somewhat natural for people that love and that dwell in a community of love. Therefore, on this occasion we would like to express our gratitude for You bearing our wounds, for having crucified your love with our torments, for have given everything You could, in order to see us outside the prison walls.

Being kindly asked from the manager of the pilgrim office Dobrocinstvo, Mr. Vukic, to lead the pilgrim group on the feast of the Resurrection, in the Holy Land, we take this opportunity, Your Holiness, to kindly ask for Your blessing, if we receive our passport, to go and visit the places of the crucifixion and the resurrection of our Lord Jesus Christ. During our absence, we would be substituted on all our hierarchical duties, by the Bishop Marko of Dremvica.

We plead that the Holy Synod of Bishops conveys our gratitude to everybody that had made efforts for our releasing from prison, and if it considers that it would be proper that we send our gratitude to some of them in writing, to send us the names and the addresses of the benefactors.

Devoted member of the Holy Assembly of Bishops of the Serbian Orthodox Church,

ARCHBISHOP AND METROPOLITAN
+ Of Ohrid and of Skopje Jovan

да изразимо сву лепоту дирљивог осећаја јединства Цркве у Господу који смо имали док смо били у затвору. Црква која је већ прослављена у будућности, у овом се свету показује и кроз страдања, али и кроз састрадавање са онима који страдају. Будући да смо једно тело, немогуће је да не пате чланови тог тела кад један орган страда. То је некако природно за људе који се воле и који живе у заједницу љубави. Зато, у ову прилику желимо захвалити што сте понели наше ране, што сте сараспели вашу љубав са нашим мукама, што сте дали све од себе да нас видите изван затворских зидова.

Умољени од управника поклоничке агенције Доброчинтво, г-дина Вукића, да предводимо поклоничку групу за Васкрс у Светој Земљи, користимо прилику, Ваша Светости, да затражимо Ваш благослов, у колико добијемо пасош да идемо да се поклонимо на месту распећа и васкрсења Господа Христа. За време нашег отсуства на архијерејским дужностима замењивао би нас Епископ дремвицки г-дин Марко.

Умољавамо Свети Архијерејски Синод да пренесе нашу благодарност свима који су се заложили за наше ослобађање из затвора и уколико сматра да је прилично да и ми писменим путем заблагодаримо некима, да нам саопшти имена и адреса добротвора.

Одани члан Светог Архијерејског Сабора Српске Православне Цркве,

АРХИЕПИСКОП И МИТРОПОЛИТ
+ Охридски и скопски Јован

ARCHBISHOP OF OHRID
AND METROPOLITAN OF SKOPJE

Protocol No. 57 from April 28, 2006

To
The Prelates of the local Orthodox Churches

Your Holiness,

Such insecurity will be present until recognition of the Ohrid Archbishopric by the Republic of Macedonia As one of the religious communities in this country. Hence, this is not only an appeal for the unjustly convicted Archbishop Jovan (John). He had persevered one unjust verdict already, and he would persevere this one, too. A year behind the prison walls will pass as a day, but who can be sure that the political persecution would not continue, and moreover, who can be sure that the political persecution would stop with the Archbishop Jovan (John) and not spread to the other members of the Ohrid Archbishopric? He was acquitted from charges for a criminal offence for two times and convicted even on third trial. The Court of First Instance has acquitted him from other charges for another criminal offence, more serious than the previous one. But after all that has happened, who can be sure that the Court of Appeals will not modify this latest acquittal verdict upon political directives by the executive power. Hereby we want to point out to the severity of living under

Колку судот во Р. Македонија е под влијание на политичката власт и во колкава мера е корумпиран, сметаме дека на сите им е познато. Поради тие причини за тоа нема да зборуваме.

Но, би сакале да се знае дека не е првпат за големите историски процеси да се даваат и големи жртви. Тоа овој пат падна на Архиепископот охридски и Митрополит скопски г. г. Јован. Среќна околност е тоа што тој со радост се жртвува, а тоа во суштина е жртва и за целата Црква. Но дури и да не сакаме да ја признаеме неговата жртва, или да се сомневаме дали навистина е невин, не смееме да дозволиме една тоталитаристичка гарнитура – каква што е власта во Р. Македонија, во срцето на Европа да ги крши основните човекови права, а Соединетите Американски Држави и Европската Унија да не можат ништо да сторат. Дури и да го оставиме настрана тоа што Архиепископот, веќе по вторпат неправедно е осуден, и тоа што по вторпат ќе оди во затвор, страшно е што ни по ова, никој од припадниците на Охридската Архиепископија не е сигурен дека и тој нема да биде затворен без каква било вина.

А таа несигурност ќе владее до оној момент додека Охридската Архиепископија не биде призната од државата Р. Македонија како една од верските заедници во земјата. Што значи дека ова не е апел само за неправедно осудениот Архиепископ г. г. Јован,. Тој веќе издржа една неправедна осуда. Ќе ја издржи и оваа. Една година во затвор ќе помине како ден. Но кој може да биде сигурен дека политичкиот прогон нема да продолжи – а уште повеќе од тоа – кој може да биде сигурен дека политичкиот прогон ќе запре само кај Архиепископот г. г. Јован и нема да биде проширен на останатите припадници на Охридската Архиепископија? Тој беше двапати ослободуван од кривичното дело, и дури по третото судење осуден. Пред неколку месеци првостепениот суд го ослободи по уште едно обвинение за друго кривично дело, многу потешко од предходното. Но кој може да биде сигурен, по сето ова што се случи, дека Апелациониот суд под политичка директива на извршната власт, нема да ја промени и оваа нова ослободителна пресуда? Со ова сакаме да предочиме колку му е тешко на Архиепископот г. г. Јован веќе пет години да живее под закани

threats of new criminal charges for five years now for the Archbishop Jovan (John). And after all these, is it possible not to ask ourselves whether there is a guarantor that all these persecutions would stop with him? If nothing would be undertaken and the authorities of the Republic of Macedonia would not be warned not to rig political trials, tomorrow it would be the turn of some other Bishop of the Orthodox Ohrid Archbishopric, or of someone from the clergy thereof, or of someone from the laity thereof. On the other hand, more than two years have passed since the Ohrid archbishopric had filed a request to be registered as a religious community. The Supreme Court still has not answered the lawsuit instituted against the Republic of Macedonia in regard to not registering of the Ohrid Archbishopric. The matter here is about an extremely illegal chaos making the citizens utmostly insecure, and we find that it also makes instable the whole region.

Therefore we ask You and beg of You to do anything in Your power for the purpose of gaining the status of legal entity in the Republic of Macedonia for the Ohrid Archbishopric. We think and we hope that we do not demand too much with this. The matter is about fundamental human rights and freedoms, being denied to the members of the Orthodox Ohrid Archbishopric in the Republic of Macedonia.

од нови судски обвинениja. А можно ли е по сето ова да не се запрашаме: кој е гарантот дека сите овие прогони ќе се запрат на него? – Ако ништо не се преземе и не им се каже на властите во Р. Македонија дека не смеат да монтираат политички судења, утре ќе дојде ред и на некој друг Епископ од Православната Охридска Архиепископија, на некој од свештениците на оваа Црква, или на некои од лаиците што припаѓаат во неа. Од друга страна, поминаа веќе две години откако Охридската Архиепископија поднесе барање да биде регистрирана како верска заедница. Врховниот суд сè уште не одговара на тужбата подигната против државата Р. Македонија, за тоа што не ја регистрира Охридската Архиепископија. Се работи за еден крајно бесправен хаос, кој предизвикува голема несигурност кај граѓаните, а сметаме дека го дестабилизира и целиов регион.

Затоа молиме и преколнуваме: направете сè што е во Ваша моќ за Охридската Архиепископија да добие правен легитимитет во Р. Македонија. Сметаме дека со тоа не бараме преку леб погача. Тоа се основни човекови права, а токму тие човекови права сосема им се укинати на припадниците на Охридската Архиепископија во Р. Македонија.

ORTHODOX OHRID ARCHBISHOPRIC
HOLY SYNOD OF BISHOPS

Protocol No. 45 from July 25, 2006

TO
Her Excellency the Ambassador
of the United States of America in R. Macedonia
Mrs. Gillian Arlette Milovanovic

Your Excellency,

Feeling extremely offended by the discrimination of the members of the Orthodox Ohrid Archbishopric by the authorities of the Republic of Macedonia, hereby we address to You bagging Your assistance in the efforts to stop the spiritual violence continually practised in regard to them by all three segments of power in the Republic of Macedonia, i.e., by the legislative, enforcement and judicial authorities, for several years now.

It is well known that the legislative power of the Republic of Macedonia has passed a Declaration for Support of the Macedonian Orthodox Church in January 2004. Thus it discriminated all the ones who do not want to be members of the Macedonian Orthodox Church and wish to secede from it by their own free will.

It has been used as grounds for even better alibis for terrorising the members of the Orthodox Ohrid Archbishopric by the law enforcing authorities. The authorities have begun the terror in 2002 expelling in the street His Beatitude the Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje kyr kyr Jovan (John), then still the Metropolitan of Veles Diocese of the Macedonian Orthodox Church, from the administrative building of the Veles Metropolis, without any court warrant. They placed the Archbishop Jovan (John) under temporary arrest several times thereafter, and last year the judiciary power finally convicted him to imprisonment of two years and a half for ‚instigation of ethnic and religious hatred, discord and intolerance'. He had served 8 months of that punishment and then he was released under great pressure by the international institutions.

ПРАВОСЛАВНАТА ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА
СВЕТ АРХИЈЕРЕЈСКИ СИНОД

Протокол бр. 45 од 25 јули 2006

До
Нејзината Екселенција
Амбасадорот на САД во Р. Македонија
г-ѓа Gillian Arlette Milovanovic

Почитувана г-ѓа Миловановиќ,

Во состојба на длабока навреденост заради дискриминацијата која власта на Р. Македонија им ја прави на верниците на Православната Охридска Архиепископија, Ви се обраќаме со молба да помогнете да престане духовното насилство кое континуирано веќе неколку години, сите три облици на власт во Р. Македонија: законодавната, извршната и судската, го прават врз припадниците на Православната Охридска Архиепископија.

Како што е познато, во јануари 2004 г., законодавната власт во Р. Македонија донесе декларација за поддршка на Македонската Православна Црква. Со самото тоа ги стави во дискриминирана положба сите оние што доброволно не сакаат да припаѓаат на Македонската Православна Црква и сакаат да се отцепат од неа.

Тоа беше добра подлога за извршната власт да добие уште поголемо алиби да врши терор врз припадниците на Православната Охридска Архиепископија без да биде за тоа казнета. Власта го започна теророт уште во 2002г. кога бесправно, без судски налог го избрка на улица од зградата на Митрополијата во Велес, Неговото Блаженство – Архиепископот охридски и Митрополит скопски г. г. Јован, тогаш како Митрополит велески на Македонската Православна Црква. Потоа, неколку пати го ставаше во притвор Архиепископот Јован, за судската власт конечно минатата година да го осуди на две и пол годишен затвор и да го затворат за „распалување на национална и верска омраза, раздор и нетрпеливост.” Од таа казна тој издр-

Law enforcement authorities practised yet another type of terror in regard to the members of the Orthodox Ohrid Archbishopric during last years. Namely, in February 2004, five disguised persons, armed with submachine guns and sent by the Police, broke into the monastery of St. John Hrysostom, previously braking the entrance, cut the hairs of the nuns who were there, and at the end set the monastery to fire. The perpetrators have not been found until today and how could it happen when they should be found by the Police who sent them.

Mistreatment and humiliation continually practised against the Bishops and clergymen of the Orthodox Ohrid Archbishopric on the border crossings of the Republic of Macedonia are merely the mildest type of terror. There was no exit or entrance into the country when they were not kept by the Police without any authorisation and left to wait, sometimes for more than an hour. However, frequent searches of the apartments belonging not only to the Bishops and clergymen, but also to many of the faithful people, are not unknown types of terror for them.

The demolition of the church of the monastery of St. John Hrysostom in village Nizhepole near Bitola was an expression of the brutal vandalism of the authorities. They torn down only the church of the Orthodox Ohrid Archbishopric out of a whole settlement with more than 200 houses built in a place without urbanistic plan prescribed for it.

Rowdies had demolished the chapel of the Orthodox Ohrid Archbishopric in the suburb Dratchevo before the eyes of the Police who did nothing to thwart it.

These days, the Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje kyr kyr Jovan (John) encounters threats for his imprisonment again. It means that the terror of the authorities against the members of the Orthodox Ohrid Archbishopric does not stop.

Let us be forgiven, but what we are going to describe hereinafter is a culmination of the impudence of the authorities of the Republic of Macedonia. This time, the matter is about the judiciary. Namely, way back in January 2005, the Orthodox Ohrid Archbishopric has brought charges against the Government of the Republic of Macedonia to the Supreme Court on grounds of refusal to give legitimacy to the Archbishopric. We had no notification whatso-

жа 8 месеци и потоа, под голем притисок на меѓународните институции беше ослободен.

Извршната власт во изминативе неколку години правеше и друг терор врз припадниците на Православната Охридска Архиепископија. Во февруари 2004 г. петмина маскирани лица, вооружени со автоматски пушки, испратени од полицијата влегоа насилно во манастирот Св. Јован Златоуст, претходно кршејќи ја надворешната врата, им ги истрижија косите на затекнатите монахињи, а потоа го запалија манастирот. Сè до денес тие луѓе не се најдени, а како да бидат најдени, кога нив треба да ги пронајде полицијата, а тие беа испратени токму од неа.

Малтретирањата и понижувањата што им се прават континуирано на граничните премини во Р. Македонија на Епископите и свештениците на Православната Охридска Архиепископија се најблагата форма на терор. Нема излегување или влегување во земјата при кое полицијата неовластено не ги задржува, оставајќи ги да чекаат понекогаш и повеќе од еден час. Но, не се непознати начини на терор и честите претреси на домовите, не само на Епископите и свештениците, туку и на многумина од верниците.

Бруталниот вандализам власта го изрази со рушењето на храмот во манастирот Св. Јован Златоуст во октомври 2004 г. во селото Нижеполе кај Битола. Во цела една населба со повеќе од 200 куќи, кои се изградени на место каде што нема урбанистички план, власта ја сруши само црквата на Православната Охридска Архиепископија.

Пред очите на полицијата во Скопје, во населбата Драчево, насилници го демолираа параклисот на Православната Охридска Архиепископија, а полицијата не презеде ништо.

Деновиве повторно му претат на Архиепископот охридски и Митрополит скопски г. г. Јован дека повторно ќе го затворат. Тоа значи дека теророт кој го прави власта врз припадниците на Православната Охридска Архиепископија не престанува.

Нека ни биде простено, но она што подолу ќе го опишеме, сметаме дека е кулминација на безобразлукот од страна на властите во Р. Македонија. Овој пат се работи са судските власти. Имено, уште во јануари 2005 г., Православната Охридска Архиепископија поднесе тужба против владата на Р. Македонија

ever on whether the Court had dealt with the legal suit until few days ago, and therefore the Holy Synod of Bishops of the Orthodox Ohrid Archbishopric forwarded a letter to the Supreme Court asking for acceleration of the procedure. We have received the verdict upon the charges rejecting our lawsuit in only two days since then, and the impudence thereof is in the fact that the Court had dealt with it way back in November 2005, and has not found convenient to notify us about it. The Supreme Court was buying time for the Government for full eight months aiming to delay our lawsuit to the Human Rights Court in Strasbourg. The very decision of the Court is not so offensive. We would be surprised if the Court had the courage to decide otherwise. We consider that the control of the judiciary by the politicians in the Republic of Macedonia is renown to everyone. But, to be honest, we did not expect such a humiliation. The Court treats us as a second rate citizens and discriminates us to the extent of depriving us from our legal rights such as responses from the Court. Imagine, if we had not demanded acceleration of the procedure which lasted too long, we would never find out that the Court had already rejected our lawsuit. Of course, it is obvious that the judiciary is controlled by the politicians, it is well known that all the citizens, and not only the members of the Orthodox Ohrid Archbishopric are unsatisfied by the functioning thereof, nevertheless such an ignoring attitude by the highest court of the Republic of Macedonia exceeds even the terror continually practised by the law enforcement authorities against the members of the Orthodox Ohrid Archbishopric.

Please find enclosed the verdict of the Supreme Court and be so kind to read it. It speaks for itself and we will not comment it. Once more we only ask you cordially to do everything in Your power to stop the terror over the member of the Orthodox Ohrid Archbishopric practised by non-democratic state authorities, i.e., the Republic of Macedonia, Who continually violate the fundamental human rights and freedom of religion.

With respect,

BISHOP
† of Bregalnica and Administrator of Bitola Marko

пред Врховниот суд бидејќи таа не ѝ дава правен легитимитет на Архиепископијата. До пред неколку денови немавме никаков известие дали судот одлучувал по тужбата и затоа Светиот Архијерејски Синод на Православната Охридска Архиепископија испрати писмо до Врховниот суд со кое побара забрзување на постапката. Само по два дена ни ја испратија пресудата за тужбата со која е одбиено нашето барање. Безобразното е во тоа што судот решавал уште во ноември 2005 г., и оттогаш не нѐ известил. Полни осум месеци Врховниот суд купуваше време за власта, а ние да не можеме да процесуираме тужба во судот за човекови права во Стразбург. Самата одлука на судот не е толку навредлива. Ние ќе бевме зачудени ако судот имаше храброст поинаку да одлучи. Политичката контрола над судовите во Р. Македонија – која ја прави Власта – сметаме дека на сите им е позната. Но толкаво понижување да бидеме искрени не очекувавме. Судот нѐ третира како граѓани од втор ред, нѐ дискриминира до таа мера што и она законски што ни следува, а тоа се одговорите од судот, ни го ускратува. Замислете ако ние не побаравме забрзување на постапката која многу долго се провлече, никогаш немаше да дознаеме дека судот веќе ни ја одбил тужбата. Секако, јасно е оти судството е политички контролирано. Јасно е дека граѓаните, не само припадниците на Православната Охридска Архиепископија, се незадоволни од работата на судовите. Но ваквиот игнорантски однос на највисокиот суд во Р. Македонија го надминува дури и оној терор кој континуирано го прави извршната власт над припадниците на Православната Охридска Архиепископија.

Бидете љубезни да ја прочитате пресудата на Врховниот суд која што ја доставуваме во прилог. Таа доволно говори сама за себе и нема да ја коментираме. Единствено, уште еднаш, најтопло замолуваме, направете што е во ваша можност да престане теророт над припадниците на Православната Охридска Архиепископија кој се прави од една недемократска држава, Р. Македонија, која континуирано ги крши основните човекови права на слобода на вероисповед.

Со почит,

ЕПИСКОП
Брегалнички и местобљустител битолски
+ Марко

THE SUPREME COURT DID NOT RESPECT THE CONSTITUTION AND REJECTED THE LAWSUIT OF THE ORTHODOX OHRID ARCHBISHOPRIC AGAIST THE GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

17.07.2006

If the influence of the politics on the court, and thus on the justice the Republic of Macedonia was not well known in, what follows herein further should have been called extreme effrontery and inapposite disgrace.

Namely, on 07 July, 2006, the Synod of the Orthodox Ohrid Archbishopric was required to send a request to the Supreme Court of the Republic of Macedonia to accelerate the procedure for the lawsuit submitted by the same against the Government of the Republic of Macedonia for refusing to register the Orthodox Ohrid Archbishopric, only two to three days later to receive a response from the Supreme Court that the lawsuit was already rejected as ungrounded on 09 November 2005. Ever since, meaning, from November last year until 13 July 2006, the date when the response from the Supreme Court was addressed, the Court had not regarded it as necessary to send the judgement.

The Orthodox Ohrid Archbishopric in the aforementioned request for the acceleration of the lawsuit procedure U.br. 405/ 05 expressed doubt that the Supreme Court deliberately delays reaching a decision for the case since it was aware that the Government shall lose this case before the International Court of Human Rights in Strasbourg. But, what happened, we believe, that even the biggest critics of the politic situation in Macedonia could not have presumed. That the case was closed 8 months ago, and the Orthodox Ohrid Archbishopric has not received any response that its lawsuit was rejected, we think should be left with no comment simply for the reason that there is no person that has something unclear regarding the Orthodox Ohrid Archbishopric.

However, with the judgement itself, which is enclosed, the Supreme Court violates the Constitution of the Republic of Mac-

ВРХОВНИОТ СУД НЕ ГО ИСПОЧИТУВА УСТАВОТ И ЈА ОДБИ ТУЖБАТА НА ПРАВОСЛАВНАТА ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА ПРОТИВ ВЛАДАТА НА Р. МАКЕДОНИЈА

17 Јули 2006 год.

Ако на сите не им беше познато какво влијание има политиката врз судот, а тоа значи врз правдата во Р. Македонија, ова што подолу следува ќе требаше да го наречеме краен безобразлук и непримерен резил.

Имено, потребно беше Синодот на Православната Охридска Архиепископија на 7 јули 2006 год., да испрати барање до Врховниот суд на Р. Македонија за забрзување на постапката околу тужбата, којашто истиот ја поднесе против Владата на Р. Македонија за тоа што таа не ја регистрира Православната Охридска Архиепископија, за по два-три дена да се добие одговор од Врховниот суд дека тужбата била одбиена како неоснована уште на 9 ноември 2005 година. Оттогаш, значи, од ноември минатата година, па сè до 13 јули 2006 год. (датум кога е адресиран одговорот од Врховниот суд), судот не нашол за сходно да ја испрати пресудата.

Православната Охридска Архиепископија во споменатото барање за забрзување на постапката околу тужбата У. бр. 405⁄05, изрази сомнеж дека Врховниот суд намерно го одолговлекува решавањето на предметот, затоа што знае дека овој процес Власта со сигурност ќе го изгуби пред меѓународниот суд за човекови права во Стразбур. Но ова што се случи веруваме дека не би можеле да го претпостават ниту најголемите критизери на политичката ситуација во Р. Македонија. Случајот да биде решен веќе полни 8 (осум) месеци, а Православната Охридска Архиепископија сè уште да нема примено одговор за тоа дека тужбата ѝ е одбиена, сметаме дека треба да остане без коментар едноставно од причина што нема веќе таков комушто нешто не му е јасно по однос на Православната Охридска Архиепископија.

Инаку, со самата пресуда, што ја прикажуваме како при-

edonia, apart from the fact that it violates the international conventions for human rights and religious freedoms. The Orthodox Ohrid Archbishopric received a response from the Constitutional Court U.br. 10/ 04 on the initiative for conducting a procedure for reassessment of the constitutionality of the Article 5 and 8 under the Law on religious communities and religious groups, in which despite the rejection of the initiative it is stated: "Furthermore, the Court determined that Article 8 under the Law on religious communities and religious groups has been a subject of assessment before this Court from the aspect whether only one religious community can exist for one religion and thereto with Decision U.br. 223/ 1997 of 28 October 1998 it has not initiated a procedure taking a position that this legal provision does not create inequality, as that as a matter of fact the citizens are protected from being manipulated by the division of the faithful from the same religion into many religious communities which leads to legalization of the schism in the church. In addition, the Court has taken into consideration that the faithful who have the same religious beliefs, and who do not belong (upon their will) to the registered religious community, may unite into a religious group and to carry out the religious activities and religious rites in an organized manner, as the religious communities. Accordingly, the Court estimated that this provision did not create discrimination among the faithful and inequality among the religious communities and religious groups and that the provision for one religion to exist one religious community did not create inequality and was not incompliant with the Law".

This means that there was no ground for rejection of the lawsuit filed by the Orthodox Ohrid Archbishopric whose adherents are discriminated by the authorities of the Republic of Macedonia since they refused to register it even as a religious group.

But, the rejection of the lawsuit itself might not be the most worrying fact for the reason that is well known to everybody what the court and administrative capacities in the Republic of Macedonia are and how independent its judiciary is. It is serious that the international community is still silent. Yet, perhaps it is not silent and it is putting a cultural pressure on our authorities, but they only understand the language of the strong pressure.

лог, Врховниот суд го крши Уставот на Р. Македонија. Да не говориме пак, дека ги крши и меѓународните конвенции за човекови права и верски слободи. Православната Охридска Архиепископија доби одговор од Уставниот суд У. бр. 10/04, на иницијативата за поведување на постапка за преиспитување на уставноста на членовите 5 и 8 од Законот за верските заедници и религиозни групи, во кој покрај отфрлувањето на иницијативата, се вели: „Понатаму, Судот утврди дека членот 8 од Законот за верските заедници и религиозните групи бил предмет на оцена пред овој Суд од аспект на прашањето дали за една вероисповед може да постои само една верска заедница и притоа со Решение У. бр. 223/1997 од 28 октомври 1998 год., не повел постапка заземајќи став дека оваа законска одредба не создава нееднаквост по остварување на слободата на вероисповедта и дека со оваа одредба всушност се заштитуваат граѓаните од манипулирање со нив, преку поделба на верниците од иста вероисповед на повеќе верски заедници, што води кон легализирање на раскол во црквата. Притоа, Судот ја имал предвид и можноста дека верниците кои имаат исто верско убедување, а не припаѓаат (по нивна волја) на регистрирана верска заедница, можат да се здружат во религиозна група и организирано да ги вршат верските работи и верските обреди, како и верските заедници. Според тоа, Судот оценил дека таа одредба не создава дискриминација меѓу верниците и нееднаквост помеѓу верските заедници и религиозните групи и дека определбата за една вероисповед да постои една верска заедница не создава нерамноправност и не е во несогласност со Уставот.“

Тоа значи дека не постои никаква основа за да се одбие тужбата на Православната Охридска Архиепископија, чиишто припадници се дискриминирани од Властите на Р. Македонија, бидејќи тие не ја регистрираа ниту како религиозна група.

Но самото одбивање на тужбата можеби и не е најзагрижувачкото од причини што на сите им е познато колкав е судско-административниот капацитет на Р. Македонија, и колку судството на Републиката е независно. Сериозно е што сè уште молчи меѓународната заедница, која уредно ќе биде запозната и со овој недемократски и скандалозен настан. Можеби таа,

However, the Orthodox Ohrid Archbishopric is a Church and should not been expected from it a type of pressure as for instance the Albanians put on the authorities in 2001. The Church has buried many kings and tyrants; it shall survive these too.

From the Information Service
of the Orthodox Ohrid Archbishopric

правејќи еден културен притисок, и не молчи толку, колку што нашиве власти го разбираат само јазикот на грубиот притисок.

Сепак, Православната Охридска Архиепископија е Црква и бездруго не треба да се очекува таков вид на притисок каков што, на пример, на властите им го направија Албанците во 2001 година. Црквата погребала многу цареви и тирани, ќе ги надживее и овие.

Од Информативната служба на
Православната Охирдска Архиепископија

ORTHODOX OHRID ARCHBISHOPRIC
HOLY SYNOD OF BISHOPS

Protocol No. 48 dated August 2006

To
His Excellency
The President of the Government
of the Republic of Macedonia
Mr. Nikola Gruevski

Dear Mr. Gruevski,

We are honoured in the name of our Archbishop kyr kyr Jovan, whom the previous communist government completely illegally imprisoned twice, where he is now, as well as in the name of the Holy Synod of Archbishops of the Orthodox Ohrid Archbishopric to congratulate you on your appointment to the President of the Government of Republic of Macedonia.

Please be informed that in the past four years the Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje kyr kyr Jovan, along with the other Bishops, priests even the believers in the Orthodox Ohrid Archbishopric, were inappropriately abused, molested even prosecuted and imprisoned – merely due to belief.

We shall not emphasize that what has been done to the Orthodox Ohrid Archbishopric is contrary to the Human Rights Convection singed by the Republic of Macedonia, as we shall not emphasize that the intolerance shown by the Government towards the Orthodox Ohrid Archbishopric is not even allowed by the Constitution of the Republic of Macedonia. However, we do not hide the joy that this is also contrary to Your commitments to democracy, publically stated and explained in the pre-election campaign of VMRO-DPMNE.

Using the opportunity to congratulate You on the responsible service you have received, we beg You to do everything in Your power the Archbishop kyr kyr Jovan, who is unjustly imprisoned,

ПРАВОСЛАВНА ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА
СВЕТ АРХИЈЕРЕЈСКИ СИНОД

Протокол бр. 48 од Август 2006

До
Неговото Превосходство
Претседателот на Владата
на Р. Македонија
г-динот Никола Груевски

Почитуван г. Груевски,

Чест ни е од името на нашиот Архиепископ г. г. Јован, кого претходната комунистичка власт потполно бесправно на двапати го стави во затвор, каде што и сега се наоѓа, како и од името на Светиот Архијерејски Синод на Православната Охридска Архиепископија, да Ви го честитаме именувањето за Претседател на Владата на Р. Македонија.

Примете на знаење г. Претседателе дека изминативе четири години Архиепископот охридски и Митрополит скопски г. г. Јован, но и другите Епископи, свештеници, па и верниците на Православната Охридска Архиепископија, беа непримерно злоставувани, малтретирани, па дури и судени и затварани – само заради убедувањата.

Нема да потенцираме дека она што ѝ се правеше на Православната Охридска Архиепископија е спротивно на Конвенциите за човекови права, чиј потписник е Р. Македонија, како што нема да нагласуваме дека нетолеранцијата која ја покажа власта кон Православната Охридска Архиепископија не е дозволена ниту со Уставот на Р. Македонија. Но, не ја криеме радоста што тоа е несогласно и со Вашите определби за демократијата, јавно изјавени и образложени во предизборната програма на ВМРО-ДПМНЕ.

Ползувајќи ја приликата да Ви честитаме на одговорната служба којашто ја примивте, Ве замолуваме да направи-

to be released as soon as possible, and to give to the Orthodox Ohrid Archbishopric legal legitimacy. That is a prerequisite for God's blessing, which cannot be given to Government which imprisons Bishops due to their faith and persecutes the Church, which is recognized by all of the other Churches in the world, such as the Orthodox Ohrid Archbishopric.

Your Excellency please receive the greetings from His Beatitude the Archbishop of Ohrid and the Metropolitan of Skopje kyr kyr Jovan, from the members of the Holy Synod of Bishops of the Orthodox Ohrid Archbishopric and from the pious people, however please also take into consideration our hopes and expectations, that during the mandate of your governing, neither the inhuman and illegal persecutions of the Orthodox Ohrid Archbishopric, nor would the churches and monasteries be demolished and set on fire, and the exile and violence on the nuns along with the imprisonment of Bishops shall not repeated – which however became a distinctive mark of the previous Government, especially of the President of the Republic of Macedonia, Mr. Branko Crvenkovski.

With Respect,

BISHOP
of Bregalnica and Administrator of Bitola
+ Marko

Member of Holy Synod of Bishops
of the Orthodox Ohrid Archbishopric

те сè што е во Ваша можност Архиепископот г. г. Јован, кој е неправедно затворен, да биде што поскоро ослободен, а на Православната Охридска Архиепископија да ѝ се даде правен легитимитет. Тоа е предуслов за Божји благослов, кој не може да го има власт која затвора Епископи заради нивната вера и гони Црква, којашто е призната од сите други Цркви во светот, каква што е Православната Охридска Архиепископија.

Примете ги Ваше Превосходство честитките од Неговото Блаженство Архиепископот охридски и Митрополит скопски г. г. Јован, од членовите на Светиот Архијерејски Синод на Православната Охридска Архиепископија и од верниот народ, но исто така примете ги на знаење и нашите надежи и очекувања, дека во мандатот на Вашето владеење нема да се повторат нечовечните и незаконски гонења на Православната Охридска Архиепископија, рушењето и палењето на цркви и манастири, бркањето и насилствувањето на монахињи и затварањето на Епископи – што стана распознатлив знак на претходната власт, а особено на Претседателот на Р. Македонија г. Бранко Црвенковски.

Со почит,

ЕПИСКОП
брегалнички и местобљустител битолски
+ Марко

член на Светиот Архијерејски Синод
на Православната Охридска Архиепископија

ARCHBISHOP OF OHRID
AND METROPOLITAN OF SKOPJE

Protocol No. 164 from September 21, 2006

Prison Idrizovo Skopje

To
His Excellency
The President of the Republic of Macedonia
Mr. Nikola Gruevski

Topic: Proposal for establishing a legal criterion for the purpose of punishment and the prison in the Republic of Macedonia and Proposal for linear amnesty to one third of the punishment of the prisoners

Your Excellency,

It is our honour to send You the enclosed *Analysis of the situation in the prisons in the Republic of Macedonia*, for which, according to your publically announced commitment for democracy and more human society, you should not show disinterest. The poor state of the prisons, described in the report submitted in September 2006 by the Ombudsman Mr. Ixhet Mehmeti that the ruined and dilapidated furniture, insufficient hygiene, lighting and fresh air, presence of damp and harmful insects, sleeping of the prisoners on floors and in corridors, the inadequate quantity and quality of food are not the only things that violate the human dignity.

We consider, and we present that in the enclosed *Analysis*, that the Government of the Republic of Macedonia should establish a new legal standard regarding the attitude of society towards the prisoners. Even, the most recent Law on Execution of Sanctions, adopted in January 2006, from our point of view, does not treat at all in essence, the most important issue for the proper

АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ
И МИТРОПОЛИТ СКОПСКИ

Протокол бр. 164 од 21 Септември 2006

Затвор Идризово Скопје

До
Неговото Превосходство
Претседателот на Владата на Р. Македонија
г-динот Никола Груевски

Тема: Предлог за воспоставување на законски критериум за смислата на казнувањето и затворот во Р. Македонија и Предлог за линеарна амнестија на една третина од казните на затворениците.

Ваше Превосходство,

Чест ни е, во прилог да Ви ја испратиме *Анализата на состојбите во затворите во Р. Македонија* за која, согласно на јавно објавеното Ваше залагање за демократија и похумано општество, не би требало да покажете незаинтересираност. Лошата состојба во затворите, која ја опишува во неговиот извештај поднесен во Септември 2006 г., Јавниот правобранител на Р. Македонија г-динот Иџет Мемети, заради руинираниот и дотраен мебел, недоволната хигиена, осветлување и свеж воздух, присуството на влага и штетни инсекти, спиењето на затворениците по под и во ходниците, несоодветното количество и квалитетот на храната, не се единствените работи кои го нарушуваат човековото достоинство.

Сметаме, и тоа го прикажуваме во приложената *Анализа*, дека Владата на Р. Македонија треба да воспостави нов законски стандард за односот на општеството кон затворениците. Дури и најновиот закон за извршување на санкциите, донесен во Јануари 2006 г., воопшто не го третира, суштински, според

functioning of prisons, and that is the attitude of society towards the prisoners.

Whether the food would be richer or poorer, the prison accommodation would be better or worse, it becomes a secondary issue if the society still uses the communist idea for the essence of the prison as a place for punishment. With such understanding and ideology, the society produces its own enemies who will only wait for the opportunity to revenge themselves. If the punishment is only practiced in the correctional facilities, as the is the case of the Republic of Macedonia and the re-education is marginalized, then the point of the prison is completely missed.

Even if much more decent living conditions for the prisoners are provided, let's say as those ones prescribed in the countries of the European Union that will not contribute to the re-education of prisoners, if the ideological attitude towards the prisoners is not changed thoroughly, which as we have already said, is a relic of the communist ideology – in the prisons the punishment prevails over the politics of re-education.

In the enclosed *Analysis*, we give concrete proposals on which the relationship between the society and convicts should be built, including the contribution that the Church can give in building of those relations. And regardless of the fact that this is written by a humble member of the society in which we live, now a convict and a prisoner, we kindly ask you to at least read it and do something to improve the attitude of society towards the prisoners.

We are using this opportunity, although this was not included among the proposals in the aforementioned *Analysis*, to initiate a linear amnesty of at least one-third of the prison sentence of all prisoners in the Republic of Macedonia, as a sign of goodwill towards all who await mercy, certainly firstly from God, but also from the one who sovereignly governs.

This will create a more human climate within the prisons, which is missing a lot, better living conditions will be created, since the number of prisoners will be reduced, however what is most important is that it would give the prisoners a sign that the Government neither has forgotten them, nor that the society has rejected them.

нас, најважното прашање за правилно функционирање на затворите, а тоа е односот на општеството кон затворениците.

Дали ќе има побогата или посиромашна храна, подобри или полоши затворски услови на сместување, постанува второстепено прашање ако општеството сè уште ја употребува комунистичката идеја за суштината на затворот како место за казна. Со таквото сфаќање и идеологија, општеството произведува сопствени непријатели кои само ќе чекаат прилика да му се осветат. Ако во казнено поправните домови се практикува само казнувањето, како што е тоа случај во Р. Македонија, а превоспитувањето се маргинализира, тогаш потполно се промашува смислата на затворот.

Дури и да се обезбедат многу попристојни услови за живот на затворениците, да речеме како оние што се пропишани во земјите на Европската Унија, тоа нема да допринесе во превоспитувањето на затворениците, ако темелно не се смени идеолошкиот однос кон затворениците, за кој, како што веќе рековме, е остаток од комунистичката идеологија – во затворите да преовладува казнената над политиката на превоспитување.

Во приложената *Анализа* даваме конкретни предлози врз што треба да се гради односот меѓу општеството и осудените лица, како и за придонесот кој Црквата може да го даде во градењето на тие односи. И, без разлика што е напишана од еден понижен член на општеството во коешто живееме, сега осуденик и затвореник, замолуваме да ја прочитате и барем нешто да измените на подобро во односот на општеството кон затворениците.

Ја ползуваме приликава, иако ова не беше сместено помеѓу предлозите во споменатата *Анализа*, да иницираме линеарно амнестирање на барем една третина на затворската казна на сите затвореници во Р. Македонија, како знак на добра волја кон сите оние кои чекаат милост, секако прво од Бога, но исто така и од оној кој суверено владее.

Со ова ќе се создаде почовечна клима во затворите, којашто толку недостасува, ќе се создадат подобри услови за живеење, бидејќи бројот на затворениците ќе се намали, но што е најважно ќе им се даде добар абер на затворениците дека

In the hope that, with the blessing of God, this will be accomplished, we remain with respect.

ARCHBISHOP AND METROPOLITAN
+ of Ohrid and of Skopje Jovan

власта не ги заборавила, дека општеството не ги отфрлило.

Во надеж дека, со благослов Божји, ова ќе биде остварено, останувам со почит.

АРХИЕПИСКОП И МИТРОПОЛИТ
+Охридски и скопски Јован

ORTHODOX OHRID ARCHBISHOPRIC
HOLY SYNOD OF BISHOPS

Protocol No. 153 of August 10, 2006

To
His Holiness Archbishop of Pech
Metropolitan of Belgrade and Karlovac
and Serbian Patriarch Pavle

Your Holiness,

We are sending this letter to you in a state of a deep grief in which the hierarchy, priesthood and the members of the Orthodox Ohrid Archbishopric are, due to the reimprisonment of our Archbishop, His Beatitude John. Namely, only few days ago, he was imprisoned for the second time, after his release a few months ago, following a great pressure from the local churches and the whole international community. As it is well known, many times so far he has been held in custody by the authorities of the Republic of Macedonia. His only "guilt" is that he brought the Church in the Republic of Macedonia, which has been in schism for a long period of time, into a canonic state, to be recognized by all Orthodox Churches. The authorities who produced the schism in the communist era (1967) from national reasons only, were bothered that the schism has been solved, in a manner not approved by them. Therefore, they fragrantly interfere in the work of the Church and until today they have not ceased to terrorize, first of all the Archbishop, but also the other Bishops, priesthood and the people of the Orthodox Ohrid Archbishopric.

First they put the Archbishop John in custody, and few days later he was given a 30-day custodial sentence which he served, all of which was to frighten him. When they realized that that does not pay off, they sentenced him to 2 years and 6 months in

ПРАВОСЛАВНА ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА
СВЕТ АРХИЈЕРЕЈСКИ СИНОД

Протокол бр. 153 од 10 август 2006

До
Неговата Светост Архиепископот пекќи
Митрополит белградско-карловачки
и Патријарх српски г.г. Павле

Ваша Светост,

Го испраќаме ова писмо до Вас од состојба на длабока тага во која се наоѓа јерархијата, свештенството и членовите на Православната Охридска Архиепископија заради повторното затварање на нашиот Архиепископ, Неговото Блаженство, г.г. Јован. Имено, пред само неколку денови, тој беше по втор пат ставен во затвор, откако пред неколку месеци, после голем притисок на помесните цркви и целата меѓународна заедница беше ослободен. Како што е познато, тој многупати до сега беше ставан во притвор од страна на власта во Р. Македонија. Неговата единствена „вина" е во тоа што Црквата во Р. Македонија која долги години беше во схизма ја воведе во канонска состојба, да биде призната од сите Православни Цркви. На властите во Р. Македонија кои ја произведоа схизмата во комунистичко време (1967г.) и тоа единствено од националистички причини им попречи тоа што схизмата е решена, а при тоа на начин на кој тие не се согласни. Затоа грубо се вмешаа во работите на Црквата и до ден денес не престануваат да прават терор, најмногу врз Архиепископот, но исто така и врз другите Епископи, свештенството и народот на Православната Охридска Архиепископија.

Прво го ставаа во притвор Архиепископот Јован по неколку денови, потоа, му одредија притвор од 30 дена кои тој ги издржа, а сè со цел да го заплашат. Откако видоа дека тоа

prison, from which he served 8 months and under the influence of the international community the Supreme Court ordered his release. Now, they have changed the tactics and they wanted to present him as a criminal. They sentenced him to one year as he allegedly concealed church assets, even though for the same act he was released by the Court twice. In order to explain the show trial over the Archbishop, the Holy Synod of Bishops of the Orthodox Ohrid Archbishopric prepared an encyclical letter which is enclosed to this letter.

His Beatitude, John the Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje is unrightfully convicted and sentenced to prison. So far, he has proven to be strong in the faith and acts and he does not leave any doubt that he would not survive this iniquity. He is aware that his suffering is a victory of the Church and by that he encourages us to prove worthy of the love of our God and Saviour.

But, Your Holiness, as much as this is a call to do everything to free the unrightfully imprisoned Archbishop John, this is also a call to do everything the Orthodox Ohrid Archbishopric to be recognized by the Government of the Republic of Macedonia. As long as the Government breaches all international conventions for freedom of religion signed by the Government itself, refuses to recognize the Orthodox Ohrid Archbishopric as one of the religious communities in the Republic of Macedonia, there is an opportunity to terrorize not only the Archbishop, but also the other Bishops, and the members of the Orthodox Ohrid Archbishopric. By not recognizing the Ohrid Archbishopric, the Government in the Republic of Macedonia actually leaves room for legalized terror over the members of the Church. Thus, many of our members are terrified and think using the following logic: „If they could torture the Archbishop John who has the support of all Orthodox Churches and many international institutions that take care of human rights, how much more and in the same time less transparently can they harm us?"

Thus, Your Holiness, we kindly ask and implore you to do everything in your power the Orthodox Ohrid Archbishopric to be legalized in the Republic of Macedonia. This small country in the South-West Balkans today proves as a country that does not respect the most basic human rights, and the international com-

не успева, го осудија на 2 години и 6 месеци затворска казна од која тој издржа во затвор 8 месеци и под влијание на големите притисоци од меѓународната заедница врховниот суд го ослободи. Сега ја сменија тактиката и сакаат да го прикажат како криминалец. Го осудија на една година затвор како божем затајувал средства од црквата иако за истото дело претходно два пати беше ослободуван од судот. Со цел да се објасни монтираниот процес врз Архиепископот, Светиот Архијерејски Синод на Православната Охридска Архиепископија подготви Окружно послание кое Ви го испраќаме во прилог.

Неговото Блаженство, Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован повторно е неправедно осуден и ставен во затвор. Досега се покажа како силен во верата и делата и не остава сомнеж дека нема да ја издржи и оваа неправда. Тој е свесен дека неговото страдање е победа за Црквата и со тоа сите нас нè бодри да се покажеме достојни за љубовта на нашиот Бог и Спасител.

Но, Ваша светост, колку што е ова повик да направиме сè да биде ослободен неправедно затворениот Архиепископ Јован, толку е повик да направиме сè, Православната Охридска Архиепископија да биде призната од власта во Р. Македонија. Сè додека власта, кршејќи ги сите меѓународни конвенции за слобода на вероисповедта која самата ги има потпишано, одбива да ја признае Православната Охридска Архиепископија како една од верските заедници во Р. Македонија, постои шанса да се прави уште поголем терор, не само врз Архиепископот, туку и врз другите Епископи и членовите на Православната Охридска Архиепископија. Со тоа што не ја признава Охридската Архиепископија, власта во Р. Македонија всушност остава простор за легализиран терор врз членовите на Црквата. Така, многу од нашите членови се престрашени и размислуваат со следнава логика: „Кога можеа на Архиепископот Јован кој има поддршка од сите Православни Цркви и од многу меѓународни институции кои се грижат за човековите права да му направат толку силна тортура, колку повеќе, а притоа помалку транспарентно можат да ни наштетат нас?"

Затоа, Ваша Светост, Ве замолуваме и преколнуваме, направете сè што е во Ваша моќ да биде легализирана Право-

munity seems to tolerate this.

With hope that God will listen to your pray, we remain devoted to your love in Christ.

BISHOP
+ Marko of Bregalnica and Administrator of Bitola
Member of the Holy Synod of Bishops

славната Охридска Архиепископија во Р. Македонија. Оваа мала земја во југозападниот Балкан денес се покажува како земја која не ги почитува ниту најосновните човекови права, а меѓународната заедница тоа како да го толерира.

Со надеж дека Господ ќе ја слушне Вашата молитва, останuваме оддани на Вашата љубов во Христа.

ЕПИСКОП
+Марко брегалнички и местобљустител битолски
Член на Светиот Архијерејски Синод

ORTHODOX OHRID ARCHBISHOPRIC
HOLY SYNOD OF BISHOPS

LETTER TO THE PRELATES OF THE ORTHODOX CHURCHES REGARDING THE LATEST IMPRISONMENT OF ARCHBISHOP JOVAN

Protocol No. 153 from August 10, 2006

Your Holiness,

We write this letter to You being deeply grief-stricken as well as the whole hierarchy, clergy and members of the Orthodox Ohrid Archbishopric are because of the repeatedly imprisonment of our Archbishop, His Beatitude kyr kyr Jovan (John). Namely, he was imprisoned for his second time several days ago, and few months ago he was released from his first imprisonment due to the great pressure of the local churches and the international community. It is renowned that he was confined by the authorities of the Republic of Macedonia many times before. The only guilt of his is that he had brought the Church of the Republic of Macedonia, which was in a condition of many years long schism, into a canonical condition, and thus it has become recognised by all the Orthodox Churches worldwide. The solution of the schism disturbs the authorities of the Republic of Macedonia, because they are the ones who had created it in the times of the communist rule (in 1967) for solely chauvinistic reasons, and they are also bothered by the way the solution of the schism is resolved. That is why they had glaringly interfered in the affairs of the Church and do not stop the terror until nowadays, mostly striking the Archbishop, but also the other Bishops, the clergymen and the faithful people of the Orthodox Ohrid Archbishopric.

ПРАВОСЛАВНА ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА
СВЕТ АРХИЈЕРЕЈСКИ СИНОД

ПИСМО ДО ПРЕТСТОЈАТЕЛИТЕ НА ПРАВОСЛАВНИТЕ ЦРКВИ ЗА ПОВТОРНОТО ЗАТВОРАЊЕ НА АРХИЕПИСКОПОТ ЈОВАН

Протокол Бр. 153 од 10 Август 2006 год.

Ваша Светост,

Го испраќаме ова писмо до Вас, од состојба на длабока тага во која се наоѓаат јерархијата, свештенството и членовите на Православната Охридска Архиепископија, заради повторното затварање на нашиот Архиепископ, Неговото Блаженство г. г. Јован. Имено, пред само неколку денови, тој беше по втор пат ставен во затвор, откако пред неколку месеци, по големиот притисок на помесните цркви и целата меѓународна заедница беше ослободен. Како што е познато, тој многупати досега беше ставан во притвор од страна на власта во Р. Македонија. Неговата единствена „вина" е во тоа што Црквата во Р. Македонија, која долги години беше во схизма, ја воведе во канонска состојба, и обезбеди нејзино признавање од сите Православни Цркви. На властите во Р. Македонија, кои ја произведоа схизмата во комунистичко време (1967 г.), и тоа единствено од националистички причини, им попречи тоа што схизмата е решена, а притоа на начинот на кој тие не се согласни. Затоа грубо се вмешаа во работите на Црквата и до ден денес не престануваат да прават терор – најмногу врз Архиепископот, но исто така и врз другите Епископи, свештенството и народот на Православната Охридска Архиепископија.

Најпрво по неколку дена го ставаа во притвор Архиепископот Јован, за потоа да му одредат притвор од 30 дена коишто

At first they had confined the Archbishop Jovan (John) for a few days, then they confined him for 30 days which he had served, and their only goal was to frighten him. Realizing that they failed to do so, they had convicted him to a 2.5 years imprisonment and he served 8 months of that punishment when the Supreme Court of the Republic of Macedonia acquitted hi under the great pressure of the international community. Now they have changed their tactics aiming to present him as if he was a criminal. They convicted him to one year imprisonment as if he was embezzling funds of the Church although he had previously been acquitted by the Court from those charges. Please find enclosed the Encyclical Epistle of the Holy Synod of Bishops of the Orthodox Ohrid Archbishopric for explanation on the rigged trial against the Archbishop.

His Beatitude the Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje kyr kyr Jovan (John) is once more unjustly convicted and imprisoned. He has proved to be strong in faith and acts so far, and there is no doubt that he would withstand this injustice either. He is aware that his suffering is a victory for the Church thus encouraging all of us to show ourselves worthy for the love of our Lord and Saviour.

However, Your Holiness, as much this letter is an appeal to do everything we can for the release of the unjustly imprisoned Archbishop Jovan (John); it is as much a call to do everything we can for the Orthodox Ohrid Archbishopric to be recognised by the authorities of the Republic of Macedonia. As long as the authorities refuses to recognise the Orthodox Ohrid Archbishopric as one of the religious communities in the Republic of Macedonia, thus violating all the international conventions dealing with freedom of religion our country has acceded, there is a possibility for yet bigger terror, not only against the Archbishop, but also against the other Bishops and members of the Orthodox Ohrid Archbishopric. By not recognising the Orthodox Ohrid Archbishopric, the authorities of the Republic of Macedonia in fact leave space for legitimate terror against the members of the Church. That is why many of our members got frightened and the logic of their way of thinking is the following: „When they could exert such a powerful torture on the Archbishop Jovan (John) who has the support of all

ги издржа, а сè со цел да го заплашат. Откако видоа дека тоа не успева, го осудија на 2 години и 6 месеци затворска казна од која тој издржа во затвор 8 месеци и под влијание на големите притисоци од меѓународната заедница, беше ослободен од Врховниот суд. Сега ја сменија тактиката и сакаат да го прикажат како криминалец. Го осудија на една година затвор како божем затајувал средства од црквата, иако за истото дело претходно два пати беше ослободуван од судот. Со цел да се објасни монтираниот процес врз Архиепископот, Светиот Архијерејски Синод на Православната Охридска Архиепископија подготви Окружно послание кое Ви го испраќаме во прилог.

Неговото Блаженство, Архиепископот охридски и Митрополит скопски г. г. Јован, повторно е неправедно осуден и ставен во затвор. Досега се покажа како силен во верата и делата, и не остава сомнеж дека нема да ја издржи и оваа неправда. Тој е свесен дека неговото страдање е победа за Црквата и со тоа сите нас нè бодри да се покажеме достојни за љубовта на нашиот Бог и Спасител.

Но, Ваша светост, колку што е ова повик да направиме сè да биде ослободен неправедно затворениот Архиепископ Јован, толку е и повик да направиме сè, Православната Охридска Архиепископија да биде призната од власта во Р. Македонија. Сè додека власта, кршејќи ги сите меѓународни конвенции за слобода на вероисповедта, која самата ги има потпишано, одбива да ја признае Православната Охридска Архиепископија како една од верските заедници во Р. Македонија, постои шанса да се прави уште поголем терор, не само врз Архиепископот, туку и врз другите Епископи и членовите на Православната Охридска Архиепископија. Со тоа што не ја признава Охридската Архиепископија, власта во Р. Македонија всушност остава простор за легализиран терор врз членовите на Црквата. Така, многу од нашите членови се престрашени и размислуваат со следнава логика: „Кога можеа на Архиепископот Јован, што има поддршка од сите Православни Цркви и од многу меѓународни институции кои се грижат за човековите права, да му направат толку силна тортура, колку повеќе, а притоа помалку транспарентно, можат да ни наштетат нам?"

Затоа Ваша Светост, Ве замолуваме и преколнуваме, на-

the Orthodox Churches and many international institutions dealing with human right, the more they could harm us, even without such transparency and publicity.

Your Holiness, therefore we ask of You and beg of You, do everything in Your power for the legalisation of the Orthodox Ohrid Archbishopric in the Republic of Macedonia. This little country from the southwest Balkans today proves itself as a country that does not observe even the most fundamental human rights, and it seems as if the international community seems tolerates it.

Hoping that our Lord will grant Your prayers, we remain

Faithful to Your love in Christ,

Respectfully,
B I S H O P
† Marko of Bregalnica and Administrator of Bitola

Member of the Holy Synod of Bishops

правете сè што е во Ваша моќ да биде легализирана Православната Охридска Архиепископија во Р. Македонија. Оваа мала земја во југозападниот Балкан денес се покажува како земја која не ги почитува ниту најосновните човекови права, а меѓународната заедница тоа како да го толерира.

Со надеж дека Господ ќе ја слушне Вашата молитва, останuваме оддани на Вашата љубов во Христа.

Е П И С К О П
+Марко брегалнички и
местобљустител битолски

член на Светиот Архијерејски Синод

ORTHODOX OHRID ARCHBISHOPRIC
HOLY SYNOD OF BISHOPS

Protocol No. 156 from August 14, 2006

TO
The President of the Republic of Macedonia
Mr. Branko Crvenkovski

AN OPEN LETTER

Dear Mr. President,

It would be well expected for You to receive a letter with a meek, reconcilable and polite tone as it would be appropriate from a Bishop of the Orthodox Church in the Republic of Macedonia. At the very beginning, please be informed that we are exposed to a great temptation, on one hand, to forward a letter of a kind expected, and on the other hand, a flickering one, nevertheless consciously and responsibly expressing all our pain and suffering You have caused for all the members of the Orthodox Ohrid Archbishopric starting from His Beatitude, the Archbishop John who is now in prison, to us, the Bishop, the clergy and the monastics, as well as to the pious people gathering at our Church. We have chosen to address You compassionately, trembling from the horror we have gone through and yet serenely, for our hope is He who have conquered and survived all the tyrants of this world. We have chosen to turn to You sternly, being provoked by the injustice committed against us, however without anger, as ones who does not hate their enemies (Matt. 5:44). We are addressing You with much critics as the ones being spiritually and physically offended, however we address You rationally, well aware of the historical responsibility.

The time of Your absolutistic rule since the year of 2002, at first from the office of the Prime Minister of the Government, and then from the office of the President of the Republic of Macedonia has

ПРАВОСЛАВНА ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА
СВЕТ АРХИЈЕРЕЈСКИ СИНОД

Протокол бр.156 од 14 август 2006

До
Претседателот на Р. Македонија
г-динот Бранко Црвенковски

ОТВОРЕНО ПИСМО

Почитуван г. Претседателе,

За очекување е од нас, како од Епископ на Православната Црква во Р. Македонија, да добиете писмо со благ, помирлив и учтив тон. Уште на почетокот примете на знаење дека поставени сме на големо искушение, од една страна да упатиме писмо какво што е за очекување, а од друга страна, растреперено, но совесно и одговорно да ја изразиме сета наша болка и страдање што го причинивте на сите припадници на Православната Охридска Архиепископија, почнувајќи од Неговото Блаженство Архиепископот Јован – кој сега е во затвор, преку нас Епископите, свештенството и монаштвото, до побожниот народ, што се собира во нашата Црква. Одбравме да Ви се обратиме чувствено, растреперени од ужасот кој го преживеавме, но сепак спокојно зашто нашата надеж е Оној Кој победил и надживеал многу тирани на овој свет. Одбравме да се обратиме остро бивајќи предизвикани од неправдата што ни е направена, а сепак без гнев, како оние кои не ги мразат непријателите (Мат. 5. 44). Ви се обраќаме со многу критики повредени и духовно и телесно, но сепак словесно, со свест за историската одговорност.

Времето на Вашето апсолутистичко владеење од 2002 год., прво како Првоминистер на Владата, а потоа како Претседател на Р. Македонија, донесе многу неправда, насилство и

brought plenty of injustice, violence and persecutions up to degree of terror for the members of the Orthodox Ohrid Archbishopric. It was only a few months after Your ascending to power when You put the Archbishop Jovan (John), then still the Metropolitan of Veles and Vardar Valley, to a pre-trial confinement, using Your personal influence for making pressure to the Court working out his conviction to one year imprisonment for the criminal offence autocracy (trespassing). His autocracy consisted of His entering into the church being built by His predecessors for the purpose to perform holy baptism, and by the way, that church is a monument of the Hellenic culture in the Republic of Macedonia beginning from the exterior, through the frescos and the icons, finishing with the founder's tablet written in Greek.

Just when that case came to the end, You had had put the Archbishop in a pre-trial confinement for a second time. Not to mention how many searches of the places where we were performing religious services in Bitola You ordered to be done, and how many searches of the homes of the pious Christians being our followers.

On 11th of January, 2004, the day when the majority of the monastic order who dwelled in a schism until then have acceded to the canonical Orthodox Church in the Republic of Macedonia, You put the Archbishop Jovan (John), then still the Metropolitan, but as well an Exarch of the Patriarch of Serbia, in pre-trial confinement for 20 days. An indictment that he had instigated 'ethnic and religious hatred' followed. All the aforesaid was somewhat bearable to this point. Such low blows are not unknown in the political clashes in the Republic of Macedonia and the public is used to them. However, what followed only a few days after releasing from the pre-trial confinement of the Archbishop Jovan (John) has made of You, forgive me for the rude expression, a wretched, petty and historically negative, a child of the communism and heir of Stalin and Tito.

The Minister of Internal Affairs Mr. Hari Kostov, together with the former Director of the Administration of Security and Counter-intelligence Mr. Zoran Verusevski, organised an assassination of the members of the Holy Synod of Bishops of the Orthodox Ohrid Archbishopric upon Your direct order as the Prime Minister which

гонење до степен на терор за припадниците на Православната Охридска Архиепископија. Само неколку месеци по Вашето стапување на власт го притворивте Архиепископот Јован, тогаш сè уште Митрополит велески и повардарски и со лично Ваш притисок врз судот, го осудивте на една година затвор за кривично дело „самовластие". Неговото самовластие беше во тоа што влезе во храм – кој го правеле неговите дедовци за да изврши крштение, а патем речено тој храм е споменик на грчката култура во Р. Македонија, почнувајќи од екстериерот, преку фреските и иконите, па сè до ктиторската плоча која е испишана на грчки јазик.

Таман заврши тоа, веднаш го притворивте Архиепископот по вторпат. Да не говориме претходно колку претреси наредивте да се направат во местата каде богослужевме во Битола, и колку претреси наредивте да се направат по домовите на побожните христијани што нè следеа.

На 11 јануари 2004 год. – ден кога кон канонската Православна Црква во Р. Македонија пристапија мнозинството од монасите и монахињите кои дотогаш беа во раскол, Вие повторно го притворивте Архиепископот Јован и тогаш сè уште Митрополит, но и Егзарх на Српскиот Патријарх, и во притвор го држевте 20 дена. Следуваше обвинение дека распалувал „национална и верска омраза". Сето ова дотука, некако се јаде – како што вели народот. Во одредени политички пресметки не се непознати ваквите ниски удари на кои е навикната јавноста во Р. Македонија. Но она што следуваше само неколку дена по ослободувањето од притвор на Архиепископот Јован, Ве прави, простете на изразот: беден, ситен и историски негативец, дете на комунизмот и наследник на Сталин и Тито.

Под директна наредба од Вас, како Првоминистер, Министерот за внатрешни работи, г. Хари Костов заедно со тогашниот директор на Управата за Безбедност и Контраразузнавање г. Зоран Верушевски, се организира, за среќа, неуспешен атентат на членовите на Светиот Архијерејски Синод на Православната Охридска Архиепископија. Маскирани терористи со автоматски пушки во рацете влегоа во куќата, каде што само половина час пред тоа заседаваше Светиот Архијерејски Синод на Православната Охридска Архиепископија. Ги нарекуваме

finished, fortunately for us, unsuccessfully. Disguised terrorists with machine guns in their hands broke in the house where the Holy Synod of Bishops of the Orthodox Ohrid Archbishopric was in session only half an hour before We call them terrorists although it is well known that some of them are on the payroll of the Ministry of Internal Affairs because what they had done resembles only to an action of terrorists. Not finding anyone of the Bishops in the house by Lord‘s Grace, they cut the hairs of the innocent nuns who happened to be there, and then they set the house to fire.

It is not us, but the tears of those nuns that cursed You to experience at least half of the stress they had gone through in that cold winter night, barefoot, humiliated and terrified in front of the blazing house excited by Your malice. It would not be appropriate if we would compare You with Nero. What Nero used to do is somewhat explainable by the common morals of his time. Nevertheless, what You do in the 21st century to clergyman, God-seeking and moral people who are on the other hand unarmed is a prototype and unseen.

One of those disguised and armed people, after surviving serious accident, lying injured at the hospital, asked for a priest from the Orthodox Ohrid Archbishopric for the purpose to confess his sin in which You Mr. President, not only participated, but was the very orderer thereof.

Everybody in Bitola knows that You are the one who ordered the now late judge Misko Stojkovski to convict the Archbishop twice, once to a suspended sentence, and once to an effective one. You made him a blasphemer for how can a conviction of a Bishop of the Orthodox Church be called otherwise but a blasphemy. You know that God has punished him as unrepented, and the Church has excommunicated him from all the requiem services. However he was not guiltier than You are. He could refuse to obey You indeed, but what would have happened that wretched man after that? Probably not something worse than his fate that fulfilled, and oh, the man had not neither heart nor faith to dare to oppose You.

Then, You wounded us even before we had recovered from the previous one. You had had torn down the church which foundations were consecrated by four Orthodox Bishops from different ends of the Orthodox Ecumene.

терористи, иако добро се знае дека некои од нив се на платниот список на Министерството за внатрешни работи, бидејќи она што го направија личи само на акција на терористи. Откако по Божја промисла не затекнаа ниту еден од Архијереите во куќата, тие ги стрижеа недолжните монахињи што се најдоа таму, а потоа полевајќи ја со бензин, ја запалија куќата.

Не ние, туку солзите на тие монахињи, Ве проколнаа да Ве снајде барем половина од стресот што го доживеаја во ладната зимска ноќ, боси, понижени и уплашени пред куќата во пламен која им ја запали Вашата злоба. Да речеме како Нерон, не би соодветствувало. Она што го правеше Нерон е некако објасниво со општиот морал од тоа време. Но, она што го правите Вие во 21 век, над луѓе црковни, богобарателни и морални, а од друга страна голораки, е прототипно и невидено.

Еден од тие маскирани и вооружени луѓе – откако доживеа голема катастрофа, повреден во болница викна свештеник од Православната Охридска Архиепископија да го исповеда гревот во кој Вие г. Претседателе не само што соучествувавте, туку бевте и нарачател.

Нема во Битола некој кој не знае дека Вие му наредивте, на сега мртвиот судија Мишко Стојковски, двапати да го осуди Архиепископот: еднаш на условна казна, еднаш на ефективна. – Вие го натеравте на богоборство, зашто никако поинаку не може да се нарече освен богоборство, да осудиш Епископ на Православната Црква за неговата вера. Познато Ви е како Господ непокајан го казни, а Црквата го одлачи од сите молитвословија за упокоени. Но, тој скоро и да не е повеќе виновен од Вас. Навистина, можеше и да не Ве послуша, но што ли ќе го снајдеше сиротиот потоа? Веројатно не полошо од ова што сега го снајде, но немаше човекот ни срце, ни вера за да Ви се спротивстави.

Уште пред да се залечиме од едната рана, Вие ни направивте друга. Ја срушивте црквата чии темели ги осветија четворица православни Епископи од различни страни на православната екумена.

Ако речете г. Претседателе, дека Вие не ја срушивте, покрај другото, ќе бидете и голем лажго, како што впрочем и се покажавте пред оној свет старец, српскиот Патријарх г. г.

If You deny this Mr. President, that You had not torn it down, among the other, You would be a great liar as well, as You proved Yourself before the holy elder, the Patriarch of Serbia kyr kyr Paul, whom You had promised that You would leave the Orthodox Ohrid Archbishop to perform the mission thereof freely and register it as a legal entity when You needed to be allowed to celebrate the St. Elijah Day in the Monastery of St. Prochor of Ptchinya in 2004. In spite the guilt for demolishing of the church is as much Yours as it is of the archschismatic Stephen's and the schismatic Peter's who have made Your conscious blunt, You should know that You are a person who has torn a church down. The people have realised ages ago that the one who tears a church down, tears down his own home. And if Your home has not been torn down yet, You should know that it is only because of the mercy of God who waits for You to repent.

You have done everything to prevent the registration as a legal entity the Orthodox Ohrid Archbishopric despite being well aware that it is unconstitutional. Let us not mention the international conventions dealing with freedom of religious confession acceded and signed by the state You are the President of. You violate the Constitution and the law which should be obeyed by You at the first place, not to speak of the international conventions.

Now You have put the Archbishop Jovan (John) in prison for a second time. The first time when You had done it, You saw everything to be prepared to make His prison days even harder. You used to leave Him without heating at a temperature of -15ºC, You did not allow the Holy Communion to be brought to Him there, and the Prison Administration did not let the Archbishop to go on a 24 hours leave for Christmas. Not to speak of all the ones who wanted to visit Him coming from various countries and who were not allowed to. What kind of a man are You Mr. President?

We cannot imagine where else could the Republic of Macedonia be led by such a person except where it is now. Somebody maybe does not know, somebody maybe does not want to believe, another one maybe fears to tell You, however we, as a Bishop and a pastor of the Church of God, are due to tell You this in Your face, at price to be imprisoned as well or to become a victim of something else You might think out. Mr. President, citizens of

Павле, на кого му ветивте дека ќе оставите слободно да се богослужи, и дека ќе ја регистрирате Православната Охридска Архиепископија, кога требаше да Ви се дозволи прослава на Илинден во „Свети Прохор Пчињски“ во 2004 година. И покрај тоа што вината за рушењето на црквата е колку Ваша, толку и на архирасколникот Стефан и расколникот Петар, кои Ви ја затапија грижата на совеста, сепак знајте – Вие срушивте црква! Народот наш одамна воочил дека кој руши црква, го руши и сопствениот дом. Ако сè уште не паднал Вашиот, знајте дека тое е само заради милоста Божја која Ве чека да се покаете.

Направивте сè Православната Охридска Архиепископија да не биде регистрирана, иако сте потполно свесни дека тоа го правите противуставно. Нема да говориме за меѓународните конвенции за слобода на вероисповеста, кои државата на која сте претседател ги прифатила и потпишала. Вие го кршите Уставот и законите што треба прво Вие да ги почитувате. Што да говориме пак за меѓународните конвенции?

Сега го сместивте Архиепископот Јован во затвор по вторпат. Првиот пат кога тоа му го направивте, подготвивте сè за да му ги отежнете затворските денови. Го остававте без греење на температура од -15°C, не допуштавте во затворот да му носиме Света Причест, а за Божик по Ваша наредба, затворската управа не му дозволи на Архиепископот да добие дваесетичетири часовно отсуство. Да не говориме за тоа дека на сите оние што сакаа да го посетат, доаѓајќи од различни земји на светот, не им беше дозволувано. Каков човек сте Вие г. Претседателе?

Не знаеме каде на друго место може да стигне Р. Македонија водена од таков човек, освен до ова дереџе до кое сега се наоѓа. Некој можеби не знае, некој можеби не сака да верува, друг можеби се плаши да Ви каже, но нас – како Епископ и пастир на Црквата Божја, должност ни е тоа в лице да Ви го кажеме, по цена и нас да нè затворите или нешто полошо да ни смислите. Несреќни и неблагословени се граѓаните на една земја, г. Претседателе, кога нивниот Претседател со неговата неблагочестивост, неморалност и што е уште полошо – со гонење на Црквата, како што тоа Вие го правите, ја брка милоста Божја за таа држава, за тие луѓе. Ќе дојде време кога и другите

a country are unhappy and unblessed when their President chases away the Grace of God from that country and that people with his impiety, immorality and persecution of the Church. The time will come when others will see this vision as well, namely, that You with Your arrogant and impudent behaviour, egotism and egocentrism that are striking features of Your character avert the blessing of God from pouring abundantly on our fatherland. God dislikes the arrogant, especially the ones who persecute the Church, and does not see graciously either the ones who elect for their President a man who persecutes God, the Church and who hates the faith.

We are almost hopeless that this letter will soften Your cruel heart and urge You to release His Beatitude the Archbishop Jovan (John). At least it would remain a testimony for the history showing what kind of people were begotten from the communism. Faithless, immoral, heartless, unlovable ones who even lead a country!?

May God's mercy be upon all of us !

B I S H O P
of Bregalnica and Administrator of Bitola
† Marko

ќе ја видат оваа визија, дека единствено Вие, Вашето надмено и дрско однесување, себељубието и егоцентричноста што Ви се впечатливи карактерни особини, го одвраќаат благословот Божји изобилно да се излее и врз нашата татковина. Бог не ги сака надмените, а особено не оние што ја гонат Црквата, но не гледа благонаклоно ниту кон оние што бираат за свој Претседател човек богоборец, црквоборец, веромрзец.

Скоро да сме без надеж дека ова писмо ќе предизвика да омекне Вашето тврдо срце и да го ослободите Неговото Блаженство Архиепископот Јован. Но барем нека остане како сведоштво во историјата, какви луѓе се изродија од комунизмот. Без вера, без морал, со камено срце, без љубов и згора на тоа, тие треба да водат држава!?

Господ нека нѐ помилува!

ЕПИСКОП
брегалнички и
местобљустител битолски
+ Марко

Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje Jovan

RESPONSE TO THE INTERVIEW GIVEN IN "VREME" BY THE SCHISMATIC BISHOP OF THE MACEDONIAN ORTHODOX DIOCESE OF AMERICA AND CANADA, KYR METODIJ

Last year, i.e. 2005, almost about the same season, prompted by an interview, which the schismatic bishop kyr Naum gave to "Dnevnik", we wrote a text in which we called him "scoundrel". We hope that our claim was sufficiently argued, since there were no reactions, not only from him, but from anyone else in the schismatic MOC.

Nowadays, in "Vreme" (August 20, 2006), an interview came out with the schismatic Bishop of the Macedonian Orthodox Diocese of America and Canada, Metodij. Several times in that interview, our calmness is mentioned, so in the spirit of the patristic tradition, which the Church stands for, we shall respond to such provocations. The Fathers of the Church humbly and lovingly responded to the provocations of the heretics and schismatics because the Church – which always stands for the truth – has nothing to be surprised, nor embarrassed of.

We have written elsewhere for the kind of spiritual and even, psychological devastation resulted by the schism, so here we will not elaborate on this. We will only point out that a man who is in schism with the Church lives in self-deception that he is something, and in fact is nothing. If he is aware of it, but it fits him in order to achieve some of their own individual ambitions – as there are several such individuals in the Synod of the schismatic MOC – then they are not in self-deception, but they are deceiving others. It is a crime, and it is a crime punishable with prison sentence. But in a much more difficult situation are those who are self-deceived and believe that although being in schism with all Orthodox churches, they are still in unity with God and with His body, which is the Church. Such persons are in a potential spiritual, but also psychological schizophrenia and are in danger

Архиепископ Охридски и Митрополит Скопски Јован

ОДГОВОР НА ИНТЕРВЈУТО ДАДЕНО ЗА „ВРЕМЕ“ ОД РАСКОЛНИЧКИОТ ЕПИСКОП АМЕРИКАНСКО КАНАДСКИ Г. МЕТОДИЈ

Минатата 2005 год., речиси во истово годишно доба, поттикнат од едно интервју, кое го даде за „Дневник“ расколничкиот епископ г. Наум, напишавме еден текст во кој него го нарековме „подлец“. Се надеваме дека тоа наше тврдење беше доволно аргументирано, па на истото немаше никакви реакции, не само од него, туку и од никој друг во расколничката МПЦ.

Деновиве во „Време“ (20. 08. 2006 г.), излезе интервју со расколничкиот епископ на МПЦ, американско-канадски г. Методиј. На повеќе места од тоа интервју спомената е нашата смиреност, па во духот на отечкото предание, што го носи Црквата, ќе одговориме на таквите провокации. Отците на Црквата смирено и со љубов одговарале на провокациите на еретиците и расколниците, од причина што Црквата – којашто е вистина, и секогаш наново ја твори истата, нема од што да биде изненадена, ниту пак посрамена.

Каков духовен, па дури и психолошки пустош остава расколот, сме пишувале на други места, и овде на тоа нема да се задржуваме. Ќе го спомениме само тоа дека човекот, кој е во раскол со Црквата, живее во самоизмамата дека е нешто, а во суштина не е ништо. Ако за тоа е свесен, но тоа му одговара за остварување на некои свои индивидуални амбиции (како што има повеќе такви индивидуи во Синодот на расколничката МПЦ), тогаш таквите не се во самоизмама, туку прават измама врз другите. Тоа е кривично дело, и за него се оди во затвор. Но, во многу потешка состојба се оние што се самоизмамени и веруваат дека иако се во раскол со сите православни цркви, сепак се во единство со Бога и со Телото Негово, коешто е Црквата. Таквите се во потенцијална духовна, но и психолошка схизофренија и пред опасност да бидат соборени од лудило. Не

of being overthrown by madness. We would not go into detail about which of these two groups of schismatics does kyr Metodij belongs to, especially because it is very easy to switch from the second to the first group, from the self-deceitful to those who deceit others.

But actually the thing we would like to elaborate in this response, which, as we have said, is caused by the false statement made by the schismatic Bishop Metodij, which we would rather say is a result of his ignorance, than ecclesiastical diplomacy - which is difficult to believe that he has a vision of what it means and how it is accomplished.

Because of this, it seems necessary to point out some of the characteristics of the man mentioned above. With due responsibility we claim that the schismatic Bishop Metodij is completely ignorant, not only in ecclesiology, but entirely in the theology of the Orthodox Church. He finished the Theological Faculty in Skopje, which by the way equals the level of secondary theological school, as an evening school, just like most bishops in the schismatic MOC. And, instead of being silent, as some of the bishops of the schismatic MOC are virtuously doing, aware of the fact that they are ignorant of theology, he wants to hold lectures, unaware that holding lectures in theology requires authority. It is not enough to wear a priestly robe in order to gain authority. The authority is acquired through the life style, and the bishop kyr Metodij must not think that his life style is unknown. Consciously or unconsciously, in self-deception or not – it does not matter – he deceives the theologically unenlightened people and introduces an extremely dubious spirituality, which probably cannot be called spirituality, if it is known to be a syncretism from the Eastern mysticism, techno music, Byzantine aesthetics and American consumer culture. I invite the kyr bishop, who is in schism, to remember how many spiritual children he lost when they found out that their "spiritual man" goes to techno concerts. There is no obstacle for him to go to a techno concert in Ljubljana or Sofia, certainly in a clerical robe, so that he preaches Christ, if not with his mouth, at least with the robe. Even if we accept that it is possible to attract someone in such a way, among those who are inexperienced and looking for spirituality, yet, he did not attract

би навлегувале во која од овие две групи на расколници спаѓа г. Методиј, особено од причина што многу лесно се преминува од втората во првата група, од самоизмамените во оние што ги мамат другите.

Она на што би сакале да се задржиме во овој наш одговор, на кој како што рековме, сме предизвикани од неточноста на изјавата од страна на расколничкиот епископ Методиј, за кое повеќе би рекле дека е од негово непознавање на работите, а помалку од црковната дипломатија за којашто тешко е да поверуваме дека тој има визија што значи истата, и на кој начин се остварува.

Од таа причина, неопходно е претходно да се задржиме на некои карактеристики на човекот што е споменат. Со голема одговорност тврдиме дека расколничкиот епископ Методиј потполно е неук, не само во еклисиологијата, туку и целосно во теологијата на православната Црква. Теолошкиот факултет во Скопје, кој патем речено, се наоѓа на ниво на средно богословско училиште, го завршил како вечерно училиште, исто како и повеќето епископи во расколничката МПЦ. И, наместо да молчи, како што барем тоа доблесно го прават некои од епископите на расколничката МПЦ, свесни за фактот дека се неуки во теологијата, тој сака да држи лекции, несвесен притоа дека за држење лекции од теологија потребен е авторитет. Не е доволно да се носи свештеничко расо за да се има авторитет. Авторитетот се стекнува од начинот на живот, а нека не мисли господинот епископ Методиј, дека неговиот начин на живот е непознат. Свесно или несвесно, во самообмана или не – не е ни важно, тој го лаже теолошки непросветлениот народ и внесува една крајно сомнителна духовност, која веројатно и не ќе може да се нарече духовност, ако се знае дека е синкретизам од источна мистика, техно музика, византиска естетика и американска потрошувачка култура. Нека се сети господинот епископ кој е во раскол, колку духовни чеда изгубил кога тие дознале дека нивниот „духовник“ оди на концерти на техно музика. Нему не му е пречка да отиде на концерт на техно музика во Љубљана или во Софија – секако во свештеничка мантија, за во тој концертен делириум да го проповедал Христа, ако не со устата, барем со мантијата. Дури и да се прифати

them to the Church, but only to himself. On the other hand, with such a life style, he tempted many in the church, and he does not cease to do so to this day.

Our intent would not be to communicate the genuine failures of kyr Metodij, which he persists to do even today, if he did not start to discredit the Church increasingly, through the media. When he was elected bishop several months ago, or perhaps a year ago, we did not want to comment on his non-canonical ordination. He would have remained as an absolutely average representative of the Synod of the MOC in our memory, since the Synod itself chose him. But now, when he personally contributes for us to react, we believe that the Church should not remain silent, and that it is its duty to disclose what is untrue, what is manipulation, which is deceit and self-deception, and all of this together.

The fact that he is present at every opening of an exhibition of contemporary art, or promotion of a contemporary literature book, shall not be even commented on. The man could not connect the dots and instead of an art critic, he became a "bishop". Certainly this is possible solely in an environment that has nothing in common with the Church, an environment which is in schism and which has no unity with the Body of Christ. The very non-church ambience that governs in any schismatic environments, no matter whether it is in Ukraine, Bulgaria or Montenegro, cannot produce church consciousness. In fact, this is why every schism is condemned to self-destruction, in advance. A schismatic organization can be any other type of organization: voluntary, non-profit, humanitarian, governmental or non-governmental, but it cannot be a Church. Simply because it has no awareness of unity with other churches in the world.

Thus, it is not strange at all, that the schismatic MOC produces bishops of the type of kyr Metodij. Do men gather grapes or thorns, or figs or thistles? (Matt. 7:16). Many times Metodij publicly declared that the MOC was not schismatic, that it was an Orthodox Church and that, regardless of the fact that it was not in unity with other Orthodox churches, it was a graceful church and there was salvation in it. But we, at least, have not heard him somewhere to explain how this is possible. And this leads us to the conclusion that the man is more a deceit, than a self-deceptive

дека е можно со таквиот негов начин да се привлекува некого кон себеси, од оние неискусните што се во потрага по духовност, сепак нив не ги привлекол кон Црквата, туку само кон себеси. Од друга страна, со таквиот негов начин на живот тој соблазнил многумина во црквата, а тоа не престанува да го прави до денес.

Немавме никаква намера да ги соопштуваме суштинските промашувања на г. Методиј, во кои дури и сега тој истрајува, ако не почнеше многу често да ја дискредитира Црквата, и тоа преку медиумите. Кога го бираа за епископ пред неколку месеци, или можеби има година, не сакавме ништо да коментираме за неговото неканонско ракополагање. Ќе си останеше во нашето сеќавање како сосем просечен претставник на синодот на МПЦ, којшто и го избра. Но, сега кога сам нè предизвикува да реагираме, сметаме дека Црквата не треба да молчи и дека должност ѝ е да разоткрие што е невистинито, што е манипулација, обмана и самообмана.

Зошто без негово присуство не може да се отвори ниту една изложба на дела од современата уметност, или да се промовира книга од современата книжевност, не треба да се коментира. Човекот ги заменил лончињата и наместо критичар на уметноста, постанал „епископ“. Секако, тоа е можно само во средина која нема ништо заедничко со Црквата, средина која е во раскол и нема единство со Телото Христово. Самиот нецрковен амбиент кој владее во која било расколничка средина, нека е тоа во Украина, Бугарија или Црна Гора, не може да произведува црковна свест. Всушност, затоа и секој раскол однапред е осуден на самоуништување. Една расколничка организација може да премине во некој друг вид на организација, да биде доброволна, непрофитна, хуманитарна, владина или невладина, но не може да биде Црква. Едноставно затоа што нема свест за единство со другите цркви во светот.

Зошто расколничката МПЦ произведува епископи од типот на г. Методиј, воопшто не е чудно. Се бере ли грозје од трње или смокви од чичка? (Мат. 7. 16). Многупати г. Методиј јавно изјавувал дека МПЦ не била расколничка, дека таа била православна Црква и дека без оглед на тоа што не е во единство со другите православни цркви таа е благодатна црква, и

person. In the interview he gave for "Time", the journalist asked him: "Should the path for resolving the status of the MOC be sought via Belgrade or via Constantinople?", and his answer was the following: "the resolution of the status of the MOC should be sought primarily through Skopje, Ohrid, Kavadarci, Strumica, Bitola, etc. What Belgrade, Moscow or Constantinople can do for us, in order to help us, is to have good will to recognize the status of piety and the original Orthodox liturgical culture that we will develop as an autocephalous church from the inside."

How is it possible "Belgrade, Moscow or Constantinople" to recognize, in good faith, what is not in possession neither of kyr Metodij, nor of the schismatic MOC. Among the bishops of the schismatic MOC there are many manipulators, politicians, businessmen, family people with wives and children, lovers of good food and a folk music, and also there are some as kyr Metodij who are lovers of techno parties and contemporary art, but how is their church consciousness to be recognized? Not because some of the local Orthodox churches do not want to recognize church consciousness among the bishops of the schismatic MOC or to recognize the autocephaly of the church in the Republic of Macedonia, but how can one recognize and how can one acknowledge the things they do not possess?

When the journalist of "Vreme" asked kyr Metodij "what is the solution of the issue with the church of Jovan Vraniskovski in Macedonia" he answered: "this question reminded me of a remark that, to my mind, shall be articulated as a position of the MOC to the media, as well. We should be very subtle, if our intentions are honest regarding the way we address this pejorative phenomenon in our new church history. Every incorrect or careless qualification only gives legitimacy to what neither the law on religious communities, as one instance, nor the opinion of the people, as another instance, accept or approve. If something is to be defined as a church is a complex matter and requires a lot of attention. A church that identifies itself with a citizen convicted of a crime, devalues the very idea of a church. And, with the last departure of Vraniskovski to imprisonment, the mentioning of the so-called, Orthodox Ohrid Archbishopric, gained popularity, although many media spoke about this installation of the Serbian state and church

во неа имало спасение. Но, барем ние не сме слушнале некаде да објасни како е тоа можно. А тоа нѐ води кон заклучок дека човекот е повеќе измамник отколку самоизмамен. Во интервјуто, што го даде за „Време“, новинарот го прашува: „Дали патот за решавање на статусот на МПЦ треба да се бара преку Белград или преку Цариград?“ – а тој одговара: „решавањето на статусот на МПЦ треба да се бара најнапред преку Скопје, Охрид, Кавадарци, Струмица, Битола и т. н. Она во што можат да ни помогнат Белград, Москва или Цариград е со многу добра волја да го препознаат статусот на благочестие и изворно православна литургиска култура која ние ќе ја развиваме како одвнатре автокефална црква“.

Како е можно „Белград, Москва или Цариград“ – со добра волја да го препознаат тоа што го нема ниту г. Методиј, ниту расколничката МПЦ. Меѓу епископите на расколничката МПЦ може да препознаат манипуланти, политичари, бизнисмени, фамилијарни луѓе со жени и деца, љубители на добро јадење и кафеанска песна, а по некои како г. Методиј и љубители на техно журки и современа уметност – но каде ќе ја најдат за да им ја препознаат црковната свест? Не затоа што некоја од помесните православни цркви не сака да препознае црковна свест кај епископите на расколничката МПЦ или да ѝ признае автокефалност на црквата во Р. Македонија, туку како тоа да го препознае и како да го признае она што го немаат?

Кога новинарот на „Време“ го прашува г. Методиј: „како треба да се реши прашањето со црквата на Јован Вранишковски во Македонија“ – тој одговара: „ова прашање ме потсети на една забелешка која мислам дека треба да се артикулира и како став на МПЦ кон медиумите. Треба да се биде многу суптилен ако намерите ни се чесни кон начинот на кој се ословува овој пејоративен феномен во нашата нова црковна историја. Секој паушален или невнимателен квалификатив само му дава легитимитет на она што ниту Законот за верски заедници како една инстанца, ниту ставот на народот како друга инстанца не го прифаќаат, ниту одобруваат. Нешто да се дефинира како црква е комплексна работа и бара многу внимание. Црква која се идентификува со граѓанин осуден за криминал, го девалвира самиот поим за црква. И, со последното заминување

chauvinism in Macedonia, as a legitimate Ohrid Archbishopric, which is a gross deception, counterproductive of everything we stand for in defense and affirmation of the Macedonian character. We need to get rid of the self-destructiveness, and the question of how to solve this ill-fated question of ours, is identical to the question of how to eradicate the wars in the world?"

For ecclesiologists and theologians, no additional explanation is needed because at the beginning we wrote that the schismatic bishop Metodij is ignorant of Orthodox theology. Only the above-quoted section – the answer to the question in an interview – reveals the modest, but unfortunately, wrong theological erudition of kyr Metodij. One cannot expect every bishop to be a good theologian, much less, that among the schismatics you can find a theologian, but what kyr Metodij is stating is not only a theological deficit, but also a pronounced heresy.

The fact that the Orthodox Ohrid Archbishopric was not registered with the communist law on religious communities and religious groups, which is still valid in the Republic of Macedonia, is a sufficient reason for him to say that the only canonical church in the Republic of Macedonia is a pejorative phenomenon. A church recognized by all other Orthodox Churches in the world, as is the case with the Orthodox Ohrid Archbishopric, according to kyr Metodij, is identified with a citizen convicted of crime (certainly alluding to us).

In only two different sentences of the same passage, there are two huge ecclesiological failures. The political acknowledgement of the Church is neither a necessity, nor a disadvantage. According to Metodij, it turns out that in the first three centuries of the Christian history there was no Church at all, because it was not recognized by the Roman emperors. His statement that the Orthodox Ohrid Archbishopric is identified with a citizen convicted of a crime is inaccurate in at least two aspects. First, the Church identifies only with Christ, no other person, neither angel, nor saint, and neither with the sinful Archbishop of Ohrid, Jovan. And, secondly, to create a propaganda, as the schismatic Bishop Metodij is trying to make, that Archbishop Jovan was a criminal, is in advance condemned to failure. It goes without saying, not only in the Republic of Macedonia, but also around the whole

на Вранишковски на робија стана актуелно спомнувањето на т. н. Православна Охридска Архиепископија, иако во многу медиуми за оваа инсталација на српскиот државен и црковен шовинизам во Македонија се зборува како озаконета Охридска Архиепископија, што е груба невистина, контрапродуктивна на сето она за што се залагаме во одбрана и афирмација на македонскиот бит. Треба да се ослободуваме од автодеструктивност, а прашањето како да се реши ова клето наше прашање е идентично на прашањето како да се искоренат војните во светот?“

За упатените во еклисиологијата и теологијата, не е потребно никакво дополнително објаснување, бидејќи во почетокот напишавме дека епископот расколник Методиј е неук во православната теологија. Само од горецитираниот пасус, кој е одговор на прашање во едно интервју, се открива скромната, но за жал и погрешна теолошка ерудиција на г. Методиј. Додуша не може да се очекува секој епископ да биде врвен теолог, уште помалку е за очекување дека меѓу расколници можеш да најдеш теолог, но она што го изјавува г. Методиј не е само теолошки дефицит туку е и нагласена ерес.

Тоа што Православната Охридска Архиепископија не била регистрирана со комунистичкиот закон за верски заедници и религиозни групи, кој сè уште е на важност во Р. Македонија, за него е доволна причина да каже дека единствената канонска црква во Р. Македонија била пејоративен феномен. Црква која е призната од сите други Православни Цркви во светот, каква што е Православната Охридска Архиепископија, според г. Методиј се идентификува со граѓанин осуден за криминал (секако алудирајќи на нас).

Само во две различни реченици од еден ист пасус, две огромни еклисиолошки промашувања. Политичката нострификација на Црквата, ниту е неопходност, ниту недостаток. Според размислувањата на Методиј, излегува дека во првите три века христијанска историја, воопшто немало Црква, затоа што таа не била призната од римските императори. Тоа пак, што вели дека Православната Охридска Архиепископија се идентификувала со граѓанин осуден за криминал не е точно барем од два аспекти. Прво, Црквата се идентификува само

world, that all trials against the Archbishop Jovan are political, and with a great share of the schismatic MOC in them. But in the political processes, however, you can easily make someone, not only a criminal, but also a Martian. Let us all recall that there are other examples of political processes that made criminals of other saints in the history as well: St. Athanasius the Great and St. John Chrysostom and many other saints. But the Church recognizes from the inside, who is a criminal and who is schismatic and heretic. Therefore, the Church has decided long ago that the appeals by the schismatics and heretics should not be accepted in the church courts.

Thirdly, it is evident from the passage cited above, that according to kyr Metodij, the Orthodox Ohrid Archbishopric was an installation of the Serbian state chauvinism in the Republic of Macedonia. This is not his original delusion, but it was produced, several years ago, by the schismatic bishop of Australia, kyr Peter, who said that the Orthodox Ohrid Archbishopric was a branch (exhibition) of the Serbian Orthodox Church and an espionage department of the Serbian state. Later, this was accepted by the schismatic bishop of Debar and Kicevo Timotej. We have already answered this, but on this occasion, we will only briefly point out for those who have at least elementary knowledge of ecclesiology, that all Orthodox churches in the world are "branches" (exhibitions) or "installations" (displays) – as the schismatics in R. Macedonia call the Orthodox Ohrid Archbishopric - of the One Holy Cathedral and the Apostolic Church. All local Orthodox churches are taken over in one Body of the Church and all of them are, in a way, branches of the One Church of Christ, the Serbian, the Greek or any other Orthodox Church. The Orthodox Ohrid Archbishopric is an autonomous Orthodox church in the canonical area of the Patriarchate of Peć. Through this Patriarchate, it is in unity with all other churches. Thus, although ecclesiologically it is very imprecise, it would not be wrong to say that the Serbian Orthodox Church is a branch (exhibition) of the One Holy Cathedral and the Apostolic Church, the Orthodox Ohrid Archbishopric is a branch of the Serbian Orthodox Church, but of the One Holy Cathedral and the Apostolic Church, as well. The branch is not a part of the Church, but the whole Church in her fullness is within it, or is

со Христос, со ниедно друго лице, ниту со некој ангел или светител, ниту со грешниот Архиепископ охридски Јован. А второ, да се создаде пропаганда, како што се обидува да направи расколничкиот епископ Методиј, дека Архиепископот Јован бил криминалец, однапред е осудена на неуспех. Веќе и врапците, не само во Р. Македонија, туку и во целиот свет, знаат дека сите судски процеси против Архиепископот Јован се политички, во кои голем удел има расколничката МПЦ. Во политичките процеси можеш да го направиш некого, не само криминалец, туку и марсовец. Да се потсетиме дека политичките процеси направиле криминалци и од: свети Атанасиј Велики, свети Јован Златоуст и од многу други светители. – Но, Црквата одвнатре распознава кои се криминалци, а кои се расколници и еретици. Затоа одамна одлучила од расколници и еретици да не се прифаќаат тужби во црковните судови.

Трето, забележливо од цитираниот пасус, е дека според г. Методиј, Православната Охридска Архиепископија била инсталација на српскиот државен шовинизам во Р. Македонија. Тоа не е негова оригинална заблуда, туку е произведена пред неколку години од расколничкиот епископ австралиски г. Петар, кој велеше дека Православната Охридска Архиепископија била експозитура (изложба) на Српската Православна Црква и оддел за шпионажа на српската држава. Нешто подоцна ова го прифати и расколничкиот епископ дебарско кичевски Тимотеј. На ова веќе имаме одговорено, но во оваа прилика само накратко ќе споменеме за оние што имаат барем елементарни познавања од еклисиологијата. Сите православни цркви во светот се „експозитури“ (изложби), или „инсталации“ (поставки) – како што расколниците во Р. Македонија ја нарекуваат Православната Охридска Архиепископија – на Едната Света Соборна и Апостолска Црква. Сите помесни православни цркви се преземаат во едното Тело на Црквата и сите се на некој начин експозитури на Едната Христова Црква, и српската, и грчката и која било друга православна Црква. Православната Охридска Архиепископија е автономна православна црква во канонското подрачје на Пеќската патријаршија. Преку неа таа е во единство со сите други цркви. Така, иако еклисиолошки многу непрецизно, не би било погрешно да се рече дека Срп-

adopted by the branch. This is a generally accepted teaching of the Orthodox Church, which, so far, only Rome and the schismatics in the Republic of Macedonia cannot understand. Thus, the schismatic MOC is nobody's branch, but in the church canonical area of the Orthodox Church it does not even exist. Consequently, it is nobody's branch.

The last thing we would like to review from the above stated paragraph is the statement by kyr Metodij that the tendency of some media to speak "as for a legitimate Ohrid Archbishopric" was "counterproductive to everything we stand for in defense and affirmation of the Macedonian character", and this is impossible to be interpreted otherwise, except as ethnophyletism. We have addressed this quite enough, and on this occasion, we will point out that ethnophyletism, which itself is condemned as heresy, is the beginning of all other erroneous church teachings, which started to appear among most of the bishops in the schismatic MOC.

To the question by the journalist of "Vreme" newspaper: "What is your view on the imprisonment of Jovan Vraniskovski in Idrizovo?", kyr Metodij responds: "just like the imprisonment of one of the many citizens accused of criminal acts". If the schismatic bishop kyr Metodij has a heretical faith, if the schism has become his way of life, it is almost impossible to expect that he can have a Christian ethos, or even a Christian ethics. The true Church is compassionate and merciful towards the sinners, all the more towards the convicts, that is, the prisoners. Children of Curch are also those who have done wrong to society and the Curch does not give up on them. Even if they are labeled as bad and as criminals by everyone else, the true Church wants to shelter its children, not to beat them, but to help them, at least, to suffer less. The Church is aware that it is composed of sinners and that those in prison are indissolubly part to its Body. On top of this, there are many prisoners who are unjustly convicted. To hear from a bishop, even a schismatic one, that the Church sees differently those who are condemned by the state or, as they are called criminals, in comparison to those who may have done the same mistakes and offenses, but are not caught and convicted, is really immature. Therefore, in a review of the contribution of the

ската Православна Црква е експозитура (изложба) на Едната Света Соборна и Апостолска Црква. Православната Охридска Архиепископија е експозитура на Српската Православна Црква, но и на Едната Света Соборна и Апостолска Црква. Експозитурата пак, не е дел од Црквата, туку целата Црква во нејзината полнота пребива или се презема со експозитурата. Ова е општо прифатено учење на православната Црква, кое засега само Рим и расколниците во Р. Македонија не го сфаќаат. Така расколничката МПЦ не е ничија експозитура, но во црковно канонското подрачје на православната Црква таа и не постои. Следствено, затоа и не е ничија експозитура.

Последно на што ќе се осврнеме од горецитираниот пасус е изјавата на г. Методиј дека тенденцијата на некои медиуми да се зборува „како за озаконета Охридска архиепископија", било „контрапродуктивно на сето она за што се залагаме во одбрана и афирмација на македонскиот бит" – не може поинаку да се протолкува освен како етнофилетизам. И на ова сме се осврнале достаточно, а во оваа прилика ќе потенцираме дека етнофилетизмот, којшто самиот е осуден како ерес, е почеток на сите други погрешни црковни учења, што почнаа да се јавуваат кај повеќето од епископите во расколничката МПЦ.

На прашањето на новинарот на „Време": „како гледате на затворањето на Јован Вранишковски во Идризово?" – г. Методиј одговара: „како на затворање на еден од многуте граѓани обвинети за криминални дејства". – Ако расколничкиот епископ г. Методиј има еретичка вера, ако расколот му постанал амбиент на животот, скоро невозможно е да се очекува дека може да има христијански етос, па дури ни христијанска етика. Вистинската Црква е сострадална и милостива кон грешникот, дури и кон осудениот, односно затвореникот. Нејзини чеда се и оние што нешто згрешиле пред општеството, и таа не се откажува од нив. Дури и од сите да се обележани како лоши и како криминалци, вистинската Црква сака да ги покрие своите деца, не да ги дотолчи, туку да им помогне барем помалку да страдаат. Црквата е свесна дека е составена од грешници и дека во нејзиното Тело неделиво се поврзани и оние што се во затвор. Згора на тоа има многу затвореници кои се неправедно осудени. Да чуеш од еден епископ, па нека е тоа и расколник,

Church to the prisons, we pointed out that the MOC is immature to contribute to the re-education of prisoners. The aforementioned sentence stated by kyr Metodij is quite sufficient, for a person to understand that the MOC as a schismatic organization will never be ready to offer assistance to the prisoners, and without the intent to be taken wrongly, but we think that we know the reason why. They cannot charge their "services" from the prisoners, and everything that cannot be paid up, is outside of the "spiritual sphere" of the MOC's actions.

Yet again, whether you are a criminal or not, as we have already said above, it remains unsaid.

September 2006
prison "Idrizovo" – Skopje

дека Црквата поинаку гледала на оние што се осудени од државата или како што ги нарекува – криминалци, отколку на оние што можеби ги имаат истите грешки и престапи како претходните, но не се фатени и осудени – навистина е незрело. Затоа во еден осврт за придонесот на Црквата во затворите, рековме дека МПЦ е незрела да придонесе во превоспитувањето на затворениците. Само гореспоменатата реченица, којашто ја изјави г. Методиј е сосем доволна, за човек да разбере дека МПЦ, како расколничка организација, никогаш нема да биде подготвена да даде помош на затворениците, а нека не ни биде замерено, но сметаме дека знаеме и зошто. Од затворениците не можат да наплатат за нивните „услуги“, а сè што не може да се наплати, надвор е од „духовната сфера“ на делување на МПЦ.

Тоа пак, дали сме криминалец или не, како што погоре рековме, веќе ни врапците не можеш да ги излажеш.

Септември 2006 год.
затвор „Идризово“ – Скопје

ARCHBISHOP OF OHRID
AND METROPOLITAN OF SKOPJE

Protocol No. 186 from December 11, 2006
Prison "Idrizovo" – Skopje

To
His Par Excellence
The President of the Government
of the Republic of Macedonia
Mr. Nikola Gruevski

Your Excellency,

At the beginning of this passing year – that is almost a year ago, we addressed a letter to Your institution (N. br. 1 of January 3, 2006) in which we kindly ask you with great pain and exhausted cry, to help us to stop the injustices, exiles and tortures over the members of the Orthodox Ohrid Archbishopric. The motive of that letter was the announcement that the law poposal for religious communities and religious groups should enter into a parliamentary procedure. Having had concrete remarks on many articles under the aforementioned law proposal, we informed you of the same in the letter.

However, the previous government majority failed to introduce the law proposal on the religious communities and religious groups for adopting by the Parliament. Despite the fact that the adoption of the law was among the short-term priorities set by the Council of Europe, over a year has passed since the establishment of the report on the principles, priorities and conditions contained in the European partnership with the Republic of Macedonia. The legislative authorities failed to adopt a law containing the recommendations for the compatibility with the legislation with the European Union, as well as with the international declarations for human rights and freedoms.

АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ
И МИТРОПОЛИТ СКОПСКИ

Протокол Бр. 186 од 11 Декември 2006 година
Затвор „Идризово“ – Скопје

До
Неговото Превосходство
Претседателот на Владата
на Р. Македонија
г. Никола Груевски

Ваша Екселенцијо,

На почетокот на годинава која минува – значи пред скоро една година, се обративме со писмо до Вашата институција (Н. бр. 1 од 3 јануари 2006 год.) во кое Ве замолуваме со болка и изнемоштен вик, да ни помогнете да престанат неправдите, прогонствата и тортурите врз припадниците на Православната Охридска Архиепископија. Мотив за тоа писмо беше најавата за влегување во собраниска процедура на предлог законот за верските заедници и религиозни групи. Имајќи конкретни забелешки на повеќе членови од споменатиот предлог закон, ние во писмото Ви ги соопштивме.

Сепак, претходното собраниско мнозинство не го постави предлог законот за верските заедници и религиозните групи на усвојување во Собранието. Иако, донесувањето на тој закон беше меѓу краткорочните приоритети зададени од Советот на Европа. Има повеќе од една година од објавувањето на извештајот за принципите, приоритетите и условите содржани во Европското партнерство со Р. Македонија. Законодавната власт не успеа да усвои закон кој ќе ги содржи препораките за компатибилност со законодавството на Европската Унија, но и меѓународните декларации за човековите права и слободи.

Сметаме дека за тоа постои една и единствена причина, а

We believe that there is only one and sole reason for that - the Government's determination to continue to protect the monopoly of the Macedonian Orthodox Church. Until recently it was also thought that it protected the monopoly of the Islamic religious community. However, in a previous program of "Forum to Europe" broadcast on Sitel Television (presented on 4 November 2006), the representative of the Islamic religious community unambiguously declared that the Islamic religious community should not hinder the accession of the Republic of Macedonia into the European Union and that they would agree the disputed article of the draft law on religious communities, providing for only one religious community to be registered from one religion, to be changed and made compatible with the European legislation.

Contrary to this, the representative of the MOC, Metropolitan Peter, declared a certain militant position, alien to a clergyman. He said that MOC would not agree changes to be made in the article under the draft law stipulating that an existence of one religious community to be legally recognized from one religion even at the cost of the Republic of Macedonia not getting an accession to the EU. While taking part in the same TV program he stated the following: "Have the Europeans forgotten the wars hey had during the Papal Schism? Do they want us to start religious wars here?" (See also: "Vreme" of 8 November, 2006)

His religious but also democratic intolerance has been well known for a long time. Due to the same intolerance he dispelled the Diocese of Australia and New Zealand – a Diocese of MOC. However, this statement was rather too much, for he was not presenting his personal positions only, but also the positions of whole MOC. Even if we do not want to believe that the whole church leadership of MOC is so intolerant and militant, the fact is that the Government by protecting the monopoly of MOC protects such extremely undemocratic phenomenon in the society.

It is explicitly wrong to think and speak, that the acceptance of the reality that the existence of another religious community, such as the Orthodox Ohrid Archbishopric, may cause interreligious tension and intolerance. On the other hand, it cannot be concealed that the preference and monopoly of MOC by the Government of the Republic of Macedonia, makes that religious

тоа е владината определба сè уште да го штити монополот на Македонската Православна Црква. До пред извесно време се мислеше дека таа го штити монополот и на Исламската верска заедница. Но на една од претходните емисии на „Форум за Европа“ на Сител телевизија (прикажана на 4 ноември 2006 год.), претставникот на Исламската верска заедница недвосмислено се изрази дека Исламската верска заедница нема да го кочи пристапот на Р. Македонија во Европската Унија и дека ќе се согласат спорниот член од нацрт законот за верските заедници, со кој се предвидува од една вероисповед да може да се регистрира само една верска заедница, да се промени и да се направи компатибилен на европското законодавство.

Наспроти тоа, претставникот на МПЦ – Митрополитот Петар, појави еден милитантен став, несвојствен за духовно лице. Тој рече дека МПЦ дури и по цена Р. Македонија да не влезе во ЕУ, нема да се согласи да се промени членот од нацрт законот кој предвидува од една вероисповед да се признае законско постоење само на една верска заедница. Учествувајќи во истата емисија, тој ги употреби зборовите: „Зарем Европејците заборавија какви војни имаа кога се одвојуваше папството? Зарем сакаат да почнеме тука верски војни?“ (види исто така: „Време“ од 8 ноември 2006 год.).

Неговата верска, но и демократска, нетолеранција е одамна позната. Заради таа нетолеранција тој ја растури Австралиската епархија на МПЦ. Но оваа изјава е веќе премногу, зашто во таа емисија тој не ги промовираше своите ставови, туку беше претставник на целата МПЦ. Дури и да не сакаме да поверуваме дека целиот врв на МПЦ е толку нетолерантен и милитантен, факт е дека власта, штитејќи го монополот на МПЦ, штити една ваква, крајно недемократска појава во општеството.

Експлицитно се покажува дека е неиздржано да се мисли и да се говори, дека меѓуверска напнатост и нетолеранција би можело да предизвика самото прифаќањето на реалноста за постоењето на уште една верска заедница, каква што е Православната Охридска Архиепископија. Но од друга страна, не може да се сокрие токму спротивното, дека фаворизирањето и монополизирањето на МПЦ од страна на власта на Р. Маке-

organization intolerant and destructive towards anything that is not under the administration of their Holy Synod of Hierarchs.

We would not get into a deep analysis here, since it is necessary the aforementioned article under the law proposal on the religious communities to be changed and harmonized with the European legislation. Firstly, since we have already done it several times and consider it absolved, and secondly and more importantly since it is clear to everybody who puts us into a position to irrationally protect the monopoly of MOC. The international conventions for human rights and freedoms and the European legislation, not only protect, but also encourage the right on religious freedom and individual beliefs of a person. This is not the first time in the modern history, not to mention the events from centuries ago that disagreements and divisions in a religious organization happen. However, it is not the first time what Ms. Mirjana Najchevska, a Chairwoman in resignation of the Helsinki Committee in the Republic of Macedonia, participant and collocutor in the aforementioned program "Forum to Europe", said to the two representatives from MOC and IRC, a legal possibility to register new religious community shall be provided to anyone who does not agree with the church leadership of the already legally recognized religious community. Thus, the law shall provide for establishment of new religious communities, resulting not only from different religions but also from the possible conflicts with the church leadership of the already legally recognized religious community, provided that it is compatible with the international declarations for human rights and freedom of religion. Should the new law stipulate the same as it is stipulated in the outdated invalid law (since the Constitutional Court of the Republic of Macedonia has already annulled a few articles thereto) - only one religious community to be recognized for one religion, a room shall be left for the enforcement authorities to act as an arbiter and interpreter of religious affairs regarding whether any or no religious differences exist between certain religions, or whether they are the same religion. Let's say, despite the fact that the Orthodox Ohrid Archbishopric could have been registered in accordance with the out-dated law (since it submitted a submission to the registration acts that it did not have the same religion as MOC,

донија, ја прави таа верска организација нетолерантна и деструктивно расположена кон сè што не е под управа на нивниот Архијерејски Синод.

Овде не би влегувале во проширена анализа, зошто е неопходно споменатиот член од предлог законот за верските заедници да биде променет и усогласен со европското законодавство. Прво од причина што тоа сме го правеле во повеќе наврати и го сметаме за апсолвирано, а второ, уште поважно, затоа што тоа е јасно секому кој не се става во позиција неразумно да го штити монополот на МПЦ. Меѓународните конвенции за човекови права и слободи и европското законодавство, не само што го штитат, туку и го поттикнуваат правото на избор на вероисповед и индивидуално убедување на поединецот. Не е првпат во современата историја, а да не говориме за случувањата пред неколку векови, да се појават недоразбирања и одвојувања во една религиозна организација. Не е првпат она што во гореспоменатата емисија „Форум за Европа“ на Сител телевизија, како учесник и соговорник на спомената двајца претставници од МПЦ и ИВЗ, го рече г-ѓа Мирјана Најчевска – претседател во оставка на Хелсиншкиот комитет во Р. Македонија, дека мора да му се обезбеди секому законска можност, доколку не се согласува со раководството на веќе законски признатата верска заедница, да може да регистрира нова. Значи, законот мора да обезбеди, ако сака да биде во согласност со меѓународните декларации за човекови права и слобода на вероисповедта, да може да се појавуваат и нови верски заедници, кои нема да произлезат само од разлики во вероисповеданијата, туку и од евентуалните конфликти со раководствата на веќе признатите верски заедници. Ако и со новиот закон се остави повторно истата поставеност од стариот и веќе неважечки закон (бидејќи Уставниот суд на Р. Македонија има укинато повеќе членови од тој закон), – од една вероисповед да може да биде призната само една верска заедница, ќе се остави можност извршната власт да добие улога на арбитер и толкувач по верски прашања, во тоа дали има верски разлики помеѓу поедини вероисповеди, или пак тие се исти. Да речеме, иако Православната Охридска Архиепископија можеше да биде регистрирана и по стариот закон (бидејќи од една страна

and on the other hand it emphasised that it was a church recognized by all Orthodox Churches in the world, whereas MOC was in schism and it was not recognized as a church), nevertheless, the Government commission form first-instance and the second-instance, and later the Supreme Court ruled that two religious communities cannot be registered for one religion, and the registration of the Orthodox Ohrid Archbishopric was rejected.

In order to be more precise, let's put it as follows: The new law should provide no monopoly for a certain religious community, and there should be no legal obstacles for registration of religious communities which do not wish to be under the jurisdiction of a church leadership of an already established religious community. – In other words, no possibility should be left for the authority in charge of the registration of the religious communities, to get into dogmatic examinations whether two religions are the same or different, or to what extend they are similar or different respectively. It would result in the same difficulties existing today, difficult to be borne, since they culminated in terror and imprisonment.

Not a single debate has sparked off regarding this issue of an actual interest for four years (apart from the aforementioned program "Forum to Europe"), probably due to the fact that anybody who holds monopoly refuses to debate regarding it. The media has refused all the proposals for public debates proposed by the members of the Orthodox Ohrid Archbishopric.

In the end let us briefly refer to one of the recent sporadic and selective articles in the media, all protecting the monopoly of MOC.

On November 25, 2006, the daily newspaper "Dnevnik" published an article with the following title: "Law proposal on religious communities" – by the proto deacon Slave P. Projkovski. The article, apart from being historically unsustainable, it also contained a rather confused analysis and drew extremely disputable conclusions. Confusing faith and nation, state and church and identifying them today in the 21st century seemed rather parodical, romantic and inexperienced. In the century characterized by the promotion of human rights and religious freedoms, it seems rather clumsy and awkward to defend the monopoly of

поднесе поднесок во актите за регистрација дека таа нема иста вероиповест со МПЦ, а од друга страна нагласи дека е тоа Црква која е признаена од сите Православни Цркви во светот, а МПЦ е во раскол и не е признаена Црква), сепак првостепената Владина комисија и второстепената, а потоа и Врховниот суд, одлучија дека од една вероисповед не може да има две верски заедници, и ја одбија регистрацијата на Православната Охридска Архиепископија.

За да бидеме поконцизни, би се изразиле на следниов начин: Новиот закон треба да овозможи ниту една верска заедница да нема монопол, и да не постои законска пречка да бидат регистрирани како верски заедници сите оние што не сакаат да бидат под јурисдикција на раководството на некоја веќе постоечка верска заедница. – Со други зборови, да не се остави можност, органот кој ќе ги регистрира верските заедници, да влегува во догматски испитувања дали некои вероисповеди се исти или различни, или пак до кој степен се исти, а до кој различи. Тоа би довело до истите тешкотии кои денес постојат и не би дошло до никаков напредок, а веќе сме сведоци дека тие тешкотии повеќе не се поднесуваат, бидејќи кулминираа со терор и затворања.

По оваа тема која е актуелна веќе полни 4 години, досега не се разви сериозна дебата (освен споменатата емисија „Форум за Европа“ на Сител телевизија), а тоа е веројатно од причина што никој што има монопол не сака дебати во врска со тој негов монопол. Средствата за информирање ги одбиваат сите предлози за јавни дебати што ги предлагаат членовите на Православната Охридска Архиепископија.

Нека ни биде допуштено за крај, накратко да се осврнеме на едно од последните спорадични и селективни пишувања во средствата за информирање, а сите во заштита на монополот на МПЦ.

На 25 ноември 2006 год., весникот „Дневник“ објави еден текст со наслов: „Предлог законот за верски заедници“ – од протоѓаконот Славе П. Пројковски. Текстот, покрај тоа што е историски неиздржан, содржи прилично збркана анализа и изведува крајно спорни заклучоци. Да се прави замешателство меѓу верата и нацијата, државата и Црквата, и истите да се по-

MOC, which by the way, some individuals insist on unconditionally holding to it due to their economic benefit, specifically:"The one who is not for a monopoly of MOC is against the state. – Thus, anyone who belongs to a different religious community, for instance some Evangelical or Methodist Church and who proselytes and wins believers, ex members of MOC, or the one who is not a member of MOC and is an atheist, is considered to be against the state. Not only it is clumsy, but it is also immature.

At the end, hereby we remind you that it is not only Article 2 under the law proposal on religious communities and religious groups that is disputable. In the aforementioned letter sent at the beginning of the year it was also pointed out that the following: Article 7 paragraph 4, Article 9 paragraph 4, Article 10 paragraph 2 and Article 11 were disputed. Since we have not been consulted by anyone regarding us the law proposal thus we are not sure whether any other version different from the one dated in December 2005, has been drawn up, therefore we would like to point out that the previous enumerating of the articles and paragraphs refer to the version of the law proposal, available in December last year.

Since it has been announced that the law proposal shall enter in the parliamentary procedure soon, we hereby kindly ask you to do the best power in order not to allow another unjust, but this time legally secured, discrimination against the members of the Orthodox Ohrid Archbishopric.

Discriminated for the faith, however joyful to witness it – imprisoned physically, yet free spiritually:

Archbishop and Metropolitan
+ Of Ohrid and of Skopje Jovan

истоветуваат, денес – во 21 век, изгледа прилично пародично, романтичарски и неизживеано. Во векот кој е карактеристичен по промоција на човековите права и верски слободи, прилично неспретно и незграпно изгледа кога монополот на МПЦ за кој, патем речено, се настојува безусловно да биде сочуван заради економски интерес на поединци, да се брани со пароли и излитени фрази од типот: кој не е за монопол на МПЦ е против државата. – По таа аналогија, секој што припаѓа на некоја друга верска заедница, да речеме некоја евангелистичка или методистичка црква, а која врши прозелитизам и придобива верници што претходно биле членови на МПЦ, или пак, оној кој воопшто не е член на МПЦ и е атеист, би требало да е против државата. Тоа не само што е неспретно, туку е и незрело.

Завршувајќи, напоменуваме дека не е спорен само членот 2 од предлог законот за верски заедници и религиозни групи. Во споменатото писмо кое Ви беше испратено на почетокот на годината беа посочени и членовите: 7 ст. 4, 9 ст. 4, 10 ст. 2 и член 11. – Заради тоа што никој не нè консултира по однос на предлог законот, не сме сигурни дали е направена и некоја друга верзија по онаа од декември 2005 год. и затоа напоменуваме дека претходното нумерирање на членовите и ставовите се однесува на предлог законот, чија верзија беше достапна до декември минатата година.

Бидејќи се најавува дека предлог законот скоро ќе влезе во собраниска процедура, Ве замолуваме да направите сè што е во Ваша моќ да не се направи со овој закон уште една неправедна, овој пат дури и законски обезбедена, дискриминација на припадниците на Православната Охридска Архиепископија.

Дискриминиран заради верата, но радосен што ја сведочи – затворен телесно, но слободен духовно:

АРХИЕПИСКОП И МИТРОПОЛИТ
+ Охридски и скопски Јован

ARCHBISHOP OF OHRID
AND METROPOLITAN OF SKOPJE

Protocol No. 33 from February 12, 2007

TO
The Synod of Bishops of the MOC
that dwells in schism

Your Eminence,

We reread the letters registered in our archives under No. 1029 dated on October 13, 2002 and No. 44 dated on March 8, 2003 being sent by our humbleness to Your Synod of Bishops and thus got convinced that our anticipations have come true in a very short time. In the very first paragraph of the first letter we wrote the following: „Because You have forgotten that a Bishop is a catholic person and that he is protected to a maximal degree according to the Church Canons, due to the fact that if his name is discredited, the whole Church will be discredited, it is our duty as an Exarch of the Ohrid Archbishopric to remind You that You have gone too far. You have gone too far with Your rudeness, violence, frauds and especially with Your inhumanity and canonical offences You have committed."

As for the second letter dated on March 8, 2003 we wrote to You the following: "To our great regret, all the hope that this composition of the Synod of Bishops of the MOC would reject the schism as it is fatal for salvation and annex to the Body of the Church which actually is the very Body of Christ, is almost lost. However, for the sake of the historical responsibility before the future generations, and for the sake of the ones who will decide to dwell in the Church and become odious with the schism as it is something fatal for the soul and for the sake of the ones who will damn all Your decisions and acts as anti-ecclesiastic, uncannonical and heretical in the future, for their sake we have decided to respond and to expose Your delusional plot, malice and envy

АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ
И МИТРОПОЛИТ СКОПСКИ

Протокол бр. 33 од 12 февруари 2007

До
Архијерејскиот Синод на МПЦ
кој пребива во раскол

Ваше Високопреосвештенство,

Ги препрочитавме писмата заведени во нашата архива под бр. 1029 од 13. 10. 2002г. и бр. 44 од 08.03.2003г. кои нашата смиреност ги испрати до Вашиот Архијерејски Синод и се уверивме дека за многу кратко време нашите предвидувања веќе се остварiле. Уште во првиот пасус од првото писмо Ви пишувавме: „Бидејќи заборавивте дека Епископот е соборна личност, дека според каноните на Црквата тој е максимално заштитен, токму од причини што ако се валка неговото име се валка и целата Црква, должност ни е како Егзарх на Охридската Архиепископија да Ве потсетиме дека претеравте. Претеравте во грубоста, во насилство, во измамите, но особено претеравте во нечовештината и канонските престапи кои ги правите".

Во второто писмо, пак, од 08. март 2003г., Ви пишувавме: „На голема жалост сета надеж дека Синодот на архијереи на МПЦ во ваков постоечки состав, ќе го отфрли расколот како погубен за спасението и ќе се присоедини кон Телото на Црквата, кое всушност е самото Тело Христово, скоро е загубена. Но, заради историската одговорност пред наредните генерации, заради оние кои ќе одлучат да живеат во Црквата и ќе го намразат расколот како душепогубен, заради оние кои утре ќе ги проколнат сите ваши постапки и одлуки како противцрковни, неканонски и еретички, заради нив решивме да одговориме и да го разобличиме Вашето опрелестено дело, злобата и зависта својствена на расколниците, но најмногу од сè Вашиот погрешен избор во животот, наместо кон воскресение и живот

characteristic for the schismatics, but foremost Your wrong life choice to move towards the grave and decay instead towards resurrection and life eternal", and further on in the same letter we continued: "Nevertheless we feel sorry for the ones now sitting by You who once had better reputation among the pious people and now they have lost it. Would not it be useful for them to make a sondage of their reputation now? Not among the population of FYRO Macedonia or among the journalists who are not a criterion for the Church, but among the regular Church-goers who take the Holy Communion with the Body and Blood of Christ and who are the true Church and the true criterion. The proverb says: 'You are what the one with You is', and the Apostle said: 'Shall I therefore take the members of Christ and make them members of a prostitute?' (1 Cor. 6, 15), surely wanting to say that one identifies with the one with whom he is in a relationship and communion, not only physically but even more spiritually. The essential fruit of the schism is Your non-communication. You do not want to even see each other, and do not speak with one another."

We are not a prophet or a son of a prophet, however the gifts of a prophet are not necessary for anticipating what is happening to You now. The path You are going along in fact has no other end than the one You taste already. You have used extremely impudent frauds for the purpose to humiliate us and put us in jail, yet I wonder how it is that You had not given a thought to the fact that it was a crime before God, and that people would not forget it. Maybe this would seem arrogant to someone, but we assure that we have established humbly and yet with a thirst for the truth, that one has to be very credulous and thoroughly without a gift for prediction to miscalculate where constructed frauds against somebody who was Your brother until yesterday can lead. Going to a trial with one of Your brothers (our humbleness) before civil courts You are virtually tearing down the Church. What do you think, why the Church canons have established for clergymen not to be tried before civil courts?

We deem ineffective to talk to You about the Canons of the Church for we know that the majority of You who seat in that Synod of Schismatics have not seen how a Code of Cannons of the Ecumenical and Local Councils looks, not to mention that all of

вечен да се движите кон гробот и распаѓањето", а подолу во истото писмо продолжуваме: „Жал ни е само што некои кои седат со Вас, некогаш имаа подобар углед помеѓу верниците, а сега го изгубија. Добро би било да си направат една сондажа каков им е сега угледот? Не кај населението во Македонија, ниту кај новинарите, тие не се критериум за Црквата, туку кај оние кои редовно се црквуваат, кај оние кои се причестуваат со Телото и Крвта Христови, тие се вистинска Црква и вистински критериум. Народот вели: со кого си таков си, а Апостолот вели: Ќе ги земам ли значи, членовите Христови и од нив ќе направам членови на блудница (1 Кор. 6,15), секако сакајќи да каже дека со оној со кого имаш однос и заедница, не само телесна уште повеќе духовна, со него и се поистоветуваш. Суштински плод на расколот е вашата некомуникација. Не сакате да се видите еден со друг, едни со други не зборувате."

Не сме ниту пророк ниту пророчки син, но за да се предвиди ова што сега Ви се случува не беа ниту потребни пророчки дарови. Патот по кој тргнавте, всушност нема друг завршеток од оној кој веќе почнавте да го вкусувате. Се послуживте со крајно безобразни измами за да нѐ понижите и да нѐ затворите, но како не размисливте дека тоа е злосторство пред Бога, а народот нема да Ви го заборави? Можеби некому ќе му изгледа надмено, но Ве уверуваме дека смирено, а сепак со жед за вистината констатираме оти треба да си многу лековерен и потполно без дар за предвидување за да не пресметаш до каде можат да доведат конструираните измами против еден Ваш довчерашен собрат. Судејќи се со еден Ваш собрат (со нашата смиреност) на граѓански суд, Вие директно ја рушите Црквата. Што мислите, зошто каноните на Црквата предвиделе дека свештени лица не треба да се судат пред граѓански судови?

Да Ви се зборува Вас за каноните на Црквата мислиме дека е безефектно зашто знаеме дека повеќето од Вас кои седите во тој Синод на расколници никогаш не виделе како изгледа еден зборник од каноните на Вселенските и помесните Собори, а да не говориме за тоа дека сите, а не само повеќето од Вас воопшто не ги ни почитуваат истите.

Она што сега Ви се случува воопшто не е казна Божја, иако според сѐ ја заслужувате, туку ова е след и тоа со мате-

You, and not only the majority of You, do not observe them at all.

What is now happening to You is surely not God's punishment although You deserve one judging by everything, but it is rather a mathematically precise consequence of the wrong beginning You have chosen. How could You imagine that someone would believe You that Jovan (John), our humbleness, had done so many abuses of the powers of his bishopric ministry for only 4 years as You have charged him, and that You, who are Bishops for decades now had not abused Your power ever ?

You have taken the advantage of the favouritism of the media and their complete ignorance regarding Church issues. You put them to treat us as traitors and not to give us any room in the media so we could explain them that the danger is not in the Church, but in the schism which has developed to a heresy as it has become obvious already. If we were given space before, the things that happen to You now would have been discovered much earlier. Now they have managed to unmask You themselves, for Your dishonesty has flooded and cannot be hidden any more. Do You not feel that people ridicule You as they used to do with some of You during communism? The difference is only that you damn the journalists now when they start to unmask Your impudence, and You bless them when they literally translate Your frauds and construction of lies. Hypocrisy does not last long. Especially not now in the era of the information society and the Internet.

As you can see Yourselves, everything was discovered much earlier than You have expected, and let us be sincere, much earlier than we had anticipated. Today You can deceive that MOC is the guardian of the nation only somebody in Mariovo, for there is no television yet, and not to mention the Internet. Well, messieurs, MOC is a creation of the communists dating from 1967, so how could it guard the Macedonian people in the time of the Turkish rule or later at the end of the World War II, when it is well known that the administration of the Ohrid Archbishopric was kept only in Greek until its abolition in 1767, and that since 1767 until 1920, the territory of the today's FYRO Macedonia was under jurisdiction of the Constantinople Patriarchate, and from 1870 to 1914 parts of it were under the jurisdiction of the Bulgarian Exarchate.

So in God‘s name, do not lie the people. Starting from 1914,

матичка прецизност на погрешниот почеток кој го избравте. Та зарем можевте да замислите дека некој ќе Ви поверува оти Јован, нашата смиреност, за само 4 години архијерејска служба направил толку злоупотреби за колку го обвинувате, а Вие кои сте архијереи по неколку децении не сте направиле ниту една злоупотреба?

До сега ја ползувавте наклонетоста на средствата за информирање и нивната потполна неупатеност во црковните проблеми. Ги замајувате да нѐ третираат како предавници и да не ни дадат нималку медиумски простор, како би им кажале дека опасноста не е во Црквата, туку дека опасноста е во расколот кој како што е веќе забележливо, премина во ерес. Ако ни дадеа простор порано, ова што сега Вас ви се случува ќе беше откриено многу порано. Сега самите стигнаа да Ве разоткријат зашто Вашето бесчестие се излеа нашироко и веќе не може да се сокрие. Но, не чувствувате ли дека луѓето со Вас се побиваат како што тоа го правеа со некои од Вас и во времето на комунизмот? Разликата е само во тоа што сега кога новинарите почнаа да ги разоткриваат Вашите безобразлуци Вие ги проколнувате, а тогаш кога Вашите измами и конструирани лаги ги пренесуваат дословно, тогаш ги благословувате. Лицемерието нема долгоденствие. Особено не сега, во ерата на информатичко општество и интернет.

Како што и самите гледате, се откри сѐ многу порано отколку што очекувавте, а да бидеме искрени, многу порано отколку што и ние предвидувавме. Сега уште само некој во Мариово, таму каде што нема ни телевизиски програм, а да не говориме за интернет, можете да го замајувате дека МПЦ била чувар на нацијата. Па господо, МПЦ е творба на комунистите од 1967г., како можела да го чува македонскиот народ во времето на османлиското ропство или потоа до крајот на втората светска војна кога се знае дека до укинувањето на Охридската Архиепископија во 1767г., Архиепископијата администрирала речиси само на грчки, од 1767г. до 1920, територијата на денешна Р. Македонија била под јурисдикција на Константинополската Патријаршија, а некои делови од 1870-1914 под јурисдикција на Бугарската Егзархија.

Ве молиме, за името Божјо немојте да го лажете народот.

and officially since 1920 until 1941, the territory of the today's FYRO Macedonia was under jurisdiction of the Serbian Orthodox Church, and from 1941 to 1945 it fell uncannonically under the jurisdiction of the Bulgarian Church, still schismatic in those times. There was not one Bishop in Macedonia since 1945 until 1958, and that means the Church was heretic.

Macedonian Church was founded by virtue of a communist decree even in 1967 and here we beg You not to lie to the people that MOC has preserved Macedonian identity. This letter does not intend to be an analysis of how and when Macedonian nation begun, for whenever it happened, it had nothing to do with the MOC. There is a sole reason for it and that is that the MOC was founded in 1967, and all the previous jurisdictions on the territory of today's FYRO Macedonia were not Macedonian. Or You deem the jurisdictions of the Constantinople Patriarchate, Bulgarian Exarchate and Serbian Orthodox Church to be Macedonian?

See Yourself in a mirror and ask Yourself, is it the same face and the same mouth that blesses the journalists who slander us with calumnies originating from You and then damn them because they have told the truth about You?

If You think that You would keep the positions You hold with hypocrisy, be aware that You are mistaken. Hypocrisy has not brought happiness to anyone ever. At least not for ever and ever. And it is vain doing anything that is not intended to last for ever, for it shall decay even tomorrow. If You have any vision at all, please stop the persecution of the Orthodox Ohrid Archbishopric. For, You can notice it, it pays back to You.

After all, learn from the old proverb: 'Spittle falls in the face of one who spits in the skies". Neither Hebrews nor Romans could destroy the living Church, so neither will You with all Your crimes, even if all the impudence, treachery and shrewdness of Mr. Branko Crvenkovski, who seems to be the benefactor of Your circus judging by all, is on Your side.

Respectfully,

ARCHBISHOP AND METROPOLITAN
† Of Ohrid and of Skopje Jovan (John)

Почнувајќи од 1914г., а званично од 1920г. па се до 1941г., територијата на денешна Р. Македонија била под јурисдикција на Српската Православна Црква, за од 1941-1945 да биде неканонски ставена под јурисдикција на Бугарската тогаш сè уште схизматичка Црква. Од 1945-1958 била без ниту еден Епископ, тоа значи еретичка.

Македонската Црква е создадена со комунистички декрет дури во 1967г. и уште еднаш Ве замолуваме немојте да ги манипулирате луѓето дека МПЦ го очувала македонскиот идентитет. Ова писмо не е место за анализа како и кога настанала македонска нација, но кога и да е, тоа нема ама баш никаква врска со МПЦ. Од единствена причина, МПЦ постои од 1967г., а претходно сите црковни јурисдикции на територијата на денешна Р. Македонија не биле македонски. Или, ако Вие ги третирате македонски јурисдикциите на: Константинополската Патријаршија, Бугарската Егзархија и Српската Православна Црква?

Излезете пред огледало и запрашајте се, со истото лице и со истата ли уста еднаш ги благословувате новинарите кога нас нé клеветат со клеветите кои произлегле од Вас, а со друго нив ги проколнувате зашто ја кажуваат вистината за Вас?

Ако мислите дека со лицемерие ќе ги задржите позициите кои ги имате, знајте дека сте се прелагале. Лицемерието никого никогаш не усреќило. Барем не за вечност. А, сè друго што не е за вечност џабе и го правите, зашто тоа ќе се распадне уште веќе утре. Ако барем малку имате некаква визија престанете со гонењата против Православна Охридска Архиепископија. Зашто тие всушност, ако приметувате сите Вас Ви се враќаат.

Впрочем поучете се од онаа старата поговорка: Кој плука на небото, плуканицата на лице му паѓа. Живата Црква не можеа да ја уништат ниту Евреите, ниту Ромеите, нема да ја уништите ниту Вие со сите Ваши злодела, па нека е со Вас и сиот безобразлук, подмолност и лукавство на Бранко Црвенковски, по сè изгледа последниот добротвор во Вашиот циркус.

Со почит,

АРХИЕПИСКОП И МИТРОПОЛИТ
+ Охридски и скопски Јован

TO THE SECTOR OF INTERNAL CONTROL OF THE SECTOR OF INTERNAL AFFAIRS IN BITOLA AND THE HEAD OF THE SECTOR OF INTERNAL AFFAIRS IN BITOLA

Dear Sirs,

For four years now, beginning in 2002, since His Beatitude the Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje kyr kyr Jovan (John) had left the MOC which is in schism with all the Orthodox Churches and acceded the unity with the One Holy Catholic and Apostolic Church, when the political persecution against him and against all the members of the Orthodox Ohrid Archbishopric started, and the state authorities undertook protection of the monopoly of the MOC, every All Souls Day (Saturdays before the Great Lent when we commemorate the ones who had passed away and attend cemeteries), the clergy of our Archbishopric and the faithful people have tremendous problems. Namely, some group of young people claiming to be employed by the security agency Consul, with an excuse that they were engaged by the Macedonian Orthodox Church, hinder the clergy of the Orthodox Ohrid Archbishopric to attend the graves of the relatives of their flock and perform the prayers according to the customary rites on the All Souls Day.

On the last All Souls Day (February 10, 2007), the boys presenting themselves as employees of the security agency Consul attacked and beaten up Bishop Marko, the Administrator of the Bitola Diocese, and damaged the equipment for performing religious services that he had with himself. They also started to attack the faithful people of the Orthodox Ohrid Archbishopric who wanted prayers to be read on the graves of their passed away relatives by Bishop Marko. After the police was called, Constable Zivko Petrevski came and told us that Bishop Mark had no right to read the prayers on the graves of our ancestors, and that only the priests from the Macedonian Orthodox Church had such right.

Let us remind You that according to Article 399 of the Criminal Code of the Republic of Macedonia, prevention of religious

ДО СЕКТОРОТ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА ПРИ СВР БИТОЛА И ДО НАЧАЛНИКОТ НА СВР БИТОЛА

Почитувани,

Веќе четири години на назад, почнувајќи од 2002 год, откако Неговото Блаженство Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован ја напушти МПЦ која пребива во раскол со сите Православни Цркви и се соедини со Едната Света Соборна и Апостолска Црква и откако почна политичкиот прогон против него, но и против сите членови на Православната Охридска Архиепископија, а откако истовремено државата влезе во заштита на монополот на МПЦ, на секоја Задушница (сабота пред Великиот пост кога се споменуваат покојните и се оди на гробишта), свештенството на нашата Архиепископија и верниците имаат огромни проблеми. Имено, некоја група на млади деца кои се прикажуваат како вработени од агенцијата за обезбедување Конзул под изговор дека биле ангажирани од МПЦ, попречуваат во овој ден свештениците на Православната Охридска Архиепископија да ги посетуваат гробовите на родниите на нивните верници и на гробот да им читаат молитва како што е обичај.

На последната Задушница (10 февруари 2007), момчињата кои се претставуваат дека се од агенцијата за обезбедување Конзул го нападнаа и претепаа Епископот Марко, местобљустител на битолската Епископија и направија штета на богослужебниот прибор кој го носеше. Исто така почнаа физички да се пресметуваат со верниците на Православната Охридска Архиепископија кои сакаа Епископот Марко да им чита молитва на гробовите на нивните упокоени роднини. Откако беше викната полиција, дојде полицаецот Живко Петревски и ни соопшти дека Епископот Марко немал право да ни чита молитва на гробовите на нашите предци, а тоа можеле да го прават само поповите на МПЦ.

Ве потсетуваме дека според Кривичниот законик на Р. Македонија чл.399, спречувањето на верски обред е казниво

rites shall be duly punished. We intend to lodge private lawsuits against the perpetrators of the aforesaid criminal offence, however we hereby address to You so that You investigate why and under which circumstances the police protected the perpetrators of the said criminal offence? There is no other answer except that the monopoly of the Macedonian Orthodox Church was thereby protected.

Nevertheless, the Police shall protect the law and serve all the citizens, and not behave selectively and protect the monopoly of the MOC. Let us not forget that it is financed by all of us as tax payers.

After many oral and written requests for Your protection from the law offenders, hereby we notify You that we are determined to organise our defence ourselves the next time. There is nothing more holy for a person than his faith, and the Police intentionally join the ones who consciously deprive us from our religious freedoms. Dear Sirs, who has the right to order us which clergyman shall attend the graves of our relatives? Maybe the Head of the Police would order that only the priests of the MOC can do that as if the graves are their private property?

Only the clergymen we respect and we want shall attend the graves of our relatives, and not the ones imposed by someone. If You do not want, here we emphasize: „do not want" and it is not that you cannot provide enforcement of the law for us, we, the members of the Orthodox Ohrid Archbishopric will be forced to protect ourselves.

However, the responsibility will be Yours as a Ministry of Internal Affairs of the Republic of Macedonia in such case.

However unimportant it seems to You who consider the members of the Orthodox Ohrid Archbishopric a minority, it would create a long-term instability. The Police exist for the purpose to provide law enforcement and respect of human rights and religious freedom. In this case, the Police take side with the ones violating our religious freedom and rights and offend our reposed ancestors. These things are painful and distressful and unforgettable, and the Police are an accomplice in it. Three years ago a Court of Law convicted His Beatitude the archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje kyr kyr Jovan (John) to a punish-

со закон. За извршителите на тоа кривично дело ние ќе поднесеме приватни тужби но се обраќаме до Вас да испитате зошто и под кои околности полицијата излезе во заштита на оние кои вршат кривично дело? Нема друг одговор освен тој дека се штити монополот на МПЦ.

Но, полицијата треба да го штити законот и да биде во служба на сите, а не да се однесува селективно и во заштита на монополот на МПЦ. Да не заборавиме, таа се издржува од нас како од даночни обврзници.

После многуте усмени и писмени молби да нѐ заштитите од кршителите на законот, најсериозно Ве известуваме дека следниот пат сами ќе се организираме во одбрана. Нема ништо посвето за еден човек од верата, а полицијата се приклучува тенденциозно кон оние кои свесно ги укинуваат нашите верски права. Кој има, господо право да ни кажува кој свештеник ќе доаѓа на гробовите на нашите роднини? Можеби началникот на полицијата треба со декрет да одреди дека треба да парадираат само попови од МПЦ како гробовите да се нивна приватна своина.

На гробовите на нашите роднини ќе доаѓаат оние свештеници кои ние ги почитуваме и кои ги сакаме, а не оние кои некој ќе ни ги наложи. Во колку не сакате, велиме не сакате, а не дека не можете да обезбедите важење на законите и за нас, припадниците на Православната Охридска Архиепископија ние ќе бидеме принудени да се самозаштитуваме.

Но, во тој случај целата одговорност паѓа на вас, како на Министерство за внатрешни работи на Р. Македонија.

Колку да ви изгледа тоа безначајно, сметајќи дека припадниците на Православната Охридска Архиепископија се малцинство, тоа претставува нестабилност на долгорочен план. Полицијата постои за да обезбеди спроведување на законите и почитување на човековите права и верските слободи. Во случајов, полицијата застанува на страната на оние кои ги газат нашите верски права и ги навредуваат нашите покојници. Тие работи се потресни и болни до незаборав, а полицијата е соучесник во нив. Пред три години судот го осуди на казна затвор во траење од една година Неговото Блаженство Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован за тоа што вле-

ment of one year imprisonment because he entered a church being usurped by the MOC. Now, the Police deprive us from an access to the graves of our ancestors, and it is possible that tomorrow we would be tried for attending the cemetery.

Hereby we ask You most politely that Your Internal Control investigates why the Police accomplices with the violation of the Article 399 of the Criminal Code of the Republic of Macedonia and to inform us on the issue in writing on the following address:

Cvetanka Boljevik
Bukovski most br. 8
7000 Bitola

This request is hereby joined by the following persons as aggrieved parties:

signatures of many believers follow

гол во храм кој е узурпиран од МПЦ. Сега насила полицијата не брка и од гробовите на нашите предци а утре можно е дури и да не судат затоа што одиме на гробишта.

Учтиво замолуваме да биде испитано од внатрешната контрола зошто полицијата соучествувала во кршењето на чл.399 од Кривичниот законик на Р. Македонија, како и за тоа да бидеме писмено известени на адреса:

Цветанка Бољевиќ
Буковски мост бр. 8
7000 Битола

На барањето се придружуваат како оштетени:

следуваат потписи на многу верници

ARCHBISHOP OF OHRID
AND METROPOLITAN OF SKOPJE

A LETTER TO THE PRELATES OF THE ORTHODOX CHURCHES

Protocol No. 131 from June 25, 2007
BITOLA

TO
His All Holiness
The Archbishop of Constantinople and New Rome
and the Ecumenical Patriarch kyr kyr Bartholomew

Your All Holiness,

With a little delay since our liberation from our second politically motivated imprisonment by the authorities of the FYR of Macedonia, hereby we turn to Your All Holiness expressing our gratitude for everything You have done for us and for our most holy Ohrid Archbishopric during the period of our serving of prison sentence.

As it is well known to Your All Holiness, that the previous neo-communist Government of the FYR of Macedonia undertook a persecution of the canonical Orthodox Church in this country unseen for our contemporary times. Four year ago, when we were still the Metropolitan of Veles and Vardar Valley, police authorities of the FYR of Macedonia, without any court warrant had forcibly evicted us from the Metropolitanate mansion. We were put in temporary arrest for several occasions thereafter with an aim to frighten us so that we give up the canonical Church and stay with the schismatic organization in the FYR of Macedonia. Not succeeding in it, they sent armed and disguised policemen from the secret services of this country; however it was God‘s providence

АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ
И МИТРОПОЛИТ СКОПСКИ

ПИСМО ДО ПРЕТСТОЈАТЕЛИТЕ НА ПРАВОСЛАВНИТЕ ЦРКВИ

Протокол бр. 131 од 25 Јуни 2007 год.
во БИТОЛА

До
Неговата Сесветост
Архиепископот константинополски и
на Новиот Рим и вселенски Патријарх
г. г. Вартоломеј

Ваша Сесеветост,

Со мало задоцнување по нашето излегување од второто политички мотивирано затворање од властите во Р. Македонија, се обраќаме до вашата Сесветост за да заблагодариме за сè што направивте за нас и за нашата најсвета Охридска Архиепископија во времето додека ние ја издржувавме затворската казна.

Како што ѝ е добро познато на Вашата Сесветост, претходната новокомунистичка власт во Р. Македонија започна невиден прогон, за нашата современост, на канонската Православна Црква во оваа земја. Пред четири години, уште додека бевме Митрополит велески и повардарски, Полицијата на Р. Македонија, без судски налог, насилно нè избрка од зградата на Митрополијата. Потоа, неколку пати нè ставаа во притвор, со цел да нè заплашат за да се откажеме од канонската Црква, како би останеле со расколничката организација во Р. Македонија. Откако тоа не им успеа, испратија вооружани и маскирани полицајци од тајните служби на државата, но по Божја

that they had not found us at home. Nevertheless they set to fire the monastery premises and left a wasteland after them. When we thought they would stop there, the authorities thorn down the only church that we had had.

Finally, we were sentenced to two years and a half of imprisonment on grounds of inciting ethnic and religious hatred. They acquitted us after eight months under the great pressure of all the Orthodox Churches and the International community. Then they figured out it was better to present us as a criminal and sentenced us to one year of imprisonment for the alleged embezzlement of money that are not missing anywhere and without any aggrieved party. And yet in this last case we were acquitted after eight months of serving the sentence under enormous pressure of the International community which already knows very well that our trials are of a political character.

It is this hasty acquittal and all the care demonstrated by Your All Holiness for our local Church that we hereby want to officially thank You for, asking You to continue remembering our humbleness.

The love of God, His providence and care have not allowed to happen what the schismatics in the FYR of Macedonia expected, who in fact urged the authorities for such behaviour. They thought that all the pressures on us and on the members of the Ohrid Archbishopric would make the Church fall apart and thus their imaginary political problem would be resolved. However, not only that the Church has not fallen apart, but the violence in fact contributed to strengthening and increasing of the Church just as it was in the times of the martyrs whose blood was a seed for new Christians. In 2002, when we had left the schismatics in the FYR of Macedonia, we were the only Bishop who had acceded the canonical Church. Today, after exactly five years, there are four Bishops, monasticism growing in number, clergy and faithful congregation in the Orthodox Ohrid Archbishopric. For now, we have only one church, and it is built without due permits because the authorities of the FYR of Macedonia still do not want to recognize us officially and grant us permits to build churches. We perform religious services in private houses and apartments.

As for the registration of our Archbishopric, there are enor-

промисла не нѐ најдоа дома. Сепак, тие го запалија манастирскиот конак и зад себе оставија пустош. Кога мислевме дека ќе престанат, властите ни ја срушија единствената црква која ја имавме.

На крај, пред две години нѐ осудија на казна затвор во траење од две и пол години, за распалување на национална и верска омраза. Под голем притисок од сите Православни Цркви и од меѓународната јавност, нѐ ослободија по осум месеци. Потоа се досетија дека е подобро да нѐ покажат како криминалец, и нѐ осудија на една година затвор за божемно затајување на пари кои од никаде не недостигаа и за кои нема никој што е оштетен. Но, и во последниов случај, под огромен притисок на меѓународната заедница, која веќе добро знае дека нашите судења се со политички карактер, бевме ослободен по осум месеци издржување на казната.

Токму за тоа предвремено ослободување, како и за сета грижа која ја покажа Вашата Светост за нашата помесна Црква, сакаме официјално да Ви заблагодариме и да Ве замолиме и понатаму да се сеќавате на нашата смиреност.

Љубовта Божја, Неговата промисла и грижа не оставија да се случи она што го очекуваа расколниците во Р. Македонија, кои всушност и ги поттикнуваа властите така да се однесуваат. Тие мислеа дека со сите притисоци што ги прават врз нас и врз припадниците на Охридската Архиепископија, ќе ја распаднат Црквата и тие ќе си го решат имагинарниот политички проблем. Но, не само што Црквата не се распадна, туку како што во времето на маченицте, нивната крв беше семе за нови Христијани, така и кај нас, насилствата кои ни ги прават всушност придонесоа Црквата да се множи и да јакнее. Во 2002 год. кога се одделивме од расколниците во Р. Македонија, бевме единствен Епископ кој пристапи во канонската Црква. Денес, по точно пет години, Православната Охридска Архиепископија има четири Епископи, бројно монаштво, свештенство и Народ. Засега имаме само еден храм, и тоа и тој е изграден без дозвола, зашто власта во Р. Македонија сѐ уште не сака законски да нѐ признае и да ни даде дозвола да градиме храмови. Богослужбите ги одржуваме во приватни куќи и станови.

За регистрацијата има огромни притисоци од меѓународ-

mous pressures by the International community, and making us a legitimate religious community is one of the conditions for acceptance the accession of our country to NATO Alliance. Nevertheless we believe that the state will look for ways to prolong our registration to the very last minute they can, however bringing in to light of our registration is more and more certain as the time passes.

We believe that it is not unknown to Your All Holiness that the political problem the authorities of the FYR of Macedonia have created for themselves persecuting the canonical Ohrid Archbishopric is in fact a fictious problem. The state has not solved the problem with the name thereof yet and the Church has been involved in it by the state in a manner that lacks principles. We have accepted to bear the glorious name of the Ohrid Archbishopric and that is quite correct from any aspect, canonically as well as ecclesiological, as it is not the case with the name having national sign as the schismatics in the FYR of Macedonia do calling themselves the Macedonian Orthodox Church. Firstly, all the people in the state are not 'Macedonians', for many of the faithful declare themselves to be Serbians, Bulgarians, Greeks, Walachians or orthodox Gypsies. They are all bothered by the determination to be 'Macedonian' in the name of the Church.

Secondly, this name is contested internationally, and many Orthodox Churches do not agree only the Church in the FYR of Macedonia to be called 'Macedonian'. Thirdly and most recently, the schismatic organization in the FYR of Macedonia has manifested jurisdictional pretensions in regard to the territories of the Greek part of Macedonia, officially declaring that: 'The dioceses in the Aegean Macedonia shall be put under jurisdiction thereof'. The schismatics have not declared the aforesaid by their own initiative and without coordination with the authorities of the FYR of Macedonia indeed. Therefore they have got the highest state decoration by the President of the country a week ago.

Closing this letter of gratitude to Your All Holiness, we hereby inform You that the clergy and the faithful people of our most holy Archbishopric intend to visit Your All Holiness during September 2007 aiming to express thanks in person for all that You do for our Church. Respecting the honour of the proto-throne

ната заедница и нашето озаконување е еден од условите за влез на државата во НАТО. Но, веруваме дека до последен момент, додека може, државата ќе бара начин да го пролонгира нашето озаконување, кое како времето проаѓа е сè повеќе на повидок.

Веруваме дека не ѝ е непознато на Вашата Сесветост дека политичкиот проблем кој си го направи власта на Р. Македонија, гонејќи ја канонската Охридска Архиепископија, всушност е измислен проблем. Државата сè уште не го има решено проблемот со името и сосем непринципиелно во тоа ја вмешува Црквата. Ние прифативме да го носиме славното име на Охридската Архиепископија, што од секој аспект, како канонски, така и еклисиолошки е сосем точно, а не името со национален предзнак, како што тоа го прават расколниците во Р. Македонија самонарекувајќи се Македонска Православна Црква. Прво, во самата држава не се сите „Македонци", зашто многумина од верниците се декларираат како: Срби, Бугари, Грци, Власи или православни Роми. Ним им пречи во името на Црквата да стои определбата „македонска".

Второ, тоа име е меѓународно оспорено, а истовремено нема согласност од голем број Православни Цркви, само Црквата во Р. Македонија да се нарекува „македонска". Трето и најново е тоа што пред неколку седмици, расколничката организација во Р. Македонија покажа јурисдикциски претензии кон територииите во грчка Македонија и официјално изјави дека: „Епархиите во Егејска Македонија ќе ги стави под своја јурисдикција". Секако дека ова не го изјавија расколниците самоиницијативно, без координација со властите во Р. Македонија. Затоа, пак, од власта, поточно од Претседателот на државата, пред една седмица го добија највисокиот државен орден.

Завршувајќи го ова благодарствено писмо до Вашата Сесветост, Ве известуваме дека клирот и народот на нашата најсвета Архиепископија има намера во текот на месец Септември 2007 год. да ја посети Вашата Сесветост и одблизу да се заблагодари за сè што правите за нашата Црква. Почитувајќи ја честа на прототроната Црква во Константинопол, нашата Црква има особена благодарност за сè што Вашата Сесветост прави за единство на Црквата Божја во кое единство се обидуваме и ние да придонесеме со нашата смиреност. Затоа, замо-

Church of Constantinople, our Church has distinguished gratefulness for all that Your All Holiness does for the unity of the Church of God, the unity that we try to contribute to as well by our humbleness. Thus we ask You to make an appointment for us in September in order our reception to be possible and it would be our great joy and joy of all the pilgrims from our country who would come by two buses, if we could serve the Holy Liturgy and praise the Triune God in the time determined by You. I deem I shall not remind Your All Holiness for the significance that our serving together before God and before the public of our country, for You are well aware of it.

Expecting Your reply and embracing Your All Hollyness we remain always faithful to the proto-throne Church of Constantinople and in love of our Lord Jesus Christ.

Archbishop and Metropolitan
+ Of Ohrid and of Skopje Jovan

луваме да определите датум во текот на месец Септември кога би можеле да нѐ примите, но голема ќе биде нашата радост, и радоста на сите поклоници од нашата земја, кои би дошле најмалку со два автобуси, ако би можеле, во од Вас определениот термин, заедно да служиме Литургија и да го прославиме Бога во Троица. За тоа колкаво значење ќе има нашето сослужување пред Бога и пред јавноста во нашата земја не треба да ја потсетуваме Вашата Сесветост бидејќи Вие тоа многу добро го знаете.

Во очекување на Вашиот одговор, целивајќи ја Вашата Сесветост, останuваме секогаш оддани на првотроната Црква во Константинопол, во љубовта на нашиот Господ Христос.

Архиепископ и Митрополит
+ Охридски и скопски Јован

ORTHODOX OHRID ARCHBISHOPRIC
HOLY SYNOD OF BISHOPS

A LETTER FROM ARCHBISHOP OF OHRID AND METROPOLITAN OF SKOPJE KYR KYR JOVAN TO THE PRESIDENT OF THE NATIONAL ASSEMBLY OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA MR. LJUBISHA GEORGIEVSKI

Protocol Nr. 193 from August 31, 2007

Your Eminence
Mr. President of the Assembly
of the Republic of Macedonia,
Respected members of the Assembly,

At the request of the Holy Synod of Bishops the Orthodox Ohrid Archdiocese to send another letter to the Macedonian Assembly before the passing of the Law on the Legal Status of Churches, Religious Communities and Religious Groups, we address you with the intention to once again explain the necessity of a Law on Religious Communities that will be based on the essential values of respecting human rights and religious freedoms, and not on totalitarian and unilateral thinking, the basis of the current law concerning these issues.

Although the subject of legalizing the Ohrid Archdiocese, of which, by the mercy of God, we are the Archbishop, has been among the most exploited topics nationwide in the last five years, that due to theon account of the biased approach of the media and the immense political influences, it has remained insufficiently analyzed and clarified. Unfortunately, during the last five years, the members of the Ohrid Archbishopric have been treated unjustly, even though they are also citizens and taxpayers of the

ПРАВОСЛАВНА ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА
СВЕТ АРХИЈЕРЕЈСКИ СИНОД

ПИСМО ОД АРХИЕПИСКОПОТ ОХРИДСКИ И МИТРОПОЛИТ СКОПСКИ Г.Г. ЈОВАН ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА Р. МАКЕДОНИЈА Г. ЉУБИША ГЕОРГИЕВСКИ

Протокол бр. 193 од 31 Август 2007

Ваше Превосходство,
почитуван Претседателе на
Собранието на Р. Македонија,
почитувани пратеници,

Замолени од Светиот Архијерејски Синод на Православната Охридска Архиепископија да упатиме уште едно писмо до Собранието на Р. Македонија пред донесувањето на законот за верски заедници и религиозни групи, се обраќаме до Вас, со намера уште еднаш да ја објасниме потребата од закон за верските заедници, што ќе биде втемелен на основните вредности на почитувањето на човековите права и религиозните слободи, а не врз тоталитаризам и едноумие, во каков што стил се практикуваше досегашниот закон за таа област.

Иако темата за легализирање на Православната Охридска Архиепископија, чиј по Божјата милост сме Архиепископ, беше една од најупотребуваните теми во јавноста последниве 5 години, којашто заради едностраниот и тенденциозен пристап на средствата за информирање, и заради големото политичко влијание, сè уште остана недоволно анализирана и недоволно разјаснета. За голема жал, последниве 5 години, од страна на државните органи се направија големи неправди врз припадниците на Охридската Архиепископија, без разлика што и тие се државјани на Р. Македонија и нејзини даночни обврзници.

Кршењата на основните човекови права на слобода во вероисповедта започнаа уште во Јули 2002 год. кога полицијата

Republic of Macedonia.

The violations of basic human rights of freedom in the choice of faith began as early as July 2002, when the police, in a most brutal manner, without a warrant, chased us, then the Metropolitan of Veles and the Vardar Region and the employees of the Veles Metropolitante, out on the streets. Threats, harassments and bellittlments followed by the same Macedonian government services, culminating with the vile and illicit act by the Directorate for National Security and Counterintelligence, which sent armed mercenaries to break into the monastery inn by force, where they had hoped would find us as well. They abused the resident nuns, shaved off their hair, and then set the inn on fire. The tears of the greatly distressed nuns, who to this day carry the consequences of the shock they survived, will remain as lasting evidence of governmental religion-based terrorism, perpetrated during the mandate of Prime Minister Mr. Branko Crvenkovski and his Minister of Interior, Mr. Hari Kostov.

This topic has lately resurfaced and attracted the public attention through the act of detaining Mr. Vlado Buchkovski, former Macedonian Prime Minister, at the border entry into Macedonia. He being briefly held at the border for 15 minutes was apparently an occasion for him to state that if this was done to him, then one should wonder how other citizens are treated. Not that this statement by the former Prime Minister is incorrect, but it is dishonest of him to utter it, given that it was precisely during his mandate that we, the Ohrid Archbishop and Skopje Mitropolitan, as well as other Bishops of the Ohrid Archbishopric, were held at border crossings for hours only to be harassed, even though we had all the necessary travel documents and identifications to show. Only after numerous complaints filed to international institutions, such as OSCE, US and EU countries Embassies, and only after a lot of pressure by putting conditions on Macedonia for acceptance into the Euro-Atlantic institutions, has this border crossing abuse subsided.

We do not write this simply to make accusations. As clergymen, we forgive, but for the sake of the future, the truth, and eternity, we do not forget. We learn from our own mistakes, but we also see the mistakes of others, in order to educate those who

на најбрутален начин, без судски налог, нас тогаш како Митрополит велески и повардарски, и вработените во Митрополијата во Велес, нè избркаа на улица. Потоа следуваа заплашувања, малтретирања и омаловажувања токму од владини служби во Р. Македонија, а тоа кулминира со гнасниот и противзаконит чин на службите за државна безбедност и контраразузнавање, кои испратија вооружени платеници насилно да влезат во манастирскиот конак каде што очекуваа дека ќе нè најдат и нас. Тие ги малтретираа и им ја истригоа косата на таму затекнатите монахињи, а потоа, конакот го запалија. Солзите на потресените монахињи, кои до денес имаат последици од преживеаниот шок, ќе остане како трајно сведоштво за еден државен тероризам врз верска основа, направен во времето кога претседател на Владата на Р. Македонија беше г. Бранко Црвенковски, а министер за внатрешни работи г. Хари Костов.

Деновиве се актуализира темата со задржувањето на г. Владо Бучковски, поранешен претседател на Владата на Р. Македонија, на граничниот премин за влез во Р. Македонија. Тоа што него го задржале на граничниот премин петнаесетина минути беше повод да изјави дека штом нему тоа му го правеле, којзнае како полицијата се однесувала со другите граѓани. Не дека не е точно тоа што го рече бившиот претседател на Владата, туку нечесно е тој тоа да го каже кога токму во негово време, нас, Архиепископот охридски и Митрополит скопски како и другите Епископи на Православната Охридска Архиепископија нè задржуваа на граничните премини со часови, само за да нè малтретираат, иако имавме уредна документација и патни исправи. Дури по многу поплаки во меѓународните институции, во ОБСЕ, во амбасадите на САД и земјите на Европската Унија, дури по многу притисоци со кои се условуваше Р. Македонија за влез во евро-атланските институции, тоа малтретирање на граничните премини попушти.

Сето ова не го пишуваме за да обвиниме. Ние како црковни луѓе проштеваме, но заради иднината, заради вистината, заради вечноста, не забораваме. Самите се учиме од грешките, но ги воочуваме и грешките на другите, за да ги научиме оние што се волни за тоа, што е грев, што е лага, што е тоа што нема иднина. А она што сигурно нема иднина е беззаконието. Ако сакаме да обвинуваме за беззаконие, би го споменале бркањето

are willing to learn what sin is, what lies are, and what holds no future. And what definitely has no future is lawlessness. If we were to make accusations of lawlessness, we would mention the expulsion of about fifty monks and nuns from their monasteries, late at night in midwinter, by the Macedonian police, without any warrant of course, simply because the monks and nuns joined the canonical Ohrid Archbishopric. If we were to accuse, we would mention the entirely illegal demolition of the monastery church at the Nizhepole village performed by the Macedonian government during the mandate of Crvenkovski. If we want to accuse, we would mention the destruction of the temple of St. Nectarius in Drachevo, Skopje, by priests of the Macedonian Orthodox Church, right before the eyes of the police, and we would not omit the trials and incarcerations we had to endure twice. We do forgive, but no one should be that naïve to think we forget.

And all of those illegalities were due to a lack of a specific law on religious communities and relations. The fact that the previous Law on Religious Communities and Groups was almost completely abolished by the Constitutional Court was simply enabling those in power to enact lawlessness. History has shown that it is during times of unspecified legal outlines that the government goes after religious freedom. Therefore, we think that after almost a decade of lawlessness (the latest law was enforced in 1997), it is high time to pass a law which would comply with the international conventions on human rights and religious freedoms. After all, it is no secret that passing a law in accordance with European laws is a condition for the Macedonian Euro-Atlantic integration.

Respected Mr. President and MPs,

Although we trust that you are well aware, it will still be beneficial to remind you, before passing the latest Law on Religious Communities and Groups, that passing this law is not the only condition for the Macedonian Euro-Atlantic membership, but that yet another condition is to solve the problem of the Ohrid Archbishopric. The weakness of the present law has been revealed by this problem with the Archbishopric. If the new law does not solve this problem, then what would be the point in passing it? The Orthodox Ohrid Archbishopric was the only community that had a problem with the old law. Somehow, all other religious

на педесетина монаси и монахињи од нивните манастири, на сред зима, во ноќните часови, кое што го направи полицијата на Р. Македонија, секако без судски налог, само затоа што тие монаси и монахињи пристапија кон канонската Охридска Архиепископија. Ако сакаме да обвинуваме, би го споменале потполно незаконитото рушењето на манастирската црква во манастирот во с. Нижеполе кое го изврши власта на Р. Македонија во времето на владеење на Бранко Црвенковски. Ако сакаме да обвинуваме би го споменале уништувањето на храмот Св. Нектариј Егински во Драчево – Скопско, од страна на свештеници на МПЦ, пред очите на полицијата, а не би ги изоставиле ниту судењата и затворските казни кои ги издржавме на двапати. Проштеваме, но нека не очекува некој дека треба да бидеме и наивни па да заборавиме.

А тие беззаконија се случија заради немање закон за односи со верските заедници. Тоа што досегашниот закон за верски заедници и религиозни групи речиси беше потполно укинат од Уставниот суд, им одеше во прилог само на властите за да можат да вршат беззаконие. При непрецизирани законски граници, се покажало во историјата дека властите честопати посегнувале и посегнуваат по верските слободи. Затоа сметаме дека речиси по десет години беззаконие (досегашниот закон стапи во сила 1997 год.), редно беше да се донесе закон кој треба да биде во согласност со меѓународните конвенции за човекови права и верски слободи. Впрочем, не е тајна дека донесувањето на закон усогласен со европското законодавство е услов за зачленување на Р. Македонија во евро-атлантските интеграции.

Почитуван г. Претседателе и почитувани пратеници,

иако сме уверени дека и самите тоа добро го знаете, сепак не ќе биде на одмет пред донесувањето на новиот закон за верски заедници и религиозни групи да Ве потсетиме дека не е само изгласувањето на закон за верски заедници и религиозни групи услов за зачленување на Р. Македонија во евро-атласките интеграциони процеси, туку услов е и решавањето на постоечкиот проблем што го има Православната Охридска Архиепископија. Слабоста на постоечкиот закон се откри низ проблемот кој се јави околу Православната Охридска Архиепископија. Ако со новиот закон не се реши тој постоеч-

communities in Macedonia were properly registered and had no problems. What the new law needs to resolve is the issue with the Ohrid Archbishopric. If this problem remains after passing the new law, what would possibly be the point of passing a new law that not only does not solve anything, but even adds new problems? In order to enter the Euro-Atlantic integration it would be imperative for the new law to solve the existing problems, and not create new ones, or pass a law just for the sake of passing it. We would be truly grateful if the Members of Parilament keep this in mind when passing the Law on Religious Communities and Groups.

Finally, let us be allowed to quote certain points from the bill on the Legal Status of Churches, Religious Communities and Religious Groups, already on the agenda at the Macedonian Parliament.

First, the title of the law is: on the Legal Status of Churches, Religious Communities and Religious Groups. However, what is meant by church, and who can form a church is never specified in the bill. That is a giant flaw at the very start, because when an application is filed at a court to register a church, that court will not be able to legally determine who can or cannot form a church.

Second, the bill does not specify how a community can be registered as a religious community or group, in the case when the court rejects the application for church registration.

Third, even though Article 12 of the bill specifies several conditions for registering in the authorized Register such as a minute book of the founding meeting, statute etc., as well as a proof of citizenship of the founding members, the exact number of members that can found a religious community is never determined.

We have made all these remarks simply to indicate the many flaws of the bill on the Status of Churches, Religious Communities and Religious Groups, as well as to underline that although it has been presented in seven versions, some dilemmas still remain unresolved. Perhaps it could be said that all laws have certain inherent weaknesses, but what troubles us, the members of the Ohrid Archdiocese, who have ourselves felt the flaws of the latest Law on Religious Communities and Groups, is the suspicion that

ки проблем, тогаш која би била смислата на донесувањето на истиот? Со стариот закон имаше проблем единствено Православната Охридска Архиепископија. На некој начин другите верски заедници во Р. Македонија беа регистрирани и немаа проблем. Она што треба да се реши со новиот закон е проблемот кој го има Православната Охридска Архиепископија. Ако и по донесувањето на новиот закон проблемот остане, тогаш која е смислата на носење на нов закон кој не решава ништо, туку остава, па дури и создава проблеми? За зачленување во евро-атлантските интеграции важно ќе биде со законот да се решат постоечките проблеми и да не се јавуваат нови, а не само да се донесе некаков закон. Би биле навистина благодарни ако ова го имаат предвид пратениците во Собранието на Р. Македонија при носењето на законот за верски заедници и религиозни групи.

На крај, нека ни биде дозволено да наведеме некои места од предлог законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група, кој е веќе ставен на дневен ред во Собранието на Р. Македонија.

Прво, законот носи наслов: за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група. Но, никаде во текстот на предлог законот не е објаснето што се подразбира под црква, и кој може да биде црква. Тоа е еден огромен недостаток во самиот почеток, зашто кога во судот ќе се поднесе пријава за регистрација на црква, судот не ќе може законски да одреди кој може, а кој не може да биде црква.

Второ, никаде не е објаснето, на кој начин може некој да биде регистриран како верска заедница или религиозна група доколку од судот е одбиено неговото регистрирање како црква.

Трето, иако во условите за запишување во надлежниот регистар во чл. 12 од предлог законот се бара: записник од одржано основачко собрание, статут и сл., како и доказ за државјанство на основачите, никаде во законот не е определено колку припадници на некоја верска заедница можат да основаат верска заедница.

Сите овие забелешки ги наведовме само за да укажеме дека предлог законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група има доста слабости и иако претрпи дури седум верзии сè уште стојат некои дилеми. Можеби

the new law might have similar flaws that could be used against us. To this we are specifically directed by Article 37 of the new bill that stipulates that the new law would be enforced as late as May 1, 2008. If we are aware that the Republic of Macedonia awaits the invitation to join NATO at the Assembly in April 2008, and if we know that passing the law on religious communities is one of the conditions to receive that invitation, then it is not very hard to suspect that there is plenty of room for manipulation. But we do believe that one thing is clear to everyone. In the Republic of Macedonia there is a religious problem which cannot remain unresolved after the passing of the new Law on Religious Communities and Groups. No one would feel inspired to praise us simply for adopting a new law on this, without having solved any of the existing problems in the field. Since, on the other hand, it is well known that only one religious community in the Republic of Macedonia, and that is the Orthodox Ohrid Archbishopric, has substantial problem regarding its legal status in the country, it follows that passing a new law on religious communities without solving the current and pressing problem, would be utterly meaningless.

We would not like to believe, despite our bitter experience so far, that as mentioned in Article 37 of the bill, the day of adopting the new law on religious communities is purposefully set for May 1, 2008, right after the NATO meeting in April 2008, in order to get away with not solving the problem of the legal status of the Orthodox Ohrid Archbishopric, regardless of the outcome concerning Macedonia's invitation to join NATO – be it positive or negative.

Wishing you a fruitful debate on the bill on the Legal Status of Churches, Religious Communities and Groups, and successful removal of all of its flaws, we remain, respectfully yours,

Archbishop and Metropolitan
of Ohrid and of Skopje,
+Jovan
President of the Holy Synod of Bishops

сите закони имаат по некои слабости, но нас, припадниците на Охридската Архиепископија, кои на своја кожа ги почувствувавме слабостите од досегашниот закон за верски заедници и религиозни групи, ни стои сомнежот дека е можно и слабостите од новиот закон повторно да се употребат против нас. Особено на тоа нѐ упатува чл. 37 од предлог законот во кој се прецизира дека новиот закон ќе се применува дури од 1 Мај 2008 год. Ако се знае дека Р. Македонија очекува покана за влез во НАТО на соборот во Април 2008 год., ако се знае дека донесувањето на законот за верски заедници е еден од условите за добивање на покана за НАТО, тогаш не е многу тешко човек да се посомнева дека се остава голем простор за манипулација. Но, едно веруваме дека веќе им е јасно на сите. Во Р. Македонија постои проблем од верски карактер и тој проблем не би требало да остане нерешен по донесувањето на новиот закон за верски заедници и религиозни групи. Никој не би можел да нѐ пофали само за тоа што евентуално би се донесол нов закон за верски заедници, а проблемите кои и претходно ги имаше останаа нерешени. Бидејќи пак, од друга страна се знае дека само една верска заедница во Р. Македонија, а тоа е Православната Охридска Архиепископија има суштински проблем околу нејзиниот правен статус во државава, тогаш не би имало никакво значење да се донесе нов закон за верски заедници, а проблемот и после тоа да остане нерешен. Не сакаме да веруваме, иако досега имаме многу горчливо искуство, дека целта на споменатиот член 37 од предлог законот со кој се определува денот 1 Мај 2008 год. како ден од кога ќе се применува новиот закон за верските заедници намерно е поставен да биде по соборот на НАТО во Април 2008 год., па без оглед на исходот во однос на поканата на Р. Македонија, позитивен или негативен, проблемот околу правниот статус на Православната Охридска Архиепископија да остане нерешен.

Посакувајќи Ви плодна расправа по предлог законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група и отклонување на сите недостатоци, останувам со должна почит.

Архиепископ и Митрополит
+Охридски и скопски Јован
Претседател на Светиот Архијерејски Синод

14. 01. 2008

A REACTION TO THE COMMENT OF THE SCHISMATIC MOC ON THE TOMOS OF AUTONOMY OF THE ORTHODOX OHRID ARCHBISHOPRIC

On January 13, 2007, the PR Department (News desk, Newsroom) of the schismatic Macedonian Orthodox Church, seething with rage and fury, as evident from the content of their text, which, as we assume, has not been approved by their own Synod, published a comment on the Announcement of the Synod of the Serbian Orthodox Church regarding the Tomos of Autonomy of the Orthodox Ohrid Archbishopric. The editor of the Internet presentation by the MOC is the schismatic Bishop of Strumica, kyr Naum. Those who know kyr Naum are well aware that his external tranquility conceals deep internal agitation, or perhaps it's better to call it as it is: rage. Bishop Naum is known by the fact that whenever he receives an undesirable information over the phone, he does not let the other person know that he is upset, but immediately after ending the conversation, he unrestrainedly throws the phone to the ground, as if intending to punish the saddle since he cannot punish the horse.

Such unrestrained rage was displayed by Father Naum in the comment on the Announcement of the Synod of the Serbian Orthodox Church regarding the Tomos of Autonomy of the Orthodox Ohrid Archbishopric. After one reads the comment (see www.mpc.org.mk/vest.asp?id=2646), having, of course, previously read the Announcement of the Synod (see www.spc.yu/sr/opet_o_ohridskoj_arhiepiskopiji_tomosu_raskolnickom_praznoslovlju), one wonders if the comment refers to this particular Announcement or is simply an incoherent outpour of rage.

No one else is at fault that kyr Naum and kyr Clement with their interviews given right before Christmas sought to saw the wind, and yet what they reaped was the whirlwind. The Church was discerning enough, unlike the schismatics, to delay sending the

14.01.2008

РЕАКЦИЈА ПО ПОВОД КОМЕНТАРОТ НА РАСКОЛНИЧКАТА МПЦ ВО ВРСКА СО ТОМОСОТ ЗА АВТОНОМИЈА НА ПРАВОСЛАВНАТА ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА

На 13 Јануари 2007 год., редакцијата на расколничката МПЦ, полна со бес и гнев, а тоа е воочливо од содржината на нивниот текст, претпоставуваме без согласност на нивниот Синод, излезе со коментар на Соопштението на Синодот на Српската Православна Црква во врска со Томосот за автономија на Православната Охридска Архиепископија. Уредник на интернет презентацијата на МПЦ е епископот струмички во раскол г. Наум. Оние кои добро го познаваат г. Наум знаат дека позади неговиот надворешен мир се крие еден длабок духовен немир, подобро речено бес. За епископот Наум е познато дека кога ќе добие по телефон некоја несакана информација, тој не му покажува на соговорникот дека нешто го вознемирило, но веднаш после спуштањето на слушалката невоздржливо го фрла телефонот на земја, со намера да го казни самарот кога веќе не може магарето.

Таков невоздржлив бес исфрлен е од г. Наум во коментарот на Соопштението на Синодот на Српската Православна Црква во врска со Томосот за автономија на Православната Охридска Архиепископија. Откако ќе се прочита коментарот (види: www.mpc.org.mk/vest.asp?id=2646), а претходно секако имајќи го предвид споменатото Соопштение од Синодот (види: www.spc.yu/sr/opet_o_ohridskoj_arhiepiskopiji_tomosu_raskolnickom_praznoslovlju), човек да се праша дали коментарот се однесува на Соопштението или е само неартикулирано истурање на бес.

Никој не му крив на г. Наум што тој и г. Климент со своите интервјуа пред Божик чепкаа црвци, а извлекоа змија. Црквата имаше свест, каква што немаат расколниците да го одложи испраќањето на Томосот заради причините кои се на-

Tomos due to reasons explained in the Announcement of the Synod of the SOC. Another point is that the schismatics turned out to be highly irresponsible, and unable to appreciate even that which is in their favour. Now the Tomos will be sent or even dispatched by personal messengers to each and every Church; then the schismatic MOC can ruminate on what would have been better.

There is a saying: Do not anger those you have to beg. Kyr Naum, like a petulant adolescent, hurls abusive words at the Bishop of Bachka, Father Irenaeus, words that do not merit repeating here, not to mention originally uttering them. Usually, a man without identity, by smearing the reputation of a famous and acknowledged personality, wants to draw public attention to himself. In the Orthodox world, but also in the world in general, the personality of the Bishop of Bachka, kyr Irenaeus, is well renowned. Having Naum slander him won't leave even a speck on his cassock, but it is ugly, rude and vile to belittle a Bishop in writing, and then to want to sit down and negotiate with him the very next day. How will Naum be able to look the Bishop of Bachka in the eye, if there happen to be any negotiations tomorrow? Only Naum can be that irresponsible. He is famous for representing himself as a free spirit, but obviously conflates freedom with anarchy, and it is quite strange that he still hasn't taken to swearing in public, although those who know him well say that in moments of rage he swears like a sailor.

In his comment, Father Naum, who is well known for having no identity of his own, since the Episcopal identity of his Church has not been recognized by anyone, and his national identity is for one-time use only (while on Athos he was Serbian, now, being in the Republic of Macedonia he is Macedonian, while at the same time he is still a holder of a Greek passport, although had to return the ID), still dares to abuse the Bishop of Bachka for having no identity. We are indeed trying our best to find a milder description for such an immature act, but it seems that there is no other word that would more accurately describe kyr Naum's personality, apart from the notion – immature. The man is obviously too immature for the service he has been given, or for his present position. Having found himself in the position of a Bishop unrecognized by any Orthodox Church, he viciously and maliciously vilifies the authorities of the Orthodox Church. Just a few days ago he spoke against

ведени во соопштението на Синодот на Српската Православна Црква. Друго е тоа што расколниците навистина се покажаа крајно неодговорни, па не знаат да го ползуваат ниту она што е во нивна полза. Сега Томосот ќе биде испратен и дури лично однесен до секоја помесна Црква, па после нека гледа расколничката МПЦ што било подобро.

Има една народна поговорка која вели: Оној кого мораш да го молиш немој да го лутиш. Г. Наум, како неизживеано дете од пубертетот, се нафрла на Епископот бачки г. Иринеј со погрдни зборови, кои не се ниту да ги повториш, а камоли да ги кажеш. Обично човек кој нема идентитет, преку плукање врз некоја позната и призната личност, сака да го заврти вниманието кон себе. Во православниот свет, но и воопшто во светот, познато е колку е почитувана личноста на Епископот бачки г. Иринеј. Од тоа што Наум ќе го плука, него сигурно нема да му остане ниту флека на расото, но грдо, безобразно и подло е во непотпишан текст да ја омаловажуваш личноста на еден Епископ, а утре со него да сакаш да седнеш на преговори. Како Наум ќе го погледне Епископот бачки, ако во иднина се случи да има некакви преговори. Толку неодговорно тоа може да го изведе само Наум. Инаку тој е познат дека се претставува како слободен, но очигледно слободата ја едначи со анархија и чудно е што уште не почнал јавно да пцуе, иако оние кои го познаваат знаат дека во состојба на бес пцуе како таксист.

Во коментарот, г. Наум, за кој е познато дека самиот нема идентитет, зашто неговиот црковен епископски идентитет е непризнат од никого, а националниот му е за еднократна употреба (кога беше на Света Гора беше Србин, сега кога е во Р. Македонија е Македонец, а притоа сè уште има грчки пасош, личната карта мораше да го врати), го навредува Епископот бачки дека немал идентитет. Се трудиме да најдеме поблаг збор за толку незрела постапка, но како да нема ниту еден друг збор кој поточно ќе ја опише личноста на г. Наум од поимот– незрел. Човекот е очигледно незрел ниту за службата на која е повикан, ниту за ситуацијата во која се наоѓа. Во ситуација на непризнат епископ од ниту една Православна Црква, тој ги озборува, злобно и погано, авторитетите на Православната Црква. Пред некој ден говореше против првенството по чест на

the honorary primacy of the Constantinople Patriarch, previously he spoke against Patriarch Pavle who is acknowledged as a saintly person by the whole world, and today he slanders the Bishop of Bachka, kyr Irineus. But what to expect of a man who openly speaks up against his own spiritual father? Everyone knows that Naum also speaks against Abbot (Archimandrite) Georgios Kapsanis – who, just to mention in passing, during an incognito visit of kyr Naum to Athos, refused to even give an audience to the latter – as well against his own greatest benefactor, the Metropolitan of Montenegro Father Amphilochius, whom he besmirches at least as much as the Bishop of Bachka, although he should actually erect a monument dedicated to him in Vodocha, because if it weren't for him, Naum would have never be able to as much as peep on Athos, what to speak of staying there for 8 years.

Please read the internet presentation comment of PR Department of the MOC, i.e. the comment of the schismatic Bishop kyr Naum, even though he didn't have the courage to sign his name, and judge for yourselves if that Church is mature enough for any kind of autonomy, let alone autocephaly. Imagine right now, if you will, what it would be like if immature churches like this would be accepted as autochepalous and got the right to vote on a pan-Orthodox level.

We have a positively confirmed information that the Bishop of Bachka kyr Irenaeus Bulovich's ancestry is not traceable neither to the region of Struga, nor to any other region in the Republic of Macedonia. There is a painter in Serbia with the surname Bulovich who has origins in the Struga region, but he is absolutely not related to Irenaeus, the Bishop of Bachka. However, the schismatic MOC, just like the Macedonian media, or in reverse order, if you like, are famous for releasing and producing unconfirmed and false information.

As for any negotiations between the Serbian Orthodox Church and the schismatic MOC (from a part of the Announcement of the SOC to which the shismatics have paid most attention) – they simply cannot happen, unless they cease with the deceitful, devious and highly un-church-like persecution of Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje kyr kyr Jovan. When the schismatics go and visit any Orthodox Church, and when they are told that there

Патријархот константинополски, претходно говореше против Патријархот Павле кој во целиот свет е признат за свет човек, а денес говори против Епископот бачки г. Иринеј. Но, што да се чека од човек кој говори против сопствениот духовен отец? Сите знаат дека Наум говори против архимандритот Георгиј Капсанис, кој, патем речено, при една инкогнита посета на г. Наум на Света Гора, не го удостои ниту со прием, а говори и против неговиот најголем добротвор Митрополитот црногорско-приморски г. Амфилохиј, на кого наместо да му изгради споменик во Водоча, зашто без него ниту ќе можеше да sирне на Света Гора, а не да остане 8 години, тој плука по него барем исто колку и по Епископот бачки.

Читајте го коментарот на редакцијата на интернет презентацијата на МПЦ, односно коментарот на епископот струмички во раскол г. Наум, иако тој немал храброст да се потпише и сами оценете дали таа црква е зрела за некаква автономија, не за автокефалија. Веднаш замислете како би било една вака незрела црква да се прогласи за автокефална и да има право на глас во одлучување на сеправославно ниво.

2. Дали судските прогони, малтретирања и различните видови притисоци коишто се вршат врз мене, како Архиепископ на Црквата, но и на останатите членови на Охридската Архиепископија од страна на полицијата и судовите во Р. Македонија е создавање на амбиент за делување на верските заедници во таа држава?

3. Дали рушењето на верските објекти на Охридската Архиепископија од страна на владините служби е создавање на меѓусебна доверба помеѓу припадниците на таа Црква како граѓани на Р. Македонија и владините структури на таа држава?

Ги наведов само овие три прашања од низата постоечки за да предочам на овој ценет собир дека навистина е неопходно она што го спомнав на почетокот. За верските заедници да дадат било каков придонес во изградувањето на мирот во Југоисточна Европа неопходни се предуслови коишто треба да бидат обезбедени од државните власти на тој регион со тоа што ќе ги почитуваат барем основните и загарантирани верски права на секоја личност. Со голем жал, дури и срамејќи се заради тоа, бидејќи и јас сум граѓанин на таа држава, со голема одговорност и разбирање за политичката ситуација на таа земја, но заради правдата и вистината морам да изјавам дека во Р. Македонија не се почитуваат основните човекови права. Не само правото на вероисповед, туку и човековите демократски

of law, such as the Republic of Macedonia, and which by this constantly proves to be a factor of instability in the region can a persecuted Church, such as the Ohrid Archbishopric, give a contribution to the building of lasting peace in Southeast Europe?

Forgive me if you expected solutions from me, but you received a problem. We could not resolve this for full six years, so that is why we pose it before you. We even expect of someone to tell us that we exaggerate, but do not let this subject go unnoticed. We have regularly informed of these issues the representatives of the European Union and the US State Department. We regularly informed the organizations that deal with human rights issues, but besides entering this into their annual reports and besides receiving answers from the representatives of the European Union that the Republic of Macedonia cannot become a member of the European Union until it secures the respect of the religious rights of its citizens, we have the impression that no one conditions this state to change its totalitarian politics. I repeat once again, the politics that do not respect the fundamental human rights have always been and remain a source of instability in the region.

June 20, 2008
Strasbourg

ARCHBISHOP AND METROPOLITAN
+ Of Ohrid and of Skopje Jovan

права на политичка слобода, бидејќи како што се виде на последните парламентарни избори во Јуни 2008г. кога на денот на изборите загина еден цивил, а неколку од нив беа ранети од преголемата примена на полициска сила, во Р. Македонија нема ниту политичка слобода.

Од сето ова сакаме да го резимираме следното: Со непочитување на загарантираните човекови права, не само верски туку и политички права на одделни малцинства, Р. Македонија постанува извор на нестабилност во Југоисточна Европа. Моето прашање е: На кој начин во држава во која не владее правото, како што е Р. Македонија, и којашто со тоа перманентно се покажува како фактор на нестабилност во регионот, може една прогонувана Црква, каква што е Охридската Архиепископија да даде придонес во изградувањето на трајниот мир во Југоисточна Европа?

Простете ми ако од мене очекувавте решение, а добивте проблем. Ние не можевме да го решиме полни шест години и затоа Ви го поставивме и Вам. Би сакале некој да ни каже дури и дека претеруваме, но не и да се запостави оваа тема. Со ова веќе шест години редовно ги запознаваме високите претставници на Европската Унија и Стејт Департментот во САД. Редовно се известувани и организациите коишто се баваат со човековите права, но освен што тоа влегува во нивните годишни извештаи и освен што добиваме одговори од високите претставници на Европската Унија дека Р. Македонија не може да стане членка на Европската Унија додека не обезбеди почитување на верските права на нивните граѓани, ние не стекнавме впечаток дека некој ја условува оваа држава да ја промени својата тоталитаристичка политика. Ќе повторам уште еднаш, таквата политика којашто не ги почитува основните човекови права секогаш била и останува извор на нестабилност во регионот.

20 Јуни 2008
Стразбур

АРХИЕПИСКОП И МИТРОПОЛИТ
+Охридски и Скопски Јован

Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje Jovan

AN ADDRESS ON THE OCCASION OF THE TEN-YEAR ANNIVERSARY OF THE ORDINATION INTO A BISHOP

Your Graces, gentlemen representing the authorities of the township of Vranje, venerable fathers, monks and nuns, brothers and sisters,

The present circumstances of exile have forced us to celebrate the ten years of ordination into Bishop in Vranje, instead of Skopje or some other city in Macedonia, where it would be more becoming for the Archbishop of the Ohrid Archbishopric to celebrate. As you know, it has been four months since I have been assigned detention, and if I dared to cross the Macedonian border, I would be immediately arrested. Therefore, we are gathered here today, at the cathedral church in Vranje that our host Bishop of Vranje, Pachomius, kindly lent us so we could be playing the role of hosts here today, and rejoice as if on our own ground, and among our kin. For this reason, we would like once again to extend our gratitude to him and to the plenitude of the Church of his God-salvaged Bishopric, for he has always been there for us, his nearest neighbors and brothers, in our times of need. And our calamities, in these last six years of persecution of our holiest Archbishopric, were neither few nor negligible.

If we look back at what we have done in the last ten years since God has kindly bestowed upon us this exalted service of a Bishop, we can, before ourselves, before the present choir of Bishops: Irinej of Novi Sad and Bachka, Pahomij of Vranje, Ignatij of Pozharevac and Branichevo, Joakim of Polog and Kumanovo, Marko of Bregalnitsa and David of Stobi, before all of you and before the whole Church of God, freely admit: we feel that we have contributed very little to God and the Church. If anything can deliver us from the wrath of God for our being so negligent towards the greatness of this service we have voluntarily accepted, it can only be the great and crucified love of Christ, Your prayers, broth-

Архиепископ охридски и Митрополит скопски Јован

ОБРАЌАЊЕ НА ДЕСЕТГОДИШНИНАТА ОД ХИРОТОНИЈАТА ВО АРХИЈЕРЕЈСКИ ЧИН

Ваши Преосвештенства, господо претставници на градската власт од градот Врање, чесни отци, монаси и монахињи, браќа и сестри,

Околностите на прогонство во кои се наоѓаме нè принудија десетгодишнината од хиротонијата во архијерејски чин да ја одбележиме во Врање, а не во Скопје или во некој друг град на Р. Македонија каде што приличи Архиепископот на Охридската Архиепископија да слави. Како што е познато, еве веќе скоро четири месеци одреден ми е притвор, и доколку би се обидел да ја поминам границата и да влезам во Р. Македонија, веднаш би ме уапсиле. Затоа денес се собравме овде, во соборната црква во Врање која Епископот домаќин, врањскиот Пахомиј ни ја даде, ние денес овде да домаќинуваме, да бидеме како на свое, да се радуваме како меѓу ближни. За тоа, уште веднаш на почетоков сакаме да му заблагодариме нему и на полнотата на Црквата во неговата Богоспасувана Епископија, зашто како на најблиски соседи и браќа отсекогаш ни излегувал во пресрет на нашите потреби, кои пак во последниве шест години на прогонства на нашата најсвета Архиепископија, не беа ниту малку, не беа ниту беззначајни.

Ако погледнеме назад што направивме последниве десет години откако Бог нè удостои со возвишената архијерејска служба, смирено пред себе си, пред овде присутниот хор на Архијереи: новосадскиот и бачки Иринеј, врањскиот Пахомиј, пожаревачкиот и браничевски Игнатиј, полошко-кумановскиот Јоаким, брегалничкиот Марко и стобискиот Давид, но и пред сите вас и целата Црква Божја, ќе признаеме: ни се чини дека многу малку принесовме пред Бога и многу малку придонесовме за Црквата. Ако нешто може да нè избави од гневот Божји за таквата наша немарност кон големината на службата која доброволно ја прифативме, тоа е само големата распната

ers Bishops, and the vast patience of this conscientious flock of Christ, who was able to forgive us so many times in the past, and we are certain it is ready and willing to forgive us again and again.

The celebration of anniversaries of important events in life should also be accompanied by reevaluating the past, repentance in the present, and expectations for the future. Many of you, brothers and sisters – in order to stimulate their spiritual growth – we have been asking whether they were satisfied with their past achievements, whether they repented for their mistakes and whether they were willing to work on their weaknesses in the future. Now I am standing here before you so that you can ask me: am I satisfied by what we have done in these past 10 years? If I said we have done nothing, I would be refuted by this mass of people who did not just gather here on a whim. If I said we have done a little, I would be refuted by the present Bishops and the members of the Holy Synod of the Ohrid Archbishopric. Because in these 10 years, and particularly in the last six, we found ourselves thrown out in the streets, serving Liturgy with no roof over our heads, tolerating unprecedented abuse that has ruined our health, went through trials and imprisonment, we have seen our churches and other places of worship demolished, and finally we have been exiled from Macedonia. Still, the most important thing is the fact that in these last few years we have renounced the schism, and joined the Unity of the Church of God; new Bishops have been consecrated and the Holy Synod of the Ohrid Archbishopric has been formed, that Archbishopric has become an autonomous Church, and we its Archbishop.

If we add to the picture painted above the fact that in all these years we had to constantly conquer ourselves and not hate the schismatics, who, I think, have done to us everything they could only in order to hamper our development, then we will come up with a somewhat realistic measure of this history which, though brief, is very promising and keeps us all vigilant and hopeful.

We are obliged to keep the Unity of the Church, to fight against any kind of schism and heresy, to keep our peace in the face of the future, but also not to miss the timeliness of the present. The Church is of Christ and He is its head. He cares about its

љубов Христова, Вашите молитви браќа Архијереи и големото трпение на ова словесно стадо Христово, кое знаело многупати да ни проштева, но сигурни сме дека е спремно пак и одново да ни прости.

Одбележувањето на годишнини од некои важни настани од нашиот живот, треба да се поврзува и со преоценување на историјата, со покајание во сегашноста и со очекувања за иднината. Многумина од вас, браќа и сестри, за да ги поттикнеме во растот во духовноста, сме ги прашувале дали се задоволни од она што го постигнале во минатото, дали имаат покајание за она што го згрешиле и дали сакаат да ги надминат слабостите во иднина? Сега јас стојам пред вас за Вие да ме прашате, задоволен ли сум од она што го направивме овие 10 изминати години? Да речам дека ништо не направивме, ќе ме побие ова мноштво народ кое не од ништо се собра овде на литургиска прослава. Да речам дека малку направивме, ќе ме побијат овде присутните Епископи и членовите на Светиот Архијерејски Синод на Охридската Архиепископија. Зашто во овие 10 години, а особено во последниве шест, избркани на улица, служејќи Литургија без покрив над главата, поднесувајќи небројни малтретирања од кои ни се наруши и здравствената состојба, поминавме низ судења и затварања, пред наши очи ни ги рушеа црквите и богослужбените места, а последно и нѐ протераа од Р. Македонија, но најважното е тоа што во овие години излеговме од раскол и стапивме во единство со Црквата Божја, во овие години се хиротонисаа нови Архијереи и се формира Свет Архијерејски Синод на Охридската Архиепископија, во овие години таа Архиепископија постана автономна Црква, а ние нејзин Архиепископ.

Ако претходнава слика ја дополниме со податокот дека требаше во сите овие години непрекинато да се победуваме себе си и да не ги мразиме расколниците кои мислам дека ни направија сѐ што можеа да направат само да го попречат нашиот развој, тогаш ќе имаме некоја реална мерка на оваа кратка историја, но историја која многу ветува и која сите нас нѐ задолжува.

Нѐ задолжува да го чуваме единството на Црквата, да се бориме против секаков вид на схизма или ерес, нѐ задолжува

unity more than all of us put together. But even He is helpless to provide unity in the Church, if the people themselves are not willing. Tell me now, who can make the schismatics in the Republic of Macedonia members of the Church? Not even God Himself can do it, not because He does not want us all to be one, but because the schismatics do not agree with His will for all of us to be one. And you can find a lot of reasons not to be in unity with someone. You could object to persons, teachings, acts. Still, and I think you will agree with me, it is most unbecoming when someone creates a schism out of ethnophyletist motives. Ethnophyletism means deifying the nation, and is therefore a heresy. And you all know very well that many people in Macedonia today see the nation as God. But when a man's identity is rooted in the nation instead of in God, then his own life is a failure. Only God can give eternal life, eternal existence and eternal name, everything else here on Earth is measurable in seconds, hours, days, or at best, in years. But all of those will simply pass in the blink of an eye.

Now, since we have already gone through the aforementioned events, we are aware that all that patience and endurance did not come from our strength, but from the grace of God, and we repeat: The Church is the one that saves all of us, we don't save the Church. Sometimes one can have the impression that he is saving the Church, but the reality is the opposite. The Church saves us. So, if you have seen any good deeds in the past ten years, then it is of Christ, it belongs to the entire Church, and as for all the weaknesses, mistakes and temptations, please absolve me from them if you can. The Archbishop is first in the Liturgical communion, he officiates, he offers the gifts for everyone and everything, he is first up front when the Church celebrates and announces the Future Kingdom, but he is also supposed to be first when truth needs witnessing, when there is a need to suffer for the love of Christ, to protect the Church. And if we say that he is supposed to be the icon of Christ, just like the Bishop is there for the Church from times most ancient, then we consider we have said everything. The Bishop's way of life should remind himself, but especially his clergy and congregation of the life of Christ. And Christ came to unite, not divide, to give Communion and to unitea and not dismantle, Christ came for all of us to become one,

да се смируваме пред иднината, но и да не го пропуштиме благовремието на сегашноста. Црквата е Христова и Тој е нејзина глава. Тој се грижи за нејзиното единство повеќе отколку сите ние заедно. Но, дури и тој е немоќен да обезбеди единство во Црквата, ако луѓето тоа не го сакаат. Еве, кажете сега кој може расколниците во Р. Македонија да ги вчлени во Црквата? Не може ниту самиот Бог, не затоа што Тој не сака сите да бидеме едно, туку затоа што расколниците не се согласуваат со таа Негова волја сите да бидеме едно. А за да не бидеш во единство со некого можеш да најдеш многу причини. Може да ти сметаат личности, учења, постапки. Сепак, чинам најнедостојно е, а верувам дека со тоа ќе се согласите, кога некој прави раскол од етнофилетистички побуди. Етнофилетизмот значи обоготворување на нацијата, и затоа тој е ерес. А на колкумина денес во Р. Македонија нацијата им постанала бог, вам ви е добро познато. Но, тогаш кога човек црпи идентитет од нацијата наместо од Бога, тогаш го промашил сопствениот живот. Само Бог може да даде вечен живот, вечно постоење и вечно име, сето друго овде на земјата е мерливо со секунди, часови, денови или во најдобар случај години. Но сите тие ќе поминат како едно трепнување со клепката.

Сега, откако веќе сме ги поминале горенаброените случувања, свесни дека трпението и издржливоста не беа од нашата сила, туку од помошта Божја, велиме и повторуваме: Црквата е таа која нè спасува сите нас, не ние Црквата. Понекогаш човек може да биде опрелестен дека тој ја спасува Црквата, но реалноста е обратна, Црквата нè спасува нас. Така, ако сте забележале и понекое добро дело во изминативе десет години, тогаш тоа е Христово, тоа е заедничко на целата Црква, а за слабостите, грешките и соблазните, ако можете простете ми мене. Архиепископот е прв во литургиското собрание, тој началствува, тој ги принесува даровите за сите и за сè, тој е на чело кога Црквата слави и кога го објавува идното Царство, но тој треба да биде прв и тогаш кога треба да се посведочи за вистината, да се пострада заради љубовта кон Христа, кога треба да се заштити Црквата. И ако речеме дека тој треба да биде икона Христова, онака како што уште од најстаро време Црквата го има Епископот, тогаш сметаме дека сме кажале

like He is one with the Father and the Holy Spirit. If the Bishop neglects these ideals for which Christ become incarnate and suffered, will he then be the icon of Christ who elevates the faithful towards the original ideal?

The unity with God and among Church members, my dear brothers and gentlemen beloved in Christ, is not a private affair of the individual, especially not for the Bishop. It is not all the same if the Bishop is in unity with the other Bishops or if they are in schism. If he is in unity with the Church, then his mistakes and the sins of the folk he leads will be like scratches that are healed, in time, by God's love. If the Bishop is not in unity with the Church, then his sins and the sins of the people will lead both him and the people to their doom, into darkness, into death, for they are outside the Church, and therefore out of the body of Christ. If there can be a greater sin than this, it is the sin of the schismatics imitating the Church and trying their best to look just like the Church on the outside. But the difference is as big as it is between a natural lily or rose and a garland made out of plastic flowers. Seen from afar it is hard to tell them apart, the plastic ones look pretty much like the natural, but if you come closer you will see that the natural flowers have a wonderful aroma, and look quite different from the artificial, plastic ones, which remind us of dead things, things that can never be substitutes for real lilies and roses.

In the last 10 years we have been an auxiliary Bishop at the Prespa-Pelagonia Eparchy, a placeholder at the Bregalnitsa Eparchy, the Metropolitan at the Eparchy of Veles and the Vardar region, from where we joined the unity with the Patriarchate of Pech. At the summonings of His Holiness, Patriarch Pavle, extended to the Bishops, the clergy, the monks and the people of the Republic of Macedonia to join the unity with the Serbian Orthodox Church, we answered positively, together with the clergy and the faithful congregation of our Metropolitante of Veles and the Vardar Valley, and were consequently received into unity. For that we are today grateful to the Bishops of the SOC, especially to Patriarch Pavle, whom we wish the best of health in his old age. He appointed us as his Exarch of the Church in Macedonia. After two more Bishops were consecrated, namely Joakim and Marko,

сè. Начинот на живот на Епископот треба да го потсетува самиот него, но особено неговиот клир и верниот народ на животот Христов. А Христос дојде да соедини, не да раздели, да причести и причисли, не да растури, дојде Христос за сите да бидеме едно, како што е Тој едно со Отца и со Светиот Дух. Ако Епископот го занемарува ова за кое Христос се воплоти и пострада, тогаш дали тој ќе биде икона Христова која верните ги подига кон прволикот?

Единството со Бога и меѓусебното единство во Црквата, драги во Христа браќа и господо, не е приватна работа на поединецот. Особено не е приватна работа на Епископот. Воопшто не е сеедно дали Епископот е во единство со останатите Епископи или е во раскол со нив. Ако е во единство со Црквата, тогаш неговите грешки и гревовите на народот кој го предводи се како лузни од гребнатинки што со време, љубовта Божја ги покрива и заздравува. Ако Епископот не е во единство со Црквата, тогаш неговите гревови и грешките на народот го водат и него и народот во пропаст, во темнина, во смрт, зашто тие се надвор од Црквата, а следствено на тоа, надвор од телото Христово. Ако може да има уште поголем грев од ова, тоа е гревот кога расколниците ја имитираат Црквата и се трудат надворешно да изгледаат исто како што изгледа Црквата. Но, разликата е толкава колкава што е помеѓу природен крин или трендафил и венец исплетен од пластични цветови. Да ги гледаш оддалеку тешко се распознава разлика, пластичните личат на природните, но ако се приближиш ќе видиш дека природните цветови прекрасно мирисаат, а дури и поинаку изгледаат од вештачките, пластичните, кои што потсетуваат на нешто неживо, нешто мртво, нешто што никогаш и во никаков случај не може да го замени кринот и трендафилот.

Во изминативе 10 години бевме помошен Епископ во епархијата Преспанско-пелагониска, Местобљустител во брегалничката, Митрополит во велеската и повардарска од кое место и пристапивме во единство со Пеќската Патријаршија. На повик на Неговата Светост, Патријархот Павле, до Епископите, свештенството, монаштвото и народот во Р. Македонија да пристапат во единство со Српската Православна Црква, заедно со клирот и верниот народ од нашата велеска и повар-

the Holy Synod of the Ohrid Archbishopric was formed, and by their votes we were selected as the President of the Synod. After the Patriarch confirmed the election, we went on to carry the title Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje, and the Church in Macedonia received autonomy under the name of Ohrid Archbishopric.

So this is a summary of the stages of our biography in the last 10 years. It is unbecoming of us to mention all the obstacles presented by the schismatics, assisted by the Macedonian government. However, if I may say, without appearing arrogant, it seems that their malevolence, obstacles and enviousness, inspired in us – with aid of the immense help from God we received – the will to attain victory for the truth of the Church, to overcome ourselves and attain virtue, but also inspired in us spiritual sobriety so that we do not take revenge on those who mean us harm. Evil can only beget evil, and it will never beget good. The schismatics, unfortunately, cannot grasp this. They are blinded by their envy and by their desire for vengeance; their vision is narrow and linear. Everyone around them is aware that they are wasting precious time in trying to inflict a punishment upon me that would satiate their hatred. That punishment, by the looks of things, would most probably be life imprisonment. It is not enough for them that I have already served prison sentence twice, without a shred of guilt, only because of their malice and forgeries. Envy and the desire for vengeance blind a man to such a degree that he does not see that he gets nothing by vengeance. Quite the contrary, by vengeance one can only lose, for vengeance is a punishment that falls down upon ourselves.

In this way, instead of ceasing these time-wasting efforts and entering talks on their status, the schismatics run up and down court hallways, from door to door, looking for ways to exact vengeance upon me through the court system. Thereby, obviously blinded and deranged by envy, they do not realize that, with us imprisoned, their loss would be greater than our own loss. We have shown and proven, more than once, that we remain the same after serving sentence, that the prison cannot shake our resolve, and that without us, or as long as they persecute and imprison us, there cannot be any kind of negotiations on their own status

дарска Митрополија одговоривме позитивно и бевме примени во единство. За тоа денес им благодариме на Архијереите на Српската Православна Црква, а особено на Патријархот Павле кому му посакуваме многу здравје во овие негови старечки денови. Тој нè постави за негов Егзарх на Црквата во Р. Македонија. Откако беа избрани и хиротонисани уште двајца Архијереи, Преосветените Јоаким и Марко, беше формиран Светиот Синод на Охридската Архиепископија, а ние со нивните гласови бевме избрани за Претстојател на тој Синод. После потврдата за изборот од Патријархот, ние ја носиме титулата Архиепископ охридски и Митрополит скопски, а Црквата во Р. Македонија доби автономија под име Охридска Архиепископија.

Вака накратко би изгледал патот на стадиумите од нашата биографија во последниве 10 години. Не приличи овде да ги спомнуваме сите пречки кои на тој пат ни ги правеа особено расколниците со помош на власта во Р. Македонија. Но, ако смеам тоа да го кажам, а да не изгледа надмено, нивните зловолија, пречки и завист со огромната помош Божја која ја имавме, кај нас поттикнаа волја за победа на вистината на Црквата, поттикнаа мотиви за себенадминување кон добродетелноста, но и духовно трезвеноумие да не се осветуваме на оние кои ни прават зло. Злото раѓа само зло, и никогаш од злото нема да произлезе добро. Тоа за жал расколниците не можат да го видат. Тие се заслепени од зависта и од желбата за одмазда и гледаат тесно и праволиниски. Сите околу нив се свесни дека тие губат драгоцено време во обидот да ме казнат со казна што би била сатисфакција на нивната омраза кон мене. А тоа според сè би била доживотна казна затвор. Не се задоволни со тоа што веќе на два пати, без трунка вина бев затворан од нивната злоба и по нивните фалсификати. Зависта и желбата за освета толку го помрачуваат човека, што тој не гледа дека ништо не добива од осветата. Напротив, од осветата само се губи, зашто осветата е казна која паѓа на самите нас.

Така, расколниците наместо да не го губат времето и да влезат во некаков разговор за нивниот статус, тие трчаат по судските коридори, од врата до врата и бараат начин како преку судот да ми се осветат. Притоа, во слепилото на зависта

within the Church. You cannot negotiate with someone and at the same time threaten him with incarceration in case the talks fail to satisfy you. This is very easy to understand for anyone whose mind is not darkened by envy and desire for vengeance. One should wonder if members of the clergy, even if schismatic, would have an excuse to be vengeful and envious to the extent of becoming completely oblivious.

Their minds darkened, the schismatics cannot see that all their evil is turned by God into good. And you are witnesses to this. All we have been through has not diminished our joy, nor taken away our courage, or humiliated us more than we had already previously calmed ourselves. Their evil truly did bring churches down, but it did not discourage us to continue building, their evil was hitting our one cheek, and we turned the other, their evil pursued and imprisoned us, and we did not even ask them why they were doing it. Still, it is a fact that their evil has assisted us in becoming more patient, and it has especially helped us to advance in the love for those who blaspheme, slander and persecute us in the name of Christ.

In these ten years, we have addressed the Macedonian government many times with a single request – for them to respect the basic human rights and the rights of freedom of religious confession. To this day, that requests falls on deaf ears. In the correspondence, we were occasionally heavy, almost harsh, and some used that to present us as disrespecting governmental authority. Those conclusions are wrong. We respect the government and its laws, but when that government acts contrary to the basic purpose of its existence, which is the protection of human rights, when the government not only does not create the proper environment for upholding of those rights, and does not protect those rights of its citizens, but is the very entity which violates those rights, no sober person should doubt that such a government should be criticized. It is our responsible assertion that, had the Macedonian government not interfered in this problem of the Church, and turned it thus into a political problem, by now the problem would have been long solved. So today, before all of you, I want to send a message to the new government of the Republic of Macedonia: Please, cease interfering in Church problems. Even

очигледно поматени, не сфаќаат дека за нив е поголема загуба ако бидеме во затвор отколку што е тоа за нас. Ние покажавме и докажавме и тоа не еднаш, дека и после затворот сме исти, дека затворот не може да нè поколеба, и дека тие без нас, односно додека нас нè гонат или затвараат, никогаш не може да имаат било какви преговори за нивниот статус во Црквата. Не можеш со некого да бараш да преговараш, а да му претиш со затворска казна ако преговорите не ти успеат. Тоа е лесно разбирливо за секој кој не е помрачен од завист и желба за освета. Друго е тоа сега дали црковни луѓе, па дури и нека се во раскол, треба да бидат осветољубиви и завидливи до таа мера тоа да ги заслепува и помрачува.

Помрачени, расколниците не гледаат дека сето нивно зло, Господ го преобразува во добро. А вие сте сведоци за тоа. Сето ова што го поминавме не успеа да ни ја намали радоста, да ни ја одземе храброста, да нè понижи повеќе отколку што претходно самите себе сме се смириле. Нивното зло навистина рушеше цркви, но тоа не нè обескуражи ние да престанеме да градиме, нивното зло нè удираше по едниот образ, ние го вртевме и другиот, нивното зло нè гонеше и затвараше, а ние дури не ги ни прашавме зошто тоа го прават. Сепак, факт е дека нивното зло ни помогна да станеме потрпеливи, а особено ни помогна да напреднеме во љубовта кон оние кои нè клеветат, злословат и гонат заради името Христово.

Многупати во овие десет, а особено во последниве шест години се обраќавме до властите во Р. Македонија со едно и единствено барање, да ги почитуваат основните човекови права и правата на слобода на вероисповест. До денес, тие останаа глуви за тоа. Во тие преписки понекогаш бевме остри, да не речам и груби, а тоа некои го исползуваа за да нè претстават дека сме непочитувачи на власта. Тоа се погрешни заклучоци. Ние ја почитуваме власта и законите кои таа ги носи, но кога таа власт работи спротивно на она што е основна смисла за нејзино постоење, а тоа е обезбедување на човековите права, кога власта не само што не прави услови за почитување на тие човекови права и не ги штити тие права на граѓаните, туку токму таа е онаа која ги крши тие права, тогаш не би требало никој кој е трезвеноумен да има дилема дека таквата власт

though it is quite late, since you tangled the whole thing up so much that it seems unsolvable, still, step aside. Aren't your political problems, which everyone sees you are having a hard time solving, not enough for you? Or do you need to create a Church problem to cover up something else? Truly, the schismatic organization in Macedonia is a child of UDBA from back in the days and a creation of the communist government of those times, but were not you supposed to be critical toward communism? Or are you being selective in that regard? Stop persecuting the Ohrid Archbishopric, stop threatening us with incarceration, accept the Ohrid Archbishopric, stop acting with discriminatory prejudice towards the priests of other Orthodox Churches entering Macedonia. That would be the best for everyone. Conversely, if you continue with your practices as you have inherited them from the government of Crvenkovski, be aware that they humiliate our homeland, but also all of us.

The other day, someone reminded us that in the introductory speech of our consecration into Archbishop ten years ago, we had established the overcoming of the schism and achieving the unification of the Church in Macedonia as the highest objective of our program as a Bishop. Since we have already achieved that, we are setting a new goal, to be achieved not within the next ten years, but much sooner, and that is for the rest of the people in Macedonia who are still schismatic to integrate into the Ohrid Archbishopric. For this we beg God's help, and your prayers, brothers Bishops, as well as the efforts of all those gathered here to honour us. May God be with us all, and us with Him and in Him.

20/7 July 2008
Vranje

треба да се критикува. Одговорно тврдиме, дека ако властите во Р. Македонија не се вмешаа во овој црковен проблем, и ако од црковен проблем не го претвореа во политички проблем, досега веќе проблемот ќе беше решен. Затоа денес, пред сите вас, сакам да ѝ порачам токму на новоформираната власт во Р. Македонија: Ве молиме, немојте повеќе да се мешате во црковните проблеми. Иако е веќе многу доцна, зашто толку ја замрсивте работата што изгледа нерешлива, сепак тргнете се. Не ви се ли доста политичките проблеми со кои на очиглед на сите тешко се справувате? Или ви треба да создадете црковен проблем за да покриете нешто друго? Вистина расколничката организација во Р. Македонија е рожба на тогашната УДБА и творба е на тогашната комунистичка држава, но нели сте вие критичари на комунизмот? Или сте тоа селективно? Престанете со гонења на Охридската Архиепископија, престанете да ни претите со затварања, прифатете ја Охридската Архиепископија, престанете дискриминаторски да се однесувате со свештениците од другите Православни Цркви кои влегуваат во Р. Македонија. Тоа е за доброто на сите. Обратно, ако продолжите да правите така како што наследивте од владата на Црвенковски, тоа ја унижува нашата татковина, но нè омаловажува и сите нас.

Деновиве некој нè потсети дека во пристапната беседа на хиротонијата во архијерејски чин, пред десет години, надминувањето на расколот и воспоставувањето на единство на Црквата во Р. Македонија сме го поставиле како највисока цел на програмата за архијерејско делување. Тоа веќе го постигнавме, сега поставуваме нова цел, не за наредните десет години, туку многу порано, да се присоедини кон Охридската Архиепископија и оној народ во Р. Македонија кој сè уште е останат во раскол. За тоа ја просиме помоштa Божја, вашата молитва браќа Архијереи, и залагањето на сиот народ кој се собра овде да ни направи чест. Господ нека биде со сите нас, а ние со Него и во Него.

20/ 7 Јули 2008 год.
Врање

Bishop of Bregalnitsa and Administrator of Bitola Marko

AN ADDRESS ON BEHALF OF THE HOLY SYNOD AND THE FAITHFUL CONGREGATION OF THE OHRID ARCHBISHOPRIC AT THE OCCASION OF THE TEN-YEAR ANNIVERSARY OF THE ORDINATION INTO BISHOP OF HIS BEATITUDE, ARCHBISHOP OF OHRID AND METROPOLITAN OF SKOPJE, KYR KYR JOVAN

Your Beatitude, much beloved in the Lord, spiritual father,

Whenever we have to speak before you, and especially so when it is about you that we have to speak, I am overwhelmed by a kind of sacred trepidation and great excitement. First, I have to admit that for me, the most insignificant one, to speak before you, and, what is more – about You, is something far beyond my rhetorical skills, and I know that I might come close just a tiny bit, or not at all, to what my goal was from the start: to thank you on behalf of everyone for everything that you have done, what you are doing, and what, by God's will, you will do for the Church of God.

Ten years have passed since the moment when the sweet will of God decided to call upon you to step into the service of Archbishop, or better yet, into the crucified love for your conscientious flock. This service is responsible, but also very exalted. Responsible, because you defer not to the people and kings, but to the Living God, the King of Kings, Lord of Lords. Also exalted, because you are the very icon of Christ Himself, an icon of tranquility till the moment of crucifixion, and self-abasement in kenosis, but also an icon of the reality of resurrection for eternity and ascension to glory.

The service you took upon yourself ten years ago, to offer the Eucharist for everyone and everything, Your Blessedness, is a service of reestablishing the created nature, as some of the Church Fathers call the Liturgy of the Church. And ever since day one after your ordination into Bishop, you have started doing exactly

Епископ брегалнички и Местобљустител битолски Марко

ОБРАЌАЊЕ ОД ИМЕТО НА СВЕТИОТ СИНОД И ВЕРНИОТ НАРОД НА ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА НА ДЕСЕТГОДИШНИНАТА ОД ХИРОТОНИЈАТА ВО АРХИЈЕРЕЈСКИ ЧИН НА НЕГОВОТО БЛАЖЕНСТВО АРХИЕПИСКОПОТ ОХРИДСКИ И МИТРОПОЛИТ СКОПСКИ Г.Г. ЈОВАН

Ваше Блаженство, многускапоцен, во Господа, духовен отче,

Кога треба пред Вас нешто да кажеме, а особено кога тоа се однесува за Вас, ме опфаќа еден свештен страв и голема возбуда. Прво, да зборувам пред Вас – а за Вас, јас најмалиот, е нешто што ги надминува моите говорнички способности, и знам дека малку или ни малку нема да се доближам до она што го поставувам за цел уште во почетоков: да Ви заблагодарам од сите, за сè што направивте, што правите, и што со Божја помош ќе го правите за Црквата Божја.

Се навршија десет години од тогаш кога промислата Божја благоизволи да Ве повика во архијерејска служба, или, подобро речено, во распната љубов за Вашето словесно стадо. Таа служба е одговорна, но истовремено и возвишена. Одговорна, зашто давате отчет не пред луѓето и царевите, туку пред Живиот Господ, пред Царот над царевите, пред Господарот над господарите. А, возвишена затоа што сте икона на самиот Христос, икона во смирението до распетие и самопонижувањето до кенозис, но икона и во реалноста на воскресението за вечност и вознесението за слава. Службата која ја примивте пред десет години, да принесувате Евхаристија за сите и за сè, Ваше Блаженство, е служба на превоспоставување на створената природа, како што некои од Отците на Црквата ја нарекуваат Литургијата на Црквата. А, Вие уште од први-

that. To reinstate the created nature, not by the measure of your own will, but according to the will of God and the Father which has been revealed to you, but also to all of us through His Son incarnate, the God-Man Christ.

Today we all rejoice, but if someone asked me what it is that gives me joy, I would tell them: the fact that you are finally reaping the fruits of your efforts. True, it was only after ten years of dedication; however your actions are not bearing fruit frequently, but rather they do so plentifully, and even more importantly, those actions bear neither green nor dry fruits, but only ripe ones. Most probably, a few more years will have to pass before the Church is satiated with your fruits, for they are still few, and still very expensive. Those fruits, my dear father, Patriarch and Archbishop, You have paid very dearly. But they would not have been so valuable otherwise, or they would have been like the cheap goods found at the markets.

Ever since life has brought me by your side, I remember you as a man directed toward the heavens. A man thirsty for the Word of God, but also prepared to do His will. To be honest, during those first encounters with you, it was difficult for us to draw from your depths. If there was anything that brought us out of the crisis created in us by your sermons, it was the love and obedience we had for you. The precision of your publicly spoken words, the lack of hypocrisy and the love of truth, not always solved the people's problems. On the contrary, they created problems. However, to realize that it is harder to discover the problem than to solve it, is something that comes with maturity. It is harder to find the right diagnosis than to prescribe a therapy. And that is what we thank you for, on behalf of everyone, because all of us here are your spiritual children. Thank you for creating our identity crisis, so that we could find our existence in God and in the personality of Christ, and not in the nation and other surrogates. Thank you for revealing theology as prayer, for knowing languages as a gift from the Holy Spirit, but most of all, thank you for your living testimony of the truth incarnate, testimony until exhaustion, until imprisonment.

I would like to remind myself, but also for the sake of everyone present here: At one synaxis, while we all sat around you, all young and inexperienced – you were the Metropolitan of Veles at

от ден после ракополагањето во архијерејски чин токму тоа почнавте да го правите. Да ја превоспоставувате створената природа, не по мерата на кројот на Вашата волја, туку според волјата на Бога и Отца која Ви се открива Вам, но и на сите нам преку воплотениот Негов Син, Богочовекот Христос.

Денес се радуваме сите, но ако мене ме праша некој што е тоа што мене ме радува би му рекол: тоа што дочекавте да собирате и плодови на Вашиот труд. Вистина дури по десет години, но делата кои Вие ги направивте не се честородни, туку многуродни и што е уште поважно, таквите дела раѓаат само зрели плодови, ниту зелени, ниту суви. Најверојатно ќе треба да поминат уште неколку години за да се насити Црквата од Вашите плодови, зашто тие сега се малку, а и уште сѐ скапи. Тие плодови, драги мој отче, Владико и Архиепископе, Вие ги платите многу скапо. Но, поинаку тие ќе немаа вредност или ќе беа како она што за петпари може да се купи на пазар.

Откако ме донесе животот покрај Вас, Ве паметам како човек усмерен кон небесата. Човек жеден за словото Божјо, но и подготвен да ја исполнува волјата Негова. При првите средби со Вас, да бидам искрен, тешко ни беше да црпиме од Вашата длабочина. Ако нешто нѐ извлекуваше од кризата која Вашите проповеди ни ја создаваа, тоа беше љубовта и послушноста кон Вас. Воточнетоста на Вашиот јавно изговорен збор, нелицемерието и љубовта кон вистината, не секогаш им ги решаваа проблемите на луѓето. Напротив, тие им создаваа проблеми. Но, да сфатиш дека е потешко да го откриеш проблемот отколку да го решиш, тоа е нешто што доаѓа со зрелоста. Потешко е да ја најдеш правата дијагноза, отколку да препишеш терапија за болеста. Ете за тоа Ви благодарам, од името на сите, зашто сите овде сме Ваши духовни деца. Ви благодарам што ни направивте криза во идентитетот, за да го најдеме нашето постоење во Бога и во личноста Христова, а не во нацијата и слични на неа сурогати. Ви благодарам што ни ја откривте телогијата како молитва, познавањето на јазиците како дар на Духот Свети, но најповеќе од сѐ Ви благодариме за вашето живо сведочење на воплотената вистина, сведочење до истоштание, сведочење до затвор.

Ќе се потсетам себе си, но заради сите овде присутни: На

the MOC at the time – and you said: "We are playing a Church here; as long as we are not united with the other Churches, we are not a Church." Even today, I am not convinced that anyone present there could understand what you said. I myself did not understand you then, and I am certain that many others felt tempted. But when you sacrificed yourself for the sake of the unity of the Church, when You did not hesitate to even go to prison in order to remain true to the meaning of the unity of the Church, then all who were attracted by the Holy Spirit received an answer in enlightenment. The Church is the Church only if united, and outside of that unity there is no Church. That teaching is ancient, that teaching is evangelical, of the Holy Fathers, and ecumenical.

A few days ago a book of yours was published, "The Brief History of the Ohrid Archbishopric." They say history is written by the victors. There certainly is a lot of truth in that, only the victory of the Church is not material and visible, but spiritual and invisible. Therefore, the victors in the Church are those who have lost, in the name of Christ, a father, or mother, wife and children, those who have lost a fortune or properties, those who were incarcerated, tortured and killed for their faith, for the truth, for the Church, for Christ. To the world, they are losers, but to the Church, they are winners, just as you yourself are a loser to some worldly people, but in the Church's domain, you are a winner. You won together with Christ, whom you accepted as the leader in your battle, and more than once I have heard you say: "This is a battle of Christ, because the Church is Christ's." The battle is of Christ, but you share the victory. As a winner, today you have written history. You have conquered the schism, and more than that, you broke it apart, you pulverized it, you destroyed it and left it without room to defend itself. If today you ask any of the schismatics in Macedonia, "My friend, why are you still schismatic?" – if he answered anything at all, he would probably say, "Well, because I am Macedonian."

You need to be in schism because you're Macedonian? Well you can be a Martian if you like, but come unite with the Church, because the Church gives you eternity, and not the state of being Macedonian, or Greek, or Serbian. And it is exactly here where your victory lays, Your Blessedness. May those whose opinions differ forgive me, but I dare say, your victory is not just for the

еден синаксис, кога седевме околу Вас, млади и неискусни, Вие тогаш бевте Митрополит во Велес, во МПЦ, рековте: „Ние си играме Црква, сè додека не сме во единство со другите Цркви ние не сме Црква.“ Дури и денес не сум убеден дека некој од присутните можеше да Ве разбере. Јас тоа тогаш не го разбрав, но сигурен сум дека и многумина други се соблазнија. Но, кога се жртвувавте себе си за единството на Црквата, кога не се поколебавте да одите и во затвор за да останете доследни на смислата на единството на Црквата, тогаш сите што се привлечени од Духот Свети добија одговор во просветление. Црквата е Црква само ако е во единство и надвор од единството нема Црква. Тоа е прастаро учење, тоа е учење евангелско, светоотечко, соборско.

Деновиве од печат излезе Вашата книга: „Кратка историја на Охридската Архиепископија.“ Велат историјата ја пишуваат победниците. Во тоа секако има многу вистина, само што победата на Црквата не е материјална и видлива, туку духовна и невидлива. Затоа победници во Црквата се оние кои за името Христово загубиле татко, или мајка, жена или деца, оние кои загубиле богатство или имот, оние кои биле затворани, мачени и убивани за верата, за вистината, за Црквата, за Христа. Тие за светот се губитници, за Црквата победници, како што Вие за некои од светот сте губитник, но во полето на Црквата Вие сте победник. Победивте заедно со Христа кого го ставивте за предводник на Вашата битка, и не еднаш сум Ве слушнал да велите: „Ова е битка Христова, зашто Црквата е Христова.“ Битката е Христова, но победата е и Ваша. Вие денес како победник ја напишавте историјата. Го победивте расколот, и уште повеќе од тоа. Вие го строшивте расколот, го сомлевте, го уништивте и го оставивте без апологија. Ако денес прашате некој од расколниците во Р. Македонија: „Пријателе, зошто си ти сè уште во раскол?“ – ако воопшто нешто ви одговори, би ви рекол – „Па затоа што сум Македонец.“

Затоа што си Македонец да бидеш во раскол? Па биди ако сакаш и Марсовец, но дојди во единство со Црквата зашто таа ти дава вечност, а не тоа што си Македонец, или Елин, или Србин. Токму во ова е Вашата победа, Ваше Блаженство. Нека ми простат оние што мислат поинаку, но ќе се осудам да речам, не

Church on the territory of the Republic of Macedonia. Your victories are great gains for the entire Church of God which, ever since the 19th century, has been dragging along the false identity problem, otherwise called ethnophyletism. And one more thing: if there is a Church with the least amount of ethnophyletism, I think it is the Ohrid Archbishopric. And that is because You have won, because Your theology, being the theology of the Church of God, has received a body through your pains of delivery pains, because Your suffering did not remain unrewarded and ungarlanded.

On the eve of this day, you initiated me into the monastic order, at the monastery of St. George the Martyr in Negotino, where you were banished after your unification with the Patriarchy of Pech. The same evening you experienced second banishment: before the eyes of the police, people goaded by the schismatic bishops threw you out forcibly from the monastery, and not only you, but also all of us who stood by your side since the start of your persecution. If only that were the end of it – it still is a lot to bear, but what you experienced after that I would not have anyone relive, even though it is precisely those events that give you the glory, that show your greatness in the present times and for history, show you as a true Bishop, a worthy Archbishop. After a few days, you were imprisoned, and when they saw that prison could not break you either, masked armed policemen entered your parents' house, where You lived in exile. After not having found you, they set the house on fire and all the furniture was burned down. And yet, I keep wondering how you must have felt when, by the order of Prime Minister Crvenkovski, the Church you had built with your own hands was being demolished. Did you try to assess the damage done, or felt pity for the demolition crew? To this day, I have not learned how much pain that event had left you with, not because I would not be able to imagine, but because you did not exhibit any anger or hatred, or anger, toward those miscreants. You only said, "Let them be, they do not know what they do." After it was clear that you remained undaunted by this as well, you received a prison sentence. I remember that several months after you had entered prison, the accumulated sentence was 4 and a half years. Four and a half years for fostering "national and religious hatred." It is good that You were set free after eight months, under the pressure from the international institutions.

е Вашата победа само за Црквата на територијата на Р. Македонија. Вашите победи се придобивки на целата Црква Божја која сè уште, од 19 век, до денес го влечка со себе проблемот на лажниот идентитет кој поинаку се нарекува етнофилетизам. И уште нешто: ако има некоја Црква во која има најмалку етнофилетизам, мислам дека е тоа Охридската Архиепископија. А тоа, зашто Вие победивте, зашто Вашата теологија која е теологија на Црквата Божја доби тело низ Вашите породилни маки, зашто Вашите страдања не останаа без венец и награда.

На навечерието од денешниов ден мене ме замонашивте во манастирот Св. вмч. Георгиј во Неготино, каде бевте прогнани после Вашето пристапување во единство со Пеќската Патријаршија. Истата вечер доживеавте и второ прогонство, пред очите на полицијата, нахушкани луѓе од расколничките лажиепископи, Вас, но и сите нас кои од почетокот на Вашите гонења бевме со Вас, нè избркаа насилно од манастирот. И да беше само тоа – пак е многу, но она што го доживеавте потоа не би сакал никому да му се повтори, иако токму тие настани Ве овенчаат, Ве покажаа голем пред сегашноста и историјата, Ве покажуваат вистински Епископ, достоен Архиепископ. Ве притворија по неколку денови, па кога видоа дека со тоа не можат да Ве скршат, луѓе од полицијата влегоа маскирани и вооружени во куќата од Вашите родители, во која живеевте изгонет. Откако не Ве најдоа, ја запалија куќата и изгоре сета покуќнина. Но, постојано се прашувам, како ли Ви беше кога по наредба на претседателот Црвенковски Ви ја рушеа Црквата која што со свои раце ја градевте? Дали ја меревте штетата, или ги жалевте тие што рушеа? До денес не научив колкава болка Ви остави тоа, не затоа што не можам да претпоставам, туку затоа што Вие не покажавте никаква лутина, ни омраза, ни гнев кон таквите безобразници. Велевте само: „Остави ги, не знаат што прават.“ Откако ни тоа не Ве поколеба, Ве осудија на затворска казна. Паметам неколку месеци после Вашето влегување во затвор, казната која Ви се насобра беше 4 ипол години. Четири ипол години зашто сте распалувале „национална и верска омраза.“ Добро е тоа што под притисок на меѓународните институции излеговте од затвор после осум месеци, но на срам е за една држава, не само што под притисок

However, it is very shameful for any country not only to be forced to change court decisions by pressure from abroad, but also, and more importantly, those court decisions not to be made according to law and order in the first place, but instead according to political needs. As for the premature death of the judge that sentenced you, I will not discuss it now, since the people have interpreted it well.

I do not know about you, but for me it was too overwhelming when earthly father passed away while you were in prison. After we got ejected from Veles together with you, and next from the aforementioned monastery, we moved into his house in Bitola. We loved him, not only because he was your father, but because he was like our own father, too. Everything he owned, he gave to the Church, and so the Church rightly considers him the founder of the monastery that you established on his property. You dedicated to him your book "The History of the Ohrid Archbishopric," and I am certain that even today he prays for you, as well as for all of us, for your and our future, for your and our Church.

About all other abuses, arrests and incarcerations, trials and lawsuits flung upon you by the Macedonian government, instigated by the schismatics, I shall not talk. If I begin, that will take away all my time designated for this humble address of mine to Your Blessedness. But I will not go silent without asking myself and all of you here – as you yourself often do – however, without providing an exhaustive answer: "Can the personal interest of the religious leaders of the schismatic MOC be so great, that they have no interest at all in the salvation of the people, but only in their material gain? Is the schism clouding the minds of those who serve it so much so, that they begin to only live at the Church's expense, but not for the Church? And could they have the Church only for their personal benefit, in order for them and their families to live comfortably at the expense of the naiveté of the people, whom they keep in the darkness of ignorance so that they can manipulate them?"

On the other hand, you provide a completely different example from that of the schismatics. Everything you have ever owned, your entire inheritance, you have given to the Church. You live for the Church, you work for the Church, you exist for the Church. That is an example for all of us to follow.

Therefore, on behalf of the Holy Synod, on behalf of all Your

однадвор ги менува судските одлуки, туку што носи судски одлуки не по право и поредок, туку по политичка потреба. А за прерaната смрт на судијата кој Ве осуди сега нема да говорам, неа народот добро ја протолкува.

Не знам за Вас, но за мене беше премногу кога додека бевте во затвор се упокои Вашиот татко по тело. Откако нѐ избркаа заедно со Вас од Велес, а потоа и од манастирот кој го споменав, ние се вселивме во неговата куќа во Битола. Не го љубевме само затоа што беше Ваш татко, туку затоа што го имавме и за наш татко. Сѐ што имаше го подари на Црквата и Црквата со право го смета за ктитор на манастирот кој Вие го основавте на неговиот имот. Вие нему му ја посветивте Историјата на Охридската Архиепископија која ја напишавте, а сигурен сум дека тој денес за Вас, но и за сите нас, се моли за Вашата и наша иднина, за Вашата и наша Црква.

За другите малтретирања, притворања и затворања, судења и тужења кои Ви ги подготви Власта во Р. Македонија, нахушкана од расколниците, нема да говорам. Ако почнам за нив да зборувам, тоа ќе ми го одземе сето предвидено време за ова мое скромно слово до Вашето Блаженство. Но, нема да замолчам и да не се прашам, себе си и сите вас, како што впрочем и Вие тоа многу често го правите, но без да дадам исцрпен одговор: „Дали може да биде толку голем личниот интерес на верските водачи во расколничката МПЦ, та воопшто да не ги интересира спасението на народот, а да ги интересира само нивната материјална добивка? Дали расколот толку ги потемнува оние што му служат и тие почнуваат да живеат само од Црквата, но не и за Црквата. Црквата да ја имаат само за лична полза за тие и нивните семејства да живеат добро на сметка на наивноста на народот кој го држат во мрак и незнаење за да можат да го манипулираат.“

Вие, пак давате потполно поинаков пример од оној кој го оставаат расколниците. Сѐ што имавте, целото Ваше наследство го дадовте на Црквата. Живеете за Црквата, работите за Црквата, постоите за Црквата. Тоа е пример за сите нас.

Затоа, од името на Светиот Синод, од името на сите ваши духовни чеда, од името на верниците и од името на Целата Црква Христова, бараме прошка за тоа што многупати се по-

spiritual children, of the faithful and the entire Church of Christ, we seek forgiveness for having so many times proven ourselves weak and unworthy for you to rely on us. We seek forgiveness for having saddened you and upset you more than once with our weakness. But your greatness is not only in tolerating terrible offenses, abuses, persecution and imprisonment in the last six years. You are great because despite all of this, you carried along us, the little ones, as well. We cannot even be like Simon of Cyrene, who received more for carrying the cross than for actually helping Christ, but at least accept this eulogy of ours, saintly Patriarch, and draw out a particle for us when You stand at the Offering.

Along with this, please accept our wish and prayer that you live for many more years, and that each following year you have more joy than in this present one. The trials and tribulations you have gone through will never be forgotten by history, and they will be a light for the generations to come, but I wish that you will never again have to go through such difficult trials. Keep your eyes directed to the Kingdom of God, so that we as well can dare look to the everlasting day, standing by your side, and tell God: Lord, please have mercy on us in the prayers of our saintly Archbishop.

To Ioannis, the Blessed and God-installed Archbishop of the Holy Ohrid Archbishopric and Metropolitan of Skopje, our father and shepherd, long live.

July 20, 2008
Vranje

кажавме слаби и недостојни да се потпрете и врз нас. Бараме прошка зашто со слабоста наша не еднаш Ве разжалостивме, не еднаш Ве обеспокоивме. Но, Вие не сте голем само затоа што последниве шест години претрпевте страшни навреди, малтретирања, гонења и затварања. Голем сте затоа што покрај сето ова нѐ носевте и нас малите. Ние не умеевме да бидеме ниту како Симон од Киринеја кој повеќе доби од тоа што го носеше крстот отколку што му помогна на Христа, но примете ја барем оваа наша метанија, Владико свети, и изведете една честичка за нас кога стоите на Проскомидија.

Покрај ова, примете ја и нашата желба и молитва да дочекате уште многу годишнини. Но, секоја наредна да Ви биде порадосна од оваа. Тешкотиите низ кои поминавте историјата нема да ги заборави, и тие ќе бидат светло за наредните генерации, но Ви посакувам никогаш веќе такви тешки искушенија да не Ви се повторат. Држете го својот поглед усмерен кон Царството Божјо, та и ние покрај Вас да смееме да гледаме кон невечерниот ден и на Бога да му кажеме: Господи, по молитвите на нашиот свет Архиепископ помилуј нѐ.

Иоану, Блажењешему и Богопроизведеному Архиепископу, свјатјешија Архиепископији охридскија, и Митрополиту скопскому, нам же отцу и пастиру, многаја лета.

20 Јули 2008
Врање

ARCHBISHOP OF OHRID
AND METROPOLITAN OF SKOPJE

Protocol Nr. 267 from September 29, 2008

AN OPEN LETTER TO THE CLERGY AND LAITY ASSEMBLY OF THE MOC, TO BE HELD ON OCTOBER 4, 2008 IN STRUGA

Respected,

Although we are addressing this letter to the Clergy and Laity Assembly of the MOC, we are not certain that the same will be read at the meeting scheduled for October 4, 2008 in Struga, and so we are releasing it publicly, to serve as a witness for the present and future times, and certainly as well for historical testimony.

The information we received from the media two days ago, according to which the Synod of the MOC had decided to suggest to the Clergy and Laity Assembly that the name of the Ohrid Archbishopric should be added to the name of the MOC, have truly gladdened us. This is so regardless of the fact that one of the objectives of such a change is definitely to prevent the canonic Ohrid Archbishopric from registering into the Register of Religious Communities of the Republic of Macedonia.

This change, if adopted – and we do send this letter precisely with the intention to support such an ack – would mean a lot for the further dialogue of the MOC for its own recognition. The Nish Agreement was meant to solve two basic problems; the first was the name of the MOC, and the second – its status. The name part, of course, was the more difficult one. The Bishops who had signed the Agreement had to withdraw their signatures after a lot of pressure from the government, because the change of the name of the MOC would directly influence the negotiations concerning

АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ
И МИТРОПОЛИТ СКОПСКИ

Протокол бр. 267 од 29 Септември 2008г.

ОТВОРЕНО ПИСМО ДО ЦРКОВНО-НАРОДНИОТ СОБОР НА МПЦ КОЈ ЌЕ СЕ ОДРЖИ НА 4 ОКТОМВРИ 2008Г., ВО СТРУГА

Почитувани,

Иако писмово го испраќаме до Црковно-народниот собор на МПЦ, не сме убедени дека истото ќе биде прочитано на соборот закажан за 04 Октомври 2008 г., во Струга, па затоа го објавуваме отворено, на суд пред сегашноста и иднината, а секако и за сведоштво на историјата.

Веста што ја чувме од средствата за информирање пред два дена, дека Синодот на МПЦ одлучил да му предложи на Црковно-народниот Собор, на името на МПЦ да биде додадено и името Охридска Архиепископија, искрено нè израдува. Без оглед на тоа што една од целите на оваа промена сигурно е да се оневозможи регистрирањето на канонската Охридска Архиепископија во регистарот на верските заедници во Р. Македонија.

Оваа промена, ако се усвои, а ние го испраќаме ова писмо токму како поддршка за тоа, значи многу за понатамошниот дијалог на МПЦ за нејзино признавање. Со Спогодбата од Ниш се решаваа два базични проблеми, првиот – името на МПЦ, и вториот – нејзиниот статус. Секако потешкиот проблем беше со името на МПЦ. Епископите кои ја потпишаа Спогодбата, по голем притисок на Власта ги повлекоа своите потписи зашто промената на името на МПЦ директно ќе влијаела во преговорите за името на Р. Македонија.

the name of the Republic of Macedonia.

Now, full 6 years later, finally there is some courage to change the name of the MOC. But why did we have to wait for 6 years? Why did we have to suffer so much persecution, abuse, humiliation and finally, several terms of prison sentence, for something which is so clear and unambiguous? The name Macedonian Orthodox Church has no Church support anywhere, while the Ohrid Archbishopric is a name of a celebrated Church, notwithstanding the fact that nearly all of its Archbishops were Greek, save for a few rare exceptions of Archbishops claiming Slavonic or some other origin, who can be counted on the fingers of one hand.

When we, together with the Synod of the Orthodox Ohrid Archbishopric, accepted this name six years ago, we were pronounced a public enemy, the consequences of which act we still suffer today. We are still in exile and cannot enter Macedonia, because an arrest warrant has been issued on our name. And all these tribulations are there on account of what we did six years ago, although that act had been previously accepted by three Bishops of the MOC and confirmed with their signatures, while the Clergy and Laity Assembly of the MOC is about to do the same thing just now.

We do not want to be misunderstood – we are not trying to impose our own sufferings over the general benefit of such a major decision related to the change of the name of the MOC, which is on the agenda of this Clergy and Laity Assembly. We are talking about name change, even though some will interpret it simply as an addition to the name of the MOC. Let us be honest – if the MOC is ever officially recognized, no one will call it MOC anymore, but just Ohrid Archbishopric.

That is praiseworthy, however, even though we think that t would have been even much better if the MOC itself renounced, already now, that illegal name and simply adopted the name of Ohrid Archbishopric. That would present a great honor for the participants in this Clergy and Laity Assembly. The way it is now, it seems as if they want to secretly adopt something, and that does not become a serious Church. The Church is always on the vanguard, she leads in all the kingdoms and countries. The Church is the salt of the earth.

Still, these minor shortcomings should not be impediments

Сега, по цели 6 години конечно се собра храброст да се промени името на МПЦ. Но, зошто требаше да поминат 6 години? Зошто требаше да претрпиме толку гонења, малтретирања, понижувања и конечно и неколку затварања, за нешто кое само по себе е јасно и недвосмислено? Името МПЦ нема црковна поткрепа, додека Охридска Архиепископија е име на прославена Црква, друго е тоа што скоро сите нејзини Архиепископи биле Грци, освен ретки исклучоци на Архиепископи со словенско или некое друго потекло, кои се бројат на прстите на една рака.

Кога ние, и Синодот на Православната Охридска Архиепископија го прифативме ова име, пред шест години, бевме прогласени за државни непријатели. Последиците од тоа ги трпиме и денес. Сè уште сме во егзил и не можеме да влеземе во Р. Македонија зашто има потерница по нас, и тоа само затоа што пред шест години го направивме тоа што претходно го прифатија тројца епископи на МПЦ и го потврдија со нивните потписи, а сега тоа го прави и Црковно-народниот собор на МПЦ.

Да не бидеме погрешно сфатени, дека ние ги поставуваме претрпените наши страдања над општата добивка од вака крупната одлука за промена на името на МПЦ, што му претстои на овој Црковно-народен собор. Велиме промена на името, иако некои ќе го толкуваат тоа само како додаток на името на МПЦ. Да бидеме искрени, ако некогаш МПЦ биде призната, никој веќе нема да ја нарекува МПЦ, туку само Охридска Архиепископија.

Но, тоа е за пофалба, иако сметаме дека уште поголемо ќе беше, уште сега МПЦ сама да се откажеше од тоа неканонско име и да го усвоеше само името Охридска Архиепископија. Тоа ќе беше на голема почест на учесниците на Црковно-народниот собор. Вака доаѓа како нешто да се сака да се протурка на мала врата, а тоа не приличи на сериозна Црква. Црквата е секогаш авангарда, таа предводи во царствата, во државите во општеството. Црквата е сол на земјава.

Сепак не треба да се дозволи овие мали недостатоци да го поматат ова големо дело кое ви претстои да го направите. Да го промените името на МПЦ и таа да се нарекува Охридска

to this great deed you are about to perform – to change the name of the MOC into Ohrid Archbishopric. We recommend that you do not pay attention to the rumors already going around that this means that the preparations for the change of the name of the Republic of Macedonia as well are underway.

Of course, it is anyway clear, as we have pointed out many times before, that the MOC, ever since its inception by the communists in 1967, has worked as one of the agencies of the Macedonian government. Realistically speaking, none of its Bishops, not in the past, and certainly not now, have ever been able to escape their subjugation to the government. Now, all of this is not that important, but what would be wrong with finally solving the problem regarding the name of the Republic of Macedonia as well, so that the country could finally prosper?

Due to all this, we sincerely and heartily recommend to the delegates participating in the Clergy and Laity Assembly of the MOC to adopt the proposal to change the name of the MOC into Ohrid Archbishopric. That will take us a step closer to the solution for the problem of the MOC's status. Beside this name change, the MOC will only have to accept the status of autonomy as determined by the Nish Agreement, and finally the problem of its not being recognized will be solved. Forgive our lack of modesty, but we think that we as well have offered a certain humble contribution to everything that is presently being done, and will need to be done in the future, until the final solution of the MOC's problems.

The naysayers, on the other hand, already now remark that exactly in the same month when the new Law on the Legal Status of Religious Communities in the Republic of Macedonia is supposed to come into force, the MOC is changing its name into Ohrid Archbishopric, only in order that the canonic Orthodox Ohrid Archbishopric would be prevented from registering under that name. As the Archbishop of the Ohrid Archbishopric, in the words of Paul the Apostle, we answer: I will agree to an even greater damage, just to save my people.

It does not matter much to the Orthodox Ohrid Archbishopric whether or when it will be registered and recognized by the state. Especially so when we are talking about a country known for disrespecting basic religious rights. For six years we have existed

Архиепископија. Наша препорака е да не се осврнувате ниту на тоа што некои веќе зборуваат дека ова значи подготовка за промена на името на државата Р. Македонија.

Додуша, јасно е тоа, и ние на многупати сме го кажувале дека МПЦ, уште од времето на нејзиното создавање од страна на комунистите во 1967 г., па сè до денес, функционира како една од дирекциите во Владата на Р. Македонија. Реално, нејзините епископи ниту во минатото, а ниту сега имаат капацитет да се извлечат од нивната подвластеност на Властите. Тоа сега и не е толку важно, но што има лошо во тоа еднаш конечно да се реши и проблемот со името на Р. Македонија и земјата да почне да просперира?

Заради сето ова, топло и искрено им препорачуваме на делегатите на Црковно-народниот собор на МПЦ да го усвојат предлогот за промена на името на МПЦ во Охридска Архиепископија. Тоа нè носи на чекор до решавање на проблемот и со статусот на МПЦ. Покрај оваа промена на името, МПЦ ќе треба да го прифати уште само автономниот статус предвиден со Согласноста од Ниш и конечно, проблемот со нејзиното непризнавање ќе биде решен. Простете на нескромноста, но сметаме дека за сето ова што се прави, а и за она другото што ќе треба да следува до конечното решавање на проблемот на МПЦ, и ние дадовме скромен придонес.

Злобниците, пак, уште отсега забележуваат дека токму во месецот во кој треба да профункционира новиот закон за правната положба на верските заедници во Р. Македонија, МПЦ го променува името во Охридска Архиепископија за канонската Православна Охридска Архиепископија да не може да се регистрира под тоа име. Како Архиепископ на Охридската Архиепископија, а со зборовите на Апостолот Павле одговараме: согласен сум дури на поголема штета, само мојот народ да се спаси.

На Православната Охридска Архиепископија не ѝ е многу важно дали и кога ќе биде регистрирана од државата. Особено кога се работи за држава која е позната по непочитувањето на основните верски права. Ние веќе шест години постоиме нерегистрирани, вистина во непрестајни прогонства, малтретирања, понижувања и затварања, но признати од сите други

unregistered, as a matter of fact constantly on the run, persecuted, abused, humiliated and imprisoned, but nevertheless recognized by all other Orthodox Churches. Neither would our possible registration improve our condition, nor would the failure to register worsen our present state of affairs. It is the government that actually needs our registering more than we do. We got used to live persecuted by the state, but the Republic of Macedonia should not be indifferent to being constantly under scrutiny for violating basic human rights. So, even if we are registered by the government under any other name, that will be for its use only, and for everyone else, we will remain the only canonic Orthodox Ohrid Archbishopric.

Finally, once again we salute each one of you personally with a kiss in the Lord, blessing this Assembly which, provided you decide to change the name of the MOC, will at least write your names down in history.

ARCHBISHOP AND METROPOLITAN,
† of Ohrid and of Skopje Jovan

Православни Цркви. Ниту евентуалното наше регистрирање ќе ја унапреди нашата положба, ниту нерегистрирањето ќе нѐ уназади повеќе од состојбата во која што сме. Нашето регистрирање повеќе ѝ треба на државата отколку нам, ние научивме да живееме гонети од државата, но на Р. Македонија не треба да ѝ биде сеедно што е постојано на тапет за непочитување на основните човекови права. Така, дури и под било какво друго име државата да нѐ запише во нејзините регистри, тоа ќе биде само за нејзина употреба, а за сите други, канонската Православна Охридска Архиепископија ќе бидеме ние.

За крај, уште еднаш сите поименично Ве поздравуваме со целив во Господа, благословувајќи го овој собор кој сите Вас, секако доколку одлучите да го промените името на МПЦ, ќе Ве запише барем во историјата.

АРХИЕПИСКОП И МИТРОПОЛИТ
† Охридски и Скопски Јован

ARCHBISHOP OF OHRID
AND METROPOLITAN OF SKOPJE

Protocol No. 65 from February 14, 2009
Thessaloniki

To
The Synod of MOC
Skopje

Your Eminences,

Due to a historical continuity, at the beginning of this letter let us remind you of the letters we have already sent to you: No. 1029 dated 13 October 2002, No. 44 dated March 8, 2003, No. 181 dated November 28, 2006 and No. 33 dated February 12, 2007. Neither shall we say anything that has not been said in the previous four letters, nor shall we repeat what was already said. Only Mr Ljubcho Georgievski, the former Prime Minister of the Government of the Republic of Macedonia, from the ones involved in the persecution (physical and legal) against us, had a virtue to say that everything that we had written to him in the letter No. 1013 dated September 9, 2002 happened to him according to what was said. However, you have not replied to any of our three letters so far, as you have not replied to the accusations into out text: "Ecclesiological heresy in the schism of the religious organization in the Republic of Macedonia". We suppose that is due to the haughty position granted to you by the Government and perhaps from the contempt against our humbleness, however, regardless of the reason, it is borne upon your identity, and it presents a church and historical liability. We shall continue in a manner as we have have been told by the Fathers of the Church, to write to the schismatic and heretic, not only to unmask their erroneous teaching and manner of para-ecclesiastical existence, but also to encourage them to repent and correct themselves. The person, not answering to a publically put questions, is either vainglorious, or

АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ
И МИТРОПОЛИТ СКОПСКИ

Протокол бр. 65 од 14 Февруари 2009
Тесалоники

До
Синодот на МПЦ
Скопје

Ваши Високопреосвештенства,

Заради историски континуитет, на почетокот од писмово Ве потсетуваме на писмата кои веќе Ви ги имаме испратено: бр. 1029 од 13 Октомври 2002г., бр. 44 од 08 Март 2003г., 181 од 28 Ноември 2006г., и бр. 33 од 12 Февруари 2007г. Во ова писмо нема да кажеме речиси ништо ново што веќе не е кажано во претходните четири. Ниту би го повторувале она што е веќе таму речено. Само г. Љубчо Георгиевски, поранешниот првоминистер на Владата на Р. Македонија од замешаните во прогонот (физички и судски) врз нас, имаше доблест да каже дека сѐ што сме му напишале во писмото бр. 1013 од 09 Септември 2002г. му се случило според реченото. Вие на ниту едно од досегашните три писма не сте одговориле, како што немате одговорено ниту на обвинувањата во нашиот текст: „Еклисиолошката ерес во расколот на религиозната организација во Р. Македонија". Претпоставуваме дека е тоа од надменост на позицијата која Ви е обезбедена од властите и веројатно од презир кон нашата смерност, но од што и да е, тоа паѓа на товар на вашиот идентитет, и претставува црковна и историска одговорност. Ние ќе продолжиме онака како што примивме од Отците на Црквата, да им пишуваме на расколниците и еретиците, да ги разобличуваме нивните погрешни учења и начин на парацрковно живеење, но и да ги поттикнуваме да се покаат и да се поправат. Тој, пак, што не одговара на јавно поставени прашања, или е самобендисан, или ужива заштита

enjoys a Government protection, or it does not have substantial answers and finds it difficult to confess its wrongs.

We, Your Eminences in the aforementioned letters, emphasized to you many of the problems and asked you many questions. You have not given us the dignity to answer the questions. However, the time has come when those same questions were asked by your late associates in the media whom you paid well to write against us. The ones that you rejoiced in when they vilified our humbleness, those ones now demand a tiny, minimal account from you, too. The same that You are obliged to do without anyone demanding it from you, and that is being responsible and accountable. Unfortunately, for at least the two huge scandals "Govrlevo and Izgrev" which have been lingering on for two years, none of you has given serious answer about the great abuse carried out; even more you have started messing about with your worshippers and late supporters – the journalists.

Here, we shall not keep onto all evil, malicious and utterly unchristian injustices you have caused to the members of the Orthodox Ohrid Archbishopric. You have managed to imprison us twice, guiltless, with a forged letter that you are quite aware that the Court accepted as evidence following the first verdict of release, since it was ordered to do so. The same judge, the one that convicted us, Mr. Valentin Zafriov, who has been dismissed from the position of a judge, said that he and the whole jurisdiction at the time of the communist era and even now have been working under the pressure of the Government. Such pressure was put through the authorities in the Republic of Macedonia, under whose patronage the MOC has worked since the far 1967, in order to present the lie as a truth. With such courts, as the ones in the Republic of Macedonia, you have succeeded in doing that. However, you have either forgotten or have never believed that there is a God's judgement. Each persecution against the Church is regarded by God as a persecution against him. Each imprisonment of a Bishop is a repeated Crucifixion of Jesus Christ, if that imprisonment is due to the faith, the unity of the Church, love of Christ.

Several members of your Holy Synod met Bishops from the Serbian Orthodox Church. Your efforts to at least establish an

од државната власт, или пак нема суштински одговори и тешко му е јавно да го исповеда својот грев.

Ние, Ваши Високопреосвештенства во гореспоменатите писма Ви предочивме на многу проблеми и Ви поставивме многу прашања. Вие не нè удостоивте со одговор. Но, дојде време кога истите тие прашања сега Ви ги поставуваат Вашите довчерашни соработници во средствата за информирање кои за да пишуваат против нас, Вие добро ги плаќавте. Тие на кои само до пред неколку месеци им се радувавте кога лажно и неаргументирано ја клеветеа нашата смиреност, сега бараат еден мал, минимален отчет и од Вас. Она, всушност, што Вие сте должни да го правите и без некој од Вас да го бара, да бидете одговорни и отчетни. За жал, еве веќе полни две години како се влечат барем два големи и соблазнителни скандали, „Говрлево и Изгрев" и не само што никој од Вас сериозно не одговорил на огромните злоупотреби кои се вршени, туку и почнавте да си подигрувате со Вашите почитувачи и довчерашни поддржувачи, новинарите.

Нема овде да се задржиме на сите неправди кои пакосно, злонамерно и крајно нехристијански ги направивте на членовите на Охридската Архиепископија. Нас успеавте на двапати и во затвор да нè ставите, без ниту една вина, со фалсификувано писмо за кое ви е добро познато дека судот го прифати како доказ дури после првата ослободителна пресуда, сè само затоа што тоа му беше наложено. Истиот тој судија, што нас нè осуди, г. Валентин Зафиров кого деновиве го разрешија од неговите должности како судија, кажа за себе и за цело судство дека и во времето на комунизмот и сега судот работел под политички притисок на властите. Таков притисок Вие вршите преку властите во Р. Македонија, под чие патронство МПЦ работи од далечната 1967г., за да ја прикажете лагата за вистина. И со вакви судови какви што ги има во Р. Македонија тоа Ви успева. Но, или заборавате, или никогаш не сте поверувале дека има и Божји суд. Дека секое гонење на Црквата, Господ го прима како гонење врз Него. Дека затворањето на еден Епископ е повторно распнување на Христа, а поготово ако тоа затворање е за верата, за единството на Црквата, за љубовта кон Христа.

Неколку членови од Вашиот Синод се сретнаа со Епис-

elementary contact with the sister Orthodox Churches are also known. Somewhere you are received from sympathy, and somewhere the doors for you are closed. That is really sad, however with the ones you have the possibility to communicate they give you the same recommendations: You cannot have serious talks regarding your status without stopping the indecent persecutions against our humbleness. Moreover, no agreement can be reached regarding your status without the participation of the Ohrid Archbishopric. You have heard the same from the former Metropolitan of Smolenski and Kalingrad, now the Patriarch of Moscow and All Russia kyr kyr Kirill. What kind of a supporter can he be to you if you have not implemented his recommendations and what you have promised to Him? Contrary to the kind-heartedness and culture of certain dignitaries in the Orthodox Church who allow you a contact with them, you present yourselves as unserious and fully dependent on the men of power in the time when the communism as a political organization has almost completely vanished.

Few days ago you came out with an announcement of the Synod that your Church had not been involved in the huge scandal with the Hotel Izgrev, when you bought the hotel for the second time which was already in your possession. Perhaps, you are quite aware that nobody believed you and it was ridiculously presented via the media. Even the spokesperson of Your Holly Synod Mr. Timotej stated that he himself was not convinced that the MOC is 100% percent innocent in the case with the Hotel Izgrev. We shall neither comment on the caricature of Your Archbishop drawn in the media, nor on the drop in your worship among the people. Your temples are empty during the Sunday liturgy and we are convinced that the Ohrid Archbishopric that you try to present as a marginal event has more people who participate in our Sunday Liturgy than You have in all of your temples.

The reason for writing this is not to publically blame you. You are quite aware of the fact that we have never crossed the border of dignity and we have never accused you unbecomingly moreover falseheartedly. We would have brought forward the aforementioned in this letter to you despite the fact that it has been an unsolved public scandal for a longer period of time, unless you

копи од Српската Православна Црква. Познати се и Вашите обиди за остварување барем елементарен контакт со другите, сестрински православни Цркви. Некаде Ве примаат од сожалување, но некаде вратите Ви се затворени. Тоа е навистина тажно, но дури и таму каде што имате можност да контактирате, Ви ги кажуваат истите препораки: Не може да има никаков сериозен разговор за Вашиот статус без да ги запрете недолични судски гонења врз нашата смерност. Исто така не може да има било каква согласност за Вашиот статус без учество на Охридската Архиепископија. Тоа го чувте и од устата на поранешниот Митрополит смоленски и калинградски, сега Патријарх московски и на цела Русија г.г. Кирил. И каков поддржувач може да Ви биде тој кога не ги исполнувате Неговите препораки и она што сте го ветиле пред Него? Така, дури и таму каде што добросрдечноста и културата на одредени великодостојници во Православната Црква Ви овозможуваат да имате контакт со Нив, Вие се покажувате несериозни и потполно зависни од политичките властодршци и тоа во време кога комунизмот како политичко уредување речиси да исчезна.

Пред неколку денови излеговте со синодско соопштение дека Вашата црква не била вмешана во големиот и соблазнителен скандал со хотелот „Изгрев“, кој по втор пат, сами од себе си го купивте. Веројатно сте свесни дека во тоа никој не Ви верува и Вие знаете со каков подбив тоа го пренесоа средствата за информирање. Дури и гласноговорникот на Вашиот синод, г-динот Тимотеј изјави дека не е убеден оти МПЦ е стопроцентно чиста во случајот со хотелот „Изгрев“. За карикатурите што се цртаат за Вашиот Архиепископ во средствата за информирање, и колку Ви опадна почитта кај народот нема ниту да говориме. Во неделните Литургии храмовите Ви се празни и убедени сме дека Охридската Архиепископија која Вие ја претставувате како маргинален настан има во недела на Литургија повеќе луѓе што се црквуваат отколку Вие во сите ваши храмови.

Сето ова не го пишуваме за јавно да Ве обвиниме. Вие добро знаете дека ние секогаш сме биле на границата на пристојноста и никогаш не сме Ве обвинувале недолично или, пак лажно. Напротив, сите Ваши обвинувања врз нас беа недолич-

determinedly continued with the false accusations to conduct lawsuits against us. With this, we simply want to remind you of what is written in the Gospel: You hypocrite, first take the plank out of your own eye, and then you will see clearly to remove the speck from your brother's eye (Mathew 7.5). God has a great patience towards you than towards the judge Mishko Stojkovski who convicted and sentenced us to prison on grounds of a non-existent act, or towards the judge Valentin Zafirov who also sentenced us to prison following a great pressure from the Government to accept your forged documents as evidence. One has departed before God's judgement and the other will face trial in the courts of this world, however both of them did wrong to the Archbishop and the living Church that is the Body of Christ Himself. The analogy that when we do wrong to the Archbishop of a Church we do wrong to Jesus himself is as old as the Old Gospel. However, the fact that God still waits for you shall not be misused by you. Yet, you are invited by a different summoning form God, the one who summoned the aforementioned judges. Thus, the God's patience towards you is great; however your responsibility is even greater, which means that the chastisement from God shall be greater provided that you failed to repent.

We shall not curse you, since we are deeply aware of the power of the Archbishop's curse, and under the eaves of the house of the one who shall be cursed by the Archbishop, owls shall indeed hoot, as Grigor Prlichev wrote. However, we shall not curse you in order to rejoice the devil over someone's fall, especially of the fall of clergy, which does not mean that the wrath of God shall quench. Just recall the aforementioned examples with the judges which we had never cursed, but that did not quench the God's revenge towards them, since they did not appear to be the persecutors of the offender or criminal Jovan, a member of a criminal gang, but they were the persecutors of the Archbishop Jovan who in the Church is sitting on the same throne as Christ himself. He was adjudicated for affairs that can only be adjudicated by the God himself. Yet, you sue us before other world's courts and calumniate us for matters we have not done moreover which are alien to our archbishopric dignity and our character as a person, regardless of the fact that the Canon Law does not allow you that.

ни и лажни. Ниту ова гореречената немаше да го споменуваме во ова писмо до Вас иако е веќе долго време неразрешен јавен скандал, ако Вие не продолжевте упорно со лажни обвинувања да водите судски спорови против нас. Со ова едноставно сакаме да Ве потсетиме на она што го пишува во Евангелието: „Лицемере, прво извади ја даската од своето око, па потоа ќе видиш да ја извадиш раската од окото на братот твој" (Мт. 7,5) Кон Вас Господ има поголемо трпение отколку кон судијата Мишко Стојковски што нè осуди на затворска казна за непостоечко дело, или кон судијата Валентин Зафиров што нè осуди исто така на казна затвор после голем притисок од власта да ги прифати како докази вашите фалсификувани документи. Едниот замина пред судот Божји, другиот ќе оди пред судот овосветски, но и едниот и другиот се огрешија против Архиепископот на живата Црква која е Тело на самиот Христос. Аналогијата дека грешејќи против Епископот на Црквата грешиме против самиот Христос е стара колку што е старо Евангелието. Но, тоа што Вас Господ сè уште Ве чека не треба да го злоупотребувате. Вие сте сепак повикани со поинаков повик од Бога, од оној што се повикани споменатите судии. Затоа трпението Господово кон Вас е поголемо, но и одговорноста Ваша е поголема, а тоа значи и казната Божја кон Вас во колку не се покаете ќе биде многу поголема.

Ние нема да Ве проколнеме, зашто сме навистина длабоко свесни за силата на клетвата на Архиепископот, и дека под стреата на куќата на оној што ќе биде проколнат од Архиепископот навистина ќе хукаат утови, како што пишува Григор Прличев. Сепак, тоа што ние нема да Ве проколнеме и со тоа да го израдуваме ѓаволот кој едвај чека нечија пропаст, а особено на луѓето во Црквата, не значи дека гневот Божји кон Вас ќе стивне. Сетете се на погоренаведените примери со судиите кои никогаш не сме ги проколнале, но тоа не ја намали одмаздата Божја кон нив, бидејќи тие се јавија како гонители не на престапникот или злосторникот Јован, член на некоја разбојничка банда, туку гонители на Архиепископот Јован кој во Црквата седи на истиот трон на кој седи и самиот Христос. Му судеа за работи за кои може и смее да му суди само Господ. Вие, пак, нè тужите пред светските судови и клеветите

The thing that has been following you for the last years, losing the authority and the social status, being involved into scandals such as Govrlevo and Izgrev, your monkhood and true believers leaving you is still only a warning for what is to come unless you repent. You have headed towards complete perdition; unfortunately you want to pull the people down with you. However, they start to wake up, thus they do not believe you, what's even more they laugh at you and condemn you.

Some ask why the Church has not defrocked you when there are a lot of reasons at least so many of you to lose the ranks. You know that the one serving with a defrocked bishop is defrocked himself. And Kiril, whom you serve with, was defrocked from the Church a long ago. Thus, should the God's judgement happen tomorrow, you cannot not have a part among the Bishops of the Church, firstly since you do not have a unity with a body of Christ, and secondly since you are found in schism yourselves due to serving with a schismatic bishop. There is truth in the people's saying: "Tell me who your friends are I'll tell you who you are". Therefore, it is pointless when you rudely and impudently talk behind Kiril's back, since when he is among you, you all worship and praise him. Recently some of you have said that you whole Holy Synod now works only for the benefit of Kiril. He safely, being a subject of scrutiny and protection of your Holy Synod takes care of his family and brings up his children, and you only envy him as being an example of a successful person.

Brothers and sisters, everything we write is well-intentioned in order to wake you up from the dream from which you have not woken up for years. If you were responsible for you future we should have written to you once or twice, not as many times as we have stated in the beginning of the letter. You are the ones responsible for the people that due to certain circumstances still follow you and remain in schism. Thus, we would like to point out that the present is not inclined to you, you future is completely lost, and the history shall place you into forgetfulness as it has done with your precursors. Please wake up as we kneel and beg you to cease the persecutions in order for any talks regarding the sorrowful situation in which you are found to commence. We call it sorrowful since it is really a pity to be present at the funeral

за работи кои не сме ги направиле и кои се туѓи и на нашето архиепископско достоинство и на нашиот карактер како личност, без оглед на тоа што канонското право на Црквата тоа не Ви го допушта. Па ова што Ве прати последниве години, да го губите авторитетот и општествениот статус, да Ви се случуваат скандали од типот на Говрлево и Изгрев, да Ви заминува монаштвото и вистинските верници сè уште се само опомена за она што допрва доаѓа ако не се покаете. Вие тргнавте кон целосна пропаст, за жал со Вас сакате да го свлечете и народот. Но, тој се буди, веќе не Ви верува, па дури и Ви се смее и Ве презира.

Некои велат, зошто Црквата не Ве расчинува кога има толку многу причини барем повеќето од Вас да го загубат чинот? Но, како да ги расчинуваме оние што сами се расчиниле? Вие знаете дека оној што служи со расчинет епископ и самиот е расчинет. А Кирил, со кого Вие служите е одамна расчинет од Црквата. Така, ако утре се случи судот Божји, Вие не можете да имате дел меѓу Епископите на Црквата, прво затоа што немате единство со Телото Христово, второ зашто сами сте се расчиниле сослужувајќи со расчинет епископ. Народот паметно вели: Со кого си, таков си. Така, џабе е што кога меѓу Вас не е Кирил Вие го оговарате најнепристојно и безобразно, зашто кога е меѓу Вас сите му се поклонувате и го славословите. Некој од Вас скоро рече дека целиот Ваш синод сега работи само во полза на Кирила. Тој безбедно, под „будното" око и заштита на Вашиот синод си ја гледа фамилијата и си ги расте децата, а Вие само му завидувате како на човек што е пример за успех во животот.

Браќа и господо, сево ова што го пишуваме е добронамерно, за да Ве разбудиме од сонот од кој веќе со години не се будите. Да сте одговорни само за својата иднина, можеби ќе Ви пишевме само еднаш или двапати, а не толку колку што наведовме во почетокот на писмото. Вие сте одговорни и за народот што заради некои околности сè уште Ве следи и останува во раскол. Така, со ова сакаме да Ви предочиме дека сегашноста воопшто не Ви е наклонета, иднината Ви е целосно загубена, а историјата ќе Ве смести во заборав како и Вашите претходници. Разбудете се Ве молиме коленопреклоно и престанете со

of the blessed repose of the Patriarch of Moscow Alexy and the enthronement of the new Patriarch kyr kyr Kirill in the Cathedral of Christ the Saviour in Moscow, neither to be able to serve nor take communion, but only to observe from a position as the other Non-orthodox oriental Christians and other Non-Christian Muslims. It is a pity to go to Jerusalem and not be able to serve at the God's grave. It is sorrowful to call yourselves Orthodox and no one to acknowledge you and invite you for a coffee, moreover not to hold a Divine Service.

Seven years have passed since the Metropolitante of Veles entered into a canonical unity with the Patriarchy of Pech. It is a sufficient period for you to understand that the position of being the Government's pets not only failed to glorify you but it also ashamed you. Everything you have done against us and the Ohrid Archbishopric was actually directed towards you and your reputation. Your evilness made us famous among the Orthodox and even wider. Please come to your senses and stop working in favour of your detriment. Cease the persecutions against us since you hurt yourselves and leave a spiritual capital in the treasury of the Ohrid Archbishopric. Your problem however becomes insolvable.

Greeting you in the Lord, we wish you a good Paschal Lent and we wish you to reach the Resurrection of Christ with the expectation for solving the schism in which you find yourselves and establishing of complete unity with the Church of God.

ARCHBISHOP AND METROPOLITAN
+ Of Ohrid and Skopje Jovan

гонењата за да може да започне некаков разговор за жалната состојба во која се наоѓате. Ја нарекуваме жална зашто навистина е жално да присуствувате на погребот на блаженопочинатиот Патријарх московски Алексиј и на интронизацијата на новиот Патријарх г.г. Кирил во храмот на Христа Спасителот во Москва, а да не можете да служите и да се причестите, ами само да посматрате од позиција како што тоа го правеа другославните дохалкидонци и друговерните муслимани. Жално е да одите во Ерусалим и да не можете да служите на гробот Господов. Жалосно е да се нарекувате Православни, а тоа никој да не Ви го признава и да не Ве прима ниту кафе заедно да пиете, а не служба Божја да вршите.

Поминаа скоро седум години откако велеската Митрополија стапи во литургијско и канонско единство со Пеќката Патријаршија. Доволно време за да сфатите дека позицијата на владини галеничиња не само што не Ве прослави, туку напротив Ве посрами. Сè што правевте против нас и Охридската Архиепископија всушност беше вперено против Вас и вашиот углед. Вашата злоба нас нè направи познати меѓу православните, но и пошироко. Бидете конечно мудри и престанете да работите на своја штета. Запрете ги прогоните врз нас зашто од нив си наштетувате себе си, а ставате духовен капитал во трезорот на Охридската Архиепископија. Вашиот проблем, пак, го правите нерешлив.

Поздравувајќи Ве во Господа, Ви посакуваме добра Четириесетница и Ви посакуваме Воскресението Христово да го дочекате со очекување за решавање на расколот во кој се наоѓате и воспоставување на целосно единство со Црквата Божја.

АРХИЕПИСКОП И МИТРОПОЛИТ
+Охридски и Скопски Јован

STAVROPEGIC MONASTERY
ST. JOHN CHRYSOSTOM

Village Nizhopoli
Bitola County
Republic of Macedonia

To
His Excellency Ms. Hillary Rodham Clinton
United States Secretary of State
Washington

Your Excellency,

Hereby we are turning to Your Excellency as to the United States Secretary of State in the name of the Stavropegic Monastery St. John Hrysostom in Bitola, in regard to disrespect of the freedom of religion in the Republic of Macedonia and violation of the fundamental human rights in this country. The implementation of the Law on Legal Status of Churches, Religious Communities and Groups (Official Gazzette of the Republic of Macedonia No.113 dated on 20/09/2007) has started in November 2008, i.e., with a delay of one year. This Law was passed under great pressure of the International Community and intensive intercession by the OSCE, for the former law dealing with the religious communities in the Republic of Macedonia favored religious discrimination, and even one Orthodox Christian, the Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje kyr kyr Jovan was convicted and imprisonment for 'inciting religious hatred'.

The new law, passed on September 9, 2007 with a great help by the OSCE, as we have mentioned hereinabove, is generally good. It guarantees religious freedom and tolerance, however, a new problem emerged, and it is its inapplication, ie., its erroneous interpretation. The Court, under the pressure of the Government of the Republic of Macedonia, stands up for the Macedonian Orthodox Church, which is given preferential treatment by the Gov-

СТАВРОПИГИЈАЛЕН МАНАСТИР СВЕТИ ЈОВАН ЗЛАТОУСТ

До
Нејзината Екселенција
Ms. Hillary Rodham Clinton
Државен секретар на САД
Вашингтон

Ваша Екселенцијо,

Ви се обраќаме како на Државен секретар на САД, од името на Ставорпигијалниот манастир Св. Јован Златоуст во Битола, а во врска со непочитувањето на верските слободи во Р. Македонија и кршењето на основните човекови права и верски слободи во таа земја. Од Ноември 2008г. со задоцнување од една година, во Р. Македонија започна да се применува новиот Закон за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група (Сл. вес. на РМ бр. 113 од 20.09.2007). Тој закон беше донесен под голем притисок на меѓународната заедница и со огромна заложба на ОБСЕ, зашто со стариот закон за верски заедници во Р. Македонија се правеше верска дискриминација и дури еден човек од Православната Црква, Архиепископот охридски и Митрополит скопски г. Јован беше осуден и затворен под обвинение за „распалување на верска омраза".

Новиот закон кој беше донесен на 09 Септември 2007г. како што рековме со голема помош од ОБСЕ е воглавно добар. Тој гарантира верска слобода и верска толеранција, но сега се јави нов проблем, а тоа е неговото неприменување, односно погрешно толкување. Судот, под притисок на Власта во Р. Македонија се става во одбрана на Македонската Православна Црква која е протекционирана од државата и не сака да регистрира никого кој се одделил од нив.

Истиот тој проблем го има и една друга верска заедница,

ernment, and does not want to register anybody who has seceded from it.

Another religious community, the Orthodox Ohrid Archbisopric, has the same problem, and according to our information, it waits for six months now to be serviced by the Court with the List of the Relibious Communities already registered in the Republic of Macedonia, so it could lodge a request for registration thereof. We do not act in their name, but as we have stated hereinabove, in the name of the Stavropegic Monastery St. John Hrysostom, that had lodged a request for obtaining a legal status to the Court being of jurisdiction regarding registration of religious communities in the Republic of Macedonia. After 118 days, in spite the Law provides that the procedure should be completed within 8 days, we have got a response by the Court that our request is rejected. There is no essential rationale in the Ruling, it seems they simply wanted to inform us that they are in power and that they are not concerned by the fact that they are breaking the Law. For the purpose not to be understood as we are arbitrary interpreting the Ruling, please find it enclosed to this letter together with our Complaint on it. We are asking for several minutes of your precious time and read our Complaint, for we have precisely listed all the violations of human rights and religious freedom committed by the law enforcement and judicial authorities of the Republic of Macedonia.

We have lodged the Complaint to the Court of Appeals in Skopje, pleading the Court to instruct us on the way we could acquire legal status and still to avoid being a part of the Macedonian Orthodox Church where the Government and the Court are pushing us. We have stated therein that we even agree the Court to be our God-father and name us, if the only obstacle is the name, if thus they will make possible for us to exercise our human rights and freedom of religion guaranteed with Article 9 of the Convention for Human Rights and Fundamental Freedom, as well with Article. 19 of the Constitution of the Republic of Macedonia.

We had no chance to acqire legal status in the time when the Governmental Commission was in charge for registration, for they treat us as traitors of the Macedonian Orthodox Church that is favored by them. Now, when the Court is in charge with the

Православната Охридска Архиепископија која како што сме известени, цели шест месеци чека да добие од судот список на верските заедници што веќе постојат во Р. Македонија за да може да го поднесе своето барање за регистрација. Ние не настапуваме од нивно име, туку како што рековме погоре од името на Ставропигијалниот манастир Св. Јован Златоуст кој на 05 Ноември 2008г. поднесе барање за добивање на правен статус од судот надлежен за регистрација на верски заедници во Р. Македонија. После 118 денови, иако според законот постапката требаше да се заврши за 8 денови, ние добивме одговор од судот дека сме одбиени. Решението е без никакво суштинско образложение, едноставно како да сакаа да ни соопштат дека тие се власт и не им е грижа што работаат спротивно на законот. За да не биде дека ние своеволно толкуваме, во прилог ви го испраќаме решението од судот, но и нашата жалба по тоа решение. Ве замолуваме да одвоите неколку минути од вашето ценето време и да ја прочитате таа наша жалба зашто во неа многу прецизно се дадени сите кршења на човековите права и верски слободи што ги прават извршната и судската власт во Р. Македонија.

Ние сме сега во процедура на жалба пред Апелациониот суд во Скопје и во жалбата го замолуваме судот да ни објасни како е можно ние да добиеме правен статус, а сепак да не бидеме во склопот на Македонската Православна Црква каде што и власта и судот нѐ туркаат. Им кажавме дека се согласуваме дури и судот да ни биде кум за името ако е пречката во името, но само да ни ги дадат основите човекови права на слобода на вероисповед загарантирани со чл. 9 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи, а исто така и со чл. 19 од Уставот на Р. Македонија.

Додека регистрацијата ја вршеа властите во Р. Македонија ние немавме никаква шанса да добиеме правен статус, затоа што нѐ третираат како предавници на Македонската Православна Црква која тие ја протекционираат. Сега, кога регистрацијата се пренесе во власт на судот, повторно останува истото, зашто како што е добро познато, без оглед на тоа што е срамно, судот е под директно влијание на извршната власт. Но, и во едниот и во другиот случај се кршат најосновните човекови

registration, the situation is the same, for as it is well known, in spite it is shameful, the Court is under direct influence of the law enforcement authorities. However, in both cases there is a violation of the fundamental human rights and religious freedom. Regretfully, the USA, the EU and the OSCE helplessly watch this for seven years now. We say helplessly, but it does not mean that we are ungrateful for what they did and are still doing to prevent it. The repots on human rights of the State Department of the USA mention the problem of violation of the freedom of religion in the Republic of Macedonia every year, and in our correspondence with the EUR Commissioner Mr. Oli Ren, it has been always emphasized that the Republic of Macedonia could not be accepted in the EU until it meets the Copenhagen requirements, and respecting of human rights and religious freedom is one of them. But there is nothing for us from it. Nobody has made an explicit pressure on this country to leave the totalitarianism and to respect the human rights. Dealing with the problem about the name of this country is really important for the stability of the region, but is not the disrespect of that country of the fundamental human rights guaranteed with the International Conventions a problem of sameimportance? Regretfully, all the institutions that have some ability to contribute to solution of this problem deal with it somewhat superficially, and all finishes only with reports for seven years now. On the contrary, we live under unbearable and inhuman conditions, we do not know when the police will wander into our premises for religious services without sending word of their arrival and in a barbarian manner, demanding to control the present attendants and to search the premises. We do not know when and how long we will be kept at the border crossings, disdaining us and demanding us to get undressed to be searched. We cannot invite any clergyman from another Church to visit us because the border police would send him back if he has not an invitation from a registered religious community. Not to mention that we cannot manage even the mere disposal of our property, for we have no legal status and therefore we are not allowed to open a bank account.

Your Excellency, please answer us whether we ask too much? Whether we are supposed to bear this because we are nuns and

права и верски слободи. За жал, веќе седум години тоа немоќно го гледаат САД, Европската Унија и ОБСЕ. Велиме немоќно, но тоа не значи дека сме неблагодарни за она што го правеле и сè уште го прават горенаведените. Во извештаите за човековите права од Државното Одделение на САД секоја година се споменува проблемот на непочитување на верските слободи во Р. Македонија, во кореспонденцијата што ја имаме со Комесарот на Европската Унија г. Оли Рен постојано се нагласува дека Р. Македонија не може да биде примена во Европската Унија додека не ги исполни условите од Копенхаген во кои спаѓаат почитувањата на човековите права и верските слободи, но што имаме ние од тоа? До сега никој не направил конкретен притисок врз оваа држава да го напушти тоталитаризмот и да ги почитува човековите права. Решавањето на проблемот со името на таа држава е навистина важен заради стабилноста во регионот, но ако таа држава не ги почитува основните човекови права загарантирани со меѓународни конвенции, не е ли тоа барем исто толку суштински проблем? За жал, сите институции кои имаат некаква можност да придонесат во решавањето на тој проблем некако површно се занимаваат со него и веќе седум години сè завршува само на извештаи. Наспроти тоа, ние седум години живееме во неподносливи и нечовечки услови, не знаеме кога полицијата ненајавена и на варварски начин ќе влезе во просториите каде богослужиме и ќе бара да прави контрола на присутните и да врши претреси. Не знаеме кога и колку долго ќе нè задржуваат на граничните премини, омаловажувајќи нè и барајќи да се соблекуваме за да нè претресуваат. Не можеме да поканиме ниту едно свештено лице од друга Црква да ни дојде на посета зашто граничната полиција ќе го врати од граница ако нема покана од некоја регистрирана верска заедница. Да не говориме за тоа дека и најосновните потреби на располагање со имотот не можеме да ги управиме, бидејќи немаме правен статус и не ни даваат да имаме банкова сметка.

Ваша Екселенцијо, замолуваме да ни дадете одговор дали можеби бараме многу? Дали можеби тоа нам не ни следува зашто сме монахињи и сме се заветувале пред Бога дека ќе го минуваме животот во трпение и послушание? Сепак, ова е

we have taken vows to spend our lives in patience and obedience. Nevertheless, this is something that overcomes our strength for suffering. If the matter was about one or two years, we probably would not write you, but we are persecuted, mistreated, humiliated by the authorities of the Republic of Macedonia for sever long years, and we still have not any legal status.

Please receive this letter of ours as a sigh from our weakness, as a cry of hope and need for help. We beg of you to do anything within your competencies, through the OSCE through all international and organization institutions, so that the necessary talks with the authorities of Republic of Macedonia will be held aimed at convincing them to respect the fundamental human rights and the freedom of religion. Please forgive us, nuns who have taken the vows of obedience before God, but it really does not appear respectable for a country which is a candidate for EU membership to be tolerated by the International Community and to be lenient toward sit to the degree of letting it violate the fundamental human rights and the freedom of religion for years now in the 21 Century. None of the International institutions has persuaded us that it has done everything for stopping such totalitarian behavior of the Republic of Macedonia during the last seven years.

Expecting Your sincere support for solution of this essential problem in regard to human rights and freedom of religion, we remain

Respectfully,
sister Olympis with the sisterhood

Nizhopoli, 6 March 2009

Our contact address is:
Stavropegic Monastery St. John Chrysostom
Village Nizhopoli
Bitola County
Republic of Macedonia

нешто што ги надминува нашите сили да претрпиме. Да беше една, или две години веројатно немаше ниту да Ви пишуваме, но полни седум години ние сме гонети, малтретирани, понижувани од властите во Р. Македонија и сè уште сме без правен статус.

Примете го ова наше писмо како воздишка на нашата слабост, како крик на надеж и како потреба за помош. Ве замолуваме да направите сè што е во ваша можност, преку ОБСЕ, но и преку сите меѓународни институции и организации и да се направат неопходните разговори со властите во Р. Македонија и тие да се убедат да ги почитуваат основните човекови права на слобода на вероисповедта. Простете што ова ви го пишуваат монахињи кои се заветувале пред Бога на послушание, но навистина не изгледа угледно што една држава која е кандидирана за членство во Европската Унија, во 21век се толерира од меѓународната заедница до тој степен со години наназад да ги прекршува основните човекови права на слобода на вероисповедта, а притоа тоа да ѝ се прогледува низ прсти. Ниту една меѓународна институција во изминативе седум години не нè убеди дека направила сè за таквите тоталитаристички однесувања од страна на Р. Македонија да престанат.

Во очекување на Вашата искрена заложба овој суштински проблем поврзан со човековите права и верски слободи да биде разрешен, останuваме со особена почит.

Олимпијада монахиња со сестрите

10 Март 2009г.
Низополи – Битола

Нашата контакт адреса е следнава:
Ставропигијален манастир Св. Јован Златоуст
с. Нижеполе – Битола

Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje Jovan

RESPONSE TO THE ARTICLES OF THE METROPOLITAN NAUM PUBLISHED IN DNEVNIK ON APRIL 11 AND 18, 2009

The place to respond to the schismatic Metropolitan Naum for his two articles published in "Dnevnik" on April 11 and 18, 2009 should definitely be the daily newspaper "Dnevnik", however since "Dnevnik" has boycotted all our articles, at least in the last 7 years, on a suggestion given by Naum himself, our response shall be published on the internet presentation of the Ohrid Archbishopric. Bearing in mind the page visits we are positive that what we have written shall reach the ones it is intended to, before all that is the Metropolitan Naum, and also the ones interested in the church happenings in the Republic of Macedonia.

The schismatic Metropolitan Naum published an article in "Dnevnik", dated September 3, 2005, at the time when we were serving our imprisonment sentence in the prison Idrizovo, enthusiastically favouring our life imprisonment, thereto we replied by characterizing him as a hypocrite and rascal. He has not replied to us, and since then no written communication has existed between us. In the meantime he has published several texts in the media, whereas since everything is said regarding Naum, and since our texts are never published in the media, we have not replied to him. Since then we have been waiting for him to decide on having an equal dialogue, instead of cowardly trying to knock us out, while we are in a subordinate position and imprisoned, but that has not happened, yet. Should a dialogue eventually happen, that dialogue should not be equal since Naum has influence on the media, the one that has been boycotting us. However, we accept a dialogue in such unequal circumstances, having the support of our information services and internet presentation.

Perhaps this time we should have kept quiet over his tendency to a monologue, if Mr. Naum did not write two articles in only 8 days on two different subjects, linking them to "the one and same spirit". However, we would not have replied since the timing was inconvenient, it was the Passion Week, thus we were serving

Архиепископ охридски и Митрополит скопски Јован

ОДГОВОР НА СТАТИИТЕ НА РАСКОЛНИЧКИОТ МИТРОПОЛИТ НАУМ ОБЈАВЕНИ ВО ДНЕВНИК НА 11 И 18 АПРИЛ 2009Г.

Местото за да му се одговори на расколничкиот митрополит Наум на неговите две статии објавени во „Дневник“ на 11 и 18 Април 2009 год., секако дека треба да биде самото дневно-информативно списание „Дневник“, но бидејќи „Дневник“ ги бојкотира сите наши написи, барем последниве 7 години, и тоа секако по сугестија токму на Наума, нашиов одговор ќе го објавиме на интернет презентацијата на Охридската Архиепископија. Знаејќи ја, пак, посетеноста на таа страница сигурни сме дека напишаново ќе допре до оние до кои е упатено, а пред сè тоа е расколничкиот митрополит Наум, но и оние кои се заинтересирани за црковните случувања во Р. Македонија.

Расколничкиот митрополит Наум објави еден текст во „Дневник“, на 03 Септември 2005 год., во времето кога бевме во затвор во Идризово, воодушевено залагајќи се да останеме доживотно во затвор, а на тоа му одговоривме, карактеризирајќи го како лицемер и подлец. Тој на нашиот одговор ништо не возврати, и од тогаш не сме имале никаква писмена преписка. Во меѓувреме тој објавуваше неколку текстови по средствата за информирање, а ние, што заради тоа што е речиси сè речено за Наума, што заради тоа што не ги објавуваат нашите текстови во средствата за информирање, не му одговараме. Но, од тогаш, па сè до денес чекавме, не кукавички да се обидува да нè дотолчува кога сме во неприлики и во затвор, туку да се одлучи на рамноправен дијалог, но тоа не се случи. Евентуално и да се одлучи на дијалог, тој дијалог пак нема да биде рамноправен, зашто Наум има влијание во средствата за информирање, а нас истите нè бојкотираат, но ние прифаќаме дијалог дури и под такви нерамноправни услови, имајќи ја поддршката од нашата Информативна служба и нејзината интернет презентација.

Можеби и овој пат ќе ја премолчевме неговата склоност кон монолог, ако г-дин Наум не напишеше две статии за само 8

many services and did not have the time to reply to him. With the second text he won our patience, so we decided to reply to him.

Holding to the first conclusion that Mr. Naum is a devoted hypocrite and rascal, we believe that he cannot conceal his own personal confrontation hence his two articles are dilettantish and amiss. In the first text he said that neither did he have the intention to offend the ones who protested against the construction of a Church in the square of Skopje, nor did he mean to protect the ones who in the name of the church opposed them. However, no one (apart from him) got in a deep analysis of the reasons to find out why the students form the Faculty of Architecture protested? On the other hand, he compared the media representatives with the sons of this world from the mentioned place in the Gospel of Luke (16,8), hence making them sons of the ruler of this world, the devil.

The last was transmitted by some of the media, and at the moment we only recall it since we do not have the opportunity to quote it where exactly it was published. That is two-facedness or more generally referred to as hypocrisy. Moreover, his approach neither to judge the students from the Faculty of Architecture for their protest, nor to defend the ones opposing them with violence is completely hypocritical, especially once the whole text is read and it is clear that the schismatic Metropolitan Naum is without reserve determined in the condemnation of the ones who protested against them.

In his style, utterly impersonally, in a manner from which no one has any benefit for sure (since in the things said impersonally without naming anyone, no one shall recognize itself and the blame shall be put on the others), for the whole situation Mr. Naum blames the political parties. That is the same as if it is said that the rivers and the land are the ones guilty for the rubbish since they do not collect the rubbish themselves. To say that the parties are the ones guilty for a certain unfavorable situation in the country, without directing the blame is in the style of the ones who would like to criticize something, but then again do not want to hold a grudge against them. Such critics is fruitless and such tactics does not bring any results therefore the “pastoral activity” of the schismatic Metropolitan Naum for the period of 14 years,

денови и тоа по две различни теми, поврзувајќи ги со „еден ист дух". Немаше да одговориме затоа што малку и времето беше несоодветно за таков вид на полемика, беше Великата седмица, па обврзани со многу служби немавме време да одговараме. Но, со вториот текст тој го победи нашето трпение, и решивме да му одговориме.

Не напуштајќи ја првичната констатација дека г-динот Наум е препреден лицемер и подлец, сметаме дека во споменатите текстови тој не успева да ја сокрие сопствената личносна конфронтација, а тоа ги прави неговите два текста во најмала рака дилетантски и промашени. Во првиот текст, самиот вели дека немал за цел ниту да ги напаѓа оние што протестирале да не се гради храм на плоштадот во Скопје, ниту пак да ги брани оние кои од името на црквата ним им се спротивставиле. Според него, демократско право било секој да го изрази своето слободно мислење. Но, никој (секако освен него) не влегувал во сериозна анализа на причините зошто студентите на архитектонскиот факултет протестирале? Претставниците на средствата за информирање, пак, ги споредува со синовите на овој свет од споменатото место во Евангелието според Лука (16, 8), правејќи ги со тоа синови на кнезот на овој свет, а тоа е ѓаволот.

Забележливо е дека кога новинарите ќе објават нешто против расколничката организација на која тој ѝ припаѓа, тие стануваат одеднаш синови на овој свет, синови на темнината и на ѓаволот, а тогаш кога ја напаѓаат Охридската Архиепископија тие се светители кои застанале на браникот на црковниот идентитет. Ова последново го имаат пренесувано некои од средствата за информирање, а ние во моментов го спомнуваме по сеќавање зашто не сме во прилика да цитираме каде е точно тоа објавено. Но, тоа е дволичност или посеопфатно наречено лицемерие. Исто така, пристапот дека не ги осудува студентите на архитектонскиот факултет што протестирале, а ниту ги брани оние што им се спротивставиле применувајќи насилство е целосно лицемерен, особено кога ќе се прочита целиот текст и кога ќе се види дека расколничкиот митрополит Наум е без остаток определен во осудата врз оние кои протестираа.

Во негов стил, крајно безлично, на начин на кој со сигурност никој нема да има полза (зашто во изречената безличност

for the period that he has been an Bishop, is a huge amiss. We are aware of the fact that he was among the first ones to say that we chose a wrong moment for joining into the unity with the Serbian Orthodox Church. Our action was rushed, self-willed and vainglorious. The contrary can be concluded as the time passed by. That it was the best possible opportunity to achieve the maximum, that our tactics was the most appropriate bearing in mind the circumstances, even if there had been any vainglory upon the human weakness, the same has been neutralized due to the sufferings we endured in these 7 years. Provided that a unity with the schismatic MOC is achieved sometime, it must get through the gate that we have opened. The only gate leading to the entrance in the Church is the gate of repentance, unfortunately that is unknown for the bishops of the schismatic MOC. However, this time no one is prepared to repeat some of the mistakes made not long ago and to get into political agreements for recognition of the schismatic MOC. It shall either enter through the gate we have opened or it shall remain held in the arms of the hades, deprived of the Resurrection to eternal life. There is no other choice, not because of our benevolence, but because that is the way to unity.

We would have been cheerful if our accusations directed to the schismatic bishop Naum shaken him from the lethargy which he has sunken into for the last few years. Had he been awaken and had not put to sleep the spirit of courageousness which he had acquired with effort, he would have discovered - through all the events in the last seven years, and especially those two that he refers to in the mentioned articles – that everything unsuccessful happening to them is due to the absence of grace. Mr. Naum would have come to terms that in the last seven years he has become Don Quixote and all this years have passed by fighting windmills. He would have discovered that in his 14 years of service as a bishop he has not done anything remarkable, even more what he has done it is either going to be demolished by the things undone, and what he might have done or it will be condemned on the Last Judgment, because he has – similarly to Martha – done things which are not of use for the Church. Besides everything else if we were exactly like as Mr. Naum tries to describe us in his texts and interviews that we are hasty, mercenary-minded,

без прозивка никој нема себе си со точност да се препознае и вината ќе ја стави врз другиот), г-динот Наум за целата ситуација ги обвинува партиите. Тоа е исто како да се рече дека за сметот по улиците виновни се реките и земјата бидејќи сами не си го земаат ѓубрето. Да се каже дека партиите се виновни за некаква лоша ситуација во државата, без притоа да се посочи некој со име и презиме е во стилот на оние кои сакаат нешто да критикуваат, ама со никого да не се замерат. Таквата критика е бесплодна, таквата тактика не носи резултати и затоа „пастирската дејност" на расколничкиот митрополит Наум во период од 14 години, колку што е тој епископ, е едно големо промашување. Знаеме дека тој беше меѓу првите што говореше дека ние сме го промашиле моментот за пристапување во единство со Српската Православна Црква. Дека нашата постапка била избрзана, самоволна и славољубива. Како времето поминува, се покажува токму спротивното. Дека тоа била најдобрата можна прилика да се постигне максимумот, дека тактиката ни била соодветна на приликите, а дека славољубивоста дури и да ја имало по слабоста човекова, се неутрализира низ страдањата во овие 7 години. Ако некогаш се постигне единство со расколничката МПЦ, таа ќе мора да влезе токму низ таа врата која ние им ја отворивме. Единствената врата низ која се влегува во Црквата е вратата на покајанието, која за жал епископите на расколничката МПЦ не знаат како изгледа. Но, овој пат никој не е подготвен да ги повторува некои од грешките на блиското минато и да прави политички договори за признавање на расколничката МПЦ. Или ќе влезе низ вратата која ја отворивме, или ќе остане во прегратките на адот, лишена од Воскресение за живот вечен. Друг избор нема, не затоа што ние така благоволивме, туку затоа што е тој патот до единството.

Би биле радосни ако овие обвинувања што ги упатуваме до расколничкиот епископ Наум го растресат од летаргијата во која западнал последниве години. Ако беше буден и не го заспиеше светогорскиот дух на бодрост кој напорно го стекнувал, тој и низ сиве настани во последниве 7 години, а особено низ оние два на кои се осврнува во споменативе статии ќе откриеше дека сѐ што им се случува како неуспех е заради отсуството на благодат во расколот. Ќе сфатеше г-дин Наум дека послед-

self-willed, vainglorious and similar things which we currently cannot recall, we should not have taken into regard his writing and should act from the position offered us by the service we do in the Church. We are an appointed Archbishop and do not consider it as being immodest if we say that our testimony of faith is well known into all Orthodox Churches, perhaps it is even widely known, whereas Naum is a schismatic from Strumica region whose words neither do hold weight, nor anyone repeats them, nor he means anything to anyone. As to avoid confrontations with some that we want to offend him with this, we would like to recall that not a single initiative he has started in the last seven years in the media, with regards to Christmas bread, Christmas Eve fires, masquerade, negotiations with the Serbian Orthodox Church, for the unity with the non-recognized churches, finally for the construction of a temple in the center of Skopje and religious education, has turned into reality, but they serve as a mockery. The reason for that is not that those initiatives are either sustainable, or incomplete and not explained into details, yet perhaps there is something good is them, hence his hypocrisy recognized as his character feature leaves even the good initiatives under doubt. Undoubtedly, anyone who has Christ's mind realizes why the schismatic bishop Naum remaining out of the Church, does not have the God's grace, and does not publish the God's will, instead he publishes his own will. He protected the Nish Agreement on a TV debate program and when Jovan managed to fulfill it he wanted him imprisoned for life. You say that the God's will might be like that, changeable and to depend on Mr. Naum's mood?

By the way, all of this is known into the church environments. Naum is known in the Mount Athos as it is also known what the elderly person Georgije Kapsanis speaks about him. They have heard about him in Serbia and we do not believe somewhere further than that, however he has become known to the ones from whom he hid his hypocrisy. That can be seen from the text of the editor of the daily newspaper "Dnevnik" in the same issue into which the last text written by Naum was published. It is true that the editor speaks into a third person singular, by not using Naum's name, however that does not mean that there is not enough data relating to the recognition of the manipulative, show-

ниве 7 години постанал Дон Кихот и дека сите тие години му поминале во борба со ветерниците. Ќе откриеше дека во неговите 14 години архиерејска служба ништо забележително не направил, а дури и она што го направил или ќе биде срушено со ненаправеното, а што можел да го направи, или ќе му биде за осуда на страшниот суд, зашто како Марта правел работи што не се од полза за Црквата. Меѓу другото, ако ние како личност бевме навистина такви како што нè опишува г-дин Наум во неговите текстови и интервјуа, брзоплети, користољубиви, самоволни, славољубиви, а можеби и нешто друго за што во моментов не се сеќаваме, немаше ниту сега да го констатираме неговото пишување и ќе настапувавме од позицијата која ни ја нуди службата што ја вршиме во Црквата. Ние сме утврден Архиепископ и не сметаме за нескромно ако кажеме дека за нашите сведочења на верата подоста се знае во сите Православни Цркви, а веројатно и многу пошироко, а Наум е расколник од струмичката провинција чиј збор ниту има тежина, ниту некој го преповторува, ниту некому нешто му значи. За да не рече некој дека со ова сакаме да го навредиме, потсетуваме дека ниту една иницијатива што ја потегнал последниве 7 години во средствата за јавно информирање, дали е тоа за бадниковата паричка, за коледарските огнови, за маскембалите, за преговорите со Српската Православна Црква, за единството на непризнатите цркви, конечно за изградбата на храм во центарот на Скопје и веронауката, не само што не се оделотвориле, туку со нив луѓето се мајтапат. И тоа не само затоа што тие иницијативи се неиздржани, непотполни и нетемелно објаснети, иако веројатно меѓу сите нив има и понешто добро, но неговата лицемерност што е веќе препознатлива негова карактеристика ги става дури и добрите негови предлози под сомнеж. Секако, секој кој има ум Христов сфаќа зошто расколничкиот епископ Наум останувајќи надвор од Црквата, ја нема благодатта Христова, и не ја објавува волјата Божја, туку својата волја. Нишкиот договор го бранеше на телевизиска симултанка, а кога Јован тоа го исполни, тој сакаше да го смести во доживотен затвор. Велите таква може да е Божјата волја, променлива и да зависи од тоа со која нога г-дин Наум ќе стане од кревет?

Впрочем, сево ова е познато во црковните средини. Наум

off behavior of Naum.

With his highly repeated rhetoric regarding the three levels of the spiritual development, he has changed the Gospel of Christ. Actually, what he says regarding the three levels is neither his, nor it is wrong; however he does that as a broken record thus reducing the wealth and kindness of the Orthodox theology to an ascetic technique. We believe and the same is believed by the experienced in asceticism athonite elders that Naum is completely deposed, imagining that he himself has reached phase three of the spiritual development, despite the fact that he with his false modesty publically denies it. However, the coxcombry he uses when he speaks, which he emphasizes and imposes, reveals that he is in deception. A person with a progress in the spiritual life does not give graceless fruits as Naum does. If Naum is indeed divinized as he considers himself to be, you say he would hold a joined service with some bishops and ministers from the schismatic MOC, whose immorality the editor of "Dnevnik" in the aforementioned article, has revealed for who knows how many times so far? He would be in unity with the ones with regards to the life they lead, have drifted apart from the Church, and shall remain in schism with the whole Orthodox Church? For our adoration that is not acceptable, however we do not believe that there is anyone, even a slightly religious person that can understand that.

Naum still has not said that he has reached the level to love his enemies more than himself. It is a demagogy that cannot be identified only by the ones who are in elation that Naum the great guru that the Lord has given them. Well, you should have seen him swearing at the ones who have given him the wrong look, getting angry if someone opposes him, as we have seen him many times before, it is more than enough to read between the lines in his texts published in the media in order to reveal his demagogy.

If Naum's texts are read carefully, it is actually easy to see what we are writing now comes from his texts. Neither anything is added nor do we have an intention to exaggerate. Naum himself in his second text published in "Dnevnik" under the title "The same spirit" writes that he will write more openly in the text. That is what the hypocrisy means, to measure a situation in which you are going to speak unopenly, in which half-openly and in

го познаваат на Света Гора и познато е што за него говори старецот Георгиј Капсанис, слушнале за него и во Србија и не веруваме некаде подалеку, но почнаа да го запознаваат и оние од кои до вчера го сокриваше своето лицемерие. Тоа може да се види и од текстот на уредникот на „Дневник“ објавен во истиот број на весникот во кој е објавен и последниот текст на г-дин Наум. Вистина уредникот зборува во трето лице, не именувајќи го Наума, но тоа не значи дека во текстот нема доволно податоци за да се препознае Наумовиот манипулантски, па дури и мангупски однос.

Со неговата многуповторувана реторика за трите нивоа на духовен развој го замени Евангелието Христово. Всушност, тоа што го кажува за трите нивоа на духовен развој не е ниту негово, а не е ниту погрешно, но тоа го прави како расипана грамофонска плоча и богатството и ширината на православното богословие го сведува на аскетска техника. Сметаме, а тоа го сметаат и искусните во подвижништво светогорски старци, дека Наум е потполно опрелестен, замислувајќи се себе си дека ја достигнал третата фаза на духовниот развој, иако со лажната скромност тоа јавно го негира. Но, самата извештаченост со која тој тоа го кажува, со која го нагласува и наметнува, го издава дека е во прелест. Човек што има напредок во духовниот живот не дава безблагодатни плодови какви што дава Наум. А Евангелието нѐ учи по плодовите да ги познаваме луѓето. Во колку Наум навистина е обожен како што сам себеси се смета, велите би сослужувал со некои епископи и свештенослужители од расколничката МПЦ, чиј неморал уредникот на „Дневник“ во гореспоменатата статија, по којзнае кој пат го оголи? Би бил ли во единство со оние што според животот што го водат, самите себе се одлачиле од Црквата, а би останал во схизма со целата Православна Црква? За нашето благочестие тоа е непојмливо, но не веруваме дека постои било кој, барем малку воцрковен човек, што тоа може да го разбере.

Наум само уште што не вели дека стигнал на ниво да ги сака непријателите повеќе од себе си. Тоа е демагогија која не можат да ја распознаат само оние што сѐ уште се во полетарски занес дека Наум е големиот гуру што Господ им го подарил. Па не треба да сте го виделе како ги пцуе оние што накри-

which openly. It is the same as measuring when to say a lie, half-truth and a truth. According to his logics everything depends everything depends on who the text is addressed to. However, even if certain diplomacy is allowed when addressing of the people with a certain responsibility, a clergyman must never speak half-truths, let alone lies. The lies said by Naum regarding our humbleness in the period while we were imprisoned cannot be forgotten. Not because we are vengeful, but because they were constructed with the tendency Jovan to remain imprisoned for life. And after that, he has the courage to write that he comforted the people in prison, visited hospital, he even created centers for drug addicts. We were imprisoned for nearly two years, yet he never came to visit us, on the contrary he did everything in order to keep us imprisoned, and now, as he has done many times before, he presents himself as a caring pastor. Hold on, does he really think that all of us have a short-term memory? We read some twisted interpretations given in the New Testament and conversations that it was a sin not to recognize Christ in the little brothers of His who are imprisoned. He can say that only to the ones who have heard this evangelical periscope for the first time. On the other hand when he was in a hospital we sent a request through a friend asking to visit him, but he refused. And really, how could he look into our eyes, especially in a state of a body weakness, in which he was at the time?

Naum says: "The Church was once the founder of the school, once the Church was a school, and now someone wants to remove it from the school". That "once" Mr Naum, was at a different time from now, at that time St. Clement worked and acted, St. Theophylact of Ohrid and Demetrius Homatian, regardless of the fact that the last two Archbishops of Ohrid, as well as the most of the Archbishops of Ohrid were Greek. The interpretations of the Holy Scripture by St. Theophylact until today correspond with those of St. John Chrysostom, and we say this in order to recall that in the past you speak about, the Church had much to offer. What does your assembly offer nowadays, the one you clumsily call Holy Synod? It offers an immoral life led by the religious dignitaries, greed for a luxury life, financial malversations covered by the Government, clergy visiting brothels; it is mainly all, unless we

во го погледнале, како се гневи ако некој му се спротивставил, каков што ние сме го гледале на многупати, доволно да чита меѓу редови во неговите текстови објавувани во средствата за информирање за да ја открие неговата демагогија.

Ако внимателно се читаат текстовите на Наум, всушност лесно приметливо е дека ова за кое ние пишуваме произлегува од самите нив. Ниту нешто додаваме, ниту имаме намера тоа што постои да го наголемиме. Самиот Наум во вториот текст објавен во „Дневник“ со наслов „Истиот дух“, пишува дека во тој текст ќе проговорел поотворено. Токму тоа значи лицемерието, да мериш во која ситуација ќе говориш затворено, во која полуотворено, а во која отворено. Тоа е исто како да мериш кога ќе говориш лага, кога полувистина, а кога вистина. По неговата логика сè зависи од тоа за кого е наменето тоа што се говори. Но, дури и да е допуштена одредена дипломатија во обраќањето на луѓето што имаат одговорност при говорењето, едно црковно лице никогаш не смее да говори ниту полувистини, а камоли лаги. А, лагите што Наум ги изрече за нашата смерност во периодот додека бевме во затвор не се забораваат. Не од причини што сме ние злопамтило, туку затоа што тие беа конструирани со тенденција Јован никогаш да не излезе од затвор. И после тоа има смелост да напише дека тој ги тешел луѓето во затвор, ги посетувал во болници, па дури и направил центри за лечење на зависници од дрога. Ние скоро две години бевме во затвор, ниту еднаш не дојде да нè посети, напротив правеше сè да останеме во затвор, а сега, како што и многупати до сега го правел, се претставува себе си како грижлив пастироначалник. Па чекајте, мисли ли тој дека се сите со кратко паметење? Читаме некои од извитоперените толкувања што ги дава на Новиот Завет и беседи за тоа дека било грев да не го познаеш Христа во малите браќа Негови што се во затвор. Тоа може да им го кажува само на оние кои првпат ја слушнале таа евангелска перикопа. Наспроти тоа, ние, кога тој беше во болница побаравме преку еден негов пријател да го посетиме во болница, а тој одби. И навистина како би можел да нè погледне во очи, а особено во ситуација на телесна раслабеност, во којашто беше тогаш?

Вели Наум: „Некогаш црквата беше основоположник на училиштето, некогаш Црквата беше училиште, а сега не-

want to carry on with something even bigger. Instead of fighting to clear your ranks, or if it is difficult for you to get into a final confrontation with them and remove them at least to condemn their crime, you make the ones reading you articles retarded, by saying to them not to hate St. Naum because of Naum the sinner. Does that sound to you as a serious answer? How long have you been in the spiritual life and you still do not know that the people do not listen to what the priest tells them, but they see what he does. Thank God, that is so, otherwise our faith should have been hypocritical, as you live it yourself, and so you preach it.

Not to be misunderstood, this the slightest does not mean that we are against religious teaching at school, even if the same is taught by the schismatic and non-orthodox. It is good for the children from small age to listen to certain Bible truths, and once they grow up they can pick the truth for themselves. However, the children nowadays are well informed in order to ask questions whether the faith should be lived in a manner lived by the Bishops of the MOC? Still, you and your Holy Synod, along with your priests and religious teachers do not have an answer to that question. The ecclesiology of St. Paul is known that if a member of a Church is odd and twisted he should be removed in order to let the whole body to get infected through him. The medicine confirms the same thus operations are done. By covering your sins to one another, you have scandalized the whole Church. You have noticed that there are few people on Easter in your churches. I am talking about the ones who will stay after midnight. That is due to the fact that the people are not interested in the hypocrisy that you and your schismatic organization present it. You have kicked us out of the temples and the monasteries thus they remain empty. Moreover, you are pushing the Government into a sin by demolishing our little prayer places.

Nonetheless, the pearl of the aforementioned articles is that Mr Naum says that due to the attitude of the Government towards them, they (his church), were not able to organize a religious teaching by themselves. What sort of an attitude should the Government have thus they can organize religious teaching? Shouldn't have the Government given them the Hotels "Biser" and "Izgrev", shouldn't have they received money for covering

кој сака да ја отстрани и од училиштето.” Тоа некогаш, г-дине Наум, беше друго време, тогаш живееше и делуваше Св. Климент, Св. Теофилакт охридски и Димитриј Хоматијан, без разлика што последниве двајца охридски Архиепископи, како што впрочем и повеќето охридски Архиепископи беа Грци. Толкувањата на Светото Писмо од Св. Теофилакт до денес се едначат со оние на Св. Јован Златоуст, а ова го велиме за да потсетиме дека во минатото за кое вие зборувате, Црквата имала многу што да понуди. Денес што нуди вашето собрание што неспретно го нарекувате свет синод? Нуди неморален живот од црковните великодостојници, алчност по луксузен живот, финансиски малверзации што ви ги покрива државата, свештеници што одат во салони за сексуални услуги и, воглавно, тоа е сè, ако не сакаме да продолжиме со нешто уште пособлазнително. И наместо да се борите да ги исчистите своите редови, или ако е тоа тежок залак за вас да влезете во конечна пресметка со нив и да ги отстраните, барем да го осудите нивното злодело, вие ги правите оние што ги читаат вашите статии како да се малоумни, па им велите немојте заради грешниот Наум да го мразите Свети Наум. Па, тоа ви личи на сериозен одговор? Колку години сте во духовниот живот па не знаете дека народот не слуша што попот му кажува, туку гледа попот што прави. И, фала му на Бога што е така, зашто поинаку нашата вера ќе биде лицемерна, како што впрочем вие ја живеете, а и така ја проповедате.

Да не бидеме погрешно разбрани, ова ни најмалку не значи дека ние сме против веронауката да се предава во училиштата. Па дури и неа да ја предаваат расколниците и другославните. Децата е добро да слушнат од мали за одредени библиски вистини, а кога ќе пораснат сами ќе ја одберат вистината. Но, децата се сега доволно информирани за да постават прашања дали треба да се живее верата на начин на која неа ја живеат великодостојниците на МПЦ? А вие и целиот ваш синод, и сите ваши попови и вероучители немате одговор на тоа прашање. Позната е еклисиологијата на Апостолот Павле, дека ако некој член на Црквата е настран и изопачен треба времено да се отстрани за да не се зарази преку него целото тело. Истото тоа го потврдува и медицината и затоа се прават

the costs of the Theological High School, accepted the Theological Faculty into the University, released them from value added tax, covered the pension insurance of the clergy from weaker parishes, or did they expect all members of the Ohrid Archbishopric to be hanged, thus conditions for religious teaching to be created? It would be sufficient if you Mr. Naum together with the Bishops of the MOC lead a pious and moral life, something which is missing the most into your organization.

In the end, what we have written is not intended either to discredit or offend Mr. Naum thus revenging ourselves for everything he has done to us so far. He, regardless of our writings, is discredited enough. Our article should be looked at, in fact, through the objective wanted to be achieved by it, and that is Naum to understand his mistakes, which are huge and lead him to perdition, and not only him but also the ones who follow him, and to repent. If we require his apology, some may thing that we do that due to vainglory, however if Naum repents the apology should logically follow. Until then, we stand for the words we have written now and published previously, with regards to the hypocrisy and demagogy of Mr. Naum.

On Bright Thursday 2009

операции. А вие покривајќи си ги гревовите еден на другиот ја соблазнивте целата Црква. Приметувате колку малку луѓе имате на Велигден. Зборувам за оние што после полноќ ќе останат во црква. Тоа е така зашто на луѓето не им е привлечено лицемерието што вие во вашата расколничка организација го покажувате. Нѐ избркавте од сите храмови и манастири и сега тие ви се празни. Згора на тоа ја туркате во грев и власта да ги руши нашите и така малубројни молитвени места.

Сепак, бисерот од двете споменати статии е во тоа што г-дин Наум вели дека заради нивниот досегашен однос на државата кон нив, тие (неговата црква), не биле во можност до сега сами да организираат веронаука. Па каков требаше да биде односот на државата кон нив за тие да можат да организираат веронаука? Требаше ли да не им ги подари хотелите „Бисер“ и „Изгрев“, требаше да не им дава пари за покривање на трошоците на средното богословско училиште, требаше да не им го прими богословскиот факултет во Универзитетот, требаше да не ги ослободува од данок на додадена вредност, требаше да не го покрива пензиското осигурување на свештениците од послабите парохии, или, очекуваа да бидат обесени сите членови на Охридската Архиепископија, па тие да имаат услови за веронаука? Доволна веронаука ќе биде г-дине Наум ако вие високодостојниците на МПЦ живеете побожен и морален живот, нешто што најмногу ѝ недостига на вашата организација.

На крај, ова што го напишавме нема за цел ниту да го оцрниме, ниту да го навредиме г-дин Наум и со тоа евентуално да му се осветуваме за сето она што досега ни го направил. Тој, и без нашите пишувања, доволно е оцрнет. На нашиот напис треба да се гледа, всушност, низ она што и нам ни било цел да постигнеме со него, а тоа е Наум да ги сфати своите грешки, кои се крупни и го водат во пропаст не само него туку и оние што го следат, и да се покае. Ако бараме да ни се извини, некој ќе помисли дека тоа го правиме од славољубие, но ако Наум вистински се покае извинувањето ќе биде логички след. Дотогаш стоиме зад секој збор што го напишавме сега, и сме го објавиле претходно, во врска со лицемерието и демагогијата на г-динот Наум.

На Светол четврток 2009

ARCHBISHOP OF OHRID
AND METROPOLITAN OF SKOPJE

To
His Excellency
The Prime Minister of the Government
of the Republic of Macedonia
Mr. Nikola Gruevski
Skopje

Your Excellency,

First of all, let us congratulate You on the Great Feast of Resurrection of Christ, Pascha of the Lord, but also on our Christian Passover in the unnoctral eighth day the of the eternal life. This day embodies us all, the Archbishop and Prime Minister, manager and subordinate, the rich and poor, the socially privileged and the less known. On this Great day Christ raised the whole created nature which he had previously embodied. Since that day death is no longer a reality of the eternity but a phenomenon of time. With the Resurrection of Christ death is powerless, life is everlasting, but the human's responsibility is immortalized. Following this day, we can no longer be irresponsible as before; we cannot and should not shift the burden of guilt from our mistakes to others, to destiny or to the elements.

The faith in the Resurrected, dear respected Mr. Prime Minister makes the believers in the resurrection responsible people. As much as we can follow your statements from abroad, where we are currently due to the Court's ruling on our custody, You also often speak about the responsibility and accountability at work. It is very pleasant to hear that from the Prime Minister, and what is even better is to witness it. Therefore, we salute you for that.

The Holy Patriarch of Constantinople Photios, who sent the holy brothers saints Cyril and Methodius in mission to the Slavs, was a godfather of the Bugalrian Knyaz Boris who enlightened

АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ
И МИТРОПОЛИТ СКОПСКИ

До
Неговото Превосходство
Првоминистерот на Владата
на Република Македонија
г. Никола Груевски
Скопје

Ваше Превосходство,

Дозволете најнапред да Ви го честитаме Великиот ден на Воскресението Христово, Пасхата Господова, но истовремено и наш премин во невечерниот осми ден на вечниот живот. Овој ден нѐ осмислува сите, Епископ и Првоминистер, управител и управуван, богат и сиромав, општествено привилигиран и помалку познат. На овој Голем ден Христос ја воскресна целата створена природа која претходно, воплотувајќи се, ја беше собрал во своето тело. Од тој ден смртта веќе не е реалност на вечноста туку феномен на времето. Со воскресението Христово смртта е обессилена, животот веќе нема крај, но истовремено и одговорноста на човекот е овековечена. После овој ден, не можеме веќе да бидеме неодговорни како претходно, не можеме и не смееме вината за нашите грешки да ја префрламе на друг, или на судбината, или на стихијата.

Верата во Воскреснатиот, почитуван г-дине Првоминистер ги прави оние кои веруваат во Воскресението одговорни луѓе. Колку што можеме да ги следиме Вашите изјави, надвор од Р. Македонија каде што сега се наоѓаме заради притворот што ни е определен од судот, и Вие често говорите за одговорност и отчетност во работата. Тоа е многу добро да се чуе од Првоминистерот, а уште подобро е да се види. И во тоа Ве поздравуваме.

Светиот константинополски Патријарх Фотиј што ги ис-

Bulgaria. St. Photios wrote a whole guidebook on what the ruler should be like and sent it to Knyaz Boris. Boris consistently followed the guidelines given by the Patriarch and his ruling probably left the greatest mark in the history of Bulgaria. Moreover, the substantial advice given by the Patriarch to the Knyez Boris is a guideline regarding the justice in the state and freedom of the Church. The symphony between the Church and the state in the Eastern Roman Empire, called Byzantine, was grounded on the same. The ruler was in charge of bringing justice, whereas the Church was in charge of the spiritual progress which equals spiritual freedom.

Prior to your coming to power, in the Republic of Macedonia, neither did the ruler care about bringing justice, nor did the Macedonian Orthodox Church encourage the people to freedom and qualitative spiritual life. We are neither a prophet, nor a son of a prophet; however, the time has shown that we had predicted in a prophetic manner to your forerunners in the position of Prime Ministers where their lack of interest in the justice would lead them, even their opposition to it. Mr. Ljubcho Georgievski was the only person who had the virtue to acknowledge this and said that what we had written to him turned into reality. However, we had also written several letters to Mr. Crvenkovski as well as to Mr. Buchkovski. It is possible that those letters are still kept in the Archives of the Government or the President, provided that they were given to the services to file them accordingly. From what we predicted to Mr. Crvenkovski so far only part of it has turned into reality. We thought then and we still think that the road he travels does not end here where he has ended now. We have never cursed him as some tried to evilly present it, we just came to the conclusion that the road of injustice that he chose not only resulted in losing power but also in mental disorders. A lot of sins weigh onto his consciousness, and if one does not repent for their sins, mental disorders appear. Mr. Crvenkovski at the time when Mr. Hari Kostov served as the Minister of Internal Affairs and Mr. Zoran Verushevski as the Director of the Administration of Security and Counter-Intelligence, ordered disguised men to break violently in the house in Nizhopole – Bitola in which we dwelled and celebrated liturgy, to steal the liturgy objects, and

прати светите браќа Методиј и Кирил во мисија кај Словените беше кум на бугарскиот кнез Борис што ја покрсти Бугарија. Св. Фотиј напиша една цела книга на упатства каков треба да биде властодржецот и му ја упати на кнезот Борис. Борис доследно ги следеше упатствата на Патријархот и неговото владеење остави веројатно најголем белег во историјата на Бугарија. Она пак, што е суштински совет од Патријархот до кнезот Борис е упатството за правда во државата и слобода на Црквата. Во тоа се состоела и симфонијата меѓу Црквата и државата во Источното Римско Царство наречено Византија. Властодржецот се грижел за исполнување на правдата, Црквата се грижела за духовниот напредок што се едначи со духовната слобода.

Пред Вашето доаѓање на власт, во Р. Македонија, ниту властодржецот се грижеше за спроведување на правдата, ниту Македонската Православна Црква ги поттикнуваше луѓето кон слобода и квалитетен духовен живот. Ние не сме пророк, ниту пророчки син, но времето како да покажа дека пророчки сме им претскажале на Вашите претходници во првоминистерското место, каде ќе ги одведе нивниот неинтерес за правдата, па дури и спровтиставување со неа. Единствен кој имаше доблест да признае и да каже дека сето она што сме му го напишале се исполнило беше г-динот Љубчо Георгиевски. Но, ние му напишавме неколку писма и на г-динот Црвенковски, како и на г-динот Бучковски. Веројатно тие писма сеуште стојат во архивите на Владата или на Претседателот, ако воопшто им биле дадени на службите да се заведат. Она што му го претскажавме на г-динот Црквенковски досега само делумно се оствари. Сметавме тогаш, а тоа го сметаме и денес, дека патот по кој тој оди не завршува овде каде што тој сега заврши. Ние никогаш не сме го проколнале како злобно сакаа да го претстават некои, само констатиравме дека патот на неправдата што тој го одбра ќе го одведе не само до губење на власта, туку и до душевни пореметувања. На неговата совест има многу гревови, а гревот ако не се покае води во духовно растројство. Г-динот Црвенковски, во времето кога министер за внатрешни работи беше г-динот Хари Костов, а директор на дирекцијата за безбедност и контраразузнавање г-динот Зоран Верушески,

disgrace the nuns who happened to be there by cutting their hair off, and then set the house on fire. Despite the fact that the act is to be punished in accordance with the Criminal Code, not having evidence, we left them to be judged by the righteous Judge. However, the Judge adjudicates upon the sighs of the nuns who have borne the consequences of the stress they were exposed to. The Great Judge adjudicates upon the cry of the faithful people whose church in Nizhopole was demolished by Mr. Crvenkovski.

What kind of a man are you if you are to demolish a temple with a 21-century of Christian history? Nevertheless, he did not only demolish the temple built by us, but he also demolished his already problematic relationship with God. Thus, we believe that what happened to him is not the end. Should he fail to repent his end is far more obvious that the one which may be assumed. Neither it is because we have wished or prophesied so, nor because God is not a lover of man, but because the road taken by Crvenkovski leads him into perdition. The thing that may have angered him is that we wrote to him that he was insolent since he took a whole nation into perdition where he himself had decided to go. And that was what made him hate us; he even did not want to call our name and called us with our former christened name Zoran, despite the fact that he was quite aware that our citizen's name registered in the registry of birth, marriage and death following the entrance in the monastic profession is Jovan. We, on the other hand, were wrong to call him Zelenkovski during a public program in order to make comparison what it meant when you changed somebody's name. It was not that he did not act immaturely regarding many state's issues, but because it was impolite for us, the Archbishop of the sole canonically recognized Church in the Republic of Macedonia, to utter this.

God, our respected Prime Minister, in his freedom does not always wait for the end to allow a certain consequence to ensue from our wrong choice. Sometimes prior to the final judgement He allows to reap what we have sown. We are neither delighted for the imprisonment of Mr. Buchkovski, nor would we not feel sorry for anyone who is sentenced to imprisonment; following our imprisonment we are convinced that the prison is not the right measure, neither for punishment nor correction. Nevertheless, it

нареди во куќата во којашто престојувавме, а истовремено и богослужевме во Нижеполе – Битолско, насилно, разбивајќи ја бравата да влезат вооружени маскирани луѓе, да ги ограбат само богослужбените предмети, да ги осрамотат монахињите кои ги најдоа таму стрижејќи им ја косата и на крај да ја запалат куќата. И покрај тоа што делото што го направија е казниво и по казнениот законик, немајќи тогаш докази за тоа, го оставивме да им суди праведниот Судија. А, Судијата суди по воздишките на монахињите кои до денес ги носат последиците на стресот кој им е направен. Големиот Судија суди и по плачот на верниците на кои г-динот Црвенковски им ја сруши црквата во Нижеполе.

Каков човек треба да бидеш за да срушиш храм после 21 век христијанска историја? Но, тој не го сруши само од нас подигнатиот храм, тој со актот на рушење на Црква го сруши неговиот и така проблематичен однос со Бога. Затоа сметаме дека ова што му се случи не е неговиот крај. Ако не се покае крајот му е многу поизвесен од оној што воопшто може да се претпостави. И тоа не затоа што ние тоа му го посакуваме или му го прорековме, ниту затоа што Господ не е човекољубец, туку зашто тој пат што Црвенковски го одбрал го води во пропаст. Она со што можеби ние го разлутивме, е тоа што му напишавме дека е безобразен што цел еден народ го води во таквата пропаст каде што сам решил да оди. И за тоа нѐ намрази, не сакаше ниту името да ни го спомене и нѐ нарекуваше со поранешното крсно име Зоран и покрај тоа што беше добро информиран дека нашето граѓанско име што е заведено во матичните книги после замонашувањето е Јован. Ние пак, погрешивме што во една јавна емисија го нарековме г-дин Зеленковски, за да направиме споредба што значи кога некому му го менуваш името. Не дека тој навистина не постапуваше зелено по однос на многу државнички прашања, туку тоа беше непристојно да го речеме ние, Архиепископот на единствената канонски призната Црква во Р. Македонија.

Господ, почитуван Првоминистре, во својата слобода не го чека секогаш крајот за да допушти да ни се случи некоја последица од нашиот погрешен избор. Некогаш допушта и пред конечниот суд да го сркаме она што сме си го дробеле. Ние не

is a fact that it was when he was the Prime Minister that we were imprisoned for the first time. Moreover, it is a fact that he did not do everything to prevent our unjust treatment. We say unjust treatment because we were sentenced to imprisonment for a sentence that we wrote in our pocket calendar for 2004, which read as follows: "The Macedonian Orthodox Church is the last bastion of the communism in the Republic of Macedonia". That sentence sentenced us to two-and-a-half-year of imprisonment, later shortened to eight months which was the period that we remained imprisoned. Many times we have said it, and now we repeat it for of You, the prison did not correct us so as to stop thinking that the Macedonian Orthodox Church is not the last bastion of the communism in the Republic of Macedonia. On the contrary, as years pass by, you would hear from more and more people that what we said in 2004 was right. In the end, that is logical since the Macedonian Orthodox Church has hardly changed anything since the communist era. It is not us, but the history that says that the Macedonian Orthodox Church is created by an initiative of the communist party and direct intervention of Lazar Kolishevski and Krste Crvenkovski, in order to control the diaspora. The most suitable people were chosen. The ones that could be forced to serve the regime, individuals with a criminal record that might be constantly threatened and blackmailed. A rabbit is not a symbol used by the Church; it uses a lion or an eagle as a symbol. The Church is a place of freedom, and the value of the Church is reflected in accordance with the freedom it lives and reports.

Let us be forgiven for taking Your Excellence's time with something he is familiar with, but we considered that the abovementioned is a necessary introduction to what follows. Exactly a year ago, on Easter 2008, we addressed you with a letter from Jerusalem. It was there when we received the news that our humbleness had been ordered a custodial sentence by the Court in Veles thus making it the third time we had been sentenced for the same deed. Following two verdicts of release with a direct intervention made by Mr. Crvenkovski to the Appellate Court Judge, Ms. Violeta Duma, the Chairwoman of the Council, returned the verdict of release for a repetition of the procedure in the Basic Court in Veles. The same judge did exactly the same,

му се ситиме на г-динот Бучковски што сега е осуден на затворска казна, ниту има таков човек што не би го сожалиле кога треба да оди во затвор, зашто особено после нашето затворање сме убедени дека затворот не е најдобрата мерка, ниту за казнување, ниту за поправање. Но, факт е дека токму кога тој беше Првоминистер ние бевме прв пат затворени. Факт е дека не направи сѐ што можеше да направи да не бидеме онеправдани. Велиме онеправдани, зашто ние бевме осудени на затворска казна за една реченица што сме ја напишале во џебниот календар за 2004г., а која гласи: „Македонската Православна Црква е последниот бастион на комунизмот во Р. Македонија". За таа реченица ние добивме двеипол години затвор што подоцна ни беше скратена на осум месеци колку што и останавме во затворот. Многупати после тоа кажавме, а тоа сега и пред Вас го повторуваме, дека затворот нас не нѐ поправи та после тоа да мислиме дека Македонската Православна Црква не е последниот бастион на комунизмот. Напротив, како поминуваат годините сѐ повеќемина се тие од кои ќе чуете дека тоа што било кажано од нас во 2004г. било вистинито. На крај тоа е и логично, зашто единствено Македонската Православна Црква речиси ништо не промени од времето на комунизмот. Не ние, туку историјата вели дека таа е создадена со иницијатива на комунистичката партија и со директно залагање на Лазар Колишевски и Крсте Црвенковски, а како потреба на комунистите да ја контролираат дијаспората. И за тоа се бирани најподобните личности што ќе бидат принудени постојано да му служат на режимот, личности за кои има полициско досие па да можат постојано да бидат уценувани и заплашувани. Но, Црква од страшливци не се прави. Таа никаде во својата симболика не ползува зајак, тук лав и орел. Црквата е простор на слободата, и вредноста на Црквата се очитува според тоа колку таа ја живее и колку ја објавува слободата.

Нека ни биде простено што на Вашето Превосходство му го одземаме времето со нешто што му е познато, но сметавме дека претходното беше неопходен вовед во она што ќе следува. Точно пред една година, на Пасха 2008, прв пат Ви се обративме со писмо од Јерусалим. Таму ја примивме веста дека на нашата смерност ѝ е одреден притвор од страна на судот во Ве-

which was a clear indication to us that Mr. Crvenkovski wanted us to be sentenced for the third time at any cost. However, the case was rather clear. I was charged with "embezzlement", which was amiss since in order to commit embezzlement something has to be missing or it has to be concealed. On the contrary, on several occasions the expert evidence proved that nothing was missing or concealed. On that ground we were released twice. Can anyone think that if there had been a small reason to be convicted for and after such pressures on the Court by the Government and media at that time, we would not have been convicted for the third time? However, this is not our defence before You, since we have been pronounced a verdict of release twice, it is a call in the context of the aforementioned, to try to cherish justice within the state you manage. Justice brings prosperity, the injustice brings mistrust which itself is a yeast for decomposition.

While imprisoned, a man came by and introduced himself saying that he was sent by Mr. Buchkovski and he told us to write a plea to the President of the country to be pardoned. At the time our sentence amassed to four and a half years. We were also charged for other criminal act, i.e for a donation received from Mr. Trifun Kostovski, which prior to any prosecution against us, in the total amount including the three-month interest, the period for which the money was deposited in the bank, was deposited it in the Court. The offer seemed extremely tempting. Nevertheless, we turned it down without any consideration. It was not that we masochistically wanted to remain imprisoned. At the time we could not assume that our punishment could have been shortened. But, what would we have looked like in such case Mr. Prime Minister? According to us, we would have looked like an irresponsible person not capable of carrying the consequences of his own initiatives. What's even more, we would have been regarded as a toy used to sooth the passion of the President at the time, Mr. Crvenkovski.

Now, after his mandate, remembered for nothing good, we address You for the second time, thus You can contribute in correcting the injustices made to us personally in the last seven years, and to the hole Ohrid Archbishopric. It is likely that you are informed that the Metropolitans from the Macedonian Orthodox

лес за по трет пат да бидеме судени за иста работа. После две ослободителни пресуди, со директна интервенција од г-динот Црвенковски до судијата во Апелациониот суд, г-ѓата Виолета Дума како претседател на советот таа ја врати ослободителната пресуда на повторно разгледување во Основниот суд во Велес. Истата таа судија по втор пат тоа го направи, а тоа за нас беше доволен показател дека г-динот Црвенковски по секоја цена сака и по трет пат да бидеме осудени. Случајот, пак беше многу јасен. Бев обвинет за кривично дело „затајување", но обвинението беше промашено бидејќи за да има затајување треба нешто да недостига. Наспроти тоа, вештачењата кои се правеа неколкупати покажаа дека нема нешто што недостига или што е затаено. На основа на тоа и бевме два пати ослободувани. Може ли некој да помисли дека воколку имало мал повод да бидеме осудени, а после такви притисоци кои се вршеа врз судот од тогашната власт и средствата за информирање немаше и по трет пат да бидеме осудени? Значи ова не е наша одбрана пред Вас, зашто ние на два наврата добивме ослободителна пресуда од судот, туку е повик во контекст на претходното, да се потрудите во државата со која управувате да има правда. Правдата носи благосостојба, неправдата носи недоверба која е квасец за разградување.

Кога бевме во затвор, дојде еден човек што се претстави дека е пратен од г-динот Бучковски и ни рече да напишеме молба до Претседателот на државата за помилување. Во тоа време казната ни се беше насобрала на четири и пол години. Бевме осудени и за друго кривично дело, за донација од г-динот Трифун Костовски која уште пред да почне било каков прогон против нас, во целосен износ и дури со камата за три месеци, колку што парите беа на банка, ја бевме депонирале во судот. Затоа понудата изгледаше многу соблазниво. Но, ние без размислување ја одбивме. Не затоа што сакавме мазохистички да останеме во затвор. Тогаш не можевме ниту да претпоставиме дека казната толку многу ќе ни биде скратена. Но, на што ќе личевме ние во таков случај г-дине Првоминистре? Според нас, ќе личевме на неодговорен човек кој не е подготвен да ги носи последиците на неговите иницијативи. И друго, ќе послужевме како играчка за задоволување на страстите на

Church have been in contact with the Archbishops of the Serbian Orthodox Church. Kyr Stefan was also present at their last meeting. They were clearly told that no negotiations could be carried out regarding the status of MOC until all the charges against us were dropped. That is not considered as a condition, but it is regarded as a precondition for commencement of any serious discussion. What kind of a dialogue it would have been if it is not based on equal grounds, or in case of a possible failure of the negotiations, could we be imprisoned again? On the other hand, each postponement is a disadvantage to MOC. Our positions are well established. You could easily check our reputation as an Archbishop of the canonic Ohrid Archbishopric. Moreover, you cannot also ensure yourself that without our consent neither any negotiation could be carried out, nor solution could be reached. Thus, if we get into a deep analysis, the sooner the custody for our humbleness is dropped and the court proceeding is ended, the more convenient conditions for the commencement of the negotiation of the status of MOC would exist.

It would not be right Mr. Prime Minister, to show no interest for the things we write about. Especially due to the fact that such insolvent situation with the Church was created due to the interference of the government into church issues. Now, that the new President has received Your support, you hold no excuses for not contributing in solving the church issue. We believe that the least we could ask from you is to cease all prosecutions against us. How are you going to do that, we are not going to suggest since You know better than we do. We simply beg you – Please, do not leave it for tomorrow. We are exhausted by the prisons and exile. Your contribution in the church history would not be in the foundations for temples and monasteries. In order to be a benefactor is not enough to be a Prime Minister. Your contribution as a Prime Minister in finding a solution for the status of the Church might be great. Please do not miss the chance. That may ascend you after all weaknesses that you as a human might show, but it could also tackle you down after all good intentions and interventions you may show. In ten years no one shall remember what have you erected, how many people have you employed, how you overcome the crisis, however in twenty and even fifty years your role in the

тогашниот Претседател на Р. Македонија, г-динот Црвенковски.

Сега откако одмина неговиот мандат, запамтен по ништо добро, Ви се обраќаме по втор пат, Вие да придонесете во исправање на неправдите кои последниве седум години ни се правени лично нам, но и на целата Охридска Архиепископија. Веројатно сте информирани дека Митрополитите од Македонската Православна Црква веќе неколку пати имаа контакт со Епископи од Српската Православна Црква. На последната средба во Белград беше присутен и г-динот Стефан. Јасно им беше кажано дека неможе да продолжат никакви разговори за статусот на МПЦ пред да бидеме ослободени од сите обвинениј а. И тоа не е условување, туку тоа е предуслов за отпочнување на било како сериозен дијалог. Каков дијалог би бил тој ако не е врз рамноправни основи, односно ако при евентуален неуспех на преговарањето ние повторно би можеле да бидеме затворани? Но, од друга страна, секое одлагање на преговарањето е во штета на МПЦ. Нашите позиции се веќе добро востановени. Каков е нашиот углед како Архиепископ на канонската Охридска Архиепископија Вие лесно можете да проверите. Исто така лесно можете да проверите дека без наша согласност не може да има ниту преговори, ниту решение. Што значи, ако добро анализираме, што поскоро се укине притворот за нашата смерност, и што поскоро заврши судскиот процес, тоа е поповолно за отпочнување на преговори за статусот на МПЦ.

Не би било во ред, г-дине Првоминистре, да бидете незаинересирани за она што Ви пишуваме. Особено заради фактот дека ваква нерешлива ситуација со Црквата се создаде заради мешање на власта во црковните прашања. Сега кога и новиот Претседател на Р. Македонија е поддржан од Вас, немате ниту еден изговор да не придонесете за решавање на црковниот проблем. Сметаме дека најмалото што можеме да го побараме од Вас е прекин со сите судски гонења врз нас. Како тоа ќе го направите не би сакале да Ви дошепнуваме, од едноставна причина што Вие многу подобро тоа од нас го знаете. Единствено што Ве замолуваме – не го оставајте за утре. Веќе доста се истоштивме по затвори и во прогонство. Вашиот придонес

church issues shall be known. The Church is a guard of the history and it gives a final feature to one's personality.

In the end, once again we would like to congratulate You on the great feast of Easter and wish you the Pascha of the Lord to be a resurrection to all of your well interventions and ideas as a Prime Minister, we announce that the joy of the fair relieves us from any concern regarding the issues addressed. We are in God's hands, and if we agree with God for that, and he is the only one who shall never abandon us.

Wishing you the paschal joy, we remain with respect

On Easter Sunday 2009

ARCHBISHOP AND METROPOLITAN
+of Ohrid and of Skopje Jovan

P.S. The paschal message sent to the priesthood, monasticism and pious people of our Archbishopric is enclosed to this letter.

во црковната историја нема да биде во ктиторството на храмови и манастири. За да се биде ктитор не е доволно да се биде Првоминистер. Но, Вашиот придонес како Првоминистер во решавањето на статусот на Црквата може да биде голем. И не го пропуштајте. Тоа може да Ве издигне и после сите слабости што како човек ќе ги покажете, но може да Ве собори и после сите добри намери и залагања што ќе ги покажете. За десет години никој нема да се сеќава што сте подигнале, колкумина сте вработиле, како сте ги решавале кризите, но и после дваесет, и после педесет години ќе се знае каква била вашата улога во црковните прашања. Црквата е чувар на историјата и таа дава конечна карактеристика на нечија личност.

На крајот, кога уште еднаш Ви го честитаме Велигден и кога Ви посакуваме Пасхата Господова да биде воскресение на сите Ваши добри залагања и идеи како Првоминистер, Ви соопштуваме дека радоста од панаѓурот нè ослободува од секаква загриженост по однос на големите проблеми на кои се осврнавме. Ние сме во Божји раце, во колку се согласиме со Бога за тоа, и тој единствен е Кој никогаш нема да нè остави.

Посакувајќи Ви ја и Вам таа пасхална радост, остануваме со почит.

На Пасха 2009

АРХИЕПИСКОП И МИТРОПОЛИТ
+Охридски и Скопски Јован

P.S. Во прилог Ви ја доставуваме Пасхалната порака упатена до свештенството, монаштвото и побожниот народ на нашата Архиепископија

ORTHODOX OHRID ARCHBISHOPRIC
HOLY SYNOD OF BISHOPS

Since the information regarding the request of the Orthodox Ohrid Archbishopric to be registered before the competent authorities in the Republic of Macedonia, was maliciously presented by half-truths, we the Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje, in the capacity of the President of the Holy Synods of Bishops of the Orthodox Ohrid Archbishopric, hereby send the following

ENCYCLICAL LETTER

to the reverend priesthood, holy monastics
and pious people of the
Orthodox Ohrid Archbishopric

in order to explain all of the misunderstandings which have arisen from the false and the very least malicious information which is merely a continuation of the state's terror over our Church.

Few days ago, some of the media in the Republic of Macedonia published information that the Orthodox Ohrid Archbishopric on April 28, 2009, sought to be registered in accordance with the new Law on Churches, Religious Communities and Religious Groups, from the Basic Court Skopje 2 in Skopje. The half-truths and the unprofessionally presented information is a general climate in the media in the Republic of Macedonia, from time to time, when in lack of topics, it takes our Church as a topic and writes about us, but without us. That has been evident from long ago, and it does deserve neither our attention nor your attention.

You the members of the Ohrid Archbishopric are well directed not only in the level of the faith that so far you have worthily

ПРАВОСЛАВНА ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА
СВЕТ АРХИЈЕРЕЈСКИ СИНОД

Бидејќи информацијата дека Православната Охридска Архиепископија побарала регистрација пред надлежните органи во Р. Македонија беше полувистинито и злонамерно претставена преку средствата за информирање во Р. Македонија, ние Архиепископот охридски и Митрополит скопски, во својство на Претседател на Светиот Архијерејски Синод на Православната Охридска Архиепископија го упатуваме ова

ОКРУЖНО ПОСЛАНИЕ

до честото свештенство, преподобно монаштво и побожниот народ на Православната Охридска Архиепископија

а со цел да ги објасниме сите недоразбирања кои произлегоа од лажните и во најмала рака злонамерни информирања кои се само продолжеток на државниот терор врз нашата Црква.

Пред неколку денови, некои од средствата за информирање во Р. Македонија објавија информација дека Православната Охридска Архиепископија на 28 Април 2009 г. побарала регистрација според новиот закон за цркви, верски заедници и религиозни групи од надлежниот орган во Р. Македонија, а тоа е Основниот суд Скопје 2 во Скопје. Полувистинитото и непрофесионално информирање кое е веќе општа клима во медиумскиот простор во Р. Македонија одвреме-навреме, во недостаток на теми, ја зема нашата Црква како тема и пишува историја за нас, ама без нас. Тоа е нешто што е веќе одамна видено и не го заслужува ниту нашето, ниту вашето внимание.

Вие, членовите на Охридската Архиепископија сте добро упатени не само во вистините на верата која до сега достоин-

profess, but also due to the fact that you know how to recognise all the efforts made to harm our Church, regardless of the fact where those efforts come from. Therefore, this encyclical letter is more of a reminder than of a warning of what is already familiar to you, more of a verification to what is known to you than to directing you how to act.

Unfortunately, even after 18 years of the fall of the communism in our country there is still no objective approach to faith and the Church. The media not only fails to have a professional approach, it also underestimates and degrades almost everything regarding the Church, but also those ones who deal with the Church issues do not even have the basic general education for the structure and action of the Church. On the other hand, the editors want have an influence in the creation of the high church politics, but they do not have the most elementary knowledge of how the Church works in the society. At least until now, such attitude of the media towards the Church has been easily recognized by the members of the Ohrid Archbishopric. It is a pity that the schismatic MOC until recently kept silent regarding such attitude of the media towards the Ohrid Archbishopric, and regarded that the tendentious criticism we borne is in their favour. However, lately such malevolence has caused them many problems from which they do not know how to overcome.

It is true that our Archbishopric indeed requested a registration on April 28, 2009 in accordance of the new Law on Churches, Religious Communities and Religious Groups from the competent authority in the Republic of Macedonia. Let us recall that in 2005 we were rejected to be registered under the name of Orthodox Ohrid Archbishopric in the Register of Churches, Religious Communities and Religious Groups, which at the was managed by the Government of the Republic of Macedonia. Meanwhile, under a tremendous pressure by the international community, the Republic of Macedonia was forced to adopt a new Law on Churches, Religious Communities and Religious Groups, especially in order to solve the case of the Ohrid Archbishopric. As you have heard before, generally the new law is good and it protects the religious rights of the citizens of the Republic of Macedonia guaranteed by the international conventions, however it is more than obvious

ствено ја исповедате, туку знаете да ги препознаете и сите обиди да ѝ се наштети на нашата Црква, без оглед од каде тие и да доаѓаат. Затоа, ова окружно послание е повеќе потсетување отколку предупредување, повеќе потврдување на она што веќе ви е познато, отколку укажување како треба да постапувате.

За жал, дури и по 18 години од падот на комунизмот во нашата татковина сè уште нема објективен пристап кон верата и Црквата. Средствата за информирање не само што имаат непрофесионален пристап, потценувачки и понижувачки скоро за сè што е во врска со Црквата, туку и известувачите кои се занимаваат со црковните теми немаат ниту најосновно општо образование за структурата и дејствувањето на Црквата. Уредниците пак, на тие средства за информирање сакаат да влијаат во креирањето на висока црковна политика, а немаат ниту најелементарно познавање како дејствува Црквата во општеството. Барем до сега, таквиот однос на медиумите кон Црквата беше лесно распознатлив од членовите на Охридската Архиепископија. Жалосно е што расколничката МПЦ до пред извесно време молчеше за таквиот однос на средствата за информирање кон Охридската Архиепископија, и сметаше дека тенденциозното критикување кое паѓаше врз нас е во нивна полза. Но, во последно време таквата злорадост им народи и ним многу проблеми од кои не знаат како да се извлечат.

Нашата Архиепископија навистина на 28 Април 2009 г. побара регистрација според новиот закон за цркви, верски заедници и религиозни групи од надлежниот орган во Р. Македонија. Да потсетиме дека во 2005г. бевме одбиени да бидеме регистрирани под име Православна Охридска Архиепископија во регистарот на црквите, верските заедници и религиозните групи кој тогаш сè уште го водеше Владата на Р. Македонија. Во меѓувреме, под огромен притисок на меѓународната заедница Р. Македонија беше принудена да донесе нов закон за црквите, верските заедници и религиозните групи, а исклучиво заради решавање на случајот со Охридската Архиепископија. Како што и порано веќе сте чуле, новиот закон е воглавно добар и ги штити верските права на граѓаните на Р. Македонија загарантирани со меѓународни конвенции, но очигледно е сега дека тој не се применува. Имено, за да пробаме дали

that the same is not applied. Namely, in order to test whether the new law is applied, we submitted an application for the registration of the Stravopegic Monastery of St. John the Chrysostom. Following the long procedure which exceeded the time stipulated by the law for at least ten times, we received the decision that the registration was rejected. These days we have received a decision from the Appellate Court in Skopje who adjudicated upon our appeal, stating that our appeal has been rejected. Certainly, in the first as in the second case the rejection was without any legal explanation, but it only contained a vulgar and cynical answer that it was as they pleased.

That is our everyday life which is well known to you thus we shall not hold longer onto it. Following a year since we had asked for the first time, in May last year, The Basic Court Skopje 2 in Skopje allowed us to make an inspection in the court registry, when we submitted our request, in order to avoid repetition of a certain names already used by a religious community. After the inspection we concluded that in the column under which MOC is registered the name of Ohrid Archbishopric had been illegally added. We say illegal since the whole public is aware that at the Assembly of Clergy and Laity held by the MOC in October 2008, they did not adopt the name Ohrid Archbishopric as an integral name of the MOC. The fact that someone illegally added the aforementioned name in the Court registry is a criminal act, but if the same had been done by the Court, who should have initiated a lawsuit against the Court itself?

In order not to fritter away any time in correcting the wrongdoings, the Holy Synod of Bishops has decided to submit an application for a registration of the Orthodox Ohrid Archbishopric before the competent authorities under the name: Greek - Orthodox Ohrid Archbishopric of the Pec Patriarchate. We did this simply for the reason the name assigned in the application not to be the same with some of the names from the already registered religious communities, since the law does allow that. The Synod was governed by the intention the name of the religious community that requested registration not to miss the essence of our Church. You are well familiar with the fact that Greek - Orthodox does not mean Greek that is an Orthodox, since that name covers all

навистина новиот закон ќе се применува ние го пријавивме за регистрација Ставропигијалниот манастир Св. Јован Златоуст. После долга процедура која барем десет пати го надмина времето определено со закон, добивме решение дека барањето за регистрација се одбива. Деновиве добивме решение од Апелалциониот суд во Скопје кој решаваше по нашата жалба, дека жалбата ни се одбива. Секако и во првиот и во вториот случај без никакво законско образложение, туку само со безобразен и циничен одговор дека така им се сакало.

Тоа е нашата секојдневица која вам ви е добро позната и на неа нема да се задржуваме. По една година откако првпат побаравме, а тоа беше во Мај минатата година, Основниот суд Скопје 2 во Скопје ни дозволи да направиме увид во судскиот регистар за, при поднесување на нашето барање, да не направиме случајно повторување на некое име што веќе е употребено од некоја верска заедница. По увидот констатиравме дека незаконски, во графата каде што е регистрирана МПЦ, додадено е име Охридска Архиепископија. Велиме незаконски зашто целата јавност во Р. Македонија знае дека на Црковно-народниот собор што го одржа МПЦ во Октомври 2008г. тие не го усвоија името Охридска Архиепископија како составен дел од името на МПЦ. Тоа што некој бесправно го додал во судскиот регистар споменатото име е кривично дело, но ако тоа го прави судот кој ќе го тужи него?

За да не губиме време во исправање на „криви Дрини“, Светиот Архијерејски Синод одлучи да се поднесе барање за регистрација на Православната Охридска Архиепископија пред надлежните органи под име: Грко-православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија. Тоа го направивме едноставно од причина името што го назначивме во барањето да не биде исто со некои од имињата на верските заедници што се веќе регистрирани, зашто законот тоа не го дозволува. Синодот беше воден од намерата името на верската заедница што бараме да се регистрира да не ја промашува суштината на нашата Црква. А вие добро знаете дека грко-православен не значи Грк кој е православен, туку под тоа име се познати сите Цркви што исповедаат православно христијанско исповедание. Грко-православни се нарекуваат и во своето име

the known churches that profess Orthodox Christian profession. The so called Greek Orthodox includes in its name the following: Alexandria, Antiochian and Jerusalem Patriarchate. No one serious can doubt that the Arabs who are members of the Antiochian Patriarchate are Greeks, but their Church is Greek - Orthodox Patriarchate of Antioch and the whole East. The other part added to the name we proposed in the request is natural and organic. The Orthodox Archbishopric as an autonomous Church is part of the Pec Patriarchate. Thus, no national preindicator should be sought, however you should know that the Church is a Church when there is "Neither Jew nor Greek" (Galatians 3,28) since we are all one in Jesus Christ.

Hence, the proposed name has one and only intention, and that is the Ohrid Archbishopric to obtain a legal status. Therefore, the Synod in its request for registration emphasized that provided that the Court did not like the name we agree the Court to be our godfather, so we can be left alone. Perhaps someone will think that we are mocking around, but it is really a pity that the state has brought itself into a situation in which its institutions are subjects of mockery. However, you have also seen that in these few days following the announcement of the news how many pastors have appeared declaring themselves that the proposed name was absurd to them. Even Bishops of the schismatic MOC have said the same. They are to be named as they are supposed to, we should not have to. You are quite aware of the fact that the same is called a fear. However, why are they afraid of one tiny, meaningless group of religious Orthodox which they malevolently called the gang of Vranishkovski? Just because God is with us and the truth is with us. That makes us free to be unpredictable, but it enslaves our opponents in the fear that they might deviate a lot from the truth, form the humanity, form the faith in God and in the Church.

Thus, should the Court accept the proposed name no one should get upset, only the authorities of our county should get upset if we get refused to register. Not a better name could have been proposed than this one, since they forced us to propose the same. Each new proposal would have been worse for them, just imagine if a national preindicator exited in the name of the Church, as for instance in the Serbian Orthodox Church? It will neither bother us

го имаат: Александријската, Антиохијската и Јерусалимската Патријаршија. Никој сериозен не може да се сомнева дека Арапите кои се членови на Антиохијската Патријаршија не се Грци, но нивната Црква е Грко-православен Патријархат на Антиохија и на Целиот Исток. Другиот додаток во името што го предложивме во барањето е природен и органски. Охридската Архиепископија како автономна Црква е составен дел од Пеќката Патријаршија. Така, во предложеното име не треба да се бараат национални предзнаци, и вие знаете дека Црквата е Црква само тогаш кога нема веќе „ни јудеец ни елин" (Галат. 3,28) зашто сите сме едно во Христа Исуса.

Значи, предложеното име има само една единствена намена, Охридската Архиепископија да добие правен статус. Затоа Синодот во своето барање за регистрација истакна дека во колку на судот не му се допаѓа ова име, ние се согласуваме судот да ни биде кум, само да не нè малтретираат повеќе. Можеби некој ќе помисли дека биеме шега, ама навистина жалосно е што една држава се доведува во ситуација нејзините институции да бидат за подигравка. А видовте во овие неколку денови од објавувањето на веста колку душегрижници се појавија кои изјавуваат дека предложеното име било апсурдно. Дури и епископи на расколничката МПЦ го изјавија тоа. Како тие да треба да се именуваат така, а не ние. Вие пак добро знаете дека тоа се нарекува страв. Но, зошто се плашат од една мала безначајна група на верни Православци која злонамерно ја нарекуваат тајфата на Вранишкоски? Само заради тоа што со нас е Бог и со нас е вистината. Тоа нè ослободува нас да бидеме слободни до непредвидливост, но нашите противници ги поробува во стравот дека многу отстапиле од вистината, од човечноста, од верата во Бога и Црквата.

Така, ако судот го прифати предложеното име никој не треба да се вознемирува, единствено од одбивањето да бидеме регистрирани треба да се вознемират властите на нашата татковина. Зашто подобро име од ова, на кои впрочем самите тие не наведоа да го предложиме, нема ниту да добијат. Секој нов предлог би бил полош за нив, зашто замислете ако во името на Црквата навистина има и национален предзнак, како на пример Српска Православна Црква? Тоа нас и вас сигурно не би

nor you, since we are forced to accept what our godfathers give to us, but what would that mean for the Republic of Macedonia? Is there an analyst in the Government to explain that to them?

Christian Brothers and Gentlemen, we have come to the end of the great success that you have achieved, certainly with the help of God. Any decision reached by the Court does not put you into loss. Should we be registered, our struggles will not be in vain, should the contrary happen your spiritual treasury shall be enriched. With this spiritual wealth we shall buy the future, not only in the kingdom of God but also here and now. Thus, you choose what you are going to pray for, nevertheless in each case you have nothing to lose, since the Church never loses. It defeats the death.

Awaiting of the Holy Pentecost we pray to the Holy Spirit to abundantly visit you, for He is the Spirit Who keeps the Church in unity and encourages us to love until perfection.

Yours in Lord

ARCHBISHOP AND METROPOLITAN
+of Ohrid and od Skopje Jovan

President of the Holy Synod of Bishops
of the Orthodox Ohrid Archbishopric

Week of Holy Fathers of the First Ecumenical Council
2009

ни сметало, ние сме принудени да примиме име што ќе ни го дадат кумовите, но што тоа би значело за Р. Македонија? Имаат ли во власта некој аналитичар тоа да им го објасни?

Браќа и господо христијанска, пред крајот сме на еден голем успех кој вие го стекнавте, секако со Божјата помош. Било какво решение да донесе судот вие не сте во загуба. Ако нè регистрираат, нашите страдања нема да бидат залудни, ако се случи спротивното вашиот духовен трезор ќе биде уште побогат. Со тоа духовно азно ќе ја купуваме иднината, не само во Царството Божјо, туку и овде, и сега. Така, сега вие одберете за што ќе се молите, но и во едниот и во другиот случај нема што да загубите, зашто Црквата никогаш не губи. Таа ја победи смртта.

Во очекување на светлата Педесетница се молиме Духот Свети изобилно да ве посети, зашто Тој е Духот Кој Црквата ја чува во единство и сите нас нè поттикнува на љубов до совршенство.

Ваш во Господа

АРХИЕПИСКОП И МИТРОПОЛИТ
+Охридски и Скопски Јован

Претседател на Светиот Архијерејски Синод
на Православната Охридска Архиепископија

Недела на Светите Отци од Првиот Вселенски Собор
2009 г.

HOLY SYNOD OF BISHOPS
OF THE SERBIAN ORTHODOX CHURCH

No.312/zap.257, May 15, 2009, Belgrade

To
His Excellency
Mr. Gjorgje Ivanov
President of the Republic of Macedonia
Skopje

Dear Mr. President,

On behalf of the Holy Synod of Bishops of the Serbian Orthodox Church, and of ourselves, it is an honour to congratulate you, in these days of Easter, on your election and appointment to the position of President of the Republic of Macedonia. We wish you to perform this prestigious, but also very responsible service, with great dedication, in good health and to the benefit of your country, as well as of the entire region.

His Holiness the Serbian Patriarch kyr Pavle addressed Your predecessor, Mr. Crvenkovski on several occasions, as we ourselves have done in the Patriarch's absence and in the official capacity of presiding over the Holy Synod of Bishops, asking that the persecution of His Beatitude, Archbishop of Ohrid, kyr Jovan, be stopped. We were trying to make it possible not only for him, but also for the entire Archbishopric and its believers, to lead free lives. Unfortunately, Mr. Crvenkovski did not reply to even one of those letters. To the best of our knowledge, it is precisely on his order that the aforementioned and inappropriate legal persecution continues. We believe that you are aware that Archbishop Jovan has already served prison term to prison twice on account of prejudiced and unverified allegations, which have led to criticism of then Macedonian government by the international community. As of now, he has been outside of Macedonia for a year, because the court in Veles has ordered to have him detained. After two ac-

СВЕТИ АРХИЈЕРЕЈСКИ СИНОД
СРПСКЕ ПРАВОСЛАВНЕ ЦРКВЕ

Број 312⁄зап.25715. мај 2009. године у Београду

Његовом Превасходству
Господину ЂОРЂУ ИВАНОВУ
Председнику Републике Македоније
Скопље

Поштовани Господине Председниче,

Мојата биографија е позната, сум завршил два факултети, сум докторирал, не сум оформил семејство за да ѝ се предадам целосно на Црквата, оттука првото прашање е: за кого јас би стекнувал богатство кое Судот, но и јавноста треба да ги постави во однос на евентуалниот мој мотив да го извршам кривичното дело што ми се припишува? Второто прашање кое што се однесува за мотивот, не помалку важно од првото е: немало ли друг, поедноставен начин да се збогатам, со оглед на моето образование и стручна наобразба? Требало јас да бидам хипокрит, четири години во МПЦ и уште десет години потоа, да се кријам зад Црквата, а целта всушност да ми биде лична корист?

Ова прашање повеќе треба да им се постави на оние што го поднесуваат предлогот за гонење, но ако веќе не е поставено, овој Суд има задача да ги утврди и мотивите за кривичното дело.

Јасно му е на секој што барем малку ги познава етиката и начинот на живот во Црквата, дека еден монах кој нема семејство, се заветува не само на безбрачност, туку и на нестекнување имот за себе. Судот лесно може да провери дека освен ова подрасо што го носам и неколку книги што ми се целото богатство, јас немам ништо друго во моја сопственост. Ќе дојде на ред да одговорам за обвинението за пензиското осигурување, но во оваа прилика да кажам дека до денешен ден јас имам само 30 дена работен стаж, не затоа што не сум имал прилика да си платам пензиско осигурување, туку затоа што не сум сакал. Јас сум длабоко свесен дека само кога немаш ништо, тогаш Господ ти е сè.

Ако останав недоречен во однос на мотивот, замолувам да биде забележано уште ова: мој единствен мотив кој веќе се претоči во цел–завршена, исполнета–беше воспоставувањето на црковното единство на Црквата на територијата на Р. Македонија со Православната Црква во светот. Тоа е моето животно дело, можеби рано постигнато, но не верувам дека историјата ќе ме запамети по нешто поголемо од тоа.

Поминаа цели десет години од моето заминување од МПЦ. Поставувам прашање што всушност е и одговор во однос на мотивот, односно умислата за извршување на кривич-

that is the answer regarding the motive, i.e the intention for committing the criminal acts I am accused of. If I really was prone to criminal acts, and I was an immoral and characterless person, was I to have any authority of an Archbishop of a Church, not only over the bishops, priests, monks and believers of OOA, but also in the whole Orthodox Church, ten years after I have left the MOC? If I was such a person, then the monks would have been the first ones to leave me since they would not like to be led by a certain immoral person.

Despite the fact that such unseen 21-century persecutions for a period of whole 10 years of the Christians – members of OOA in the Republic of Macedonia, no not a single person has left OOA, and each day more and more members join it. It is likely that the characteristic features of my personality play a modest role for that, along with the role of the other members of the Holy Synod of Bishops.

Please allow me to give a clear explanation regarding the aforementioned, in relation to the involvement of the politics, not only in this criminal prosecution but also in the other prosecutions against me conducted in the last ten years. It would be dishonest to say that this Government started the criminal prosecutions against me as a result of their original politics. This Government only inherited what was so clearly started by Mr. Branko Crvenovski, when he was the Prime Minister of the Republic of Macedonia in 2003. His statement is well-known that the Government of the Republic of Macedonia to which he was the Prime Minister, shall give every protection to the MOC since the objective of OOA was to "substitute" MOC.

The best defense was to strike the shepherd and the sheep shall be scattered. Firstly, they started with a warning through certain people whose names do not have any importance in the procedure. Then the warnings continued, and when on 11 January 2004, 90% of the monkhood of MOC separated and joined OOA, the same day I was taken into custody. Around twenty days later I was released from the custody, and straight after, on 23 February 2004, disguised men in uniforms worn by the special forces in the MOI, entered the monastery (a weekend house of my parent's adjusted into a monastery) and since they did not find me there,

ни дела за кои и досега бев осудуван. Доколку навистина бев склон кон кривични дела, доколку бев неморална и бескарактерна личност, ќе успеев ли по десет години по заминувањето од МПЦ да имам авторитет на архиепископ на Црква, не само за епископите, свештениците, монасите и верниците на ПОА, туку и во целата Православна Црква? Па доколку бев таков, прво ќе ме напуштеа монасите кои нормално не би сакале да ги води некоја неморална личност.

Но, за тоа што цели десет години, по невидени за XXI век прогони на Христијаните какви што беа кон припадниците на ПОА во Р. Македонија, не само што никој не ја напушти ПОА, туку таа секојдневно има сè повеќе приврзаници. За тоа, покрај улогата на другите членови на Синодот на ПОА, веројатно има некоја скромна улога токму и карактерната особина на мојата личност.

Нека ми биде дозволено да направам едно појаснување во однос на горе реченото, поврзано со политичката вмешаност, не само за ова туку и за другите кривични гонења кои се спроведоа против мене во последниве десет години. Не би било чесно да кажам дека оваа власт ги започна кривичните гонења против мене како резултат на нивната оригинална политика. Оваа власт само го наследи она што многу јасно го започна господинот Бранко Црвенковски, како премиер на владата во 2003г. Позната е неговата изјава дека владата на Р. Македонија на која тој беше првоминистер, ќе ја брани МПЦ на секаков начин зашто ПОА имала цел да ја „супституира“, да ја замени МПЦ.

Најдобар начин на одбрана беше да удрат по пастирот, за стадото да се разбега. Прво започнаа со предупредувања преку одредени луѓе чии имиња во моментов немаат значење за постапкава. Потоа се продолжи со заканувања, а кога на 11 Јануари 2004г. се отцепи 90% од монаштвото на МПЦ и пристапи кон ПОА, истиот тој ден мене ме притворија. Од притвор бев пуштен по дваесетина дена, но веднаш потоа, на 23 Февруари 2004г. маскирани луѓе, со маскирни униформи, какви што носат специјалните сили во МВР, влегоа во манастирот (викенд куќа од моите родители која беше приспособена во манастир) и откако не ме најдоа внатре, им ги исекоа косите

they cut off the hairs of the nuns who happened to be there, kicked them out and set the house on fire.

Later, the police, inquiring judge and public prosecutor arrived and they seized everything from the house which was not burned. The whole folder with the evidence for this criminal act was among the seized items. That was the reason for the communication between this Court and the Sector for Internal Affairs – SIA Bitola, in relation to the items seized by SIA, among which is the evidence for this case. I hope that the communication is filed into this case, however I am mentioning it in relation to the context that the Government of Crvenkovski tried to hinder my defense in every possible manner. The police replied to the Court that it had returned the seized items to me among which was the folder with the evidence for this case; **however it failed to record it**. Where do we live Your Honour? However, the public embodied in the representatives of the media at that time did not want to understand that. Yet, I do not know how much it has understood so far.

From my point of view, following everything that has happened to me, not only when the monastery was set on fire, but even after that in the last ten years, no one can persuade me that the public prosecution along with the public prosecutor representing the accusation was involved in all that, bearing in mind the fact that at the previous hearing he opposed the request for an additional period to be granted to me in order to prepare the defence.

Your Honour, the public prosecution has no interest this case to be proven in a contradictory procedure, if it could pass, the Court should only charge me in order to convict me. I do not believe that the public prosecutor regarding this case is put under pressure by the Government as in the time of Mr. Crvenkovski, but during the procedure of many year in this trial, and due to the fact that he has represented this prosecution from the very beginning, and has been a prosecutor in other cases against me, perhaps he has found motive for personal revenge against me. I do not exclude the possibility that he felt uncomfortable to certain remarks I said or to my attorney's remarks in the previous procedures, but that the least does not justify his tendentious behaviour. There was nothing personal in my objections against the prosecutor, the

на затечените монахињи таму, а потоа ги избркаа надвор и ја запалија куќата.

Потоа дојде полицијата, истражен судија, јавен обвинител и запленија од куќата она што не беше доизгорено. Меѓу запленетите работи беше и целата папка со предметот и доказите токму за ова кривично дело. Оттаму и преписката меѓу овој Суд и СВР Битола, во однос на одземените предмети од нивна страна, а меѓу кои се наоѓаа и доказите за овој предмет. Се надевам дека таа преписка сè уште стои во предметов, но јас ја споменувам во контекст дека власта на Црвенковски на секаков можен начин се обидуваше да ја спречи мојата одбрана. Полицијата врати одговор на барањето од овој Суд дека ми ги вратила запленетите предмети меѓу кои беше и папката со доказите за овој предмет, **ама не направила записник за тоа**. Каде живееме чесни Суде? Но јавноста олицетворена во претставниците на средствата за информирање тоа тогаш не сакаше да го разбере. Не знам додуша ни сега колку и ова го има разбрано.

Мене барем, по сè што се случи, не само во тој настан на палењето на манастирот, туку и потоа, во последниве десет години, никој не ќе може да ми го промени сомнежот дека во сето тоа било вклучено и ова јавно обвинителство и овој јавен обвинител кој го застапува обвинението, особено ако се има предвид дека на претходното рочиште се спротивстави да ми се даде дополнителен рок да можам да ја подготвам одбраната.

Нема интерес јавното обвинителство, чесни Суде овој случај да се докажува во контрадикторна постапка, туку ако може да помине, Судот само да го препише обвинението и да ме осудат. Не мислам дека за овој случај сега обвинителот е под притисок на власта како во времето на Црвенковски, но во текот на долгогодишната постапка во овој судски процес, од почеток го застапува ова обвинение, а бидејќи застапувал и други кривични предмети против мене, веројатно нашол мотиви да има потреба од лична одмазда кон мене. Не ја исклучувам можноста дека обвинителот можеби се чувствувал непријатно на некои мои забелешки или на забелешки од мојот бранител во текот на претходните постапки, но тоа ни најмалку не може да го оправда неговото тенденциозното однесу-

same is now, however it is obvious that I am a victim of revenge and personal passion of the prosecutor against me.

Currently, he is keeping me in custody, and for the second time he has extended my custody, despite the fact that there is no ground for that. The Court is familiar with the fact that I personally called in to serve the prison sentence – obviously with an objective to be entitled to the legal right of repetition of the court procedure. Moreover, the Court and the public are familiar with the fact that I was not extradited from the Republic of Bulgaria in 2010. Therefore, I might have not entered in the Republic of Macedonia if I had the intention to skip the trial. However, I did not want a spot on my biography, released twice from this case, once convicted in abstenia - therefore I called in order to use my right to trail in presence. The process might have even commenced in December 2011 when the Basic Court in Veles reached a decision to repeat the procedure. Provided that it started than, it might have been finished by now, however due to the revenge of prosecutor, as to hold me longer in custody, covering it by indefinite objections, the process starts now. On the other hand, I am kept in custody with no grounds for that.

The prosecution on a proposal of the MOC prosecutes me for a criminal act "embezzlement". The act for committing such crime is withholding of an asset which is in a possession of another person entrusted to the committer of the criminal act, and the act of withholding is expressed in having it at a disposal as he/she is its legal owner, and the act is completed by adoption of the asset, regardless whether there is any illegal material benefit.

In the last, conviction reached by this Court, when I was convicted in absentia (I do not know whether it was on a proposal of the prosecutor, I could not find out from the files, or it was by Court's free will) that I committed the criminal act as follows: "the monetary assets paid to the defendant were paid with a receipt in hand on various grounds. On the receipts for the payments under a special note it was noted what was the payment for, and in the assigned place for the *receiver* the defendant impressed his signature most of the time, while on a certain receipts the defendant was signed on behalf of the *governor*, thus a decision is not reached for the distribution of the costs into which it would have

вање. Во моите приговори немало ништо лично против обвинителот, како што нема ни сега, но евидентно е дека сум жртва на гневот и личната острастеност на обвинителот против мене.

Во моментов ме држи во притвор, еве веќе по втор пат ми го продолжува истиот, иако нема ама баш никаква основа за тоа. На Судот му е познато дека јас сам се јавив на издржување затворска казна–секако со цел да го остварам законското право за повторување на судската постапка. На Судот му е исто така познато, а и на јавноста, дека не бев екстрадиран од Р. Бугарија во 2010г. Така што јас можев и да не влегувам во Р. Македонија, ако имав намера да го избегнувам судењето. Но, јас сакав да не останува дамка врз мојата биографија, два пати ослободуван од овој предмет, а еднаш осуден, но во отсуство–затоа се јавив да го исползувам законското право на судење во присуство. Процесот можеше да започне уште во Декември 2011г. кога Основниот суд во Велес реши постапката да се повтори. Ако почнеше тогаш, веројатно до денес ќе беше завршена, но само заради одмаздољубивост на обвинителот, да ме задржи некој ден повеќе во притвор, покривајќи го тоа со бесконечни жалби, процесот почнува дури сега. Јас пак останав во притвор без никаква основа за тоа.

Обвинителството по предлог на МПЦ ме гони за кривично дело „Затајување“. Дејствието на извршување на ова дело претставува присвојување на туѓ предмет доверен на сторителот, а самиот акт на присвојување се изразува во располагање со предметот како да станува збор за вистински законски сопственик, а делото е довршено со присвојување на предметот, независно дали е прибавена противправна имотна корист.

Во последната, обвинителна пресуда од овој Суд, кога бев осуден во отсуство (не знам дали на предлог на обвинителот, тоа сепак не можев да го констатирам низ списите, или пак по слободна процена на Судот) дека сум го извршил кривичното дело на начин што: „паричните средства кои биле исплаќани на обвинетиот биле исплаќани со сметкопотврди на рака по разни основи. На сметкопотврдите кои биле изготвувани за исплатите, во забелешка било ставено за што се однесувала истата, при што на местото *примил* на сметкопотврдата најчесто се потпишувал обвинетиот, на одредени сметкопотврди

been stated what was the cost for, the credit that was supposed to be spent, budget account from which the payment was to be completed or the amount of the approved credit and the means of procurement. Moreover, no orders exist for: receiver of the payment, the gross amount to be paid, payment fees and other".

What is has not been written yet is that a call for tender was not announced. *(I am reading an article from the daily newspaper Utrinski Vesti dated 11.5.2004 by prof. Trajko Rusevski)*. I read this only to emphasize it to the Court that what they required from me was something that did not exist in the MOC accounting. Namely, the question by the public prosecutor at the search on 2.3.2006 (pg. 8 under the Court Minutes) put to the expert Ilko Petrushevski is as follows: "if the receipts as they were issued in the diocese from which Jovan withdrew money, or he justified the spending of the money, are considered as an accounting document?" – to which the expert answered that such documents are used in the Church, but in the accounting of other companies and in accordance with the Law on Accountancy Law it cannot be used. On the question put by the Court whether only the defendant worked with such documents, since the expert in the process of the expert analysis looked into the complete documentation of few diocese, the expert answered as follows: "no, in every diocese he analysed everybody worked in such manner. That was a routine".

The Court should not take this for granted. According to the recommendations given by the Appellate Court a new expert analysis shall be carried out, thus we shall see whether it is going to be verified. However, among the other things I'd like to point this out, that the expert would check the same.

With regards to the aforementioned I shall state the following: it is a discrimination that I am the only one from whom it was required to work in accordance with the Law on Accountancy whereas at the same time MOC did not work in compliance with the Law. That is the same as you charge someone and then convict him/her that he/she did not use a computer to do the accounting in the period until 1990, when the availability of the PCs was not the same as it is now. In not a single diocese of the MOC accounting was done, You Honour, in the period between 1998 to 2002, and I

само на местото *раководител*, што значи не е донесувана одлука за ангажирање на расходот во која било содржано за што расходот се извршува, износот на кредитот кој што треба да се потроши, буџетската партија од која ќе се изврши исплатата или износот за одобрениот кредит, начинот на кој набавката ќе се изврши. Исто така не постоеле наредби за исплата кои би содржеле: на кого се врши исплатата, на име на што се врши исплатата, бруто износот што треба да се исплати, задршки кои при исплатата се вршат и сл".

Уште само што не е напишано дека не бил распишуван тендер. *(се чита извадокот од Утрински весник од 11.5.2004г. од проф. Трајко Русевски)*. Ова го прочитав само за да му предочам на Судот дека од мене го бара тоа што го нема во сметководственото работење на МПЦ. Имено на прашањето од јавниот обвинител на претресот на 2.3.2006г. (стр. 8 од Записникот од судењето) поставено до вештото лице Илко Петрушевски: „дали сметкопотврдите онака како што биле изготвувани во епархиите од кои подигал пари обвинетиот Јован, односно ги оправдувал парите кои ги потрошил, се книговодствен документ?"- вештото лице одговори дека ваквите документи се применувани во Црквата, но во книговодството на други фирми и по Законот за книговодство не може да се применува. На прашање на Судот дали со такви документи работел само обвинетиот, бидејќи вештото лице при вештачењето разгледувал комплетна финансиска документација на повеќе епархии, вештото лице одговори: „не, сите во епархиите во кои што работел, работеле на тој начин и тоа им било пракса".

Судот не мора ова да го земе здраво за готово, според препораките на Апелациониот суд ќе има ново вештачење, па ќе видиме дали ова ќе биде потврдено. Сепак во овој момент истакнувам, меѓу другото, Судот да има предвид дека вештото лице треба да го провери токму тоа.

Во врска со ова ќе го кажам само следново: да се бара само од мене да работам според законот за книговодство на претпријатија, којшто не се употребувал во тоа време во МПЦ, е дискриминација. Тоа е исто како да обвините некој и да го осудите затоа што не водел сметководство на компјутер до 1990г. кога немаше персонални сметачи како што има денес. Во ниту

do not believe that even today it is done differently. In the meantime, after I left the MOC, I heard that a new Decree was adopted in accordance with the new constitution from 1994, but the details I previously mentioned from the conviction were not carried out in any diocese of the MOC.

On the previous trials, when the Court asked me whether I understood the charges, I continually answered: **No**. Many years (ten) should have passed in order for me to understand the accusations for "embezzlement" – meaning adoption, however their objective was to compromise me. How they have managed that, the time shall tell, but it is more that certain that everything was done via the machinery consisting of the media, thus the public should get an impression that my trial was for a certain misuse. The simplest way for the prosecutor to accuse me was to accuse me in accordance with the act "Official misconduct". However a religious person is not regarded as an official. Therefore he accused me of "adoption". An adoption of something which is not missing. At least that was what the expert analysis proved and it was not in accordance with the prosecutor's will, so the Appellate Court ordered a new expert analysis. Yet, perhaps the previous expert analysis was illegal in a way, since I as a defendant was not allowed to be present at expert analysis, due to the reason that the MOC did not grant me an entrance into their office, in an agreement with the Court and I did not show any disapproval.

Now, when the public hears that Jovan misused the church funds for buying: jeeps, cars and other "luxury" things, it is usually considered that those things are adopted for me and I am the one using them. Provided that there are critical and conscious representatives of the media, should they ask themselves where the vehicles that Jovan bought are, aren't they driven by MOC representatives. Where are the carved cabinets – aren't they decorating the rooms in the Diocese of Povardarie; where are the marble columns and marble capitols – aren't they in the temple of St. George the Martyr in Bitola; where are the marble borderlines and the carved libraries – aren't they the same one that are in the building of the Macedonian Archbishopric, where Jovan's cabinet was. By the way, Your Honour, I kindly ask the following to be stated in the warrant: the expert is to visit the aforementioned

една епархија на МПЦ, госпоѓо судијка во времето од 1998-2002г. не се водеше така сметководството, а не верувам дека и денес се води поинаку. Постоеше една стара уредба за сметководство од 1980г. која беше неусогласена со новиот устав на МПЦ од 1994г. Во меѓувреме откако заминав од МПЦ слушнав дека донеле нова уредба според новиот устав од 1994г., но деталите кои погоре ги цитирав од обвинителната пресуда не се спроведуваа во ниту една епархија на МПЦ.

На претходните судења, кога Судот ме прашуваше дали сум го разбрал обвинението, редовно одговарав: **не**. Требаше да поминат толку години (десет) за конечно да разберам, обвинението не е напишано за да ме обвини за „затајување"–што во превод значи присвојување, туку целта им беше да ме компромитираат. Колку успеаја во тоа, времето ќе покаже, но сигурно е дека сè се направи преку машинеријата на средствата за информирање, јавноста да стекне впечаток дека моето судење е за некаква злоупотреба. Наједноставно би било за јавниот обвинител да можеше да ме подведе под членот: „Злоупотреба на службена положба". Но, црковните лица не се службени лица. Така ме обвини за кривично дело „присвојување". Присвојување на нешто што не недостига. Барем така покажа претходното вештачење кое не беше по волја на обвинителот, па Апелациониот суд бараше да нареди ново вештачење. Додуша претходното вештачење на некој начин беше незаконско, зашто не ми беше овозможено како обвинет да присуствувам на вештачењето, од причина што МПЦ не дозволуваше влез во нивните простории, но по договор со Судот јас не искажав негодување.

Сега кога јавноста слуша дека Јован злоупотребил црковни пари купувајќи: џипови, коли и други „луксузни" работи, најчесто се мисли дека тие работи се присвоени за мене и сега ги ползувам јас. Но, ако во салава има критични и совесни претставници на јавноста, треба да се запрашаат каде се сега возилата што ги купил Јован, не ги возат ли нив претставници на МПЦ? Каде се резбарените кабинети–не ги красат ли тие собите во Повардарска епархија; каде се мермерните столбови и капителите од мермер–не се ли тие во храмот „Св. вмч. Димитриј" во Битола; каде се мермерните бордури и резбарените

cabinet since as I recon at the previous trials he stated that he was not ordered to do that.

The assets assigned in the accusation to my name as adopted are enormous, over 240,000 EUR. That is not one or two things, or one or two positions, I have been charged with the total annual budget of the diocese. Moreover, it is not one diocese but three and for a time period of four years.

Approximately that is the total budget of the three dioceses into which I was the Bishop for a period of four years. However, the question that the Court should answer, and the public should not avoid it any longer, since in a different context it ceases to be critical is the following: How did Jovan manage to adopt so many assets, in not such a short period of time, but he continuously did that for a period of whole four years, and no one noticed that?

This is the answer I am giving before this Court: there was no adoption, thus no one noticed it. I will support this with the statement of the here present Belchovski, MOC representative, in the investigation procedure, of Minutes K.I No. 89⁄₂ dated 30.1.2003, which reads as follows: "The official documents: final statements of the dioceses governed by Jovan, which were submitted to Archbishoprical Board of Directors were correct, but following the carried out audits certain irregularities were determined and thus criminal charges were charged". My interpretation of this statement, with regards to the aforementioned regarding my joining in the unity with SOC and the whole orthodox ecumena is the following: As long as he was with us the adoption was a normal thing, as he said: "correct", but since he left us the adoption for him became criminal act to be punished. Moreover, this is in a context that the MOC in accordance with Article 179 under their constitution may and is obliged to conduct at least a disciplinary procedure against me. Nevertheless, in the period between 1998 and 2002 since I was a bishop in service in the MOC, neither a disciplinary procedure was initiated against me, nor there were any remarks on my financing. All final statements were adopted by Archbishoprical Board of Directors along with all proposed budgets.

How come it is not like that? I am not sure whether the Court has the financial statement of the Diocese of Povardarie for 2001

библиотеки–не се ли оние истите што и сега постојат во кабинетот во зградата на Македонската Архиепископија, каде што беше кабинетот на Јован? Патем, госпоѓо судијка, замолувам во наредбата за вештачење вештото лице да го посети и споменатиот кабинет во Скопје, зошто си спомнувам на претходните судења за изјавите дека немал наредба за тоа.

Средствата што ми се ставаат како присвоени во обвинението се огромни, над 240.000 евра. Не се тоа една или две работи, една или две финансиски позиции, туку мене ме товарат со целокупниот годишен буџет на епархијата. И тоа не на една епархија, туку на три епархии, за временски период од четири години.

Отприлика толку изнесува целокупниот годишен буџет во сите три епархии во кои бев архијереј и тоа за четири години. Но прашањето кое Судот треба да го разреши, а јавноста не смее повеќе да го избегнува, зашто во поинаков контекст престанува веќе да биде критична, е следново: Како успеал Јован да присвои толку средства, и тоа не во краток временски период, туку континуирано, тоа да го прави цели четири години, а притоа, никој да не го забележи тоа?

Ова е одговорот што јас го давам пред овој Суд: само затоа што немало никакво присвојување, никој тоа и не го забележал. Тоа ќе го поткрепам со изјава на овде присутниот Белчовски, како претставник на МПЦ, во истражната постапка, на записник К.И. бр. 89⁄2 од 30. 1.2003г. која гласи: „Официјалните документи: завршни сметки на епархиите, со кои раководел Јован, кои беа доставувани до АУО беа коректни, но по извршените ревизии се утврдија неправилности и затоа се поднесе кривична пријава“. Моето толкување на оваа изјава, а во контекст на горе реченото околу моето стапување во единство со СПЦ и целата православна екумена е следново: Додека беше со нас присвојувањето си беше нормална работа, како што тој вели: „коректно“, но кога си замина од кај нас присвојувањето за него стана казниво дело. Ова уште повеќе во контекст што МПЦ според чл. 179 од нивниот устав можела и должна била да покрене барем дисциплинска постапка против мене. Но во периодот од 1998-2002г. од кога јас бев во служба епископ во МПЦ, против мене, не само што не беше подигната никаква

among the evidence provided. I say I am not sure, since when questioning a witness in this case, the expert Ilko Petrushevski regarding the Search Minutes dated 2.3.2006, on pg. 8 states the following: "On a question asked by the defendant whether the expert during the expert analysis had an insight in the financial statements of the dioceses in the years when he was a Metropolitan in the dioceses, the expert answered that he had a look, but did not carry out a detailed analysis".

In that financial statement for 2001 a revenue of 2,810,000.00 MKD was envisaged to be generated. That is done on the basis of the indicators from the previous year. Thus in 2000 when I had not been appointed a Metropolitan in Veles (my appointment was in December 2000) a budget of 2.810.000, 00 MKD was generated. Only in a year from my appointment an annual revenue in amount of 5,203,864.00 MKD was generated which was almost 100% greater that the revenue from the previous year. In such circumstances it is normal an amending of the budget to be done and new items in the costs to be added.

Namely, the budget usually envisages the approximate amount of revenue and costs. However, in this case when the revenue increased, the need for increase of costs arose, therefore instead of the envisaged costs of 3,120,000.00 MKD at the beginning of the year, they increased to 5,066,628.00 MKD and the amount of 137,236.00 MKD was left to be transferred for the following year.

It is humanlike to envy how Jovan managed to increase the budget for 100% of the diocese only in a year, despite the fact that jealousy does not suit the clergy. Nevertheless, how could the Archbishoprical Board of Directors (hereinafter the text referred to as ABD) not adopt the budget? How anyone who increases the budget for 100% could be brought to disciplinary responsibility?

I possess only one copy of this final statement, thus I kindly ask the Court, provided that it does not have it as an evidence, to withdraw the expert's attention in order to better analyse it.

Let me conclude the aforementioned with a single sentence: the previous expert analysis, to which I confirm I was not present, did not determine anything erroneous regarding the final statement – which according to me is rather significant. The Court

дисциплинска постапка, туку немаше никаква забелешка на финансиското работење. Сите завршни сметки без забелешки беа усвојувани од АУО, а исто така и сите предлог буџети.

А како и да не биде така? Не сум сигурен дали Судот во доказниот материјал ја има завршната сметка на Повардарска епархија за 2001год. Велам не сум сигурен, зашто на распит како сведок за овој предмет, вештото лице Илко Петрушевски на Записник на претрес од 2.3.2006г., на стр. 8, вели: „На прашање од обвинетиот дали вештото лице при вршење на вештачењето имал увид во завршните сметки на епархиите во годините кога тој бил митрополит во епархиите, вештото лице одговори дека тој ги гледал, но не направил детална анализа ".

Е во таа завршна сметка се гледа дека за 2001 година било предвидено во епархијата да се оствари приход од 2.810.000,00 ден. Тоа се прави врз основа на показателите од претходната година. Значи во 2000г. кога јас не сум бил сè уште назначен за митрополит во Велес, (моето назначување беше во Декември 2000г.), се остварило буџет од 2.810.000,00 ден. За само една година од моето доаѓање остварен е годишен приход од 5.203.864,00 ден. што е речиси 100% поголем од претходната година. Најнормално е во такви услови да има ребаланс на буџетот и нови ставки во расходот.

Имено, со буџетот обично се предвидува приближно колку има приход толку да има и расход. Но, во случајов кога се наголемиле приходите, се јавила потреба од наголемување и на расходите, па наместо предвидените на почетокот на годината 3.120.000,00 се покачиле на 5.066.628,00 ден. и така останало салдо како пренос за наредната година од 137.236,00 ден.

Човечки е некој да позавиди како Јован успеал за само една година да го наголеми буџетот на епархијата за 100%, иако не им доликува на црковните лица да завидуваат. Сепак, како би можел ваков буџет да не биде усвоен од Архиепископскиот Управен Одбор (понатаму АУО)? Како би можел некој што 100% им го зголемува буџетот на црквата, да го стават на дисциплинска одговорност?

Имам само еден примерок од оваа завршна сметка, па замолувам Судот доколку го нема да му обрне внимание на вештакот подобро да го анализира.

could not ground its judgement only on the grounds of statement given by the MOC representative, Mr. Belchovski, later added to investigation: that the final statements for the dioceses governed by Jovan were correct. That should be determined by an expert analysis on the operation of Diocesan Board of Directors of the Metropolitante of Prespa and Pelagonia, at least in the period between 1998 and 2000, when Jovan was a vicar bishop.

The public prosecutor misused the statement of Nikola Grambozov, i.e it is misinterpreted, and I also noticed in the last verdict adopted in my absentia that the Court accepted that a ban was imposed on Jovan to have a disposal on the assets of the Metropolitante of Prespa and Pelagonia. That is only partially true, but definitely it is not as the public prosecutor tries to present it. Namely, the Court should distinguish that in the Archbishopric of Prespa and Povardarie there is a main treasury, a main accountancy, a main budget and accountancy of several funds. The accountant of the main account for the main budget is the Archbishopric secretary – Nikola Grambozov, at least it was him at the time. The other funds, chapels, the fund for reconstruction of the temple "St. Dimitry the Martyr", the same as in the Metropolitante of Povardarie, were not the responsibility of the secretary, but they were other people's responsibility. No ban had ever been imposed on me for not being the person in charge for ordering the fund "St. Dimitry the Martyr". Contrary to this, if I had been banned, I would not have been held liable for the fund and the prosecutor should have withdrawn the charges. The ban is on the main budget of Diocesan Board of Directors of the Diocese of Prespa and Povardarie. I am not sure whether the prosecutor intentionally or unintentionally tries to confuse the Court. The person in charge for ordering the account of Diocesan Board of Directors was the Metropolitan Petar ex-officio and it could not be anyone else.

You Honour, it was determined that I was not the signee of the accounts of the Dioceses I governed. Despite that, pursuant to the fact that according to the Constitution of MOC the assigned bishop is the person in charge for ordering the budget, the prosecutor is prosecuting me for being liable for the whole accountancy of the Diocese. In this case, Petar is the signee of the accounts and the person in charge for ordering payments according to the

Го резимирам претходното со една реченица: претходното вештачење, на кое ќе повторам дека не присуствував, не утврди ништо во однос на завршните сметки–што според мене е многу значајно. Не може Судот да се базира само врз изјава на претставникот на МПЦ, господинот Белчовски, и тоа дадена на истрага: дека завршните сметки од епархиите каде што управувал Јован биле коректни. Тоа треба да се потврди со вештачење, како што исто така треба да се направи вештачење на работењето на ЕУО на Преспанско-пелагониската митрополија, барем во периодот од 1998 до 2000 год., кога Јован таму бил помошен епископ.

Јавниот обвинител ја злоупотребува изјавата на Никола Грамбозов, односно ја вади од контекст, а забележав во последната пресуда донесена во мое отсуство Судот тоа го прифатил дека имало забрана Јован да располага со средствата на Преспанско-пелагониска митрополија. Во тоа има само делумна вистина, но никако не може да биде како што тоа сака да го прикаже јавниот обвинител. Имено Судот треба да разликува дека Преспанско-пелагониска епархија има една главна каса, едно главно сметководство, односно главен буџет и сметководство на неколку фондови. Сметководител на главната каса за главниот буџет е секретарот на епархијата–Никола Грамбозов, барем тогаш беше тој. Но на другите фондови, параклиси, фондот за реконструкција на храмот „Св. вмч. Димитриј, исто како што беше во Повардарската митрополија, не е секретарот, туку други луѓе. Јас никогаш и од никого немав забрана да не бидам наредбодавател на фондот „Св. вмч. Димитриј“. Во спротивно доколку би имал таква забрана, јас немам никаква одговорност за тој фонд и обвинителот треба да го повлече обвинението. Забраната се однесува на главниот буџет на ЕУО на Преспанско-пелагониска епархија. Не знам дали свесно или несвесно, обвинителот со тоа го донесува Судот во заблуда. Наредбодавател на главната сметка на ЕУО бил митрополитот Петар и по природата на нештата не можел да биде друг.

За мене госпоѓо судијка се утврди дека не сум бил потписник на сметките на епархиите во кои сум раководел. И покрај тоа, само заради тоа што според уставот на МПЦ надлежниот архијереј е наредбодавател на буџетот, обвинителот ме гони

virtue of his position – an appointed bishop. Despite this, provided that I was banned to order the account, I am still held guilty. It is dishonest the Court to be thrown into such confusion by the person responsible to protect the lawfulness. Therefore, I consider it necessary that the expert analysis is to be extended on the Diocesan Board of Directors of the Metropolitante of Prespa and Povardarie for the period between 1998 and 2000, and on Archbishoprical Board of Directors, for the whole period for which I am accused and that is from 1998 to 2002.

Such expert analysis might reveal two things: either that in the period from 1998 to 2002 there were no problems and any remarks existed regarding the financial operation in the Dioceses governed by Jovan – in which case the prosecutor should withdraw the charges; or it might reveal that that problems existed, but they had been covered by the MOC until the moment when I left the MOC. Even in that case, the prosecutor should withdraw the accusations on the grounds of being unduly.

The charges against me is not one or two acts, one or two revenue documents, one or two adoptions, but I have been charged for adoption of the total annual budgets, as I previously mentioned for a period of four years. The initial charge dated 19.2.2004 contained 19 items, and the last charge contains 14 items, five less that the initial one. In the meantime, the prosecutor has realised that it is rather unserious to put the blame on me if the home of a certain priest has been robbed, or for a certain compensation from which the church did not suffer any damages, but on the contrary it was beneficial to it. I hope that the prosecutor by the end of the trial shall realise that the remaining 14 accusations are not criminal act and shall drop them.

Apart from the aforementioned there is something else and that is the fact which is also clear to the ones which do not have much financial and accounting knowledge: How is it possible for each item in the accusation only Jovan Vranishkovski to be held liable, when the funds ordered by him also had accountants and treasurers? According to the prosecution presented by the prosecutor it could be easily concluded that Jovan should count the candles from the candle stand and the coins from the till, thus it is rather odd that no accusation of such type exists against him.

за одговорност на целото сметководство на епархијата. Во случајов Петар е потписник и на сметките, и наредбодавател според функцијата на надлежен архијерej, и дури сум имал забрана на наредбодавност на сметката, па и покрај сето ова, пак јас сум виновен. Е тоа е нечесно, да се доведува Судот во таква заблуда и тоа од кого, од оној што треба да ја штити законитоста. Затоа мислам дека е неопходно вештачењето да се прошири како на ЕУО на Преспанско – пелагониска митрополија, барем во периодот од 1998-2000 година, така и на АУО, но за целиот период за кој се обвинувам, а тоа е од 1998 до 2002 година.

Едно такво вештачење може да покаже две работи: или дека навистина во периодот од 1998 до 2002 година немало никакви проблеми и не постоеле никакви забелешки за финансиското работење во епархиите каде што раководел Јован–и во тој случај обвинителот треба да го повлече обвинението; или пак ќе покаже дека имало проблеми, ама во МПЦ ги криеле до моментот на моето заминување оттаму. Но и во тој случај обвинителот треба да го повлече обвинението бидејќи предлогот за гонење е неблаговремен.

Она за што бивам обвинет всушност не е едно или две дејствија, еден или два расходни документи, едно или две присвојувања, туку ме товарат за присвојување на целокупните годишни буџети, како што реков во времетраење од четири години. Првичното обвинение датирано од 19.2.2004 година содржеше дури 19 точки, а последното од 27.3.2006 година има 14, за пет помалку од првото. Во меѓувреме обвинителот сфати дека е многу несериозно да ме обвинува за тоа што на некој поп од дома му украле пари, или за некоја компензација од која не само што црквата немала штета, туку имала полза. Јас се надевам дека до крајот на судењето ќе сфати дека и останатите 14 обвинениja не се кривично дело, па ќе се откаже и од нив.

Меѓу другото и заради едноставен факт кој е разбирлив дури и за оние кои ништо не разбираат од финансии и сметководство: како може за сите точки од обвинението да одговара само Јован Вранишкоски, кога фондовите над кои тој имал наредбодавна улога имале и сметководители и благајници? Според она што обвинителот го застапува во обвинението лесно може да се помисли дека Јован требало да брои и свеќи на

The prosecutor in the closing statement in one of the previous trials stated that: "the charges are based on the Constitution of MOC in which an authorisation of the bodies is stipulated". It is clear that this sentence is used in my conviction in absentia, thus I am obliged to clarify something. Before the Court Council when I had an opportunity to defend myself in presence, I asked if I should defend myself in civil proceedings and criminal proceedings or the Court shall also adjudicate in compliance with the Church rules. The answer given to me was that only the civil laws, procedures and rules are relevant to the Court. Therefore, I founded my defence on those grounds. Even though it is clear to me that I was handicapped since I did not take into consideration certain church rules, I'd like the Court to hear the following:

In Article 6 under the Constrictions of MOC the following is stipulated: "MOC is governed on the grounds of: a) Holy Scripture and Holy Tradition, b) Apostolic rules, canons of the Ecumenical Councils, the Local Councils and the Holy Fathers, c) Acts of the Local Councils and Patriarchal Synods etc. and d) on the basis of the regulations, rules, statutes, by-laws, decisions and other constitutional acts in compliance with the Constitution".

The Decree on Accounting that is used by the prosecutor as evidence according to the aforesaid is in compliance with item d) on the forth place of the acts by which the MOC is governed. The second place (under b) is for the apostolic rules and canons of the Ecumenical Councils. Pursuant to the rules specifically: Rule 38 and 41 of the apostolic rules, Rule 28 of canons of the Ecumenical Councils and Rule 25 of the Antioch Assembly, the manner of the disposition of the church property governed by the authorised bishop is determined.

Therefore, I kindly ask the expert analysis to be extended in order to be realised what exactly is stipulated with the aforementioned rules and regulations. Especially since the prosecutor pays a great attention to a certain Decree on Accounting from 1980, which following the adoption of the new Constitution of the MOC was not in compliance with the Constitution.

The Decision for a new Decree on Accounting was passed in 1998, filed under No. 80 thereby the Old decree ceased to be valid. Nonetheless, the new Decree was not adopted at least by the time

пангар и ситни пари од касите, па затоа чудно е што нема обвинување и од таков вид.

Обвинителот на завршниот збор во еден од претходните процеси вели дека: „обвинението е засновано врз уставот на МПЦ во кој постои дефиниција за надлежностите на телата". Забележливо е дека оваа реченица се користи и во обвинителната пресуда на судењето во мое отсуство, па затоа должен сум нешто да појаснам. Пред Судскиот совет пред кој имав можност да се бранам во присуство, поставив прашање дали да се бранам по граѓанските постапки и по кривичниот законик или Судот ќе суди и по црковните правила? Ми беше одговорено дека за Судот се релевантни само граѓанските закони, правила и прописи. Така што јас врз основа на тоа ја градев својата одбрана. Но, бидејќи гледам дека бев хендикепиран со тоа што не се осврнав и на некои црковни правила, би сакал Судот да го слушне следново:

Во член 6 од уставот на МПЦ пишува: „МПЦ се управува врз основа на: а) Светото Писмо и Светото Предание, б) Апостолските правила, Правилата на Вселенските собори, на Помесните собори и на светите Отци, в) Актите на Помесните собори и патријаршиските синоди итн. г) врз основа на прописите, уредбите и статутите, правилниците одлуките и другите установни акти на надлежните црковни власти што се однесуваат врз основа на уставот".

Уредбата за сметководство што ја употребува обвинителот како доказ според горното спаѓа во точка г), значи дури на четврто место од актите според кои се управува МПЦ. На второ место (под б) се Апостолските правила и Правилата на Вселенските собори. Е според тие правила и тоа: 38 и 41 Апостолско правило, 26 правило на IV Вселенски собор и 25 правило на Антиохискиот собор, утврдено е на кој начин надлежниот епископ располага, односно управува со црковниот имот.

Затоа замолувам вештачењето да биде проширено и да се согледа што точно е предвидено со споменатите правила и прописи. Тоа особено од фактот што обвинителот посветува големо внимание на една уредба за сметководство од 1980г. која по донесувањето на новиот устав на МПЦ во 1994 година беше несогласна со него.

I was in the MOC. I have heard that the new Decree was adopted in October in 2005.

Following this long but necessary opening statement, a detailed answer was given by the Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje kyr kyr Jovan regarding the charges of all 14 items under the accusation.

Одлука за нова уредба за сметководствено работење беше донесена во 1998 година, заведена под број 80, и со тоа престана важењето на старата, но нова уредба барем додека јас бев во МПЦ не беше донесена. Чув дека се донела нова дури во Октомври 2005 година.

По овој долг, но неопходен вовед, следуваше исцрпен одговор што архиепископот охридски и митрополит скопски г.г. Јован го даде за обвинувањето по сите 14 точки од обвинението.

+Jovan

by the grace of God Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje to the Church he is appointed by God to oversee and to all the Churches of the oecumene assembled in the body of Christ through the link of the Holy Spirit, from Skopje Prison where he is imprisoned even for the sixth time during the past ten years, Hereby forwards the following

SECOND CIRCULAR EPISTLE FROM PRISON

When we acquire the love of Christ and the virtues, properly is to bear persecutions for Him as well, and to accept even an exile, even to hear the most impertinent defamation for ourselves, and yet to rejoice for all that, blessed Nicholas Cabasilas says.[1] When divine love kindles in a man, and when virtues are lit in him, he is ready to bear not only sufferings, to suffer not only molesting and prison chains, but he is ready even to rejoice to them. Joy however, is not given according to merit, it is not a reward for deeds, but grace, wonderful and perfect gift of God's grace caused only because the Father has chosen us to bring us into His joy (Matt. 25:21-23). Yet again, those who have entered into the joy of the Father, rejoice with the joy of Christ as well. So what does Christ rejoice in – He rejoices in those who are His and thus He rejoices in Himself intrinsically.

For you who are members of His Body and rejoice with His joy, you will easily recognize the joy which we are happy in. Put in chains for Christ again, we send you this second epistle written in prison to ask you to remember our chains and not be ashamed of us, because we are still chained by them.

When the divine Paul urged Timothy not to be ashamed of his prison (2Tim. 1:8), he did not do it to rebuke him because he was ashamed of Paul's chains, but to encourage him to accept and endure his own chains, if need for it aroses. If somewhat

[1] Kavasila, N. „For the Life in Christ", Strumica 2009, p. 186.

+Јован

по милоста Божја Архиепископ охридски и Митрополит скопски до Црквата во која е поставен од Бога да архиепископствува и до сите Цркви во екумената собрани во телото Христово преку врската на Духот Свет, од затворот во Скопје, каде што е затворен веќе шести пат во последниве десет години, го испраќа ова

ВТОРО, ОД ЗАТВОР, ОКРУЖНО ПОСЛАНИЕ

Кога ќе ја стекнеме љубовта Христова и добродетелта, доличнo е да поднесуваме за Него и гонења, ако треба и прогонство да прифатиме, дури и да чуеме за себе си и најнеприлична клевета, и на сето тоа уште да се радуваме, вели блажениот Никола Кавасила.[1] Тогаш кога во човекот ќе се разгори таа божествена љубов и кога добродетелите ќе засветлат во него, тој е подготвен, не само страдање да поднесува, не само да трпи злодејствија и затворски вериги, туку подготвен е дури и да се радува на нив. Радоста, пак, не се раздава според заслугите, таа не е награда за подвизите, туку е благодат, прекрасен и совршен дар на милоста Божја, причинет само од изборот на Отца да влеземе во Неговата радост (Мт. 25,21–23). Оние, пак, што влегле во радоста на Отецот, тие се радуваат со радоста Христова, па така, она што Христа го радува, Тој прави да ги радува и оние кои се Негови, а всушност Тој Сам во Себе се радува.

Бидејќи вие кои сте во Телото Негово и се радувате со Неговата радост, лесно ќе ја препознаете радоста со која сме израдувани повторно ставени во окови заради Христа, вам го испраќаме ова второ по ред послание напишано во затвор, за да ве замолиме да се сеќавате на нашите окови и да не се срамите од нас, затоа што сè уште сме врзани со нив.

Кога божествениот Павле побара од Тимотеј да не се срами од неговиот затвор (2Тим. 1,8), не го направи тоа за да го

[1] Кавасила, Н. „За животот во Христа“, Струмица 2009, с. 186.

may be allowed that Paul had a bit of doubt in the reluctance of some who were still not strong in their faith, and were fed on milk food (1Cor. 3:2), and at his first confession before the court no one backed him and all had left him (2Tim. 4:16), and therefore he told Timothy that the Spirit that God gave us is not a spirit of fear, but a spirit of power, love and of a sound mind (2Tim. 1:7). We are not admitted to doubt you because you supported us at the first and at the second and so on, until the sixth confession of faith of ours before the civil courts in the Republic of Macedonia.

Thus, we do not write this letter with the intention to cheer your masculinity in the faith shown in your testimonies while we are in prison, but we send it to share with you the joy that our Lord rejoices in, joy that pours from the chains of Christ, and rejoices everyone who participates in bearing them one way or another. Those who prefer His chains before to any kind of physical liberty, they will understand our joy with which our heart rejoices when we remember you and your care for us. None other than the one that is wounded by the foolish love of God, does not know how to discover and recognize the joy that poured from suffering, sorrow, difficulty, imprisonment, persecution. However, he who has opened the heart to receive the grace of God and let to be wounded with that inconceivable love, not only allows to be wounded by it often, but appreciates the wounds caused by such love above everything.

Those who know that the temptations suffered for Christ increase the gift of joy, envy us for the shackles we are chained with in Skopje Prison, certainly not with a pathological envy, but with a jealous one. And such envy is not the same as the malevolent envy of those who are in every way trying to hinder us to achieve the goal aimed at the unity of the Church. Hence, the first ones envy undesigningly with envy that is recognized as a zeal for God, while the other ones envy us with malice and a genuine desire to harm, disdaining even the chains for Christ, just because they have became ours at the moment.

And what with it? One thing is of importance, the apostle says: “What then? Notwithstanding, every way, whether in pretense or in truth, Christ is preached; and I therein do rejoice,

прекори затоа што тој претходно се срамел од Павловите вериги, туку го направи за да го охрабри да ги прифати и да ги поднесе сопствените, ако дојде потреба за тоа. Ако е донекаде допуштено Павле да имал трошка сомнеж во колебливоста на некои кои сè уште не биле цврсти во верата, и се хранеле со млечна храна (1Кор. 3,2), па при првото негово исповедание пред судот никој не го поддржал и сите го напуштиле (2Тим. 4,16), и затоа му вели на Тимотеј дека Духот што Бог ни го даде не е дух на стравот, туку дух на сила, љубов и мудрост (2Тим. 1,7), нам не ни е допуштен никаков сомнеж во вас, зашто вие нè поддржавте и при првото, и при второто и сè така до шестото наше исповедание на верата пред граѓанските судови во Република Македонија.

Така, ова послание не го пишуваме со намера да ја бодриме вашата мажественост во верата, која се покажа низ вашите сведочења додека сме ние во затвор, туку го испраќаме за да ја споделиме со вас радоста со која нас Господ нè израдува, радоста која се точи од веригите Христови, а со која се радува секој кој учествува во нив на еден или друг начин. Тие што ги претпочитаат веригите Негови наспроти секој вид на физичка слобода, тие ќе ја разберат и нашата радост со која ни се радува срцето кога се сеќаваме на вас и на вашата грижа за нас. Никој друг освен оној што е ранет со лудата љубов Божја, не знае да ја открива и препознава таа радост која се излева од страдањата, од жалоста, од тешкотијата, од затворот, од прогонот. Но, тој што си го отворил срцето за примање на милоста Божја и допуштил да биде ранет со таа непоимлива љубов, не само што допушта често да биде рануван од неа, туку раните здобиени од таквата љубов ги цени над сè.

Оние пак, кои знаат дека искушенијата претрпени заради Христа го зголемуваат дарот на радоста, тие ни завидуваат на оковите со кои сме оковани во затворот во Скопје, секако не со болна, туку со соревнива завист, а таквата завист не е иста со злорадата завист на оние кои на секаков начин се обидуваат да нè попречат во поставената цел кон единството на Црквата. Првите значи завидуваат незлобиво, со завист која се препознава како ревност кон Бога, а другите завидуваат со пакост и нескриена желба да наштетат, презирајќи ги дури и оковите

yea, and will rejoice" (Phil. 1:18). He who understands will understand what follows: "For to me to live is Christ, and to die is gain" (Phil. 1:21).

Someone can receive the death as a benefit only if the hardly bearable humiliations, mockeries, defamations, persecutions and imprisonments for the sake of Christ are received with joy (1Cor. 4:9-13). And only if he does not respond revengefully, angrily, with hatred and jauntiness to the injustice he bears in his virtues. For every kind of virtue darkens in contact with hatred. That is why the Apostle assures the Corinthians that mockeries should be responded with kind words, persecution with patience, slanders with friendly words.

The weapon of spiritual warfare is the weakness of the cross, the weapon which many people in this world do not believe cannot bring victory. In fact when it seems that we have lost all the power, then we are the strongest (2Cor. 12:10). Therefore we, who have chosen that way of struggle, are considered to be foolish, just as it was in the days of the apostles (1Cor 1:23-24). Who has suffered longer than the blessed Paul? Imprisoned many times, scourged with unimaginable cruelty, many times in danger of being killed. Gone through various kinds of perils in the city, in the wilderness, in the sea (2Cor. 11:23-29).). But did that not contribute deeply inside him for engravement of the knowledge that temptation leads to patience and patience to tried character and tried character to hope. Hope, however, none of us will make ashamed (Rom. 5:3-5).

Can still a villainous say that Apostle Paul was so far from God and that the wrath of God had turned against him, so the aforesaid had happened to him? On the contrary, he had stood it with joy because God was with him. "My grace is sufficent for thee", he said, "for My strength is made perfect in weakness" (2Cor. 12:9). Blessed is the man who endured the temptations with hope. Because, if he endured them without confusing of the faith in what was promised, he will gain the reward of eternal life that God has promised to those who love Him (Jam. 1:12).

No ordeal is over the extent of the one who has been tempted. God who is connoisseur of our hearts and knows the depths

Христови, само затоа што во овој миг тие станале наши.

И што од тоа? Една работа има значение, вели Апостолот: „Оти на било кој начин, со задна намера или со искреност, сепак се проповеда Христос“ (Фил. 1,18). Оној што го разбира ова ќе го разбере и тоа што му следи: „Зашто за мене живеењето значи живот со Христа, а умирањето е добивка“ (Фил. 1,21).

Може некој да ја прими смртта за добивка, само ако претходно со радост ги примил тешко подносливите понижувања, подигрувања, клевети, гонења и затвори заради Христа (1Кор. 4,9–13). И тоа само ако на неправдата што ја поднесува не одговори одмаздољубиво, гневно, со омраза и со самоувереност за неговите доблести. Зашто, секој вид доблест потемнува во допир со омразата. Тоа е причината што Апостолот ги убедува Коринтјаните дека на подигрувањата треба да се одговори со добри зборови, на гонењата со трпение, на клеветите со пријателски зборови.

Оружјето во духовната борба е слабоста на крстот, оружје со кое на многумина во овој свет не им се верува дека може да се победи. Всушност тогаш кога се чини дека сме ја изгубиле целата сила, тогаш сме најсилни (2Кор. 12,10). Затоа нас, кои сме го одбрале тој начин на борба, нѐ сметаат за луди, впрочем како што било и во времето на апостолите (1Кор. 1,23–24). Кој повеќе претрпел од блажениот Павле? Затваран многупати, бичуван со незамислива грубост, пред многупатна опасност да биде усмртен. Помина низ различни видови искушенија, по копно, во пустина, по море (2Кор. 11,23–29). Но, не придонесе ли тоа длабоко во него да се вреже сознанието дека искушението води кон трпение, а трпението кон проверен карактер, а провереният карактер кон надеж. Надежта, пак, никого од нас нема да го посрами (Рим. 5,3–5).

Може ли сепак некој злобник да рече за апостолот Павле дека тој бил далеку од Бога и гневот Божји бил свртен против него, па затоа му се случувало горе реченото? Напротив, сето тоа го поднесувал со радост токму затоа што Бог бил со него. „Доста ти е Мојата благодат“ — му рекол — „зашто силата Божја во слабоста човекова се објавува во полнота“ (2Кор. 12,9). Блажен е оној човек што ги поднесува искушенијата со надеж. Зашто, ако ги поднесе без да му се помати верата во

of the human soul, knows everyone's spiritual strength and abilities separately, so does not allow the temptations we endure to exceed the threshold of our endurance. He who believes, with every temptation that he receives simultaneously receives the exit from it as well (1Cor 10:13). But the exit is not always obvious from the very beginning. It is hidden in the tapestry of hope and patience and revealed when we prove to be patient in our hope (Jam. 1:4).

Sure, it is not God that sets us before temptations. Our wrongly directed will leads us to temptations (Jam. 1:13-14), but we can be set before trials and without the participation of our will by those who envy us, hate us, or set taking away what we own as their goal. Sometimes it means that neither the will of God nor a fault of ours is the reason we endure temptation, but in this case the crown that is prepared for us is greater than the one we would have gotten if we endured the temptation we have fallen in through wrong direction of our autonomy. It can be called suffering when others pull us into temptation. However the award for suffering that we have endured with gratitude and without defiance and that we have not darkened ourselves hating those who pushed us into unwanted suffering is greater than the one given for life adorned with virtues.

The blessed Job is an Example for this. When did he prove himself more worthwhile for the crown, when he shone with virtues: hospitality, pity, mercy, philanthropy, justice, diligence, gentleness, wisdom, restraint, and many more, or when he proved to be patient when suffering he had done nothing to deserve, and yet attacked because of the envy of the devil? Certainly the virtues of Job are undisputed and quite sufficient for the crown, but the endurance of the unjustly caused sufferings made him seven times more worthy. The endurance of suffering are the harder part of the fight in which great patience is needed to win, and great love for God is necessary as well.

When we suffer unfairly for the love of Christ, we actually become partakers of His unjust suffering, but at the same time, He becomes a participant in our pain. It is this oneness with Christ that gives us the greatest comfort in suffering. Our life is hidden in Christ and we have already died in Christ (Colos. 3:3),

ветеното, ќе се здобие со наградата на вечниот живот која им ја вети Бог на оние што го љубат (Јак. 1,12).

Ниедно искушение не е над мерата на оној кој е искушуван. Бог кој е срцепознавач, и кој ги познава длабочините на човековата душа, тој ги знае духовните сили и способностите на секого одделно, па не допушта искушенијата што ги поднесуваме да го надминат прагот на нашата издржливост. Оној кој верува, со секое искушение што го прима, истовремено го прима и излезот од него (1Кор. 10,13). Но, излезот не е секогаш воочлив уште на самиот почетокот. Тој е скриен во сплетот на трпението и надежта и се открива тогаш кога ќе се покажеме трпеливи во надежта (Јак. 1,4).

Секако, не е Бог тој што нè поставува во искушенија. Во искушенија нè води нашата погрешно насочена волја (Јак. 1,13–14), но во искушенија и без учество на нашата волја можат да нè постават и оние што ни завидуваат, што нè мразат или пак поставиле цел да ни го одземат она што го поседуваме. Понекогаш значи, ниту по Божја волја, а ниту по наша вина, трпиме искушение, но во таков случај венецот што ни се подготвува е поголем од оној што би го добиле доколку трпиме искушение во кое сме западнале преку погрешна насоченост на самовласноста. Кога други нè вовлекуваат во искушение, тогаш тоа може да се нарече страдање. Наградата, пак, за претрпеното страдање кое сме го поднеле со благодарност и без пркос, и не сме се помрачиле со омраза кон оние што нè втурнале во несаканото страдање, е поголема од таа што се дава за животот украсен со добродетели.

Пример за тоа е блажениот Јов. Кога тој се покажа подостоен за венец, кога светлеше со добродетелите: гостопримство, сострадалност, милост, човекољубие, праведност, трудољубивост, кротост, мудрост, воздржание и уште многу други, или тогаш кога се покажа трпелив во страдањата кои со ништо не ги беше заслужил, а го нападнаа заради завист од ѓаволот? Секако дека добродетелите на Јов се неспорни и сосем доволни за венец, но претрпувањето на неправедно предизвиканите страдања го прават уште подостоен. Претрпувањето на страдањата се потешкиот дел од борбата во која за да се победи, покрај големото трпение, потребна е и голема љубов кон Бога.

as he died for us once. But when the authorities in our country realized that the one who died in Christ was born again as a captive of His love, that suffering in prison cannot cause him no pain or wound, decided to reach for the most loved ones, for the precious Bishops and honourable presbyters, for the monks and the nuns, not omitting the flock nor the frail elders among them. They pressed charges against them, to make them accomplices in the misdeeds that they have assigned firstly to us, falsely and without any remorse. Thus they made themselves equal to the persecutors of the Church of the old times and become the persecutors of Christ Himself, for he who persecutes the members of His body, which is the Church, persecutes Him who dwells in each of us individually and in all of us together.

And if the chains of the prison had not broken us or kinked us with their weight, the pain caused by the sufferings of our brethren: the bishops, the clergy, the monastics and the faithful, slashed us as a sharp sickle and twitched us in bitterness as by drinking a cup of wormwood. Much more painful is the pain caused by the suffering of those we love, than the pain of our own suffering. Anyway, for one who has already died in Christ, it is the love for the loved ones that does not allow him to die himself really and completely. He who loves is put at the disposal of the one whom he loves and waits for the moment when need to die for his loved one arises. So teaches us the Saviour, who told us that there is no greater love than to give our life to the one whom we love (John 15:13).

And yet He told us more: "And fear not them that kill the body, but are not able to kill the soul" (Matt. 10:28). Our persecutors cannot harm our souls, although they already succeeded to harm the bodies of some of us. In spite of the help of the Government and its power, they failed to shake our faith in Him whom we wait to come and dress us in a new body, worthy for the preciousness of our souls with which our Lord embellished us. And when God is with us, who can be against us? God had not pity even over His only-begotten Son, the blessed Paul says, but He delivered Him over to death for our sake. So if He delivered to suffering His most beloved one for us, it means He will not stay carefree and idle when someone will try to reach out,

Кога страдаме неправедно и од љубов кон Христа, ние всушност стануваме причесници на Неговото неправедно страдање, но воедно и Тој станува учесник во нашата болка. Токму ваквата сплотеност со Христа ни ја дава и најголемата утеха во страдањето. Нашиот живот е скриен во Христовиот и ние веќе умревме во Христа (Колос. 3,3), како што и Тој еднаш умре за нас. Ама кога властите во нашата татковина сфатија дека за оној што умрел во Христа и повторно се родил како заробеник на Неговата љубов, страдањето во затворот не може да му предизвика ни болка, ни рана, решија да посегнат по најљубеното, по бесценетите Епископи и чесните презвитери, по монасите и монахињите, но не го изоставија ниту словесното стадо, а меѓу нив и изнемоштените старци. Подигнаа обвинениј а и против нив, за да ги направат и нив соучесници во неделата кои најпрво нас лажно и без никаква грижа на совеста ни ги препишаа. Со тоа се изедначија со гонителите на Црквата од стари времиња и станаа гонители на самиот Христос, зашто оној кој ги гони членовите на телото Негово, кое е Црквата, го гони Него кој се вселил во секого од нас поединечно и во сите нас заедно.

И ако оковите од затворот не нѐ превиткаа со нивната тежина, болката за страдањата на браќата Епископи, клириците, монасите и верниот народ, нѐ покоси како со остар срп и нѐ згрчи во горчина како од испиена чаша пелин. Многу поболна е болката предизвикана од страдањата на оние што ги љубиме, отколку болката од сопствените страдања. Впрочем, оному кој веќе умрел во Христа, токму љубовта кон љубештите не му дозволува и вистински во потполност да умре за себе. Оној кој љуби се става на располагање на оној кого го љуби и го чека моментот ако затреба да умре за љубештиот. Така нѐ научи Спасителот, кој ни рече дека нема поголемо од тоа животот свој да го дадеш за оној кого го љубиш (Јован 15,13).

Ни рече и уште: „Не плашете се од тие што го убиваат телото, но не можат да ја убијат душата“ (Мт. 10,28). Не можат нашите гонители да им наштетат на нашите души, иако веќе успеаја да им наштетат на телата на некои од нас. Не успеаја со силата на власта да ни ја разнишаат верата во Оној Кој чекаме да дојде и да нѐ облече во ново тело, достојно на бесценетоста

not only for our body but four our soul as well.

We May be accused and slandered with false accusations and inappropriate defamations, tried and condemned, be imprisoned and persecuted, our physical sufferings may be multiplied with the power of coercion to which every irresponsible earthly authority may resort, up to the limit of unbearableness, but can they thus separate us from the love of Christ? Can sufferings, narrowness, persecution, famine, nakedness, dangers or martyrdom separate us from Christ?–Apostle asks the Romans. And he answers as everyone of us would answer who is wounded and enslaved by the foolish love of God: "For I am persuaded that neither death, nor life, nor angels, nor principalities, nor powers, nor things present, nor things to come, nor height, nor depth, nor any other creature, shall be able to separate us from the love of God which is in Christ Jesus our Lord" (Rom. 8:38-39).

So do not worry too much, nor for our shackles, nor for our persecutions that seem never to see their end. Here we have no permanent city of residence and we long for the one to come (Heb. 13:14). Try not to be alarmed either because of false accusations used against some of you aiming to make you accomplices in the defamations directed at us, or to abase our devotion to God and the Church. God teaches us not to make thoughts about what we say when we are brought to justice. He will enlighten us in that hour what to say, because we are not the ones who will face the court, but the Spirit of the Father will speak through us (Matt. 10:19-20). We who are in the Church and whom God had gifted with all the charisma of the Holy Spirit, because even the smallest participation in charisma makes us participants in all its graceful gifts, and it is inherent for us to speak the truth because it is life itself for us. However, take it as previous knowledge of ours by virtue of our not so little experience with the courts in our country and their unjust and unlawful judgments against us. When the decisions of the courts are more influenced by the political situation, as it happens with all court cases related to the Orthodox Ohrid Archbishopric in the last 10 years, then justice is deprived and truth substantially harmed. Although it is established precisely

на нашите души со која нè украси Господ. Та кога Бог е со нас, кој може да биде против нас? Не се сожали Бог ниту над единородниот Негов Син, вели блажениот Павле, туку го предаде на смрт заради нас. Па ако заради нас го предаде на страдање најљубеното, тоа значи дека нема да остане безгрижен и бездејствен ниту кога некој ќе се обиде да посегне, не само по нашето тело, туку и по душата.

Можат да нè обвинуваат и клеветат со лажни обвинувања и недолични клеветења, можат да нè судат и осудат, можат да нè затвараат и гонат, можат значи со силата на принудата, кон која може да прибегне секоја неодговорна земна власт, да ни ги намножат страдањата на телото до граница на неиздржливост, но можат ли на тој начин да нè одвојат од љубовта Христова? Можат ли страдањата, притеснувањата, гонењата, гладот, голотијата, опасностите, или пак, маченичката смрт, да нè одвои од Христа? — ги прашува Апостолот Римјаните. И одговара како што впрочем би одговорил секој од нас што е ранет и поробен од лудата Божја љубов: „Сигурен сум дека ни смртта, ни животот, ни ангелите ниту некои други небесни сили, ниту сегашноста, ниту иднината, ниту нешто друго на небото или во адот, ниту некоја друга твар, би можеле да нè разделат од љубовта Божја кон нас, како што таа се објави во личноста на Исуса Христа нашиот Господ“ (Рим. 8,31–39).

Затоа, не грижете се премногу, ниту за нашите окови, ниту за нашите гонења на кои како да не им се гледа крајот. Овде немаме постојан град и копнееме кон оној што ќе дојде (Евр. 13,14). Обидете се да не се тревожите ниту заради лажните обвинувања со кои некои од вас ги прават соучесници во клеветите насочени кон нас, а за да ја срамотат нашата оддаденост на Бога и на Црквата. Господ нè учи да не се тревожиме околу тоа што ќе речеме кога ќе нè изведуваат пред суд. Тој ќе нè просветли во тој час што да кажеме, зашто нема да сме ние тие кои ќе одговараат пред судот, туку Духот на Отца ќе говори преку нас (Мт. 10,19–20). Ние кои сме во Црквата и кои Бог нè обдарил со сите харизми на Светиот Дух, зашто учеството дури и во најмалата харизма нè прави учесници во сите Негови благодатни дарови, својствено ни е да ја говориме вистината бидејќи таа за нас е самиот живот. Сепак, примете

to judge with justice and truth, courts judge us as if they intend to do just the opposite.

So, it seems that there will be no exit from this situation, but let us not despair. We are vessels made of clay; weak, brittle, crumbling, and according to some, probably worthless, but we have unsurpassed value before God (2Cor. 4:7). Let us lay all concerns before Him because He cares for us (1Pet. 5.7). The more we participate in the sufferings of Christ, the more we receive His support. Even when going through grief for unjust suffering that sometimes get by us in life; it is for our support and salvation. And when God supports someone who suffers, He supports those through the bond of love participating in the sufferings of the one who suffers.

So as the Corinthians who through the bond of love participated in the sufferings of the apostle Paul, and he therefore rightly expected to be helped by God (2Cor. 1:3-11), we expect and pray God to ignite your faith in His promise, to strengthen your faith and support you in the fight against temptations that pushed you to the malice of the schismatics, and finally deliver you from what would outpass your strength to persevere and win.

But those who have tasted the pain caused by the suffering which pushed them to the malice of their enemies, do not need further interpretation. “It is better to trust in the Lord than to put confidence in man” (Ps. 118:8), and it is better to seek refuge in the Lord than to have hope only in man or in the rulers of this world (Ps. 118:8-9). Cruelty and insensibility of people can sometimes be greater than that of the devil, so David, inspired by God, accepted as better to fall into the hands of God, and to be punished by Him, than to fall into the hands of man and be a prey of human revenge (2Sam. 24:14).

Promises given by a man are inconsistent, variable and often depend on personal gain. God given promises are met with confidence, certainty and in due time, when the Lord decides it is the safest. What God promises, He seals and signs by the blood shed on the cross. Therefore, when we feel like to sigh bent double under the burden of suffering, lacking somebody else to rely on except God, let us sigh without disappointment:

го како предварително знаење и нашето не толку мало искуство со судовите во нашата татковина и нивните неправедни и незаконски пресуди против нас. Кога одлуките на судовите се повлијаени од политичките состојби, како што впрочем се случува со сите судски случаи поврзани со Православната Охридска Архиепископија во последниве 10 години, тогаш, правдата е обесправена, а вистината суштински повредена. И покрај тоа што се востановени токму за да судат со правда и вистина, судовите што нѐ судат како да имаат намера да го прават токму спротивното.

Па така, може да ни изгледа дека од ваквата ситуација ќе нема излез, но сепак да не очајуваме. Ние сме глинени садови, слаби, кршливи, трошни, според некои веројатно и безвредни, но пред Бога имаме ненадминлива вредност (2Кор. 4,7). Да ги положиме сите грижи пред Него зашто Тој се грижи за нас (1Пет. 5,7). Колку повеќе учествуваме во страдањата Христови, толку повеќе ја примаме поддршката Негова. Дури и тогаш кога поминуваме низ жалост заради неправедните страдања кои понекогаш нѐ снаоѓаат во животот, тоа е за наша поддршка и спасение. А кога Бог го поддржува некого што страда, со тоа ги поддржува и оние кои преку врската на љубовта учествуваат во страдањата на оној што страда.

Па како што Коринтјаните кои преку врската на љубовта учествуваа во страдањата на апостолот Павле, а тој заради тоа со право очекуваше дека ќе бидат помогнати од Бога (2Кор. 1,3–11), така и ние очекуваме и се молиме Господ да ви ја распламти верата во Неговото ветување, да ве ојача и поддржи во борбата со искушенијата во кои ве втурна злобата на расколниците, и конечно да ве избави од она што би ги надминало вашите сили да истраете и да победите.

Но, на тие што ја вкусиле болката предизвикана од страдањето во кое ги втурнала злобата на непријателите, не треба дополнително да им се толкува зошто е „Подобро е да се надевам на Господа, отколку да се надевам на човек“ (Пс. 117,8), како и тоа дека е подобро да се бара прибежиште кај Бога отколку да се има надеж само во човек или во властодршците од овој свет (Пс. 117,8–9). Суровоста и несострадалноста на луѓето понекогаш може да биде поголема од онаа на ѓаволот,

"Whom have I in heaven but Thee? And there is none upon earth that I desire beside Thee" (Ps. 73:25).

God, however, will certainly hear and comfort us, especially if we manage to show the most perfect example of what has been commanded to us: to love our enemies (Matt. 5:44). To pray for the wellbeing of your pursuers, to ask for God's blessing on them and not to curse them (Rom. 12:14). Oh, what grandeur, oh what excellence! To respect the authorities seem somehow natural after what the apostle Paul says (Rom. 13:1-7), and even to pray for them (1Tim. 2:2), but to pray for enemies, including among them even those rulers who are hostile to the Church, is indeed paradoxical. But isn't the Church full of many other paradoxes? Isn't it incomprehensible paradox the very incarnation of the hypostasis of the Son of God? Is not it a the immaculate conception of Christ and His supernatural birth by a Virgin a paradox? Isn't becoming a member of the body of Christ eating bread and drinking wine, and thus participant in the life of God a paradox?

So, love your enemies, even when it is indeed paradoxical to ask for the mercy of God for them, but it is this paradox that makes us to resemble to God the most. The judgment and the vengeance belong to God. He said vengeance and remuneration belong to Him. God would justify the one who is wronged (Deut. 32:35-36) and it is a fearful to fall into the hands of the living God (Heb. 10:31). He punishes the unjust always, and even when He punishes them, doesn't He always do it with a visible punishment. For if we punish all the culprits in a row and when it is done by a visible punishment, then what will be left for the final judgment?

In this world, beloved brethren, both the good and the evil suffer. But though suffering is equal for those who deserve it and for those who have no guilt, still the difference between them does not cease, says blessed Augustine.[2] There is a difference between those who suffer even when there is a resemblance of suffering, and even if the pain is the same, neither the condemnation, nor the assistance from God are the same. For as gold shines in the same fire where the reed burn, or under

[2] Augustinos Aurelios: „For The Divine State" vol I, 1,8,2, Zagreb 1982, p. 30.

па затоа боговдахновениот Давид го прифатил како подобро да падне во рацете Божји, и да биде казнет од Него, отколку да падне во рацете на човек и да биде плен на одмаздата човечка (2Цар. 24,14).

Ветувањата што ги дава човек се непостојани, променливи и често зависат од личната полза. Ветувањата што ги дава Бог се исполнуваат со сигурност, секако во свое време, кога Господ ќе одлучи дека е најблагополучно. Тоа што Бог го ветува, Тој го запечатува и го потпишува со крвта пролеана на крстот. Затоа, кога ни доаѓа да воздивнеме подвиткани под тежеста на страдањето, немајќи на кого друг да се потпреме освен на Бога, да воздивнеме без разочарување: „Кого друг го имам освен Тебе на небото Господи? По што друго да копнеам на земјава кога те имам Тебе?“ (Пс. 73,25).

Бог, пак, со сигурност ќе нè услиши и утеши, особено ако сме успеале да го покажеме и она најсовршеното што ни го заповеда, да ги љубиме непријателите (Мт. 5,44). Да се молите за доброто на вашите гонители, да барате Божји благослов за нив и да не ги проколнувате (Рим. 12,14). Ех, каква возвишеност, ех колкава совршеност! Да ги почитуваме властите изгледа некако природно после она што го вели апостол Павле (Рим. 13,1–7), па дури и да се молиме за нив (1Тим. 2,2), но некој да се моли за непријателите, вклучувајќи ги меѓу нив дури и оние властодршци што се непријателски расположени кон Црквата, е тоа е навистина парадоксално. Но, нели Црквата е преполна и со многу други парадокси? Не е ли несфатлив парадокс самото воплотување на ипостаста на Синот Божји? Не е ли парадокс Христовото бессемено зачнување и Неговото натприродно раѓање од Девојка? Не е ли парадокс јадејќи леб и пиејќи вино да стануваме членови на Телото Христово, а со тоа учесници во Божјиот живот?

Така, да се љубат непријателите, па дури и да се бара за нив милост од Бога навистина е парадоксално, но токму таа парадоксалност нè прави да сме најслични со Бога. Судот и одмаздата се Божји. Тој рече дека Нему му припаѓа одмаздата и возвраќањето. Господ ќе го оправда оној што е онеправдан (Повт.Зак. 32,35–36) и страшно е да се падне во рацете на живиот Бог (Евр. 10,31). Тој не ги казнува секогаш неправедните,

the same baking lid spikes break, and corn is done, so the same force hitting the good ones tries, cleanses and fixes them, while it punishes, breaks and destroys the evil ones. Hence, for the same trouble evil ones curse and blaspheme God, while the good ones pray and celebrate Him. So the matter is not how great the sufferings are and what are they, but how one endures them.

Lastly, aren't the most blessed ones precisely those who are mocked, persecuted and detracted with false pretences for Christ (Matt. 5:11)? The top of the beatitudes is neither the meekness, nor the purity of heart, nor spiritual peace or peacemaking, not even the righteousness. The top is the gift to persist unfair ridicule, persecution and detracting for the life in Christ. And when a person reaches that peak, then joy alone follows, it does not come according to merit or as a reward for great feats, but as mentioned earlier, comes as grace, as beautiful and perfect gift of God's grace.

This epistle, my precious and beloved in the Lord brothers and sisters, I send from the detention section of Skopje Prison where we are detained for almost 10 months now. Conditions in which we are accommodated are brutal, during the summer months we were without water almost all day long, with little food and almost no medical care, confined for 23 hours and 1 hour in the day we can go out in the fresh air. Any shipment that we receive is searched in detail, and we wait for months for the court to allow that anything written in a foreign language to be presented to us. However, man is an icon of God and has gifts to be adaptable to external conditions, so sooner or later, each of the detainees accepts the above described harsh reality and live in it and with it. Most of the detainees have not been convicted yet; they either wait for the day of hearing, or wait for the verdict. Precisely this uncertainty is something that is the most difficult thing while in detention. One gets used to the small space of only a few square meters shared with roommates in the cell, becomes able to adapt to life in moisture between the mouldy walls, even the lack of food and health care cannot affect him as can the waiting for the hearing and the passing of the judgment of the court shake him and discourage him.

а дури и кога казнува, не го прави тоа секогаш со видлива казна. Зашто ако ги казнува сите виновници со ред и ако тоа го прави со видлива казна, тогаш што би останало за последниот суд?

Во овој свет, љубени браќа, страдаат и добрите и злите. Но, иако страдањето е подеднакво и за оние што заслужиле и за оние што немаат никаква вина, сепак не престанува разликата меѓу нив, вели блажениот Августин.[2] Постои разлика меѓу оние што страдаат дури и при сличност на страдањето, па дури и болката да е иста, ниту осудата, а ниту помошта кои се Божји, не се исти. Зашто како што во ист оган златото заблескува, а сламата изгорува, или под ист вршник, класјето се крши, а житото се врши, така и кога истата сила удира врз добрите, ги испробува, прочистува, поправа, додека злите ги казнува, крши и уништува. Оттаму, при иста неволја, злите го проколнуваат и хулат Бога, додека добрите му се молат и го слават. Значи не се важни, какви се и колкави се страдањата, туку кој како ги поднесува.

Крајно, не се ли најблажени токму оние кои се исмевани, гонети и злословени со лажни обвинениј а, Христа ради (Мт. 5,11)? Врвот на блаженствата не е ниту во кротоста, ниту во чистотата на срцето, ниту во душевниот мир или пак миротворството, па ниту во праведноста. Врвот е во дарот да се истрае во неправедно исмевање, гонење и злословење заради животот во Христа. А кога човек ќе стигне до тој врв, тогаш радоста сама го следи, не доаѓа по заслуга, ниту пак како награда за големите подвизи, туку како што рековме во почетокот, доаѓа како благодат, како прекрасен и совршен дар на милоста Божја.

Ова послание скапоцени и љубени во Господа браќа и сестри ви го испраќаме од притворското одделение во затворот во Скопје каде сме затворени, еве, веќе полни 10 месеци. Условите во кои сме сместени се сурови, во летните месеци, речиси по цел ден бевме без вода, со малку храна и речиси никаква медицинска грижа, затворени по 23 часа и само 1 час во денот имаме излез на чист воздух. Секоја пратка што ја примаме се претресува до детали, а за сè што е напишано на странски ја-

[2] Августин Аврелиј „За Божјата држава“,том I, 1,8,2, Загреб 1982, с. 30.

Condition of the detainees could perhaps be compared to the one of the evil ones after death while awaiting the interim judgment. They will serve the final sentence even later, even after the final judgment, but the very awaiting for the sentence is already a punishment. If evil ones say that even before getting the deserved hell, they wait for it in a state of hell, so it can be said that detainees are in chains, often heavier than the ones they will receive after the trial and verdict.

So, after all that I have written we ask you in a manner as Paul asked the enlightened ones: "remember those who are in bonds as though you were bound with them, and those who suffer adversity, as being yourselves also in the body" (Heb. 13:3).

Remember us, but do not worry too much about us. Unjust suffering freed many from sins they have committed consciously or unconsciously. So that this suffering of ours, if it is for sin that we have committed against someone, then it is fair, but if we do not suffer for our sins, then this pain of ours bring us closer to Christ and to you just more empathetically. Unjust suffering, my beloved in the Lord, is the shortest way to the depths of the knowing of God. Of course if that suffering is accepted willingly, without defiance, disagreement, and even more so, with joy. Through suffering, especially when it is unjust, we discover and confirm how much we are actually close to God, or to put it better, how much he has approached us.

God becomes close to us and we are close to Him, when we participate in His sacrifice for the life of the world with our suffering. Our sacrifice alone is not sufficient to reconcile us with God; the sacrifice for Christ is necessary, but the sacrifice we endure can sometimes reconcile us with each other. If this little sacrifice that we offer to God voluntarily contribute to fully reconciling with the schismatics and to bridge the existing schism, then all that we endured during the last 10 years, among other things several imprisonments, evictions and more, is just our small stake for what is most precious to the Church, and that is its unity.

We supplicate only God the Father, to strengthen you and fortify your unity with His beloved Son, assembled in one body through the action of the Holy Spirit, to celebrate together God

зик, со месеци чекаме судот да дозволи да ни го врачат. Сепак, човекот е икона Божја и има дарови да биде прилагодлив на надворешните услови, па порано или подоцна, секој од притворените лица ја прифаќа гореопишаната сурова реалност и живее во неа и со неа. Најголемиот број од притворениците сè уште не се осудени, тие или го чекаат денот на судот, или ја чекаат пресудата. Е, токму таа неизвесност е нешто што е најтешко во притворот. Човек се навикнува на малиот простор од само неколку квадратни метри да го дели со состанарите во ќелијата, може да се прилагоди и на живот во влага и помеѓу мувлосани ѕидови, ниту недостатокот на храна и здравствена заштита можат толку да го растревожат, колку што може да го потресе и обескуражи очекувањето на судењето и пресудата на судот.

Состојбата на притворениците можеби може да се спореди со онаа на злосторниците, кои по смртта ја очекуваат привремената пресуда. Тие дури подоцна, дури по конечниот суд ќе ја издржуваат конечната казна, но самото исчекување на казната е веќе казна. Ако за злосторниците велиме дека уште пред да го добијат заслуженият пекол него го чекаат во состојба на пекол, така за притворениците може да се рече дека се во окови, многу често потешки од оние што ќе ги добијат по судењето и пресудата.

Затоа, после сè што ви напишавме ве молиме на начин како што апостол Павле бараше од просветлените: „Да се сеќавате на затворениците како и самите да сте затворени со нив и со оние што страдаат, зашто и вие можете да се најдете на нивно место“ (Евр. 13,3).

Сеќавајте се, но не грижете се премногу за нас. Неправедното страдање многумина ги ослободило од гревовите кои свесно или несвесно ги направиле. Така што и ова наше страдање, ако е заради гревот со кој сме се огрешиле кон некого, тогаш е праведно, а ако пак не страдаме заради гревовите, тогаш оваа наша болка само поприсно ќе нè доближи до Христа и до вас. Неправедното страдање, љубени во Господа, е најкраткиот пат до длабочината на богопознанието. Секако ако тоа страдање се прифаќа волно, без пркос, без негодување, па уште и со радост. Преку страдањето, особено пак кога тоа

in Trinity, waiting for the coming of Christ, because Christ died and we sheltered our life together with Him in God. And when He – who is our real life, appears, then we will appear with Him glorified by His presence (Colos. 3:3-4).

September 21 / 8, 2012
Nativity of the Theotokos
Detention section, Skopje Prison

Yours in the Lord
Archbishop of Ohrid and
Metropolitan of Skopje
Jovan

е неправедно, откриваме и потврдуваме всушност колку сме близу до Бога, подобро речено колку Тој се приближил кон нас.

Всушност, ние му стануваме Нему блиски, кога со нашето страдање учествуваме во Неговата жртва за животот на светот. Само нашата жртва не е доволна да нѐ помири со Бога, затоа беше потребна жртвата Христова, но жртвата што ја поднесуваме понекогаш може да нѐ помири меѓусебно. Ако оваа наша мала жртва што доброволно му ја принесуваме на Бога придонесе да дојде до потполно помирување со расколниците и до надминување на постоечкиот раскол, тогаш сето што го поднесовме последниве 10 години, меѓу другото неколку прогонства и повеќе затварања, нека биде само наш мал влог во она што е најдрагоцено за Црквата, а тоа е нејзиното единство.

Го молиме само Бога Отца, вас да ве укрепи и да ве зацврсти во единството со Неговиот возљубен Син, та собрани во едно Тело преку дејството на Духот Свети, да го прославуваме заедно Бога во Троица, чекајќи го доаѓањето Христово, зашто во Христа умревме и го сокривме нашиот живот заедно со Него во Бога. А кога Тој — нашиот вистински живот, ќе се појави, тогаш и ние со Него ќе се јавиме прославени од присуството Негово (Колос. 3, 3–4).

08/21 Септември 2012 г.
Рождество на Пресвета Богородица
Притворско одделение,
КПУ Затвор – Скопје

Ваш во Господа
Архиепископ охридски и
Митрополит скопски
Јован

ARCHBISHOP OF OHRID
AND METROPOLITAN OF SKOPJE

Protocol Nr. 60 from May 21, 2013

To
The Holy Assembly of Bishops
Serbian Orthodox Church
Belgrade

Christ is risen!

Your Holiness, Your Eminences and Your Graces,

This is the second successive instance of our absence from the work of The Assembly of Bishopss of the Serbian Orthodox Church, because it has been a year and a half since we have been in detention at the Skopje Prison Shutka, and are therefore prevented from taking part. You, Your Holiness and brothers Bishops, are already well aware that last year, right after the lawless and politically motivated sentences for the offense of "embezzlement," by which we had been convicted, in a completely illegal and unjust procedure, to a prison sentence of two and a half years, and to returning a sum of 250,000 euros (two hundred and fifty thousand euros), they came up with a new accusation of "money laundering" and accused us together with eighteen other members of the Orthodox Ohrid Archbishopric, among which, two Bishops, Marko of Bregalnitsa and David of Stobi, two hieromonks, four nuns and ten laymen, among which our own mother and sister. The procedure is nearing completion, and the facts determined so far clearly show there has been no offense of "money laundering."

We have been charged with "money laundering" of funds approximately of the value of 250,000 (two hundred and fifty thousand) euros, or more precisely, 14,804,211 denars, so it is the same amount that we were supposed to return to the MOC in the indictment of "embezzlement." But this sum of 250,000 euros is not a sum we could have in any way misappropriated, either for

АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ
И МИТРОПОЛИТ СКОПСКИ

Протокол бр. 60 од 21. маја 2013. год.

Светом Архијерејском Сабору
Српске Православне Цркве
Београд

Христос Воскресе!

Ваша Светости, Ваша Вископреосвештенства и Ваша Преосвештенства,

Ово је већ други пут за редом како одсуствујемо из рада Архијерејског Сабора Српске Православне Цркве, јер је ево већ годину и по дана како смо у притвору у скопском затвору Шутка, па смо ради тога спречени да узмемо учешћа у раду Светог Архијерејског Сабора. Вама, Ваша Светости и браћо Архијереји, већ је добро познато да су нам прошле године, одмах после бесправних и политичких пресуда за кривично дело „утаја“, којом су нас у једном потпуно неправном и неправедном постапку експресно осудили на затворску казну од две године и шест месеци, као и то да вратимо око 250.000 (двеста педесет хиљада) евра, отворили ново кривично дело „прање новца“ са оптужницом којом су са нама саоптужили још осамнаест других чланова Православне Охридске Архиепископије међу којима и два Епископа, брегалнички Марко и Стобијски Давид, два јеромонаха, четири монахиње и десет лаика међу којима су и наша мајка по телу и рођена сестра. Поступак суђења је при крају, а чињенице утврђене у досадашњем процесу јасно показују да није извршено кривично дело „прање новца“.

Оптужницом смо оптужени да смо „прали новац“ у приближној вредности од 250.000 (двеста педесет хиљада) евра, или тачно 14.804.211 денара, дакле, то је она иста сума коју смо, пресудом за кривично дело „утаје“, били задужени да вратимо

ourselves or for a third party, but is the sum total of four yearly budgets in the eparchies of the so-called MOC, where we were appointed as administrator in the period of 1998-2002. That budget money was entirely spent according to the injunctions anticipated by the budget. In this new indictment, we are, in fact, accused that we entered in the legal turnover of the period of 2007 to December 12, 2010 that that already spent amount of 1998-2002, and that we used it to purchase real estate on behalf of a legal entity, "Society for promotion of religious freedom Anastasia," as well as on behalf of persons: Marko, Bishop of Bregalnitsa and Chief Physician Dr. Isailo Popovski.

The forensics during the procedure have clearly shown that not only we were unable to in any way appropriate the entire amount of 250,000 (two hundred thousand) euros, since it is a sum of four yearly budgets, but that it is impossible to determine if we could have appropriate a smaller amount than those 250,000 (two hundred thousand) euros.

This opinion of the court-appointed experts is of essential importance to the case, since it shows that there was no money to be "laundered" to begin with, having possibly been procured through some other criminal offence. Another thing, no less important, is the fact that the Prosecution did not provide a single piece of evidence concering the way this crime was allegedly performed. There is no evidence of time, place or method in which we could have given that money to our co-defendants. Without a single such evidence, and without the aforementioned fact that there was, in fact, no such amount of money that could have illegally be turned over, there is no case here either.

Still, despite this situation, bearing in mind more than a few court procedures against us in the last ten years, in which also there was no evidence of any factual criminal offences we have been tried and sentenced to prison for, we cannot be certain that the verdict will be towards our acquittal.

We are aware that the established unity with the Church has a price. Of course, that payment is not for the satisfaction of God, nor is it for the satisfaction of the enemies of unity. It is a price to be paid for the reestablishment of something split apart, a price to be paid in order to take this state of schism to the normal (canon-

I will not go into details about what happened in those decades of the schismatic history of that Church, because it is beyond the topic of our speech, but I would just like to point out that in 2002, after four years of negotiations between the so-called, Macedonian Orthodox Church and the Serbian Orthodox Church - under the mediation of the Ecumenical Patriarchate of Constantinople, and none the less, of his Beatitude Christodoulos, the archbishop of Athens – an agreement was signed in the Serbian city of Nis, which settled the long-standing schism of the Church in FYROM. This agreement was signed by four bishops of the Serbian Orthodox Church and three bishops of the self-proclaimed Macedonian Orthodox Church. This agreement gave the broadest possible autonomy of the Church in FYROM.

Under the pressure of the FYROM authorities, these three bishops of the schismatic Church withdrew their signatures, so despite the fact that the agreement was accepted by the hierarchy of the Serbian Orthodox Church, it was not possible to realize it. Immediately after the fall of this agreement, there was a public call from his Beatitude, the Patriarch of Serbia, Paul, addressed to all bishops, clergymen and believers of the schismatic Church in FYROM. Only we – then as a Metropolitan of Veles and Povardarje in the self-proclaimed Macedonian Orthodox Church, together with all the clergymen and all the believers in our eparchy – responded to this call positively. And, from that day on, our persecutions have started.

First, they expelled us from the headquarters of the Met-

ја контролира преку Црквата. Но, за тоа им беше потребна една целосно независна Црква, која нема да биде управувана од Белград, туку ќе биде под непосредна управа на Скопје. И така, поттикнати од националните власти и имајќи ја, бездруго, нивната поддршка, епископите на автономната Црква во Скопје направија црковен пуч и прогласија автокефалност на Црквата, нешто што до денешен ден не го признава ниту една Црква. Првенствено, се разбира, затоа што прогласувањето беше неканонско, без согласност на мајката, Српската Православна Црква, а потоа и затоа што тоа прогласување беше од етнофилетистички побуди, за на тој начин, посредно или непосредно, да се признае македонскиот народ кој се создаде по Втората светска војна.

Нема да се навраќам на деталите, што сè се случи во тие децении на схизматичката историја на таа Црква, затоа што тоа е надвор од темата на нашата беседа, но би сакал само да наведам дека во 2002 година, по четири години преговори помеѓу така наречената Македонска Православна Црква и Српската Православна Црква, со посредство на Константинополската Патријаршија, а не помалку и на блаженоупокоениот архиепископ атински Христодулос, во српскиот град Ниш беше потпишана согласност со која беше решен долгогодишниот раскол на Црквата во БЈРМ. Таа согласност беше потпишана од четири епископи на Српската Православна Црква и три епископи на самопрогласената Македонска Православна Црква. Оваа согласност на Црквата во БЈРМ ѝ даваше најширока можна автономија.

Под притисок на властите на БЈРМ, овие три епископи на расколничката Црква ги повлекоа своите потписи, па и покрај фактот што согласноста беше прифатена од јерархијата на Српската Православна Црква, таа не беше можно да се оствари. Веднаш по падот на оваа согласност, следеше јавен повик од блаженоупокоениот Патријарх српски Павле, упатен кон сите епископи, клирици и кон верниот народ на расколничката Црква во БЈРМ. На овој повик потврдно одговоривме само ние, тогаш како митрополит велески и повардарски во самонаречената Македонска Православна Црква, со сите клирици и сиот верен народ на нашата епархија. И, од тој ден почнаа

ropolitanate in the city of Veles, with police. Along with the monks and nuns of the eparchy, we found a shelter in my parents' house, but it was not the same eparchy. Once the authorities realized that we stand firmly behind our decisions, they began to intimidate us. Masked and armed outlaws, paid by the FYROM secret services, entered the house where the nuns stayed, cut their hair and burned down the house where they lived. The same house was also a liturgical space. Few months later, they destroyed the church we had built up to the roof. When in 2004, many of the monks and nuns from the other episcopacies of the schismatic Church of FYROM, joined the canonical order, the authorities of that country were frightened that other bishops and monks will follow their example, so the public prosecutor put me in custody for the first time, exactly on the day of their accession. This is how my incarcerations have begun, which up to the present moment, have been 7 in total. That is how the show trials under false charges have started, and since 2004, when I was in custody for the first time, to the present day: out of the last 10 years of my life, I have spent five in jail and two in exile.

I will no longer speak about this. What I have already said is, essentially, just to give you a better understanding of where do I get the right to speak of what is happening behind bars, and also the experience to speak even about the love behind those bars.

The man in prison is deprived of his natural freedom and this fact merely, is enough for this condition to be hated by all, precisely this reason. Man is created as a free being. He even has the freedom to show God a disagreement with something. He is created to go wherever he wants, or, in the worst case, where he can go. He was created to insatiably inspect the sun and the moon. To watch the stars, and if he wished, to even count them.

I have to make a small digression, now when I have already mentioned the stars. During the last three years I spent in prison, I did not see the stars, not once. The prisoners are locked early in the afternoon, and it is very rarely that someone gets the opportunity to ever see the stars. Stars are difficult to

нашите прогони.

Најпрвин, со полиција нè изгонија од седиштето на Митрополијата во градот Велес. Со монасите и монахињите на епархијата најдовме засолниште во куќата на моите родители, но тоа не беше истата епархија. Штом властите сфатија дека стоиме цврсто на одлуките, почнаа да нè заплашуваат. Маскирани и вооружени злосторници, платени од тајните служби на БЈРМ, влегоа во куќата каде престојуваа монахињите, им ги истрижија косите и ја потпалија куќата каде што живееја. Истата таа куќа беше и литургиски простор. Неколку месеци подоцна, ја срушија црквата која ја имавме изградено до покрив. Кога во 2004 година пристапија во канонскиот поредок многу од монасите и монахињите од другите епархии на расколничката Црква на БЈРМ, тогаш властите на таа земја мошне се уплашија тој пример да не го следат и други епископи и монаси од таа расколничка организација, па јавниот обвинител точно на тој ден на пристапувањето, за првпат ме стави во притвор. Така започнаа моите затварања, кои до овој миг се 7 на број. Така почнаа местените судења под лажни обвинениј а, и така, од 2004 год., кога за првпат бев во притвор, до денес, значи од последните 10 години–пет поминав в затвор, а две во прогонство.

Нема да зборувам повеќе за ова. Она што веќе го реков, во суштина е само за да ви овозможи подобро согледување од каде ми доаѓа правото да зборувам за она што се случува зад решетките, и од каде ми доаѓа искуството да зборувам дури и за љубовта зад тие решетки.

Човекот кој се наоѓа в затвор е лишен од неговата природна слобода и самото тоа е доволно таа состојба да биде омразена од сите, токму заради таа причина. Човекот е створен како едно слободно битие. Има слобода дури и на Бога да му покаже несогласување со нешто. Створен е да оди каде што сака, или, во најлош случај, каде што може да оди. Створен е ненаситно да ги гледа сонцето и месечината. Да ги гледа ѕвездите, та ако сака и да ги брои.

Да направам една мала дигресија, кога веќе ги спомнав ѕвездите. Трите години колку што последен пат бев во затвор, не ги видов ѕвездите. Затворениците рано попладнето биваат

be seen through the prison windows, because they are built in such a way that they look at the wall surrounding the prison. I am sharing this because people sometimes do not know a thing about life in prison, less such details. But do you know what it means not to be able to see the sky at night? It is probably solely a fraction of freedom, but for the theologist, the poet, or even for a man in love, it may be of the same importance as eating and drinking.

In the prison Idrizovo, near Skopje, where I happened to be imprisoned, almost nothing has been renovated since the time of communism, when it functioned as a space for torture. Not only there is nothing essentially renovated, but the mentality of the guards as well, has not changed since the time of communism. The only difference is that now they are not allowed to beat prisoners without any reason, as it was the case before. Due to the lack of finance, there is no re-socialization of the prisoners at all. Most prisoners are recidivists and are eager to get out of prison to commit new crimes.

While I was in custody, I spent quite a while there, more than a year, when I was in a small cell with three other detainees. But when I was already convicted, they transferred me to the prison and put me in a room with 35 other prisoners. Imagine merely the noise, if each of the prisoners sneezes only once a day. Not to mention that in that room where we were with 35 other prisoners, which was relatively large, there were at least 10 TV sets, and often each of the owners watched a different program. So, now, can you just imagine how one could live in these conditions. After this, there is no need to be beaten or tortured otherwise. I do not know whether the prisons are so neglected in the other former communist countries, as well, but unfortunately, in the FYROM nobody cares about the prisoners.

In the prisons in the FYROM, even the most elementary order is absent, and consequently there is no re-socialization of prisoners. The political chaos in the country is reflected in the disorder in the prison. The lack of financial support for the prisons probably contributes to this disorder, as well. When you cannot provide for the prisoners the most essential: food and hygiene, and not to mention clothing, bedding, or cutlery, then

заклучени, и многу ретко некој да има можност некогаш да ги види ѕвездите. Ѕвездите многу тешко се гледаат дури и преку прозорците, затоа што тие се изградени на таков начин да гледаат во ѕидот кој го окружува затворот. Го велам ова затоа што луѓето понекогаш не знаат ништо за животот во затвор, а уште помалку за такви детали. Но, знаете ли што значи да не можете да го гледате небото ноќе? Тоа веројатно е делче од слободата, но за теологот, за поетот, па дури и за еден вљубен човек, тоа е можеби со иста важност како јадењето и пиењето.

Во затворот Идризово, близу Скопје, каде што се случи да бидам затворен, скоро ништо се нема преоформено од времето на комунизмот, кога функционирал како простор за измачување. Не само што ништо суштински се нема обновено, туку и менталитетот на чуварите како да се нема сменето од времето на комунизмот. Единствената разлика е што сега не е дозволено без повод да се тепа, како што се правело претходно. Заради недостигот на финансии, не постои воопшто никаква ресоцијализација на затворениците. Повеќето од затворениците се повратници и едвај чекаат да излезат од затвор за да направат нови кривични дела.

Јас бев во притвор, и навистина доста време поминав таму, повеќе од една година, бев во една мала ќелија со уште три притвореници. Но, кога веќе бев осуден, ме префрлија во затворот и ме ставија во просторија со уште 35 други затвореници. Можете да замислите само еднаш во денот секој од нив да кивне, колку голема врева се создава. Да не зборуваме дека во таа просторија каде што бевме со уште 35 други затвореници, која што беше релативно голема, постоеја најмалку 10 телевизори, и често секој од сопствениците следеше различна програма. Значи, сега замислете како би можел некој да живее таму. Не треба да ве тепаат или да ве измачуваат на друг начин. Не знам дали и во другите поранешни комунистички земји затворите се толку запоставени, но, за жал, во БЈРМ никој не се грижи за затворениците.

Во затворите во БЈРМ отсуствува дури и најелементарниот поредок, а следствено на тоа нема никаква ресоцијализација на затворениците. Политичкиот хаос во кој живее земјата се одразува и на беспоредокот во затворот. За таквиот беспоредок

it is clear that an order cannot be established there. In Idrizovo, in the prison where I was imprisoned, the prisoners were allowed to receive food from outside, because they were afraid that otherwise there would be a rebellion in the prison for lack of food. Of course, the prisoners were allowed to get clothes, bed linen and even cutlery from outside: a plate, a spoon and a fork, because the prison had no financial capacity to obtain even that for the prisoners. In such circumstances, what sort of order can there be imposed? In such a chaotic state of affairs, it is pointless to speak of elementary spiritual life. In a situation when you need to steal, in this disorder, a time for prayer, for silence, for reading, it is really difficult to say that in prison there is a possibility for a spiritual life. Thank God, this is now in the past, but still I feel sorry for those who stayed there, and especially those with high prison sentences, because for them being imprisoned is not the only punishment they get; an even greater punishment is that they live in such a disorder.

And after all, someone will pose the question: can there be joy in such a disorder? Man is a weak and fragile being. When Paul, the Apostle, says about himself that he has weakened, like every human being, this also goes for me too. But God knows the boundary of our weakness and comes to revive us whenever we need it the most. Certainly, in the imprisonment, as well, one can have a joyful spirit, because the spirit, actually, can never be imprisoned. Especially if a man lives in the Spirit of God. "The Spirit breathes wherever it wants" (John 3: 8). It is free. So the prisoner who has the Spirit of God, is imprisoned only physically. His spirit is free. But, of course, every man is followed by joy and sorrow. Even the most spiritual people live in a state of a joyful sorrow, in such a state a strict division between the joy and sorrow cannot be made, but instead, they somehow coexist. The sorrow is soaked with joy, so that it is not intolerably bitter, but the joy never goes without sorrow, so as not to forget that still there is death in this world.

I would be lying if I said that in such bad living conditions I had not felt a weakness. But when a strong wind is blowing, it is best to find a refuge. When tsunami comes, it's best if you have the opportunity to distance yourself from the zone of

веројатно придонесува уште и слабата финансиска поткрепа на затворите. Кога за затворениците не можете да обезбедите она што им е најнеопходно: храна и средства за хигиена, а да не говориме за облека, постелнина или прибор за јадење, тогаш јасно ви е дека таму и не може да се воспостави поредок. Во Идризово, во затворот каде што бев јас, им се дозволуваше на затворениците да носат храна од дома, зашто поинаку се плашеа дека во затворот ќе има бунт заради недостаток на храна. Секако дека им се дозволуваше од дома да носат облека, постелнина, па дури и прибор за јадење: чинија, лажица и виљушка, зашто затворот немаше финансиски капацитет да го набави дури ниту тоа за затворениците. Е во такви услови, каков поредок може да се наметне? Во таква хаотична состојба да говориш дури и за елементарен духовен живот е беспредметно. Во состојба кога времето за молитва, за тихување, за читање, треба да го украдеш од беспоредокот, навистина е тешко да се говори дека таму, во затворот, е можен духовен живот. Но, фала му на Бога, тоа е сега минато, ама ги жалам оние што останаа таму, а особено оние со високи затворски казни, зашто за нив не е казна само тоа што се затворени, туку уште поголема казна е што живеат во таков беспоредок.

И по сето ова, некој ќе праша: може ли во таков беспоредок да се има радост? Човекот е слабо и кршливо битие. Кога апостол Павле за себе вели дека ослабел, како и секој човек, тоа уште повеќе важи за мене. Но, Господ ја знае границата на нашата слабост и доаѓа да нè освежи токму кога ни е најпотребно. Секако дека и во заточение може да се има радосен дух зашто духот всушност никогаш и не може да биде заточен. Особено ако човек живее во Духот Божји. „Духот дише каде што сака." (Јован 3, 8). Тој е слободен. Така и затвореникот кој го има Духот Божји, затворен е само физички. Неговиот дух е слободен. Но, секако дека радоста и тагата го следат секој човек. Дури и најдуховните луѓе живеат во состојба на една радосна тага, само што во таквата состојба не може да се направи строга поделба меѓу радоста и тагата, туку тие некако сопостојат. Тагата се заквасува со радост, за да не е неподнослиро горка, но и радоста никогаш не оди без тага, за да не се заборави дека во овој свет сепак има смрт.

its action. It is very similar with weakness. When moments of weakness come, it is best to apply what you have practiced for such situations, and that is, patience. Patience is a cure for all unpleasant situations in which one can fall. That is why it is counted among the highest virtues.

Not only did I have the difficulty of the bad living conditions in the prison on my shoulders, but I also carried the anxiety about my entrusted people of God, who had seen with their own eyes how their shepherd was beaten, only in order for the flock to be dispersed. And what else could I comfort myself, except with the words of Paul, the Apostle: "For I am convinced that neither death nor life, neither angels nor authorities, neither any powers, nor the present, nor the future, neither height, nor depth, nor nothing else in all creation, will be able to separate us from the love of God that is in Christ Jesus our Lord. "(Romans 8, 38-39)

There were times when I suffered more from the pain for my flock, than from my own pain. In the last court trial when I was sentenced to a three-year prison sentence, 18 other members of the Archbishopric of Ohrid, among whom two bishops, were also sentenced together with me. They also received prison sentences of two years, but their sentences were suspended: if, within 5 years, they committed a new criminal offense, they would go to jail, both for the new sentence to be pronounced and for this sentence as well. This is an evidence where one can see the planned terror of the FYROM authorities towards the members of the Archbishopric of Ohrid. Not only did they try to intimidate our believers in every possible way, but they tried to force them through such procedures. But this, in fact, shows something else, how great is the weakness of that state to rule in the spirit of democracy and in the spirit of law.

Recently, I was asked in an interview that is already published, which temptation was the hardest for me in my last 13 years of exile. My answer was as follows: if I tried to remember what was most difficult for me, I could not do it without pain in the chest and tears in my eyes. I do not know if it was when in 2002, one of the police chiefs, with a repeating riffle, pulled me out of the Metropolitan of Veles, or when they destroyed the

Неискрено би било да речам дека во такви лоши услови на живот не сум почувствувал слабост. Но, кога дува силен ветер најдобро е да најдеш некое прибежиште. Кога надоаѓа цунами, најдобро е ако има можност да се оддалечиш од зоната на неговото дејство. Многу слично е и со слабоста. Кога надоаѓаат моменти на слабост најдобро е да го применуваш она за кое си се вежбал да го практикуваш во такви ситуации, а тоа е трпението. Трпението е лек за сите непријатни ситуации во кои може да се западне. Токму затоа тоа се вбројува со највисоките добродетели.

Но, врз мене не паѓаше само тешкотијата од лошите услови на живот во кои се најдов во затворот, туку врз себе ја носев и грижата за доверениот ми народ Божји, кој пред очи го имаше тоа како удираат врз пастирот, токму за да го распрскаат стадото. А со што друго би можел да се тешам самиот себе си освен со зборовите на апостол Павле: „Сигурно знам дека ни смртта, ни животот, ни ангелите, ни властите, ни силите, ни сегашнината, ни иднината, ни височината, ни длабочината, ниту, пак, некоја друга твар ќе може да нè оддели од љубовта Божја во Христа Исуса, нашиот Господ.“ (Рим. 8, 38-39)

Постоеја моменти кога повеќе страдав од болката за моето паство, отколку од мојата болка. Во последниот судски процес во кој бев осуден на три години затвор, со мене беа осудени уште 18 други припадници на Охридската Архиепископија, од кои двајца епископи. Тие исто така добија затворски казни по две години, но нивните казни беа условни, доколку во рок од 5 години сторат ново кривично дело, ќе отидат во затвор, како за новата казна што ќе им биде досудена, така и за оваа казна за која беа осудени условно. Преку ова може да се види планski извршуваниот терор на властите во БЈРМ кон припадниците на Охридската Архиепископија. Тие не само што на секој начин се обидуваа да ги заплашат нашите верници, туку со вакви постапки се обидуваа и да ги насилствуваат. Но, тоа покажува всушност нешто друго, колку е голема немоќта на таа држава демократски и во духот на правото да владее.

Пред извесно време, ме прашаа, во едно интервју кое веќе е објавено, кое искушение во овие последни 13 години прогонство ми беше најтешко. Им одговорив отприлика вака: кога

already built church in 2004. Was it when the masked outlaws, instructed by the secret services in the Republic of Macedonia, stormed into my parents' house in 2004, and cut the hair of the nuns there, and then burnt the house, or maybe, when they took off my robe when I entered prison in 2005 and when they agreed among each other whether to shave my beard and cut my hair. I do not know whether it was while taking me with handcuffs for a trial, or while the court proceedings were conducted when it was known in advance that the judgments would be accusatory. Whether while the members of the prison security humiliated me, or when my father died, and I was allowed only 24 hours for the funeral. When the church property was confiscated illegally, or when eighteen members of the Orthodox Ohrid Archbishopric were pronounced suspended sentences, among whom my own born mother and sister. If I use the metaphor of Apostle John, I would say that if I enumerated everything, all the books in the world would not be enough. But if I still need to single out a temptation, I will single out the pressure that was, in many ways, exercised on me in the prison: to leave FYROM with the promise that I will be released immediately. I single out this maybe because it was among the last temptations, but I think that it was the strongest one in terms of intensity. It's a great temptation to know that it's only up to you to decide whether you will leave the prison immediately or you will remain for an unpredictably period of time. Rarely a prisoner gets such a chance, but on the other hand, rarely anyone has so many motives to reject this chance – as I did. Those who made me the offers and exercised pressure on me, overlooked that I did not decide only for my personal benefit, but that I fulfill the will and decisions of God for what is best for the Church.

I am neither the first, nor the last, person in this world who was unjustly defamed, judged and condemned. There are many people in the Church who were unjustly condemned, and some of them died like martyrs, like the Christ himself. But when a person has the prayer and the support of the Church, then the suffering and the pain and the crucifixion is much easier. For all those prayers of the Church and the prayers of all of you, I would like to offer you my gratitude. The prayer of the Church

би се обидел да се сетам што ми било најтешко, не би можел тоа да го направам без болка во градите и солзи во очите. Не знам дали тоа беше кога еден од началниците на полицијата, со репетиран пиштол, на сила ме извлекуваше од зградата на Митрополијата во Велес, во 2002 година, или кога ја срушија веќе изградената црква во 2004 година. Дали тоа беше кога маскирани разбојници, наговорени од тајните служби во Р. Македонија, упаднаа во куќата на моите родители, во 2004 година, и ги истрижија косите на затекнатите монахињи, а потоа ја запалија куќата, или пак, кога ми го соблекуваа подрасникот кога влегував во затвор во 2005 година и кога се договараа дали треба да ми ја избричат и брадата и да ми ја истрижат косата. Не знам дали тоа беше додека од затвор ме водеа на судење со лисици на рацете, или додека се спроведуваа судските постапки во кои однапред се знаеше дека пресудите ќе бидат осудителни. Дали додека ме понижуваа вработените во затворското обезбедување, или кога ми се упокои таткото, а мене ми одобрија само 24 часа за погреб. Кога бесправно и незаконски ни го конфискуваа црковниот имот, или пак кога осудија на условни затворски казни осумнаесет припадници на Православната Охридска Архиепископија, меѓу кои и моите родени мајка и сестра. Ако ја користам метафората на Јован Богослов, би рекол дека кога би набројал сè, тоа не би го собрало во сите книги на светот. Но, ако сепак треба да издвојам едно искушение, ќе го издвојам притисокот којшто на многу начини ми беше вршен во затворот: да ја напуштам БЈРМ, со ветување дека веднаш ќе бидам ослободен. Го спомнувам ова можеби затоа што беше меѓу последните, но сметам дека по интензитет беше најјако. Големо е тоа искушение, да знаеш дека единствено од тебе зависи дали ќе излезеш од затворот или ќе останеш уште непредвидливо долго. Ретко кој затвореник добива таква шанса, но од друга страна, и ретко кој има толку многу мотиви да го одбие тоа–како што направив јас. Оние кои ми нудеа и ми вршеа притисок, превидоа дека јас не одлучувам само за она што е за моја лична полза, туку дека ги исполнувам волјата и одлуките Божји за тоа што е најдобро за Црквата.

Не сум јас ни првиот ни последниот во овој свет којшто

has that mysterious power to alleviate every pain and suffering. Accordingly, my prayers were not for God to ease my pain, but to send me grace to bear the difficulty.

Grace is a wonderful gift of God that shows all its perfection and completeness precisely in the human weakness. Because when a man is strong, he does not feel such a need for help from outside, as the weak one feels. The strong neither asks, nor prays, neither does he expect grace. But the man who knows his weakness and feels his impotence, he can much more easily recognize this wonderful gift of God we call grace.

After everything that you have heard, I believe that you are curious to learn how I fought with the anger behind the prison bars. For I do not believe that there is anyone among you that might think that a man of flesh and blood, like myself, even if he is of an episcopal rank, in the conditions that I have described to you, will not be tempted by wrath, the desire for revenge, and even hatred. It is quite natural that the injustice done demands redemption. Anger and revenge for the injustice done are completely natural in this fallen state in which the world is.

It is not natural to forgive; it is not natural not to revenge for a committed crime. Not to revenge for the evil done is actually a great achievement, a struggle which requires effort. Therefore, I can say that any other struggle in the prison was easier than fighting the hatred towards those who unjustly imprison me besides God's justice. And not just to fight the hatred, but also to forgive them for the crime and the misdeeds they caused, both to me and the whole Church of God. But, now if I need to say right away whether I won that battle, I shall answer modestly and calmly that I do not know, but probably not yet fully. Sometimes I would have thought that it was over, and that not only do I do not hate my persecutors and conquerors, but I forgave them. However, I would be a hypocrite if I say that I have come to such a point to love them unconditionally and fraternally.

The temptation of vengeance is hard to beat permanently. After a while in peace, it goes back again. Perhaps because I was still in prison and from such a state, my temptation was more motivated to appear. Now, when I am already at liberty, I

бил неправедно наклеветен, суден и осуден. Во Црквата има многу луѓе кои биле неправедно осудени, а некои од нив и умреле маченички, почнувајќи од самиот Христос. Но, кога човек ја има молитвата на Црквата и поддршката на Црквата, тогаш многу полесно ги поднесува и страдањето и болката и распетието. За тие молитви на Црквата и молитвите на сите вас, ве молам да ја примите мојата благодарност. Молитвата на Црквата ја има таа таинствена моќ да ја олесни секоја болка и секое страдање. Согласно со тоа и мојата молитва не беше Бог да ми ја олесни маката, туку да ми испрати благодат за да можам да ја поднесам таа тешкотија.

Благодатта е прекрасен дар Божји кој го покажува сето свое совршенство и полнота токму во човечката слабост. Затоа што, кога човек е силен, тој не чувствува таква потреба за помош отстрана, каква што чувствува слабиот. Ниту бара, ниту моли, ниту пак очекува благодат. Но, човекот кој ја знае својата слабост и ја чувствува својата немоќ, тој многу полесно може да го распознае тој прекрасен дар Божји којшто го нарекуваме благодат.

По сето ова што го чувте, верувам дека сте љубопитни да дознаете како се борев со гневот зад затворските решетки. Зашто не верувам дека има некој помеѓу вас што би можел да помисли дека човек од месо и крв, како мене, па дури и ако носи епископски чин, во услови како што ви ги опишав, нема да биде искушуван од гневот, желбата за одмазда, да не речам дури и од омразата. Сосем природно е извршената неправда да бара откуп. Гневот и одмаздата за извршената неправда се потполно природни во оваа падната состојба во која се наоѓа светот.

Не е природно простувањето, не е природно за извршено злодело да не се осветиш. Да не се одмаздиш за извршеното зло всушност е подвиг, борба и за тоа е потребен напор. Затоа можам да речам дека секоја друга борба во затворот беше полесна од борбата да не се мразат оние што на правда Божја ме затворија неправедно. И не само едноставно да не се мразат, туку уште и да им се прости за злосторството и неделата што ги направија, како кон мене, така и кон целата Црква Божја. Но, ако сега треба со еден збор да кажам дали победив во таа

feel as if I am calmer and I do not have that bitterness brought about by the resentfulness. But my experience has taught me that this struggle lasts for a long time. I pray God to help me not to succumb, because without that victory all the unjust suffering I survived would be in vain.

Homily at the Orthodox Academy in Crete
on August 13, 2015

битка, скромно и со смирение ќе одговорам дека не знам, ама веројатно сè уште не во потполност. Час ќе помислев дека е готово, и дека не само што не ги мразам моите гонители и поробувачи, туку дури и им простувам. Сепак, би бил лицемер ако кажам дека стигнав дотаму безрезервно и братски да ги љубам.

Искушението на одмаздољубивоста тешко се победува трајно. По некое време во спокој, тоа повторно се навраќа. Можеби затоа што сè уште бев во затвор и од таквата состојба искушението ги црпеше своите мотиви за да се појавува. Сега, кога веќе сум на слобода, како да сум поспокоен и како да ја немам таа горчина која ја раѓа злопамтењето. Ама искуството ме има научено дека таа борба ќе трае уште долго. Господ само да ми биде на помош да не потклекнам, зашто без таа победа сето неправедно страдање кое го претрпев, ќе биде залудно.

Омилија во Православната Академија во Крит
на 13 Август 2015

FINAL STATEMENT

in the case V.KOK No. 59/ 12
against Jovan Vranishkovski and others
given in the Court Skopje 1 by the Archbishop of Ohrid and Metropolitan of Skopje kyr kyr Jovan on 08.11.2016

Before I give this final statement I have re-read the final statement I gave at the first hearing of this proceeding on 19.06.2013. I have written quite a lot of texts with different topics and content, I have held many sermons on different occasions, however almost on regular basis, every time I re-read them or listen to them again after certain time those creations of mine, I find flaws and I always think it could have been written better or it could have sounded better. However, in the final statement I gave on 19.06.2013 miraculously I could not find a single flaw. That is why I stand behind everything I have said then, as I stand behind everything that my attorney has said in the final statement.

In order anyone not to conclude from the aforementioned that I am flawless and do not make mistakes, I distance myself from it. I have many flaws and I make many mistakes, however the defense I gave in my final statement on 19.06.2013 is flawless since It is quite easy to defend yourself when you are neither morally nor legally guilty.

However, since the beginning of this proceeding in 2012 the political situation in the country in which we live has rather changed. Let's not say how much it has changed since 2002 when the trials against me commenced in 2002. In the this year's Easter message, referring to the fact that the colourful revolution also brings re-evaluation of values, we wrote: "At that time such persecutions were directed towards the "betraitors", as we were referred to. Unfortunately, or fortunately, in these fourteen years many have become betraitors. Nowadays the Government recognizes the protestors in the "colourful organization" as betraitors. But, we, our Archbishop and you who belong to the Ohrid Archbishopric have had the privilege to be the only betraitors for a

ЗАВРШЕН ЗБОР

во предметот V.KOK бр. 59/ 12
против Јован Вранишкоски и други
даден во судот Скопје 1 од Архиепископот охридски и
Митрополит скопски г.г. Јован на ден 08.11.2016г.

Пред да го изнесам овој завршен збор го препрочитав завршниот збор што сум го дал на првото судење за овој процес на 19.06.2013г. Сум напишал релативно многу текстови со различни тематики и содржини, сум одржал многу беседи по различни поводи, но речиси редовно, кога ќе ги препрочитувам или преслушувам после одредено време тие мои творби, наоѓам недостатоци и чинам дека можело тоа и поубаво да изгледа или подобро да звучи. Но, на завршниот збор што сум го дал на 19.06.2013г. за чудо не ми успеа да му најдам ниту една маана. Затоа и останувам во целост на она што сум го кажал тогаш, како што останувам во целост и на завршниот збор што го произнесе мојот адвокат.

За да не помисли некој од гореречената дека немам маани и дека не правам грешки, веднаш да се оградам. Имам многу недостатоци и правам многу грешки, ама одбраната што сум ја дал во завршниот збор на 19.06.2013г. е без маана само затоа што е многу лесно да се браниш кога ниту морално, ниту правно си виновен.

Како и да е, од почетокот на овој судски процес во 2012 г. политичката ситуација во државава во која живееме многу се промени. Да не говориме колку многу се промени од 2002 г. кога и за првпат започнаа судските процеси против мене. Во велигденското послание оваа година, осврнувајќи се на фактот дека шарената револуција носи и превреднување на вредностите, напишавме: „Во тоа време таквите гонења беа насочени кон „предавниците" како што нас нè нарекоа. За жал, или за среќа, во овие четиринаесет години предавници постанаа многумина. Денес власта ги препознава како предавници и сите учесници во „шарената револуција". Но, долго време, долги години да бидеме „предавници" беше само наша привилегија,

longer period of time".

So, it is somehow easier now. We "the betraitors" have multiplied, our number has increased, and everything that is shared by many is more tolerable and easier. Only when I recall on the first trial that was conducted for this same criminal act, how many times had I required from the Court, and this judge that is listening to me now to approve my removal from custody into a prison, since I was effectively convicted for another criminal act and I was supposed to serve my imprisonment sentence, however he left me in custody until the pronunciation of verdict. I spent one year and few months in custody, and neither I was capable to, nor I wanted to escape nor could I have committed the same criminal act which however I have not committed, moreover to influence the witnesses. But, the order from the highest state leadership was Jovan to wise up with the most severe punitive measures even before he was eventually punished.

When I was serving the prison sentence and the Court decided that I was to be prematurely released from prison, the public prosecutor declared himself that he would not file an appeal against that court decision. However, following the legal envisaged deadline for filing of an appeal, on a non-working day the public prosecutor filed an appeal against the decision. I do not consider it necessary to name the person who did that, but I think that it is important the shame or shamelessness of the prosecution to remain recorded.

I do not know whether someone expected that I would change my mind through the violence committed against me, or whether I had been punished before the verdict was pronounced due to the powerlessness of the one who punished me. Perhaps the both are correct; however, one thing is clear, the evil that could not kill a person it only makes him stronger. Frankly, I am cheerful from the things shown in the recent months, and which is a testimony that everything in this world evolves, even the court itself. Now, this same judge that kept me in custody for a year and few months, despite the fact that I was transferred there from prison, and if she had released me from custody, I would not have been freed but would have been returned to prison, has already deleted the custody as a preventive measure and she did not allow a single

на Вашиот Архиепископ и на сите Вас што припаѓате на Охридската Архиепископија.”

Така, сега е некако полесно. Ние „предавниците” се намноживме, станавме помногубројни, а сè што се дели на поголем број е поподнесливо и полесно. Само кога ќе се сетам во текот на првиот судски процес што се водеше за ова исто кривично дело, колку пати му побарав на судот, и на овој судија што сега ме слуша да одобри префрлување од притвор во затвор, зашто бев правосилно осуден за друго кривично дело и требаше да бидам во затвор, но тој ме остави во притвор до изрекување на пресудата. Една година и неколку месеци ги поминав во притвор, а ниту можев, ниту пак сакав да избегам, ниту можев да го повторам делото кое и така не сум го направил, а уште помалку да влијаам на сведоци. Но, наредбата од највисокиот државен врв беше Јован да се опаметува со најстроги казнени мерки уште пред да биде конечно казнет.

Кога пак, ја издржував казната затвор и кога судот одлучи мое предвремено ослободување од затворот, јавниот обвинител се изјасни дека нема да се жали на таквото судско решение. Но, по истекот на законски предвидениот рок за жалба, во неработен ден јавниот обвинител се жалеше на решението. Обвинителот знае кој го изврши тој притисок, но за жал или за среќа тоа го знам и јас. Не сметам дека е важно сега да се соопшти името на личноста што го направи тоа, но сметам дека е важно тој срам или можеби бесрамност на обвинителството да остане запишан.

Не знам дали некој очекуваше дека преку насилството што ми се врши ќе ме преуми, или едноставно бев казнуван пред да ми биде изречена казната само заради немоќ на оној што казнуваше. Можно е и едното и другото, но како и да е, едно е јасно, она зло што човека не може да го убие го прави само посилен. Искрено ме радува она што се покажа последниве месеци, а што е сведоштво дека сè во овој свет еволуира, па дури и судот. Сега, истиот овој судија што мене ме држеше една година и неколку месеци во притвор, иако таму бев пренесен од затвор, и доколку ме ослободеше од притворот немаше да ме пуштат на слобода, туку повторно ќе ме вратеа во затвор, веќе го избришал притворот како превентивна мер-

request for custody of the accused from the Special Public Prosecution to be adopted. If the torture we suffered made the least contribution to that evolution in the court's conduct, then let it be forgiven from me.

Normally, no one should be afraid of Jovan and all the pious people accused with me, since if someone slaps them on their right cheek they turn the other one, however not all convicted ones from this Court have been pious people. Yet, some of them are coming out to the street and tell you that the court's measure has not been taxed, one of the scales is constantly lowered. You should be afraid of them since the injustices made on continuous basis to them have made them ferocious.

In my early youth, in the years I was maturing, in the early puberty, I experienced something that I called injustice. My uncle, my mother's brother was accused and convicted for an act against Tito. I was present at his trial, almost unseen. At the time I did not have formed attitudes towards the life, however I suppose it was not all the same to me what would also the people say. But the resistance shown by my uncle against the totalitarian regime was an example when I was forming my personality. As I recall, one of the witnesses testified that my uncle Risto had taken down Tito's picture, and on the adjacent wall he hanged the icon of Jesus Christ. On a request made by Risto's attorney a question was put to another witness, employed in the factory, to tell what the walls in Risto's office were like. He replied that in his office there was only one wall made of a hard material and when he was in his office for the last time, the picture of Tito was still hanging in Risto's office and the other three walls were made of glass. Since I had been to the factory many times in which my father was the director, I was sure that in all of the offices, even the director's one there was only one wall made of a hard material, a the other three were made of glass. The Court did not mind to adopt that Risto put nails into the wall made of glass in order to hang the icon of Christ. That is how the regime court adjudicated in 1981, but is it any different now?

It is a crime to take away from a man something that he acquired in an approved way. Not to say that the same is a sin that infuriates, because in this manner not only injustice is commit-

ка и не дозволи ниту едно барање за притвор на осомничените од Специјалното Јавно Обвинителство да биде усвоено. Ако тортурата која се вршеше врз нас барем малку допринесе за таа еволуција во постапките на судот, од мене нека е простено.

Од Јован и од овие воцрковени луѓе што ги судите покрај мене, а кои кога некој ќе ги удри по десниот образ тие му го вртат и другиот, нормално никој не треба да се плаши, ама не се сите што биле осудени од овој суд воцрковени луѓе. Е некои од нив сега ви излегуваат на улица и ви велат аршинот на судење не ви е баждарен, терезијата на едниот тас ви е постојано спуштена. Од нив веројатно треба да се плашите зашто неправдите кои континуирано им се правеле ги направиле крволочни.

Во рана младост, во годините кога се оформував како личност, уште во раниот пубертет, доживеав нешто што го нарекув неправда. Мојот вујко, брат на мајка ми, беше суден и осуден за дело против Тито. Јас присуствував на неговите судења, дури речиси незапазен. Тогаш немав оформени ставови за животот, веројатно не беше сеедно што ќе рече и околината. Но, тој отпор што вујко ми тогаш го покажа против тоталитаристичкиот режим, беше пример во градењето на мојата личност. Како сега се сеќавам, еден од сведоците сведочеше дека вујко ми Ристо, ја симнал фотографијата на Тито, а на соседниот ѕид, заковал шајка и ја закачил иконата на Исус Христос. На барање на адвокатот на Ристо му беше поставено прашање на друг сведок, вработен во фабриката, да каже какви се ѕидовите во канцеларијата на Ристо, тој одговори дека во неговата канцеларија имало само еден ѕид од тврд материјал, и кога последен пат влегол во канцеларијата таму сè уште висела фотографијата на Тито, а другите три прегради во канцеларијата биле од стакло. Бидејќи јас многу пати сум бил во таа фабрика во која мојот татко беше директор, со сигурност знаев дека таму сите канцеларии, па дури и онаа на директорот имаат само по еден ѕид од тврд материјал, а останатите три се прегради од стакло. Но, на судот не му сметаше да усвои дека Ристо ковал шајка во ѕидот од стакло за да ја закачи иконата Христова. Ете така судеше режимскиот суд во 1981 година, но дали е денес поразлично?

ted to the man from whom something is taken away that he has been hardly saving it, but also it give a bad example to the whole community, that someone may live on the hard work and pain of the others. However, it is horrible such injustice to be committed by the court. The Old Testament is full of examples that God has no mercy for the unjust judges and that those judges are regularly tempered by the wrath of God.

However, it is not only that, many of my predecessors of the Archbishop's throne, including the last one before the abolition of the Ohrid Archbishopric, the Archbishop Arsenij, cursed angrily when public and grossly injustices were committed. Many people whom we nowadays praise as saints also cursed the ones who dared to take away someone else's property, among which is the known example of St. Basil the Ostrogos. What happened with the cursed we all know quite well.

From 2002 until today 9 criminal and 1 misdemeanor proceedings have been conducted against me. Normally, all the verdicts have been to my detriment. However, in none of my proceedings, despite the fact that obvious injustices were done, I have never cursed anyone. Merely because all of the injustices were done directly towards me, despite that many have suffered along with me. I have no courage before God to complain for what I endure, but I have the freedom to ask God to protect those to whom injustice is made.

Therefore, now, without hesitation I shall curse: if the Court in this proceeding seizes the property, which legally and morally belongs to the defendants, and the same is given to the ones that do not possess it, neither legally, nor morally, then Lord shall take all that was the dearest to the ones who participated in such injustice that cries itself for a God's revenge. What you see, I do not say it in anger or with evil, but I silently cry to the Lord for the injustices made to these people. Thus, before reaching a decision to seize the property of this people, dear gentlemen judges, jurymen, public prosecutors, ask you spouses whether they agree the most dear to be taken away from them, perhaps what is most dear to you is also most dear to them.

There is always guilt in the one who brings an unjust accusation, however the greatest burden for the legal injustice is borne

Злосторство е да му го одземеш на човек тоа што му припаѓа и го стекнал на дозволен начин. Да не говорам дека тоа е грев кој го разгневува Бога, зашто на тој начин не само што се прави неправда кон човекот на кој му се одзема нешто што го издвојувал од устата, туку се дава лош пример на целата заедница, дека некој може да живее на грбот и на маката на другите. Но, грозно е кога таквата неправда ја прави судот. Стариот Завет е полн со примери дека Господ нема милост за неправедните судии и дека таквите судии редовно се искушувани од гневот Божји.

Но, не само тоа, многу мои претходници на архиепископскиот трон, меѓу кои и последниот пред укинувањето на Охридската Архиепископија, архиепископот Арсениј, луто проколнале кога се правела јавна и груба неправда. Многу луѓе кои денес ги славиме како светители исто така ги проколнале оние кои се дрзнале да одземаат туѓ имот, меѓу кои познат е примерот на Свети Василиј Острошки. А што ги снашло проколнетите, на сите ни е познато.

Од 2002 година до денес против мене се водеа 9 кривични и 1 прекршочна судска постапка. Нормално, сите пресуди во моја штета. Но, во ниту една од тие судски постапки, иако ми беа правени очевидни неправди, никого не сум проколнал. Едноставно затоа што сите мои неправди беа насочени директно кон мене, иако заедно со мене сострадаа многумина. Немам храброст пред Бога да се пожалам за она што сам го трпам, па дури и да е тоа неправедно. Но, не само што имам смелост, туку имам и слобода да барам од Бога да ги заштити оние на кои им се прави неправда.

Затоа сега без премислување луто ќе проколнам: ако судот во оваа судска постапка го одземе имотот, што им припаѓа и правно и морално на обвинетите, и истиот им го подари на оние на кои не им припаѓа, ниту правно, ниту морално, тогаш Господ да им го одземе најмилото на тие што ќе учествуваат во таква неправда која самата вика за Божјата освета. Ова како што гледате, не го кажувам во гнев или пак со злоба, туку мирно плачам пред Господа за неправдата што им се прави на овие луѓе. Затоа, пред да донесете одлука да им го одземете имотот на овие луѓе, господо судии, поротници, јавни обвинители,

by the judges that adjudicate here and no excuse can be given that they had to adjudicate unjustly since someone demanded that from them.

